# Содржина


| | |
|---|---|
| *7* | Кон легендата |
| *15* | Потекло и созревање |
| *25* | Македонската револуционерна организација |
| *39* | Апостол Петков во македонското револуционерно движење до 1901 година |
| *57* | Дејноста на Апостол Петков во 1902 година |
| *71* | Востаничката 1903 година |
| *87* | На повеќе фронтови |
| *143* | Огнен пречек – Апостол мртов или жив?! |
| *171* | Резиденцијата во Блатото и водените битки |
| *201* | Разгорување на борбите |
| *237* | Апостол Петков за време на Уриетот |
| *267* | Трагичниот крај на живата легенда |
| *287* | Завршен збор |
| *289* | Индекс |
| *307* | Преглед на користени извори и литература |

# Кон легендата

Македонската револуционерна борба од крајот на XIX и првата деценија на XX век исфрлила на површина мнозина херои и легенди кои со своите подвизи оставиле траен белег врз едно време и простор, кои прераснале во синоним за цела епоха. Еден од овие херои-легенди е Апостол Петков Терзиев – типичен пример низ чија животна приказна на конкретен простор може да се проследи развојот, карактерот, суштината, како и сите премрежија на македонското револуционерно движење во централниот јужен дел на Османлиска Македонија.

Овој бестрашен и горделив војвода, иако бил неграмотен, со своите подвизи станал вистинска легенда уште за време на својот живот. Населението од Еницевардарско едноставно го нарекло „Еницевардарско сонце“,[1] – епитет кој што го популаризирале и Младотурците,[2] но и другите надвор од границите на османлиска Македонија.[3] Американскиот публицист Алберт Сониксен во текстот под наслов „Борба до смрт“, објавен во весникот „The Fulton County news“ во август 1905 година, Апостол Петков го прогласи „македонски Робин Худ“.[4] По една година, при престојот во Македонија, А. Сониксен лично се уверил во подвизите на Апостол Петков во Еницевардарско. Своите впечатоците од Македонија, Сониксен ги раскажал во книга „Исповед на еден македонски четник“, која е објавена во 1909 година во САД. Интересно е што А. Сониксен и овде за Апостол Петков ја задржал квалификацијата дека тој е „македонски Робин Худ“.[5] Фредерик

---

[1] Хр. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори, София 1943, 161; Χρήστος Π. Ίντος, Κέντρα οργάνωσης, δράσης και αντίστασης των Ελλήνων στον ν. Κιλκίς κατά την περίοδο του Μακεδονικού αγώνα, 100 χρόνια από το θάνατο του Παύλου Μελά, Θεσσαλονίκη 2006, 182; Γ. Χ. Μοδη, Μακεδονικος αγων και μακεδονες αρχηγοι, Β' εκδοση, Θεσσαλονίκη 2007, 305.

[2] Величко Георгиев и Стайко Трифонов, Македония и Тракия в борба за свобода (краят на XIX и началото на XX век) МНИ, София 1995, 475; Ιακωβος Δ. Μιχαηλιδης, Σωτιριος Γκοτζομανης: Ο ανθροπος, ο πολιτικος, ο μυθος. Βανιας, Θεςσαλονικη 2001, 16-17.

[3] Политика, Београд, бр. 2710, 5.08.1911, 1.

[4] The Fulton County news, Vol. 6, No. 50, August 30, 1905, 6.

[5] Алберт Сониксен, Исповед на еден македонски четник (превод: Илија Милчин, редакција и стручна редакција и предговор д-р Иван Катарџиев),

Ковач, во својата книга „Нескротливиот Балкан“, објавена во Њујорк во 1941 година, Апостол Петков го именува како „национален херој“ и „некрунисан крал на вардарските мочуришта“.[6] Во книгата на Г. Х. Модис, „Македонската борба и македонските водачи“, за Апостол Петков се вели дека бил „вистински крал без круна“ од Ениџе Вардар до пред прагот на Солун.[7] Апостол Петков има значајно место и во романот „Во тајните на Блатото“ на грчката писателка Пинелопи Делта.[8] За оваа авторка Апостол бил „најстрашниот архикомитаџија... невидливиот демон, кој се чувствуваше насекаде, но не се гледаше никаде“.[9] Инспириран од подвизите на Апостол Петков, македонскиот писател и историчар Симон Дракул ја напиша монодрамата „Апостол војвода. Исповед на еден македонски воин“.[10]

Апостол Петков претставува вистинска провокација не само за трагачите и запишувачите на возбудливи приказни, туку и за османлиските власти, како и другите опоненти на македонската ослободителна борба. Не случајно грчкиот конзул од Солун во 1904 година, во времето кога почнала да се плете андартската мрежа во Македонија, се обидел да го придобие Апостол за грчката кауза, ветувајќи му пари и оружје.[11] Од друга страна, суверенот на османлиска Македонија – султанот Абдул Хамид II, есента 1906 година, испратил специјален пратеник кај Апостол Петков, кој со разни ветувања се обидел да ја неутрализира неговата револуционерна активност.[12]

Кој бил всушност Апостол Петков – војводата што предизвикал толку интерес и внимание? Несомнено тоа е човек за кого животот е борба, а борбата е начин на живот. Тој е оригинална рожба и чудесен спој на природата и на османлиското македон-

Скопје 1997, во оригинал: Albert Sonnichsen, Confessions of a Macedonian bandit, Duffield & company, 1909, 46.

[6] Frederic W. L. Kovacs, The untamed Balkans, New York 1941, 60-61.

[7] Г. Х. Μοδη, Μακεδονικος αγων και μακεδονες αρχηγοι..., 305.

[8] Πηνελοπη Δελτα, Στα μυστικα του βαλτου, Αθηναι 1937.

[9] Според: Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ II..., 191.

[10] Симон Дракул, Апостол – Војвода. Исповед на еден македонски воин, монодрама, Скопје 1998.

[11] Величко Георгиев и Стайко Трифонов, Гръцката и сръбската пропаганди в Македония, краят на XIX и началото XX век, София 1995, 39.

[12] А. Сониксен, Исповед на еден македонски четник..., 213-221; Спомени на Косту Дабижа, Архивско одделение на Институтот за национална историја – Скопје, (натаму: АО ИНИ), сл. IV. 90, 17-19.

ско општество. Апостол Петков е автохтон војвода на македонското револуционерно движење и типичен пример на регионален водач со апсолутен авторитет. Неговото име приврзаниците го изговарале со восхит, а противниците со респект и страв. Тој е водач и борец кој стои настрана од високата политика и конгресните заседанија на Македонската револуционерна организација, но водач и борец со беспрекорна храброст и оригинални методи на дејствување на теренот. Иако честопати манифестирал своеглавост и непокорност кон повисоките раководни институции на Организацијата, тој кон неа бил лојален до крај. Неговата непокорност и горделивост лежи во неговата природа која успешно го одржува на револуционерното поприште, како против османлиските власти, така и против грчките андарти. Апостол со својот непокорлив дух и со својата горделивост им пркоси на сите, а првенствено на официјалните власти. Самоуверениот Апостол, како илегалец, иако бил надвор од сите закони, дозволил неговиот портрет да се размножува и распространува на сите страни. Во тој поглед отишол толку далеку што својот портрет го испечатил дури на дописна картичка која е потпечатена со неговиот печат. Почитувајќи ја традицијата на својот крај, Апостол како војвода често се облекувал во русалиска облека и гордо позирал и парадирал со неа.[13] Својата горделивост ја манифестирал отворено и јавно во секоја погодна прилика. Најдобра илустрација за тоа е неговото церемонијално влегување и однесување во Еницe Вардар за време на Уриетот во 1908 година, кога на своевиден начин за кратко го суспендирал тамошниот кајмакам. Уште попомпезно било неговото заминување за Солун. Во врска со тоа грчкиот весник Емброс со висока доза на сарказам пишува: „За капетан Апостол пренесуваат дека слегува во Солун за да седне на златен престол и да управува со Македонија“.[14]

Христо Шалдев за Апостол Петков пишува: „Тој беше неук, но поседуваше природна интелигенција и душевна добродетелност. Секој што ќе се сретнеше со него, уште на прв поглед во неговото лице и очи забележуваше добродушност и благодетелство. По душа беше добродушен, подготвен да помогне, чесен, справедлив и некористољубив. По темперамент – подвижен и храбар, а по осет, прилагодлив и предвидлив. Тој странеше од ‚учените‘ кои ги нарекуваше ‚чонголи‘ не оти бегаше од светлината

[13] Хр. Шалдевъ, Народни обичаи въ Боймѝя, Македонски прегледъ, София 1930, г. VI, кн. 1, 106.

[14] Εμπρός, 12/4229, 27.07.1908, 5.

на разумот, туку затоа што претпочиташе дела и практични решенија“.[15]

Апостол Петков е единствен по многу постапки и манири. Тој е еден од ретките војводи што за своите намери и постапки со противниците комуницира писмено. Од негово име се испраќале предупредувачки писма на сите страни: до локалните османлиски власти, до дипломатските претставништва, до предавниците и противниците, притоа честопати предизвикувајќи ги на борба. Од друга страна, покрај жртвите оставал писма со образложение за извршената егзекуција.

Неговата „резиденција“ Пајак Планина и Еницевардарското блато прераснале во вистинско засолниште за прогонуваните и незаштитените, како и за многу чети и револуционери од околните региони. Неговиот борбен дух и неспорен авторитет во регионот го привлекле вниманието на мнозина истакнати раководители на македонското револуционерно движење, на официјалните османлиски власти, на дипломатските претставници и на други трагачите по возбудливи приказни.

Апостол Петков е борец кој преживеал многу битки и заседи. Кога мнозина сметале дека е убиен, тој на изненадување на сите одново се појавувал. По трагична битка кај Смол од 1905 година, кога османлиските власти и дипломатските претставници со сигурност сметале дека Апостол загинал, по неговото повторно појавување во Блатото, се создала фамата дека станува збор за „псевдо Апостол“[16] кој го користи името и авторитетот на вистинскиот Апостол за да се одржува моралот на населението.

Со оглед на воената ветрометнина на која активно опстојувал околу две децении и битките што ги преживеал, на Апостол Петков слободно може да му се препише народната поговорка, дека него куршум не го фаќа. Навистина, овој македонски воин не загинал во отворена и достоинствена битка, како што му прилега на воин од таков калибар, туку бил предаден на подмолен начин од своите поранешни соработници.

Херојските подвизи на Апостол Петков придонеле околу неговото име да се сплетат бројни легенди, кои уште за време на неговиот живот ги преминале границите на Балканот и Европа, при што се распространиле од Нов Зеланд, Тасманија и Австра-

---

[15] Хр. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина, Ил. Илинденъ, София 1931, г. 4, кн.4(34), 14.

[16] Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, петти том, Куманово 1998, 135.

лија до Соединетите Американски Држави. Според нашите истражувања, името на Апостол Петков во Нов Зеланд прв пат се спомнува на 19 март 1904 година, во весникот „Evening Post“, кој излегува во градот Велингтон.[17] Во декември 1904 година, Апостол Петков се спомнува во статијата „Нови борби во Македонија“, објавена во весникот „North Otago Times“.[18] Во колумната „Новата Македонија“, објавена во ноември 1908 година во „Otautau Standard and Wallace County Chronicle“, за Апостол Петков се вели дека бил најпопуларниот и најдобриот водач, поради што во очекување на неговото пристигање во Солун за време на Уриетските прослави, населението велело: „Ако дојде Апостол, дури тогаш ќе знаеме дека сè е во ред“.[19] Во написот „Колку пушки има вашето село“ кој е објавен во јуни 1911 година во весникот „Auckland Star“, се зборува за масовната разоружувачка акција во Енице Вардар која била спроведена поради Апостол Петков, бидејќи бил „непријателски расположен кон новиот (младотурски б.н.) поредок“.[20]

Освен во Нов Зеланд, Апостол Петков се спомнува и во весниците во Тасманија и Австралија. Така, во весникот „Examiner“, во текстот под наслов „Состојбата во Македонија“, се нагласува дека Апостол Петков и Лука Иванов, наспроти другите чети на Организацијата, биле единствените војводи со напаѓачка иницијатива, првенствено против грчките чети. Притоа се додава: „Еницевардарското Езеро во последно време сведочи за бројни судири на вода“.[21] Според нашите досегашни сознанија, Апостол Петков за прв пат во Австралија се спомнува во весникот „The Register“, кој излегува во градот Аделејд. Во текстот под наслов „Проблемите на Балканот“, објавен на 15 февруари 1904 година, врз основа на информациите на дописникот на Ројтерс од Солун, за Апостол меѓу другото се вели: „Овој војвода ретко дозволува да мине ден без да изврши некое смело дело пред самиот нос на турските власти“.[22] Епизоди од активноста на Апостол Петков пренесуваат австралиските весници „The Maitland Daily Mercury“, и „The Mercury“.[23]

---

[17] Evening Post, Vol. LXVII, Issue 67, 19 March 1904, 12.
[18] North Otago Times, 22 December 1904, 4.
[19] Otautau Standard and Wallace County Chronicle, Vol. IV/183, 3 November 1908, 2.
[20] Auckland Star, Volume XLII, Issue 141, 15 June 1911, 8.
[21] Examiner, vol. LXV, No. 188, August 2, 1906, 8.
[22] The Register, vol. LXIX, No. 17864, February 15, 1904, 7.
[23] The Maitland Daily Mercury, June 14, 1911, 2. Текстот во овој весник наполно е идентичен со текстот во Новозеландскиот „Auckland Star“ во кој се зборува за разоружувачката акција во Еницe Вардар.

Откривањето на името на Апостол Петков во печатот во Нов Зеланд, Тасманија и Австралија – во овие најоддалечени точки од Македонија до каде што допрела човечката цивилизација на планетава Земја, беше вистинско изненадување за пишувачот на овие редови, а веруваме и за повеќето читатели. Иако станува збор за кратки, пред сè агенциски информации, останува фактот дека Апостол Петков е најспоменуваната личност од македонското револуционерно движење во овој дел на светот. За таквата застапеност на Апостол Петков во печатот, пресудна улога имале неговите храбри подвизи кои често биле обвиени со мистерија, постојаната борбена иницијатива на теренот, геостратешкото значење на просторот што го контролирал, и секако близината на Солун, каде биле сместени најголем дел од дописничките и дипломатските претставништва.

Освен во југоисточните земји, кои биле под британска политичка и културна доминација, името на Апостол Петков за време на неговиот живот се пренело и на Северноамериканскиот континент, конкретно во САД. Според нашите досегашни сознанија, името на Апостол Петков прв пат во печатот во САД се појавува на 5 март 1904 година преку весникот „The San Francisco Call“.[24] Набрзо потоа, на 17. 03. 1905 година, весникот „New York Times“ во краткиот напис во врска со битката кај Смол, пренесува дека Апостол Петков бил убиен.[25] Меѓутоа, преживувањето на Апостол Петков во оваа страшна битка било инспирација за американскиот публицист А. Сониксен да ја напише статијата „Борба до смрт“, која е објавена во весникот „The Fulton County news“ на 30 август 1905 година.[26] Во овој опширен текст, каде централна фигура е Апостол Петков, Сониксен меѓу друго пишува: „Само малкумина што ги следат тукашните настани во изминативе неколку години не слушнале за Апостол војвода, кој меѓу Турците и жандармериските офицери е познат како Капетан Апостол. За неговата глава сè уште важи понудата од 5000 турски лири. Тој е ситен, темен, проникли човек од околу 35 години, кој не знае

[24] The San Francisco Call, Vol. XCV, No. 96, March 5, 1904, 1. Во овој краток текст е пренесена неточна информација во која се вели дека Апостол Петков и Јован (најверојатно Иван Карасулијата) имале престрелка со турските војски кај Аматово и дека потоа се утврдиле во близина на Гуменце во исчекување на турски напад. Меѓутоа, Апостол Петков во тој период сè уште не бил пристигнат во регионот, па според тоа информацијата е неточна. Очигледно, поради популарноста на Апостол, сè што се случувало во овој дел на Македонија понекогаш неосновано му се препишува нему.

[25] New York Times, 17.03.1905.

[26] The Fulton County news, Vol. 6, No. 50, August 30, 1905, 6.

ниту да чита, ниту да пишува, а сепак секогаш ги потпечатува своите писма, напишани од неговиот секретар, со еден гумен печат што го носи како амајлија. Да беше образован, тој ќе беше еден од главните водачи, бидејќи од него блика интелигенција. Но тој е Робин Худ од Македонија“.[27] Мошне занимлива и шегобијна епизода пренесува и весникот „The Omaha Sunday Bee“.[28] На 23 декември 1906 година, овој весник се осврнува на преговорите помеѓу андартите и војводата Лука Иванов. Меѓутоа, кога преговорите западнале во ќорсокак, бил повикан Апостол Петков. Грците кога го виделе Апостол зачудено извикале: „Што!?! – па ние мислевме дека ти си мртов“. На тоа Апостол одговорил „Да – два пати ме убија, но гледате дека повторно се вратив во живот“.[29]

Неспорно таквите информации и оригиналните методи според кои функционирал Апостол Петков, претставувале вистинска сензација за американската либерална јавност долго време и по неговото загинување. Оттука, во виорот на Втората светска војна, кога светската јавност била обземена со нејзиниот исход, во гратчето Флоренс во Јужна Каролина, во весникот „Florence Morning News“ од 14 октомври 1944 година, во рубриката „Believe it or not!“ (Верувале или не!) е поместен графички обработен портрет на Апостол Петков. Она што претставува вистинска сензација е текстот покрај портретот кој гласи: „Апостол Петков, човекот кој беше платен да се преправа дека е мртов. Познат македонски четник, кој со свои раце уби 2400 Турци. Тој бил толку проблематичен, што турскиот султан му плаќаше 30000 $ за да се преправа дека е мртов“.[30]



Факсимил од рубриката „Верувале или не!“ во Florence Morning News

[27] Исто.
[28] The Omaha Sunday Bee, Vol. XXXVI, No. 27, December 23, 1906, 6.
[29] Исто.
[30] Florence Morning News, 14.X.1944, 4.

# Потекло и созревање

1. Апостол Петков потекнува од селото Бојмица (денес Аксиополи во Грција), кое кон крајот на XIX век во административна смисла припаѓало кон казата Гевгелија. Селото се наоѓа на десната страна на реката Вардар, во подножјето на планината Пајак, на 40 метри надморска височина, на 63 километри северозападно од Солун и на 14 километри североисточно од Гуменџе.[1] Според статистиката на Васил К'нчов, кон крајот на XIX век Бојмица имала 1845 жители, од кои 1220 биле христијани – егзархисти и 625 Турци.[2] Меѓутоа, според податоците од секретарот на Бугарската егзархија – Димитар Мишев, на почетокот на XX век православната христијанска заедница во Бојмица ја сочинувале 1080 жители – егзархисти и 280 – патријаршисти,[3] при што во селото функционирале бугарско и грчко училиште. Според егзархиската статистика, во 1910 година селото Бојмица имала 1485 жители, од кои 978 биле христијани – егзархисти, 379 Турци и 128 Цигани.[4] Очигледно, во последната статистика, како и кај К'нчов, патријаршистите во селото се претставени како егзархисти, што подразбира Бугари.

Низ Бојмица минувал патот кој одел паралелно со Вардар и ги поврзувал гратчето Гуменџе со железничката станица – Гуменџе. Покрај овој пат биле лоцирани најголем дел од куќите. Станува збор за друмска населба по чија главна улица се наоѓале неколку дуќани со излози.[5] Секоја среда во селото се одржувал пазар кој бил препознатлив по житото од Вардарската долина.[6] Жителите на Бојмица првенствено се занимавале со земјоделство и сточарство.

Најблизок центар до Бојмица е гратчето Гуменџе кое во административен поглед припаѓало кон Еницевардарската каза.

---

[1] Тодор Симовски, Населени места во Егејска Македонија, книга прва, Скопје 1978, 271.

[2] Васил Кънчов, Избрани произведения, том II, София 1970, 452.

[3] Brancoff, D.M., La Macédoine et sa Population Chrétienne, Paris 1905,194-195.

[4] Т. Симовски, Населени места во Егејска Македонија ..., 271.

[5] Боривоје Ж. Милојевић, Јужна Македонија. Насеља и порекло становништва, Српски етнографски зборник, књ. XXI, Београд 1921, 78.

[6] Исто, 129.

Според Васил К'нчов, кон крајот на XIX век Гуменџе броело 3150 жители, сите христијани – егзархисти.[7] Додека, пак, според егзархиската статистика во 1910 година Гуменџе броело 4964 жители христијани – егзархисти.[8] Според Х. Шалдев, непосредно пред Балканските војни Гуменџе имало околу 5000 жители.[9] Според овој автор, по Илинденското востание во Гуменџе останале околу педесетина прогрчки ориентирани семејства (патријаршисти),[10] што значи дека во претходниот период нивниот број бил поголем. Меѓутоа, според Димитар Мишев – секретарот на Бугарската егзархија, на почетокот на XX век христијанското население во Гуменџе според конфесионалната припадност било поделено на 2560 егзархисти и 2440 патријаршисти.[11] Имајќи ја предвид оваа информација, неспорно се наметнува заклучокот дека кај В. К'нчов и во егзархиската статистика од 1910 година патријаршистите од Гуменџе тенденциозно се претставени како егзархисти, што не одговара на вистината.

Според својата местоположба и големина, Гуменџе претставува природен центар на областа Бојмија. Меѓутоа, селата од оваа област во административна смисла биле поделени помеѓу казите Гевгелија и Еници Вардар.

За подобро и полесно да се согледа местото и значењето на областа Бојмија во револуционерната активност на Апостол Петков и нејзиното геостратешко значење за македонското револуционерно движење воопшто, неопходно е прво да се осврнеме на планината Пајак во чии што поли е сместена областа.

Пајак е најјужната планина која се протега покрај десниот брег на реката Вардар.[12] На југ и југоисток од неа се протега Солунското поле, на запад е Мегленската котлина, а на север се надоврзува планината Кожуф.[13] На север и североисток Пајак допира до Гевгелиската котлина и Циганската клисура.[14] Во основа Пајак има ѕвездеста форма и генерално се протега во меридијанска насока.

---

[7] В. Кънчов, Избрани произведения, том II ..., 447.

[8] Т. Симовски, Населени места во Егејска Македонија ..., 273

[9] Хр. Шалдевъ, Градъ Гумендже, Ил. Илинденъ, София 1929 г. 2, кн. 3 (13) 11.

[10] Исто.

[11] Brancoff, D.M., La Macédoine ..., 102-103.

[12] Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина..., г. IV (33), 15.

[13] Хр. Шалдевъ, Областа Боймия въ югозападна Македония, Македонски прегледъ, списание за наука, литература и общественъ животъ, г. VI, кн 1, София 1930, 49.

[14] Исто, 50.

Пајак го сочинуваат три масиви. Првиот од нив е вистинскиот Пајак, кој локалното население уште го именува и како Корнишорска планина (според селото Корнишор). Највисок врв е Пајак со 1460 метри надморска височина. Вториот дел се именува Поглед. Тој е сместен помеѓу реките Бојмица и Грамош. Поглед постепено се спушта на исток и југоисток кон селата Куфалово и Постол, каде паѓа на стотина метри надморска височина,[15] при што допира до реката Вардар. Од Поглед кон исток и југоисток се отвора величествен видик кон Араџанското блато, Солунското поле, градот Солун и кон Атон, а на југ се гледа Олимп и Ениџевардарското блато. На запад се гледа Мегленската котлина, а на северозапад и север планините Ниџе и Кожуф и Гевгелиската котлина. Понатаму од Поглед на североисток и исток се гледа јужната страна на Беласица и западните падини на планината Круша. Неспорно името на врвот најдобро ја отсликува неговата геостратешка позиција во регионот. Третиот дел од планината Пајак го носи називот Гандач, според истоимениот врв кој е на 1150 метри надморска височина.[16] Овој дел од планината е сместен меѓу реките Бојмица и Љумница. Овој масив се спушта на исток, стеснувајќи го коритото на реката Вардар кај Циганската клисура. Најсеверниот дел од Пајак, месното население го именува „Скриена". Всушност овој дел се надоврзува на Кожуф и од таму минува најкратката врска од Гевгелиската кон Мегленската котлина.[17]

Пајак е сочна планина обрасната со шуми и богати пасишта. Климатските и педалошките услови овозможуваат виреење на разни плодни дрвја како на пример: смокви, калинки, бадеми, ореви, лозје, сирка и кумарка (последното расте само на Гандач). Од Пајак извираат повеќе мали реки од кои некои се влеваат во Вардар, а други во Ениџевардарското блато. Меѓу позначајните реки се вбројуваат: Мегленица, Грамош, Леска, Гуменџиска, Бојмица, Изворска, Купа и Љумница.[18]

Според Х. Шалдев во полите на Пајак биле вгнездени 47 села, од кои 36 биле населени со македонско население под духовно покровителство на Бугарската егзархија, 6 села биле населени со влашко население, 5 со Турци и едно мешано (Бојмица).[19]

---

[15] Исто.

[16] Исто, 52.

[17] Исто, 52-53.

[18] Исто, 55.

[19] Исто.




Карта на Бојмија

Населението претежно се занимавало со земјоделство и сточарство, а она од повисоките села и со дрводелство. Покрај источните падини на Пајак минува коловозна сообраќајница која го поврзувала Еница Вардар со Гевгелија. Низ средината на Пајак од исток кон запад се протега локален пат од с. Бојмица кон Мегленската котлина.

Помеѓу Поглед и Гандач во правец кон Вардар се отвора широка планинска долина која месното население ја именува Бојмија, а во некои научни и картографски трудови е одбележана и како Бохемија.[20] Токму во оваа долина е сместено селото Бојмица. Во целата област на Бојмија населението било групирано во 31 селска населба. Притоа 21 село биле населено со христијанско население – егзархисти, 1 било населено со Турци, 1 мешано (Бојмица, Турци и христијани – егзархисти) и 4 чисто влашки села. Природен околиски центар за целата област претставува гратчето Гуменџе.[21]

Долината на Бојмица е плодородна. Поради меката средоземноморска клима во рамничарските предели се вадат и по две реколти. Во овој крај снегот се топи уште при паѓањето и ретко се случува да се задржи по неколку дена. Преку лето има врнежи и ретко фаќа суша.[22] Богатите планински пасишта даваат можност за одгледување на стока. Во Бојмија успевале: смокви, црници, бадеми, лозје, скоро сите житни и мешункасти култури, потоа, памук, сусам, анасон, наут, ориз и тутун. Кон крајот на XIX век скоро во дваесеттина села опстојувале чифлизи, а околу 28% од населението биле чифлигари.[23] Веќе во почетокот на XX век селаните започнале да ги откупуваат чифлизите.




Карта на Еницевардарското блато

[20] Исто, 56.
[21] Исто, 61
[22] Исто, 59.
[23] Исто, 64.

Во антрополошки поглед населението од Бојмија се разликува од она во Мегленско и Повардариeто. Според типот на говорот и носијата тоа е најблиску со населението од јужните падини на Беласица. Основни антрополошки карактеристики се среден раст кој тежнее кон висок, широко исправено чело, правилен нос, црна или костенлива коса и мургава боја на кожата. Во основа луѓето се снажни и телесно здрави.[24] По карактер жителите на Бојмија се добродушни до наивност, побожни, трудољубиви и родољубиви, но и жестоки. Одмаздата кај нив преминува до жестокост. При заедничка опасност се единствени без да штедат сили и средства, иако за ситни работи често се караат меѓу себе и се прогонуваат.[25]

На јужните падини од планината Пајак се наоѓа градот Енице Вардар, кој од локалното население е наречен Пазар (сега Јеница во Р. Грција). Според С. Верковиќ во градот живеле 448 словенски и 750 муслимански семејства.[26] Според податоците кај В. К'нчов околу 1900 година, Енице Вардар броел 9599 жители од кои 4000 биле христијани – егзархисти, 5100 – Турци, 25 – Грци, 24 Власи, 90 – Евреи, 900 – Цигани и 60 разни други.[27] Меѓутоа, според секретарот на Бугарската егзархија, Димитар Мишев, во почетокот на XX век христијанската заедница во Енице Вардар ја сочинувале: 2800 егзархисти, 2800 патријаршисти (гркомани), 240 патријаршисти (србомани), 320 унијати, 80 протестанти и 5 Грци.[28] Овие информации од секретарот на Егзархијата уште еднаш ја разоткриваат тенденцијата на В. К'нчов, преку статистика сето словенско христијанско население да го претставува како егзархиско, т.е. бугарско.

Енице Вардар е административно седиште на истоимената каза, чиј вкупен број на население изнесувал 24 789 жители.[29] Градот е сместен во северозападниот дел на плодородното Солунско поле десно од реката Вардар, во непосредна близина на древната македонска престолнина – Пела.

Јужно од Енице Вардар, на растојание од 7-8 километри, лежи Еницевардарско езеро, или како што уште го нарекувале

[24] Исто, 68.
[25] Исто, 69.
[26] Според Т. Симовски, Населени места во Егејска Македонија ..., 196.
[27] В. Кънчов, Избрани произведения, том II..., 446.
[28] Brancoff, D.M., La Macédoine..., 102-103.
[29] В. Кънчов, Избрани произведения, том II..., 448.

Ениџевардарскиот ѓољ. Езерото имало неправилна триаголна форма, благо наведната кон југозапад. Тоа зафаќало површина од 160-180 квадратни километри во должина од околу 30 милји. Површината и длабочината на езерото е варијабилна зависно од хидролошките услови. Езерото е формирано од реките Мегленица и Кара Азмак и други помали планински рекички кои овде се слеваат од планината Пајак. Всушност, ова езеро претставува своевидно блато со повеќе мали островчиња во внатрешноста. Целата периферија од езерото и значаен дел од неговата внатрешност е обраснато со трски, шамак и друга вегетација која го прави тешко проодно. Од друга страна, езерото било богато со риби и разни видови на птици, а поради топлата клима имало многу комарци кои претставувале сериозен извор на маларија. Богатата флора и фауна претставувале значаен извор на приходи за околните села. Еден дел од околното население својот поминок го обезбедувало занимавајќи се со риболов, за чии потреби биле подигнати повеќе наколни рибарски колиби во внатрешноста на езерото. Освен тоа, значаен дел од локалното население се занимавало со собирање на трска и шамак од кои плетеле: рогозини, леси од трски и слични производи, кои потоа ги продавале во внатрешноста на земјата. Во периодот помеѓу 1928-1932 година, езерото е исушено и е претворено во обработлива површина.

Погодностите за засолнување што ги давало езерото биле забележани и користени од локалните војводи на македонското револуционерно движење уште во Предилинденскиот период. По Илинденското востание, поточно од 1904 година, Ениџевардарското езеро било претворено во вистинска комитска база и своевидна резиденција на Апостол Петков. Следната 1905 година во езерото се вселиле и грчките андарти. На тој начин езерото прераснало во своевиден „воен полигон на водена површина", каде Апостол Петков и неговите соборци ги одмерувале силите, колку со османлиските власти, уште повеќе со грчките андарти. Борејќи се на два фронта по вода и копно, Апостол Петков прераснал во вистинска легенда во македонската мартирологија во борбата за автономија на Македонија.

2. Апостол Петков Терзиев е роден на 6/18 V. 1869,[30] во с. Бојмица (сега гратче Аксиополи, во Р. Грција), кое тогаш адми-

[30] Борис Й. Николов, Вътрешната Македоно-Одринска Революционна Организация, (войводи и ръководители 1893-1934), София 2001, 126; Ἀλεξανδρα Ἰωαννίδου, Σλαβικά κείμενα σε ελληνική γραφή: Δυο επιστολές του κομιτατζή Αποστόλ Πετκόφ, Ιστωρ. 1998 (1999), τ. 11, 64; Χ. Π. Ἰντος, Κέντρα οργάνωσης

нистративно ѝ припаѓало на Гевгелиска каза. Родот на Терзиевци дал повеќе бујни и темпераментни борци. Постариот брат на Апостол – Митре се одметнал и станал ајдук уште додека Апостол бил дете.[31] Неговиот втор брат – Тано се одметнал заедно со Апостол и подолго време со него се движел низ Пајак планина, а потоа станал комита. Додека неговиот братучед Андон Терзиев во екот на организираната револуционерна борба, најпрво бил комита, а потоа десетар кај Апостол Петков.

Петко Терзиев – татко му на Апостол, се вбројувал меѓу средноимотните жители од селото. Тој имал доволно земја, стока и добиток за да го прехрани семејството.[32] Апостол своето детство го минал во селото без да посетува училиште.[33] Растел и се развивал во селска средина меѓу ниви и градини, помагајќи во домашните работи и напасувањето на стоката. Мултикултурната селска средина (христијани и муслимани) му овозможила на Апостол уште низ детските игри да ја согледа дискриминацијата на едните наспроти другите. Меѓутоа, од друга страна тоа му овозможило да го запознае јазикот и менталитетот на другите од селото. Низ детските игри и тепачки и секојдневното искуство од нив, кај младиот Апостол се развивал и зацврстувал боречкиот дух и желбата за спротивставување на неправдата.[34] Секако врз формирањето на неговиот поглед кон неправдата значајно влијание одиграл и фактот што неговиот постар брат Митре бил одметнат ајдутин. Тоа било познато за сите во селото, па и во поширокота околина. Поради тоа семејството Терзиеви од една страна се наоѓало под притисок на власта, а од друга, било респектирано од локал-

..., 182; Според Христо Шалдев, Апостол Петков бил роден во 1870 година, (Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина..., г. IV (34), 14). Најверојатно раководејќи се според Х. Шалдев, Слободан Мурџев и Крсте Битоски ја прифатиле 1870 година како година на раѓање на Апостол (Види: Слободан Мурџев, Револуционерен војвода Апостол Петков Терзиев 1870-1911, Кавадарци, 1982, 14; Крсте Битоски, Апостол Петков Терзиев, Битола 1988, 13).

[31] Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина..., г. IV (34), 14.

[32] К. Битоски, Апостол Петков ..., 14.

[33] Слободан Мурџев во својата книшка за Апостол Петков, повеќепати констатира дека Апостол Петков бил неписмен. Но и покрај тоа, овој автор истиот факт воопшто не го зел предвид, па кога пишува за раните години на Апостол, сосема произволно и без никаков аргумент навел дека Апостол завршил „четиригодишно основно образование“ што претставува вистински апсурд бидејќи Апостол останал неграмотен до крајот на животот (Види: С. Мурџев, Револуционерен војвода Апостол Петков Терзиев ..., 14).

[34] Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина..., г. IV (34), 14.

ното христијанско население бидејќи Митре го сметале за свој заштитник. Митре при скришните посети на сопствениот дом со својата појава, оружје и разните приказни за ајдутските надмудрувања и судири со претставниците на власта и другите насилници им импонирал на своите помали браќа Апостол и Тано.[35]

Како момче, Апостол се вработил на железничката линија Солун - Скопје која минувала покрај неговата родна Бојмица. Најпрво работел како чувар, а потоа како возач на дресина возејќи го австрискиот инженер Опел.[36] Работата по пругата на Апостол му овозможила да запознае нови луѓе од разни социјални и културни средини. Од друга страна, тоа истовремено му овозможила да го согледа различниот пристап и односот на претставниците на власта кон разните социјални структури, но и нивното особено внимание и респект кон странците. Тоа уште повеќе го иритирало и го поттикнувало чувството за отворено спротивставување на потисникот. Примерот за тоа го имал дома во лицето на својот брат – Митре.


Апостол Петков и Иван Карасулијата

Во 1892 година, на 22-23 годишна возраст Апостол Петков ја напуштил кантонерската работа по пругата и станал ајдутин.[37] Со добиените пари од продадената стока, Апостол купил пушка за себе и за својот брат Тано, и со уште тројца другари започнал да ја обиколува планината Пајак.[38] За ајдутскиот период од дејноста на Апостол Петков засега не располагаме со никакви информации. Познато е само дека во тој период низ Гевгелиско и во Пајак планина се движела и ајдутската чета на Иван Карасулијата, со кого Апостол воспоставил блиска соработка која продолжила и по нивното вклучување во револуционерното движење.

[35] К. Битоски, Апостол Петков ..., 15.

[36] Исто, 17.

[37] Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина..., г. IV (34), 15

[38] Исто.

Апостол Петков и Иван Карасулијата[39] од 1892 до 1896/7 како ајдути крстосувале по Пајак, низ Гевгелиско, Дојранско и Кукушко. Поради заштитничкиот однос над христијанското население брзо стекнале доверба и популарност. Во исто време создале широка мрежа од јатаци, која ја искористиле подоцна. Подвизите, храброста и популарноста на Апостол Петков и Иван Карасулијата стасале и до раководителите на ТМОРО, која во овој период почнала да ги гради своите вооружени сили.

[39] Иван Христов Орцанов – Карасулијата е роден во 1875 во с. Карасуле, Гевгелиско (сега Поликастро во Р. Грција). Како млад се одметнал како ајдутин, но во 1897 година заедно со Апостол Петков бил ангажиран како војвода на ТМОРО. Во 1902 година паднал под врховистичко влијание и почнал да дејствува како врховистички војвода. Но подоцна одново се вратил под пазувите на ТМОРО и зел активно учество во Илинденското востание. Загинал во судир со османлиските власти во 1905 година кај с. Лесково.

# Македонската револуционерна организација

1. По Берлинскиот конгрес од 1878 година, Балканот зачекорил во нова фаза - фаза која го најавила блискиот крај на османлиската доминација на европското тло, а со тоа и воведот во идниот балкански заплет. Берлинскиот конгрес санкционирал големи промени на геополитичката карта на Балканскиот Полуостров. Со ревизијата на Сан-Стефанскиот договор било создадено трибутарното Кнежество Бугарија и автономната провинција Источна Румелија.[1] Истовремено, Србија, Црна Гора и Романија се стекнале со независност, а првите две и со извесни територијални проширувања.[2] Австро-Унгарија добила право на окупација на Босна и Херцеговина и право на воен гарнизон и воено-трговски патишта во Новопазарскиот санџак,[3] така што османлиската администрација таму останала само формално.[4] Со тоа бил отворен патот за австроунгарските експанзионистички намери кон југ, респективно кон Македонија.

Според решенијата на Берлинскиот договор, Македонија останала под османлиска власт. За неа, како и за останатите делови на Европска Турција бил предвиден член 23 од договорот. Според него, Империјата била обврзана во европските владенија да воведе реформи врз основа на посебни статути, аналогни на Критскиот органски устав од 1868 година.[5] За реализирање на оваа обврска, Портата била задолжена да формира „специјални комисии“, кои требало да подготват „статути за секоја провинција“.[6] Пред донесувањето на конечната одлука за овие проекти, Високата Порта била обврзана да побара мислење од Европската комисија за Источна Румелија.[7] Во врска со оваа одредба индика-

---

[1] Международни актове и договори 1868-1918, съставила: С. Стефанова, София 1958, 155-159.

[2] Исто, 162-166.

[3] Исто, 161.

[4] Михајло Миноски, Политиката на Австро-Унгарија спрема Македонија и македонското прашање 1878-1903, Скопје 1982, 237.

[5] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том први, Скопје 1982, 238-239.

[6] Исто, 239.

[7] Исто.

тивен е фактот што иако станува збор за „провинции“, тие се подведени под заеднички именител „Европска Турција“. Под овој општ именител се подразбира и територијата на Македонија, која во административен поглед била поделена во три вилаети: Солунски, Битолски и Косовски (Скопски).

Согласно член 23 од Берлинскиот договор, комисијата при Високата Порта во април 1880 година го издала т.н. „Закон за вилаетите“,[8] кој сериозно отстапувал од Критскиот органски устав. Овој законски проект, откако претрпел мали „козметички“ модификации од Меѓународната комисија, бил доставен за верификација пред Високата Порта како „Нов закон за европските вилаети“. Преку овој закон, османлиската држава ги симнала од себе обврските во врска со член 23 од Берлинскиот договор. Овој закон, иако имал многу недостатоци, никогаш не бил целосно применет.[9] Токму поради тоа одредбите од член 23 од Берлинскиот договор станале појдовна основа во политичките барања на македонското револуционерно движење.[10]

По Берлинскиот конгрес, големите сили, иако декларативно се изјаснувале за зачувување на целоста на Османлиската империја, оваа политика ја компромитирале уште на почеток.[11] Во натпреварот за колонии и економско-политичка доминација во светот, односите меѓу големите сили добиле поинаков тек. Бидејќи центарот на политичките противречности од Балканот се поместил во другите делови на светот, ставовите на големите сили во однос на Европска Турција[12] биле подредени на нивните глобални интереси. Во меѓувреме, европските сили започнале да се

---

[8] Христо Силянов, Освободителните борби на Македония, том I, (фототипно издание), София 1983, 11.

[9] Види: Британските конзули во Македонија 1797-1915. Документи, редакција м-р Д. Ѓорѓиев, (избор и превод: м-р Д. Ѓорѓиев и З. Божиновска), Скопје 2002, 220; Х. Силянов, Освободителните борби ..., т.1, 13.

[10] За неспроведувањето на член 23 од Берлинскиот договор во Мемоарот на Внатрешната организација се вели: „при сите свои недостатоци, ако беше добросовесно приложен, ќе создадеше нова ера за христијаните во Македонија... тој ќе обезбедеше широк простор за културен развој ... неговите недостатоци ќе се поправеа... но, тој едноставно беше зафрлен во торбата на турската архива“. (Македония и Одринско 1893-1903. Мемоаръ на Вѫтрѣшната организация, 1904, 10).

[11] Минчо Семов, Великите сили и българската национална драма, София 1991, 130.

[12] Види: Ванчо Ѓорѓиев, Слобода или смрт. Македонското револуционерно движење во Солунскиот вилает 1893-1903, Скопје 2003, 13-16.

групираат во два спротивставени блока – како идни носители на првиот глобален конфликт. Во однос на Балканот, а во тој контекст и кон Македонија, нивната политика се сведувала на привремено зачувување на постојното статус кво.

Османлиската империја, чувствувајќи ги противречните интереси меѓу европските сили, настојувала да лавира меѓу едните и другите, притоа вешто ги избегнувала преземените обврски. Повремено самата предлагала реформи за да ги одбегне компликуваните ситуации. Во таква констелација, македонското прашање не добило соодветен третман. По Берлинскиот конгрес приматот на најзаинтересирани страни за Балканот и понатаму го имале Русија и Австро-Унгарија. Двете земји декларативно изјавувале дека се за зачувување на постојното статус кво,[13] но под овој изговор, секоја од нив настојувала да го култивира просторот според своите интереси на Балканот. Така, со спогодба од 1897 година, двете земји иако изјавиле дека се залагаат за зачувување на постојното статус кво на Балканот, при евентуална промена на ситуација допуштиле создавање на албанско кнежество, а во контекст на Македонија, прејудицирале нејзина поделба помеѓу балканските држави при што требало да се задржи принципот на рамнотежа на силите.[14] Во меѓувреме, Русија која била зафатена со проблемите на далечниот исток, за да се обезбеди од секаква евентуалност од австрискиот продор кон југ, играјќи на картата на словенството и православието иницирала српско-бугарско приближување за сметка на Македонија,[15] како противтежа на австроунгарските аспирации кон југ.

Ако се имаат предвид глобалните интереси на европските сили, полесно ќе се сфати нивниот приод кон реформските потфати во Османлиска Македонија, кои биле преземани како мерки за превенирање на немирите и неутрализирање на македонското револуционерно движење.[16] Во тој контекст делумно исклучок претставува Велика Британија, која поаѓајќи од своите инте-

---

[13] Vladimir Šulek, Diplomatska historija centralnih sila 1882-1915, t.1, Zagreb 1938, 125-126.

[14] Види: Александар Христов и Јован Донев, Македонија во меѓународните договори 1875-1919, Скопје 1994, 139-148.

[15] Прв чекор во тој правец претставува српско-бугарската спогодба од 1897 година. Види: Михајло Војводић, Србија у међународним односима крајем XIX и почетком XX века, Београд, 1988, 124-126; Михајло Миноски, Македонија во билатералните и мултилатералните договори на балканските држави 1861-1913, Документи, Скопје 2000, 117-118.

[16] Види: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 17-27.

реси, поотворено се застапувала за автономија на Македонија во рамките на Османлиската империја.

Во меѓувреме младите балкански земји: Бугарија, Србија и Грција повикувајќи се на некакви „историски права“ манифестирале територијални претензии кон османлиското наследство на Балканот, во чиј центар се наоѓала Македонија. Споменативе земји свесни за своите потенцијали и противречните интереси кои се вкрстувале во Македонија, во последните децении на XIX век започнале преговори за поделба на сфери на влијанија.[17] Меѓутоа, поради преголемите апетити на преговарачките страни, отворените преговори во овој период не дале конкретни договори. Но самиот факт што трите земји повеле меѓусебни преговори за поделба на османлиска Македонија, недвосмислено зборува дека секоја од нив неофицијално и го признавала правото на другата. Токму тоа го делегитимира наводното „историско право“ на секоја од нив и ги открива нивните завојувачки претензии кон земјата и народот за кои тврделе дека се нивни, но во исто време биле подготвени да ги поделат со другите.[18]

За обезбедување на алиби за своите територијални претензии кон Македонија, соседните балкански држави: Бугарија, Србија и Грција развиле силна пропагандна активност во овој дел од османлиското наследство на Балканот. Целна група на која претендирале трите држави било македонското православно христијанско население, кое во основа не било ниту грчко, ниту бугарско, ниту српско, иако соодветните држави преку своите пропагандни активности настојувале да го докажат токму тоа. Покрај нив на пропагандното поле за „своја народност“ во Македонија заиграла и Романија. Оваа земја поради својата местоположба, иако немала директни територијални претензии кон Македонија, играјќи на картата на Власите, всушност вршела притисок врз Бугарија за територијална компензација во Добруџа.

Споменативе пропаганди дејствувале преку црквите, училиштата и други хуманитарни институции. Тие финансиски помагале при градба и обнова на цркви и училишта, обезбедување на црковна и училишна литература, финансиска издршка на училишта и учители, финансирање на интернати за учениците, доделување на стипендии, отворање на болници, финансирање на лекари и слично. Така елементарните верски, просветни и други

[17] Повеќе за преговорите помеѓу балканските земји околу Македонија види: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 31-48.

[18] Ванчо Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903. Поглед низ документи, Скопје 2013, 11.

човечки потреби на македонското христијанско население биле искористувани за наметнување на национална свест според потребите на спонзорите. Во оваа пропагандна трка по „македонските души“ бил ангажиран огромен финансиски и интелектуален потенцијал од соодветните земји. Истовремено со разни субвенции бил мобилизиран значаен дел од локалните првенци и интелектуалната елита.

Пропагандниот натпревар во Македонија прераснал во бескомпромисна војна за секое село, за секоја црква и училиште, за секоја христијанска душа, сеедно жива или мртва. Притоа често се случувало одредени лица, или цели села, повеќепати да ги променат покровителите, а во едно исто семејство да се сретнат тројца браќа од три националности.[19] Сето тоа не се правело поради вистинско чувство и убедување, туку поради посилниот притисок, или подобрата понуда од другата страна. Токму поради тоа, рускиот интелектуалец А. В. Амфитеатров во својата книга „Земја на раздорот“ пишува: „Во селата и градовите околу Солун ќе сретнете мноштво Бугари, бивши Грци кога било угодно да се биде Грк и готови да станат Срби, ако скоро стане угодно да се претворат во Срби“.[20] За мотивите и леснотијата при преминувањето од едни во други, мошне сликовито зборува примерот што го регистрирал Хенри Брејлсфорд при својот престој во Македонија. Имено, Брејлсфорд на пазарот во Битола поразговарал со еден имотен селанец кој добро зборувал грчки, но било очигледно дека тоа не бил негов мајчин јазик. На прашањето дали неговото село било „грчко“ или „бугарско“, селанецот одговорил: „Па сега е бугарско, но пред четири години беше грчко“. На дополнителното прашање „Како се случило тоа чудо?“ – Селанецот одговорил: „Па ние сите сме сиромашни луѓе, но сакаме да си имаме наше сопствено училиште и поп кој ќе се грижи за нас како што треба. Порано имавме грчки учител. Му плаќавме 5 фунти годишно и му дававме храна, додека грчкиот конзул му плаќаше уште 5 фунти, но немавме наш сопствен поп. Делевме еден со уште неколку други села, но тој беше многу неточен и неодговорен. Пој-

[19] Во врска со таквата појава во Македонија, Хенри Ноел Брејлсфорд пишува: „Не е ретко да се најдат татковци кои самите официјално се Грци, (но, б.н) подеднакво горди што на свет носат ‚грчки‘ ‚српски‘ ‚бугарски‘ или ‚романски‘ деца“ (Хенри Ноел Брејлсфорд, Македонија. Нејзините народи и нејзината иднина, (превод од англиски: Љубица Јанешлиева и Виолета Христовска), Скопје 2003, 162.

[20] А. В. Амфитеатров, Земја на раздорот (избор, превод и редакција: Цветан Станоевски), Скопје, 1990, 70.

довме кај грчкиот владика да му се пожалиме, но тој одби да стори нешто за нас. Бугарите слушнаа за ова, дојдоа и ни дадоа предлог. Рекоа дека ќе ни дадат поп кој ќе живее во селото и учител на кој ништо не треба да му плаќаме. Па, господине, нашето село е сиромашно, и така, се разбира, ние станавме Бугари".[21] Во контекст на таквата „национална флуктуација" која немала никакво суштинско значење, Брејлсфорд ја наведува и досетката од разговорот со еден француски конзул во Македонија, кој на шега му рекол дека со фонд од милион франци би се „нафатил да ја направи француска цела Македонија" притоа проповедајќи дека Македонците се потомци на француските крстоносци кои во дванаесеттиот век го освоиле Солун, а останатото ќе го сторат франците.[22]

Успехот на надворешните пропаганди во Македонија е мотивиран и стимулиран на своевиден начин од специфичниот милет систем. Според овој систем, населението во Османлиската Империја првобитно се идентификувало според верската припадност на христијани и муслимани. Таквата идентификација во некои позафрлени делови на Македонија, кои не биле зафатени од пропагандните институции, опстојувал дури и во почетокот на XX век.[23]

Според милет системот православното население што било под јуриздикција на Цариградската патријаршија било евидентирано како „Рум милет", без разлика на неговата етничка припадност. Со оглед на фактот дека Цариградската патријаршија била под грчко културно влијание, по појавата на грчкиот национализам, терминот „Рум милет" постепено станал синоним за „Грк", независно од етничката припадност. По создавањето на Бугарската егзархија (во 1870 година), населението што помина-

---

[21] Х. Н. Брејлсфорд, Македонија. Нејзините народи и нејзината иднина..., 162-163.

[22] Исто, 163.

[23] Брејлсфорд, согледувајќи го исклучителното влијание на црковно-просветните институции врз „националното" определување на населението, за да ја потврди својата теза дека тоа изјаснување не се должи на некаква традиционална свест, собрал неколку момчиња од едно планинско охридско село, каде немало ниту свештеник, ниту учител и каде никој не знаел да чита и ги однел пред охридската тврдина за да го провери нивното традиционално знаење. На неговото прашање „Кој го изградил ова место?" – одговорот бил „Слободните луѓе". По ова Брејлсфорд прашал: „А кои биле тие?" на што уследил одговор „Нашите дедовци". На овој одговор Брејлсфорд допрашал: „Да, но биле ли тие Срби, или Бугари, или Грци, или Турци?" – Одговорот бил „Тие не биле Турци, туку биле христијани" (Исто, 159-160).

ло под нејзино духовно покровителство, било евидентирано како „Булгар милет“. Овој термин под влијание на бугарскиот национализам и интензивната вестернизација на милет системот бил изедначен со терминот „Бугарин“, кој што не претставува етноним, туку синоним за означување на сите припадници кон Бугарската егзархија, независно од нивната етничка припадност.[24]

Поради словенскиот јазик Бугарската егзархија брзо го проширила своето влијание во Македонија за сметка на Цариградската патријаршија, каде се практикувал грчкиот јазик. Оттука, двете православни цркви се нашле во меѓусебен конфликт по исти верници. Од друга страна, бидејќи Србите немале своја црковна институција во Османлиската Империја, а согласно тоа официјално немале свој милет, по појавата на Егзархијата, а особено по создавањето на кнежеството Бугарија, биле принудени да бараат концесии од Цариградската патријаршија за српската пропаганда и идеја во Македонија наспроти бугарската. На тој начин српската и грчката пропаганда биле принудени на извесна соработка, наспроти бугарската пропаганда во Македонија. Романската пропаганда пак, која претендирала на влашкото население во Македонија, дошла во судир со грчката пропаганда. Оттука, била иницирана повремена соработка помеѓу романската и бугарската пропаганда, наспроти грчката. На тој начин, османлиска Македонија била претворена во вистинска арена, каде се судрувале националистички пропаганди на повеќе балкански земји. Османлиските власти играјќи на картата раздели и владеј свесно го поттикнувале постојното пропагандно ривалство, притоа како по правило поткрепувајќи ја послабата страна, за сметка на посилната.

2. Во такви сложени услови созревале младите македонски интелектуалци кон крајот на XIX век. Најголемиот број од нив своето образование го стекнале во бугарските егзархиски училишта, а повеќето од нив биле учители во истите училишта. Малкумина своето образование го стекнале во европските земји, но и тие претежно работеле во егзархиските образовни институции. Загрижени за иднината на својата татковина, младите македонски патриоти излезот од османлискиот македонски лавиринт го гледале преку создавање на Револуционерна организација и изведување на едно општо востание, како единствено средство за притисок врз дипломатијата и свртување на вниманието кон Македонија.

[24] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903..., 19.

Основачкиот состанок на Македонската револуционерна организација (МРО) бил одржан на 23 октомври / 4 ноември 1893 година во Солун.[25] На состанокот учествувале: Даме Груев, Петар Поп Арсов, Иван Хаџи Николов, Христо Татарчев, Андон Димитров и Христо Батанџиев. Тогаш шестмината се оформиле како група, без никакви формалности. Конкретното конституирање на МРО било на 5 јануари 1894 година, за време на Коледарската ваканција.[26] Тогаш било утврдено името на Организацијата, политичката цел и средствата за постигање на целта. На истиот состанок, споменатите шестмина се прогласиле за членови на Централниот комитет. Притоа за претседател на ЦК бил избран Христо Татарчев, а за секретар и благајник Даме Груев. Тогаш Петар Поп Арсов бил задолжен да подготви Нацрт устав за организацијата и да напише една книшка со наслов „Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници".[27]

На јануарската конститутивна средба било решено организацијата да се именува Македонска револуционерна организација, со која ќе раководи Централен македонски револуционерен комитет. При определувањето на целта, основоположниците на Организацијата пошле од член 23 од Берлинскиот договор. Меѓутоа, според Х. Татарчев, откако овој член им се видел прилично апстрактен, одлучиле да го заменат со една „попластична фигуративна формула – автономија на Македонија во нејзините географски и етнографски граници".[28]

Идејата за автономија на Македонија била прифатена од тактички и прагматични причини. При дефинирањето на целта, творците на МРО пошле од сложеноста на македонското прашање. Ним им биле познати меѓународните обврски на Османлиската империја и ставот на големите сили за зачувување на пос-

---

[25] Повеќе за тоа види: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 127-130; В. Ѓорѓиев, Подземната република. Дамјан Груев и македонското револуционерно движење, Скопје 2010, 79-89.

[26] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 130.

[27] Преку оваа книшка, Поп Арсов под псевдонимот Вардарски, открива дека во Македонија постои бугарска пропаганда која имала за цел "да создава Бугари", но иронично додава дека „народност со пари не се купува". Види: Вардарски (Петар Поп Арсов), Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници (превод, редакција, предговор и коментар: Ванчо Ѓорѓиев), Скопје 2006.

[28] Д-р Христо Татарчев, Вътрешната македоно-одринска революционна организация като митологична и реална сщност (съставители: Цочо Билярски и Валентин Китанов), София 1995, 25.

тојното статус кво на Балканот. Освен тоа, тие ги чувствувале претензиите на балканските држави кон Македонија и последиците од дејствувањето на нивните пропаганди. Оттука, автономијата на Македонија во дадениот момент изгледала како најпогодно решение од повеќе причини: 1. Идејата за автономија на Македонија имала меѓународна потрепка во член 23 од Берлинскиот договор; 2. Со автономна Македонија формално-правно не се нарушувал територијалниот интегритет и суверенитет на Османлиската империја; 3. Околу идејата за автономија на Македонија полесно можел да се обедини поголемиот дел од разединетото македонско население; и 4. Со идејата за автономија на Македонија се очекувало да се амортизираат аспирациите на соседните балкански држави, од каде се очекувала морална и материјална помош. Иако идејата за автономија не добила поширока елаборација во официјалните акти на Организацијата, повеќе аргументи упатуваат на тоа дека таа се сфаќала како преодна етапа кон независна македонска држава.[29]

Според уставот на Организацијата од 1894 година е утврдено дека нејзината цел е „придобивање на полна политичка автономија“ (чл. 1) до која требало да се дојде преку едно „општо повсемесно востание“ (чл. 2).[30]

МРО била поставена врз централистичка основа врз строго конспиративни начела. Најгоре стоел Централниот комитет, а нему му биле подредени окружните комитети, ним им биле потчинети околиските, а најдолу на скалилото биле месните (селски) комитети. Воспоставувањето на организациската мрежа на територијата на Македонија се одвивало внимателно, но сигурно. Вкоренувањето на револуционерната идеја помеѓу македонското население налагало макотрпна, конспиративна и пред сè апостолска активност. Најпрво, требало да се продре во душата на секој поединец, да се искорени неговиот поданички менталитет, да му воскресне духот и самодовербата, па дури пота да се поведе во вооружена борба за автономија на Македонија.

Првите целни групи за врбување на членови биле учителите, учениците од горните класови, свештениците, еснафите и селаните. За привлекување на членство се практикувале разни методи на агитација како: критика на егзархиската црковно-просветна политика во Македонија, организирање на вечерни и не-

[29] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903..., 12-15.

[30] Исто, 56.

делни училишта за елементарно описменување на возрасните, каде всушност се вршела револуционерна агитација преку предавања за ослободувањето на балканските земји, за француската револуција, за обединувањето на Италија и Германија, војната за независност на САД и слично.

Првите комитети во внатрешноста на земјата биле организирани летото 1894 година од страна на Даме Груев.[31] Значајна улога во ширењето на мрежата на МРО и на ослободителната идеја одиграле новопримените членови како: Гоце Делчев, Пере Тошев, Ѓорче Петров и други. Така во периодот од 1894 до 1896 година постепено била воспоставена базичната мрежа на МРО на територијата на Македонија.

3. Во 1894 година биле поставени основите на МРО во Еницe Вардар и Гуменџе. Комитетите на МРО во Еницe Вардар и Гуменџе биле формирани во втората половина на 1894 година од страна на Лазар Димитров,[32] кога тој бил именуван за главен учител во Гуменџе, а истовремено и инспектор на егзархиските училишта за Еницевардарско.[33] Поради својата должност, Лазар Димитров, по налог на егзархискиот архимандрит Николај, повремено ги обиколувал селата во Еницевардарско. Неспорно е дека патем ја проповедал ослободителната идеја и врбувал членови за Организацијата во овој крај. По една таква обиколка во февруари 1895 година, патријаршискиот владика во Еницe Вардар – Јеротеј, го наклеветил Лазар Димитров дека одел по селата и го „поттикнувал населението кон востание“, потоа дека за таа цел одел по планините да прави снимки и често патувал од Гуменџе за Солун.[34] Поради тоа, Лазар Димитров бил приведен и задржан во Еницe Вардар, а од таму бил интерниран во Битола. По десетина дена, тој бил ослободен со 2 лири рушвет, но под гаранција повеќе да не се враќа во Солунскиот вилает. Така на почетокот при поставувањето на основните јадра на Организацијата во овој крај била избегната сериозна провала.

---

[31] Види: В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 118-139.

[32] Лазар Димитров станал член на МРО во Солун во почетокот на 1894 година, каде заедно со Даме Груев го раководел Неделното училиште (В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 146). Христо Шалдев на друго место наведува дека основите на МРО во Гуменџе биле поставени во 1896 година од страна на учителот Александар Чакаров (Х. Шалдевъ, Градъ Гумендже..., 11; Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина..., г. IV (33), 16.

[33] Зихни паша интернира учителитѣ, Право I1/19, София, 18.03.1895, 4: Пѫтникъ, Писмо отъ Солунъ, Право I/20, София, 31.03. 1895.

[34] Право I/20, София, 31.03. 1895.

Од есента 1895 година во Енице Вардар со комитетот на МРО раководел учителот Григор Мокрев.[35] Тој на празникот Голема Богородица во 1895 година, во Гуменџе, во тајните на МРО го посветил Христо Шалдев, при што го задолжил да формира кружоци. Меѓутоа, поради заминувањето на Шалдев за Цариград, со организациската дејност во Гуменџе раководеле Ичко Катранков и Гоце Имов.[36] Во 1896 година, раководството на месниот комитет на МРО во Гуменџе го презел учителот Александар Чакаров.[37]

Во тоа време (1896), според Илија Докторов, во Бојмица – родното село на Апостол Петков, учителот Филип Димитров ги поставил основите на месниот комитет на МРО. Меѓу првите членови на Организацијата во Бојмица се вброиле: Петко Танов Древенски, Христо Петков Танов, Христо Митрев Тадов, Ичко Стојанов Самарџиев, Тано Петков Терзиев, Андон Иванов Терзиев, Иван Петков Терзиев, свештеникот Дељо Мичковски, Димитар Филов и Мило Христов Караманов.[38] Очигледно меѓу споменатите активисти на МРО во Бојмица, тројца се од родот на Терзиевци, меѓу кои и Тано и Иван, браќата на Апостол.

4. Почетниот развојот на МРО исфрлил на површина повеќе прашања и потреби. Првите нормативни акти се покажале тесни за нејзиниот натамошен развој. Од друга страна, засилениот продор на другите пропаганди во Македонија претставувал сериозна пречка за самата Организација. Како нова сериозна опасност се покажала тенденцијата на Врховниот македонски комитет (ВМК) да се наметне како единствен раководен фактор во македонското ослободително движење и да го претвори ЦК на МРО во послушно орудие за спроведување на неговите намери.[39] Споменативе проблеми и редица други прашања биле предмет на расправа на првиот конгрес на МРО што се одржал во Солун за време на Велигденскиот распуст.[40]

На конгресот најпрво биле разгледани извештаите од реонските раководители, а потоа биле претресени повеќе прашања

---

35 В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 175.

36 Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина..., г. IV (33), 16.

37 Х. Шалдевъ, Градъ Гумендже..., 11

38 Борбите в Македония. Спомени на Отец Герасим, Георги Райков, Делъо Марковски, Илия Докторов, Васил Драгомиров, съставител: Борис Николов, София 2005, 51.

39 Поопширно за таквата тенденција на ВМК види: В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 157-160; В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903..., 87-95.

40 В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 161.

меѓу кои: начинот на кореспонденција; прашањето за поставеноста на Организацијата; односот кон другите етнички групи и конфесионални заедници; статусот на Одринско и Цариград; прием на жените; односите со ВМК; односите со проегзархиските кругови во Македонија и односот кон другите пропаганди. На крај била донесена одлука за преточување на конгресните одлуки во нов устав и правилник на Организацијата.

Од овој конгрес, Организацијата излегла со ново име: Тајна македоно-одринска революционерна организација (ТМОРО). Во поглед на новата административно територијална организација, по Солунскиот конгрес се издиференцирале следниве окрузи: Солунски, Битолски, Скопски, Струмички, Серски и Одрински кој е надвор од Македонија.[41] За одржување на директен контакт со македонската емиграција во Бугарија и тамошното општество, било решено да се отвори Задгранично претставништво. Претставништвото требало да ја претставува ТМОРО надвор од границите на Македонија, да собира материјална помош и да ги одбива сите надворешни посегања врз македонското ослободително движење.[42]

Меѓу другото, Конгресот го разгледал и прашањето за вклучување во МРО на другите етнички и конфесионални групи „без разлика на вера и народност“,[43] како и прашањето за односот кон другите пропаганди. Во врска со тоа според Х. Татарчев се поаѓало од становиштето дека „делото ќе има чисто македонски карактер и на тој начин ќе придонесе за премавнување на пропагандите и националните раздори, како и за создавање на мир, согласност и заемна соработка, за напредокот и благосостојбата на заедничката татковина“.[44]

Новата ориентација на Организацијата е дефинирана во член 1, 2 и 4 од Уставот на ТМОРО. Во врска со тоа во член 1 се вели: „Тајната Македонско-Одринска Револуционерна Организација има за цел да ги сплоти во едно цело сите незадоволни елементи во Македонија и Одринско, без разлика на народност, за извојување преку револуција полна политичка автономија за тие две области“.[45] Во контекст на тоа во член 2 се вели: „За постигање на

---

41 Исто, 163.

42 В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 165.

43 Д-р Х. Татарчев, Вътрешната македоно-одринска революционна организация..., 42.

44 Исто.

45 В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903..., 106.

таа цел Организацијата се бори за премавнување на шовинистичките пропаганди и националните караници кои го цепат и обессилуваат македонското и одринското население во неговата борба против општиот непријател...“.[46] А пак во член 4 стои: „Член на ТМОРО може да биде секој Македонец и Одринец, кој што не е компромитиран со ништо нечесно и бескарактерно, и кој ветува и се задолжува да биде полезен за револуционерното ослободително дело“.[47]

Со тоа биле надраснати одредбите од претходниот устав, според кој Организацијата била отворена само за егзархиското население. Со таквиот концепт, Организацијата прагматично се издигнала над реалноста и создала претпоставки за брз пробив на ослободителната идеја помеѓу поделеното население и негово обединување околу идејата – автономија на Македонија.

Од друга страна, во член 11 од новиот Устав на ТМОРО е предвидено дека секоја револуционерна околија треба да има своја чета, чија задача ќе се определи со специјален Правилник.[48] Со тоа формално биле создадени претпоставки за создавање на вооружените сили на Организацијата кои требало да прераснат во основно јадро на вооруженото население при изведувањето на планираното востание. Солунскиот конгрес од 1896 година со своите одлуки отворил нови перспективи за натамошниот развој на македонското ослободително движење. Оттогаш Организацијата навлегла во нова фаза, квалитативно повисока од претходната. Со отворањето на Организацијата за „сите незадоволни елементи“ и најавата за создавање на четите се создале претпоставки за брзо масовизирање на движењето. Истовремено, Организацијата цврсто се определила да застане на патот на сите надворешни влијанија, манифестирајќи го принципот автономност, автохтоност и независност.

[46] Исто.

[47] Исто.

[48] Исто.

# Апостол Петков во македонското револуционерно движење до 1901 година

1. Целта која си ја поставила МРО налагала најпрво да се изгради мрежа од илегални комитети, а потоа да се пристапи кон морална и материјална подготовка на населението, па дури потоа да се подигне востание. Тоа било долготраен процес, проследен со многу човечки и материјални жртви. Подготовките од морален аспект подразбирале да се искорени поданичкиот менталитет кај населението, да се подигне неговата свест за човечки права и во него да се вгради чувство на самодоверба дека слободата треба да се извојува со сопствени сили, без да се надева на помош од надвор. За таа цел требало да се искалат способни и храбри поединци кои во име на ослободителното дело требало да се откажат од легалниот живот и од своите семејства, и по цена на сопствениот живот да го подготват и осветлат патот до слободата за потомството.

Покрај моралната подготовка, било неопходно да се создаде и соодветна материјална база. Бидејќи востанието било предвидено како единствено средство за остварување на целта, тоа подразбира да се создаде способен раководен кадар, да се обезбеди неопходното оружје и да се подготви населението за вооружена борба. Овој процес се одвивал постепено низ неколку фази зависно од условите и расположливите средства.

Со првите организациски акти не бил предвиден начинот за изградување на вооружените сили на Организацијата. Според првиот Правилник на Организацијата од 1894 година, како први вооружени луѓе треба да се сметаат куририте т.е. припадниците на „тајната пошта“ и „тајната полиција“. Притоа куририте требало да бидат вооружени со револвер и кама, а по потреба со себе да носат и отров. Нивна основна задача била илегален пренос на писма и оружје. За курири обично се избирале храбри и силни лица со цврст карактер. Втората категорија вооружени лица била т.н. „терористите“ т.е. припадниците на „тајната полиција“. Нивната главна задача била да ги следат постапките на внатрешните и надворешните непријатели на ослободителното дело. Тие секогаш требало да бидат вооружени со револвер и кама, а за време

на акција со два револвера, а по потреба и со бомби. Терористите биле ангажирани за ликвидирање на поедини непријатели на ослободителното дело кои биле докажани шпиони и предавници, ликвидација на поедини насилници и разбојници кои го тероризирале населението, изнудување на пари за потребите на Организацијата и слично. Всушност, тие биле првите „вооружени сили“ на Организацијата, кои под формата на легален живот извршувале нелегални активности. Првите такви групи биле формирани во 1895 година. Тие вообичаено дејствувале како поединци, а понекогаш како тројки. Бидејќи не биле организирани во постојани формации, терористите не биле подготвени за акции од поширок карактер. Сепак, активноста на овие поединци може да се квалификува како прва фаза од развојот на вооружените сили на Организацијата.

Со Уставот на ТМОРО кој бил изработен по Солунскиот конгрес е предвидено формирање на чети за секоја револуционерна околија. Со тоа биле создадени претпоставки за првите чети на ТМОРО, како претходница на идниот четнички институт. Главната улога при создавањето на „илегалната армија“ на ТМОРО ја имал Гоце Делчев, кој поради своето воено образование ги поседувал неопходните квалитети. Тој е општопризнат творец на четничкиот институт и главен инспектор на четите на ТМОРО.

Организирањето на првите чети и формирањето на четничкиот институт претставува сложен процес, кој требало да помине низ повеќе фази. Како прв проблем во тој поглед било прашањето за соодветен кадар - подготвен на илегален живот и кој поседува извесни воени вештини. Во прво време такви биле старите ајдутски водачи, кои дејствувале врз полуарамиски начела. Тоа биле бестрашни луѓе, физички и духовно способни да го поднесат тешкиот илегален живот во планината, да извршат одредена егзекуција, обир и слично. Меѓутоа, кај овие лица главен проблем претставува тоа што тие тешко се одвикнувале од старите навики, а уште потешко се превиткувале под редот и дисциплината што го налагала Организацијата. Од друга страна, помладите, интелигентните и одговорни работници, во овој период сѐ уште немале искуство, ниту пак физички биле подготвени да го поднесат илегалниот живот. Сето тоа во прво време го терало Делчев да прибегнува кон разни компромиси, додека се изгради соодветен кадар.

Како и да е, појавата на четите имала огромно морално влијание. Во очите на обичниот човек, четата претставува конк-

ретен материјален израз на ослободителната идеја, бидејќи суво-парните апстрактни идеи за него се непоимливи. Четите го подигнале престижот на Организацијата во лицето на населението. „Колку и мала, четата беше вооружена сила на заговорот – јатка на бунтовна армија, која ќе ја крене на нога околијата, кога ќе удри часот“.[1] Првите егзекуции на одделни злосторници, „прононсирани предавници... премавнувањето на еден бег, полјак или разбојник, понекогаш беше еднакво на полуослободување на цели села“.[2] Преку четите, Организацијата во очите на селаните добила значење „на вистинска народна власт, авторитетна, справедлива до жестокост и способна да ги наложува своите решенија“.[3]

2. Според Христо Шалдев, летото 1897 година Даме Груев како член на ЦК, а официјално во својство на училишен инспектор, ги обиколил селата во Бојмија, при што се сретнал со ајдутските војводи Апостол Петков и Иван Карасулијата. Тогаш, Д. Груев ги поканил да се покорат на правилата на Организацијата и како илегални работници да се стават во нејзина услуга.[4] Колку значење му било оддадено на нивното вклучување во Организацијата, доволно зборува фактот што двајцата официјално биле покрстени во Солун од страна на поп Стамат Танчев.[5] Додека пак според Аргир Манасиев (раководител на месниот комитет на ТМОРО во Гевгелија), во октомври 1897 година, Апостол Петков и Иван Карасулијата му се обратиле нему и побарале да формираат месна чета. А. Манасиев им ветил дека за тоа ќе побара согласност од ЦК на ТМОРО во Солун, а самиот ќе се погрижи да обезбеди оружје.[6] Во овој период Еницевардарско на двапати било посетено и од Гоце Делчев.[7] Иако немаме директни информации за времето на неговата посета и конкретните активности во овој регион, допуштаме дека тоа е во врска со формирањето на првата чета во овој крај.

---

[1] Х. Силянов, Освободителните борби..., т.1, 102.

[2] Исто, 104.

[3] Исто.

[4] Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина..., г. IV (34), 14.

[5] Исто; Борбите в Македония..., 54.

[6] Македония в пламъци, Освободителните борби на българите от Македония в спомени на дейци на Вътрешната македоно-одринска революционна организация, Андон Кьосето, Анастас Лозанчев, Григор Попев, Аргир Манасиев, Христо Пасков, Мите Хаджимишев, Кърсто Лазаров, Екатерина Паница, Записал Боян Мирчев, София 2003, 126.

[7] Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина..., г. IV (34), 15.



Поп Стамат Танчев

Според Христо Шалдев, кој не е така убедлив во пишувањето, се добива впечаток дека војвода на четата бил Апостол Петков.[8] Меѓутоа, според Аргир Манасиев и Илија Докторов, војвода бил Иван Карасулијата, иако бил помал, а Апостол Петков минувал како негов заменик.[9] Во почетокот јадрото на четата го сочинувале само тројца: Апостол Петков, Иван Карасулијата и Спиро Карасулски,[10] меѓутоа до крајот на годината таа нараснала на 10-12 души.[11] Потребното оружје за вооружување на четата било обезбедено и доставено во с. Смоквица преку гевгелискиот раководител – Аргир Манасиев.[12] Бидејќи во почетокот не бил определен конкретен регион за движење на четата, таа ги обиколувала селата во Дојранско, Гевгелиско и Еницевардарско.[13]

---

[8] Исто, 14.

[9] Македония в пламъци, Спомени на Аргир Манасиев..., 126; Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 56.

[10] Македония в пламъци, Спомени на Аргир Манасиев..., 126.

[11] Во мемоарската литература постојат извесни контрадикторности околу составот на четата. Така според Х. Шалдев во четата влегле: Апостол Петков, брат му Тано Петков, нивниот братучед Андон Терзиев, Михаил Попето, Андон Ќосето, Атанас Карадупков, а повремено се придружувал и гевгелискиот раководител Аргир Манасиев (Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина..., г. IV (34), 15). Меѓутоа, според Аргир Манасиев во четата влегувале: Иван Карасулијата, Апостол Петков, Спиро Карасулски, Стојко од с. Карасуле, Лазо од с. Ореховци, Гого и Хаџијата од с. Мутулово, Гоно Балабанов од с. Сехово и Машкото од с. Богородица (Македония в пламъци, Спомени на Аргир Манасиев..., 126.); Додека пак Илија Докторов како членови на четата ги спомнува: Иван Карасулијата, Апостол Петков, Спиро Иванов од с. Карасуле, потоа Христо Узунов од с. Куфалово, Гоно Петков Балабанов од с. Сехово и Павле Стојанов Граматиков од с. Кониково (Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 56-57.).

[12] Македония в пламъци, Спомени на Аргир Манасиев..., 126; Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов ..., 56.

[13] Македония в пламъци, Спомени на Аргир Манасиев..., 126.

Според Аргир Манасиев, до крајот на 1897 година, по барање на локалното население, четата ликвидирала неколку турски разбојнички и арамиски банди во Гевгелиско.[14] Во меѓувреме, Апостол Петков го имал своето прво борбено крштевање кај с. Грубевци со една османлиска потера. Притоа потерата била растерана, а четата минала без загуби.[15] Таквата вест тивко и брзо се проширила во регионот, поради што селаните на четата почнале да гледаат како на „спасител од турската власт“, а на нејзините членови како на херои подготвени да го жртвуваат сопствениот живот за слободата на потчинетите. Турските насилници кои дотогаш по селата се однесувале како „бабаити“ малку се посмириле, а бројот на зулумите опаднал.[16]

3. Мемоарската литература која речиси претставува единствен извор за овој ран период за активноста на Апостол Петков е прилично оскудна, а пак оние информации што ги нуди во висок степен се контрадикторни, особено во поглед на хронологијата. Работите стануваат прилично поконкретни од 1902 година, од кога името на Апостол се појавува и во официјалната документација. Сепак, од постојната литература се наметнува општиот впечаток дека Апостол Петков и Иван Карасулијата неформално извршиле меѓусебна распределба на регионот. Така, Апостол Петков останал да дејствува во Бојмија и поширокиот регион на Пајак планина, а Карасулијата во Гевгелиско. Повремено, двајцата ги здружувале силите за да изведат некоја поконкретна и поголема акција. Со оглед на нивниот ајдутски профил, тие не успеале да развијат некоја особена агитациско-организациска дејност. Нивната активност првенствено била насочена кон ликвидирање на одделни насилници, организирање на обири, ликвидирање на непријатели на Организацијата и врбување на лојални приврзаници, пред сѐ заради создавање на мрежа од јатаци, кои биле неопходни за опстојување на теренот.

Воопшто, состојбите со четите во Солунскиот вилает, почнале да се менуваат кон подобро во 1898 година, кога Гоце Делчев во овој крај го испратил Михаил Апостолов Попето. Тој бил „дисциплиниран воин“ кој веднаш се зафатил со вистинска апостолска работа.[17] Неговиот строг и цврст карактер станал пример

---

[14] Исто.

[15] Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина..., г. IV (35), 13.

[16] Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 56-57.

[17] Ангел Динев, Илинденската епопеја, т. 1, приредил: Владимир Картов, Скопје 1987, 123.

за повеќето четници и останатите војводи. Попето пред селаните проповедал совест, конспиративен дух и самоувереност во борбата. Притоа велел: „Ние ја завладеавме ноќта, ама ни остана да го завладееме и денот. Штом водиме борба ќе го завладееме и него. Важно е да навикнеме да водиме борби“.[18] ЦК на ТМОРО, по добиените извештаи од реонските раководители, согледувајќи ја плодотворната работа на Попето, во октомври 1898 година донел одлука за расформирање на дотогашните терористички групи и наместо нив да се формираат постојани чети за секоја околија. За таа цел било издадено и специјално окружно од 14 точки. Со тоа бил ставен почетокот на организираниот четнички институт на МРО.[19] Оттогаш, четата на Михаил Апостолов Попето прераснала во вистинска школа од која произлегле бројни војводи на македонското револуционерно движење.[20]



Михаил Апостолов Попето

Покрај другото, Попето со својата активност, која се протегала од Серско до Еницевардарско и Гевгелиско, настојувал да воспостави ред и дисциплина помеѓу постојните чети, како оние на Апостол Петков и Иван Карасулијата.

Во контекст на тоа, во реонот на Апостол Петков бил испратен Андон Ќосето, кој уште од претходната година почесто бил во придружба на Михаил Апостолов Попето. Ќосето во реонот на Апостол останал околу десетина дена, претежно движејќи се низ влашките села по планината Пајак.[21] Впрочем, Апостол

---

[18] Исто.

[19] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 277.

[20] Меѓу нив треба да се спомнат имињата на Христо Чернопеев, Михаил Герџиков, Никола Дечев, Петар Јуруков, Делчо Коцев, Пешо Самарџиев, Никола Жеков, Стефан од Карлово, Атанас Бабата, Крсто Б’лгаријата, Гоце Китан, Гоне Бегинин, Трајко Јотов, Иван Варналијата, Аргир Манасиев и други (Х. Силянов, Освободителните борби..., т.1, 99.).

[21] Македония в пламъци, Спомени на Андон Кьосето..., 33.

Петков од порано негувал добри односи со жителите од влашките села: Црна Река, Купа, Ливади, Бирислав, Лугунци, Ошин, Ума, Серменин, Конско, Баровица и Љумница.[22] Овчарските колиби на ова сточарско население секогаш биле широко отворени за четите на ТМОРО. Покрај другото, Ќосето и Апостол, по барање на Делчев, требало да повлијаат врз влашкото население да се дистанцира од Патријаршијата и од грчките учители и да се подведе кон Организацијата. Поради тоа, Апостол Петков и Андон Ќосето побарале од селските првенци да им откажат гостопримство на грчките учители и во иднина да си побараат влашки учители.[23] Влашкото население од овој крај одлично ја прифатило четата, при што нејзините водачи почнало да ги именува како „нашите војводи". Селаните од овој крај дури и им подготвиле „влашки алишта" кои ги носеле извесно време. А. Ќосето во своите спомени за Апостол Петков вели: „Тој беше со дух на кабадија и сакаше салтанати, а пак јас се носев многу просто".[24]

Некаде во октомври 1898 година,[25] областа Бојмија и поширокиот регион на планината Пајак и Еницевардарско, биле посетени од Пере Тошев во својство на член на ЦК. Во негова придружба се наоѓал гевгелискиот раководител, Аргир Манасиев. Тогаш, Пере Тошев во повеќето села одржал собранија со месните раководители на Организацијата.[26]

4. Есента 1898 година,[27] Иван Карасулијата и Апостол Петков заради откуп го киднапирале Туран ага – трговец со добиток

[22] Д-р Владо Картов, Сава Михајлов – Савата, Скопје 1977, 45.

[23] Македония в пламъци, Спомени на Андон Кьосето..., 33.

[24] Исто.

[25] Аргир Манасиев обиколката на Пере Тошев во овој регион ја датира во 1897 година (Македония в пламъци, Спомени на Аргир Манасиев..., 126-127). Меѓутоа, ако се има предвид фактот дека Пере Тошев во ЦК на ТМОРО, бил кооптиран во втората половина на 1898 година (види: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 225), тогаш сосема е јасно дека станува збор за грешка - појава која многу често е присутна во мемоарската литература.

[26] Македония в пламъци, Спомени на Аргир Манасиев..., 126-127.

[27] Според А. Манасиев киднапирањето било извршено есента 1898 година (Македония в пламъци, Спомени на Аргир Манасиев..., 127). Меѓутоа, според И. Докторов, киднапирањето на Туран ага било извршено кон крајот на мај 1898 година (Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 59). Наспроти тоа, Ангел Динев без да се повика на извор пишува дека во 1898 година бил извршен неуспешен обид за киднапирање на синот на Туран – бег, додека самиот Туран-бег бил киднапиран во почетокот на летото 1899 година (А. Динев, Илинденската епопеја, т.1..., 120-121).

од с. Мемешли (Дојранско). Тој бил фатен од заседа,[28] кај селото Костурино, на патот помеѓу Струмица и Валандово, кога со својот син терал стока на пазар. При одвлекувањето, син му бил убиен, бидејќи се обидел да се спротивстави. Фатениот Туран ага бил одведен во планината Кожуф, од каде за неговото ослободување биле побарани 2000 турски лири. Сопругата на Туран ага ги испратила побараните пари, а покрај тоа за четниците испратила суво грозје и леблебија, а за војводата како подарок една стара сабја. Патем, истакнала дека би дала и повеќе пари, доколку нејзиниот син останел жив.[29]

Добиениот откуп го потхранил и зацврстил славољубието кај Иван Карасулијата и неговите одбраници. Тој оттогаш започнал да манифестира непокорност и разбојнички инстинкт. Откако бил земен откупот, Аргир Манасиев и Ташко Мицов по наредба на ЦК заминале кај четата, за да ги приберат парите и да ги внесат во касата на Организацијата. Меѓутоа, Карасулијата и неговите четници, кога разбрале дека се дојдени по парите, толку се разлутиле против нив, што дури посакале да ги ликвидираат. По долга меѓусебна расправија тие се разделиле непријателски. На заминување, Аргир Манасиев ги предупредил дека поради таквата постапка ќе бидат лишени од прием кај населението.[30] Карасулијата не сакал да ги предаде парите под изговор дека тие се потребни за издршка на четата, за вооружување, облека и слично.[31] Според А. Динев во расправата за внесување на добиените пари бил ангажиран и Михаил Апостолов Попето. Тој побарал парите да се предадат во касата на Организацијата и да се трошат по потреба и со одобрение на ЦК. Со таквиот предлог се согласил само

[28] Според А. Манасиев, фаќањето на Туран ага било организирано со помош на луѓето од Организацијата од селата Балинци, Брајковци и Валандово (Македония в пламъци, Спомени на Аргир Манасиев..., 127). Според Илија Докторов при фаќањето на Туран ага учествувале: Иван Карасулијата, Апостол Петков, Спиро Иванов, Гоно Петков Балабанов од с. Сехово, Христо Узунов од Куфалово, Гого Киров и Мито Јаков (двајцата од с. Мутулово), Кољо Машкото од с. Богородица, Павле Стојанов Граматиков од с. Кониково и дедо Коста Мусевски од с. Костурино (Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 59). Според А. Динев во акцијата за киднапирањето на Туран ага учествувале: Иван Карасулијата, Апостол Петков, Гого и Мито од с. Мутулово, Кољо Машкото и секако дедо Коста од Костурино (А. Динев, Илинденската епопеја, т.1..., 121).

[29] А. Динев, Илинденската епопеја, т.1..., 121.

[30] Македония в пламъци, Спомени на Аргир Манасиев..., 127.

[31] Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 60.

четникот Спиро Иванов, додека Гого и Мито од Мутулово побарале парите да се поделат помеѓу учесниците во акцијата. Поради тоа Попето демонстративно си заминал, повикувајќи ги оние што се за ослободителното дело да му се придружат.[32] Попето не сакал остро да се расправа со Карасулијата, бидејќи го знаел неговиот менталитет, но и неговиот авторитет пред населението поради подвизите против одделни насилници Турци и Албанци.[33] По пет – шест дена, четата преку курир го поканила Аргир Манасиев од Гевгелија на средба во с. Оризарци (Еницевардарско). Тогаш по долги преговори од добиениот откуп од 2000 турски лири, на Аргир Манасиев му биле предадени само 400 турски лири.[34]



Андон Ќосето (во средина)

[32] А. Динев, Илинденската епопеја, т.1..., 122.

[33] Владо Картов, Гевгелија до Балканските војни, Скопје 1966, 170.

[34] Македония в пламъци, Спомени на Аргир Манасиев..., 127; Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 60. Меѓутоа, според Сава Михајлов од 1200 лири добиени како откуп во касата на Организацијата биле внесени само 200 лири (Движението отсамъ Вардара и борбата съ върховиститѣ, По спомени на Яне Сандански, Чернъо Пѣевъ, Сава Михйловъ, Хр. Куслевъ, Ив. Анастасовъ Гърчето, Петъръ Хр. Юруковъ и Никола Пушкаровъ, сообщава: Л. Милетичъ, София 1927, 93).

По оваа постапка, Иван Карасулијата и Апостол Петков ја изгубиле довербата пред ЦК во Солун. Покрај ова своеволие, тие продолжиле и со други непромислени активности, кои носеле висок ризик и опасност за ослободителното дело. Поради нивното однесување, Даме Груев дури размислувал целосно да бидат отстранети од Организацијата, преку убиство или труење.[35] Сепак, по инсистирање на Аргир Манасиев, не било посегнато кон толку ригорозна мерка, а надлежноста за нивното вразумување им била препуштена на Михаил Апостолов Попето и Андон Ќосето. Според Аргир Манасиев, Попето во извесна смисла успеал да ги заузда Апостол Петков и Иван Карасулијата и да воспостави привидна дисциплина во нивните чети.[36]

5. Првиот поправен испит Апостол Петков и Иван Карасулијата успешно го положиле и привремено се амнестирале, но не за долго. За да се увери во нивното раскајување, гевгелиското раководство во согласност со ЦК на ТМОРО им дало задача да го ликвидираат лекарот Кивернидис, кој бил главен организатор на грчката пропаганда во Гевгелија.[37] Димитриос Кивернидис бил родум од влашкото село Влахоливади на Олимп,[38] а неговиот престој во Гевгелија бил финансиран од грчката влада за да го поткрепува „грчкиот дух“. Кивернидис одржувал редовни контакти со грчкиот конзул во Солун и патријаршиските митрополити, а како лекар одржувал врски со сите гркомани во градот и околните села. Грчките учители и свештеници во него гледале најголем покровител пред официјалните власти. Кивернидис, откако дознал дека поголем дел од Власите, независно од тоа што биле патријаршисти, ѝ се придружиле на ТМОРО, бидејќи имала за цел ослободување на Македонија, започнал да агитира меѓу нив против Организацијата.[39] Од тие причини, била донесена одлука за негова ликвидација.

Задачата им била доверена на Апостол Петков и Иван Карасулијата. Двајцата, со помош на Дино Филов Доганов, тајно се вовлекле во градот и се сместиле во куќата на Дељо Зафиров, кој по професија бил кројач – инаку член на месниот комитет.[40] Неговата куќа се наоѓала на главната улица и пружала одлична пре-

---

35 Македония в пламъци, Спомени на Аргир Манасиев..., 128.

36 Исто.

37 Исто.

38 Αστέριος Κουκούδης, Από τη ζωή των Βλάχων στα 1900, Θεσσαλονίκη, 2008, 52.

39 Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 62.

40 Исто, 63.

гледност на сите што се движат по неа. Во непосредна близина се наоѓала и куќата на командантот на турскиот гарнизон во градот – Шукри паша. За поуспешно прикривање и секако за да внесат поголема забуна при дејствувањето, Апостол Петков и Иван Карасулијата биле обезбедени со турска војничка униформа.[41]

Приквечер на 3 декември 1898 година,[42] кога Кивернидис си одел кон својот дом, Апостол Петков и Карасулијата почнале да го следат. На педесетина чекори пред да влезе во својата куќа, тие го застрелале со два истрели, при што Кивернидис починал на место. Двајцата убијци користејќи ја квечерината побегнале низ една тесна уличка кон периферијата на градот и преку околните бавчи со црнички заминале кон с. Сехово, а од таму кон Шлопница.



Димитриос Кивернидис

Во врска со ова убиство власта под сомнение ги привела Аргир Манасиев и учителот Димитар Битраков, но поради отсуство на докази тие биле ослободени.

Како алиби на А. Манасиев му послужило сведочењето на Шукри паша, кој потврдил дека за време на настанот, тој го видел Аргир во истата кафеана каде што седел тој.[43] Во врска со ова убиство биле приведени учителот Андон Бојаџиев од Кукуш, како и Илија Докторов. По двомесечен притвор во Гевгелија,

---

[41] Македония в пламъци, Спомени на Аргир Манасиев..., 128.

[42] Tragedies of Macedonia: A record of greek victims of bulgarian outrages in Macedonia, between 1897 and february 1903, London 1903, 9; Œcumenical Patriarchate, Official documents concerning the deplorable condition of affairs in Macedonia, Constantinople 1906, 132-133; Αστεριος, Βουλγαρικά θύματα εν Γευγελή και τοις πέριξ αυτής, Μακεδονικό Ημερολόγιο 1910, Αθήνα 1909, 252; Ερατώ Ζέλλιου-Μαστοροκώστα, Ἀγνωστοι και ελάχιστα γνωστοί αγωνιστές της περιοχής Γευγελής κατά τον Μακεδονικό Αγώνα, Μακεδονικά 31, Θεσσαλονίκη 1997-1998, 122-123; Меѓутоа, за овој настан Илија Докторов го спомнува датумот 12 ноември 1898 година (Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов ..., 63), додека пак Аргир Манасиев, ликвидацијата на Кивернидис погрешно ја лоцира во ноември 1899 година (Македония в пламъци, Спомени на Аргир Манасиев..., 128).

[43] Македония в пламъци, Спомени на Аргир Манасиев..., 128.

двајцата биле одведени во Солунскиот затвор Једи Куле, каде останале до 25 август 1899 година.[44] Меѓутоа, поради отсуство на докази за учество во убиството, биле ослободени. Очигледно и покрај неколку приведувања на потврдени членови на Организацијата, конспирацијата во овој крај го положила првиот испит и не дошло до провала.

6. Иван Карасулијата понесен од височината на откупот што го добил за Туран ага, а уште повеќе поради неказнувањето на неговата постапка од страна на Организацијата, во декември 1899 година со својата чета влегол во Валандово, за да задигне еден богат гркоман заради откуп. При овој обид, четата се судрила со жандармеријата во Валандово, при што дошло до престрелка која траела цела ноќ. На крај четата се извлекла без загуби, оставајќи зад себе двајца убиени заптии. Во врска со овој инцидент власта презела опсежна истрага од која се разврзала познатата Валандовска афера.[45] Поради жестокиот притисок од страна на власта за време на истрагата, некои од приведените потклекнале под притисокот на инквизициската тортура и признале одредени сознанија. Така, истрагата брзо се проширила кон Гевгелиско, Дојранско и Еницевардарско.[46]

Оваа афера на своевиден начин го засегнала и родното село на Апостол Петков – Бојмица. Поводот за проширувањето на истрагата во Бојмица го дал Ќазим ага, кој додека траела истрагата за Валандовската афера, во април 1900 година, убил по еден селанец во селата Дабово и Тумба и четворица селани во с. Бојмица. Меѓу последните било и едно 12 годишно дете.[47] Власта, наместо да го гони и санкционира убиецот, во тоа нашла повод да ги прошири истражните дејствија во врска со Валандовската афера и во овој регион. Поради тоа биле приведени шестмина селани од Бојмица, меѓу кои и учителот Филип Георгиев – раководител на месниот комитет. Во такви околности, неговата сопруга, која била учителка, ги организирала селаните и тргнале кон Солун за да се пожалат пред странските конзули. Изненадена од овој гест на селаните, власта ги прекинала сите преследувања во Бојмица. Постапката на селаните од Бојмица укажува дека до неодамна

---

[44] Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 63.

[45] Повеќе во врска со Валандовската афера види: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 291-294.

[46] Македония и Одринско 1893-1903. Мемоаръ на Вътрѣшната организация..., 50.

[47] А. Динев, Илинденската епопеја, т.1..., 127.

„покорниот“ македонски селанец, под водство на својата Организација, своите права не сакал веќе да ги бара пред османлиските судови, туку пред странските дипломатски претставништва.

Поради Валандовска афера, која настанала како последица на непромислените потфати на Иван Карасулијата, османлиските власти подложиле на измачување околу 150 лица од соседните области, а околу 100 лица биле приведувани и затварани.[48]

7. Валандовската афера ја изложила Организацијата во регионот пред сериозна опасност. Оттука, ТМОРО била доведена во ситуација да обрне посериозно внимание кон активноста на старите ајдутски војводи од типот на Иван Карасулијата и Апостол Петков. Во овој контекст, како прв чекор треба да се сфати и издвојувањето на четата на Апостол Петков од Карасулијата уште во 1898 година како посебна чета за Еницевардарско.[49]

За воспоставување на ред и дисциплина помеѓу постојните чети, Михаил Апостолов Попето, како главен инструктор на четничкиот институт во Солунскиот револуционерен округ, почесто престојувал во Кукушкиот, Дојранскиот Гевгелискиот и Еницевардарскиот регион. Пролетта 1900 година, Христо Чернопеев откако поминал извесна обука во четничката школа на Попето, заминал во Еницевардарско и Гевгелиско, каде извесно време се занимавал со агитација меѓу селаните и изведување на обука меѓу четниците за ракување со оружје.[50] По двомесечен престој во овој регион, Чернопеев заминал за Кукушко, оставајќи го во Еницевардарско Апостол Петков со 8 четници.[51] Престојот на Х. Чернопеев во Еницевардарско треба да се сфати како една мисија со превоспитувачки карактер за Апостол Петков и неговите четници.

8. Во текот на 1900 година со околискиот комитет на ТМОРО во Еница Вардар раководел К. Атанасов.[52] Покрај него во работата на комитетот учествувале: А. Минцов, Константин Атанасов, Иван Шишков, Роса Бојаџиева и Марија Иванова, а од септември им се придружил и Н. Пасков. Организираната сила на

[48] Во врска со тоа повеќе види: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 293, белешка 525.

[49] Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 60.

[50] Движението отсамъ Вардара и борбата съ върховиститѣ, Спомени на Чернъо Пѣевъ..., 55-56.

[51] Исто, 56.

[52] Изъ дневника на Н. Паковъ, сообщава: Х. Шалдевъ, Ил. Илинденъ, г. 6, кн. 6 (66), София 1935, 15.

теренот ја претставувала четата на Апостол Петков. На 12 август 1900 година, четата на Апостол Петков го ликвидирала внукот на Демир – субаша, кој важел за голем злосторник во регионот.[53] Поради ова убиство од истрагата биле засегнати 10 христијански села од кои 8 во Еницевардарско и 2 села во Гевгелиско. За време на истрагата биле спроведени невидени жестокости. Според Мемоарот на Внатрешната организација, за време на истрагата биле измачувани 35 селани, а 21 биле приведени.[54] Благодарение на принесените жртви и присебноста на селаните, не дошло до посериозно разоткривање на организациската мрежа.

На 30 ноември 1900 година,[55] во режија на Апостол Петков, во Гуменџе бил извршен обид за ликвидација на грчкиот лекар Ангелаки Сакелариос.[56] Тој бил финансиран од грчката влада за да ја поткрепува грчката пропаганда во Гуменџе, слично како и неговиот колега Кивернидис во Гевгелија. Сакелариос не само што бил во директни врски со гркоманите од Гуменџе, туку имал силно влијание и врз останатите патријаршисти во областа Бојмија, особено во селата Крива и Петрово.[57] Како лекар, иако немал многу пациенти, тој во Гуменџе престојувал исклучиво поради интересите на грчката пропаганда. Во неговото лице Организацијата имала сериозен противник, кој го попречувал ширењето на револуционерната агитација меѓу патријаршиското население во регионот, особено меѓу Власите. Од тие причини, Апостол Петков, преку својот курир Тано Јанков – инаку патријаршист од

---

[53] Македония и Одринско 1893-1903. Мемоаръ на Вѫтрѣшната организация, 51.

[54] Исто, 51.

[55] Χρήστος Π. Ίντος, Αγγελος Σακελλαρίου (1856-1909), Ένας γιατρός από την Αθήνα στη Μακεδονία την περίοδο 1891-1909, Η προσφορά και η δράση του, Ελληνικη Ιστορικη Εταιρεια, Λα Πανελληνιο Ιστορικο Συνεδριο, 28-30 Μαΐου 2010, Πρακτικά, Επιμέλεια έκδοσης: Φωτεινή Ι. Τολούδη, Θεσσαλονίκη 2011, 185; Tragedies of Macedonia..., 11. Меѓутоа, кај Христо Шалдев погрешно е истакнато дека обидот за атентат бил извршен на 30 ноември 1899 година (Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина..., г. IV (34), 16). Додека кај Битоски овој настан е датиран според новиот календар на 13 декември 1900 година (К. Битоски, Апостол Терзиев Петков ...29).

[56] А. Секелариос потекнувал од Вилиа на Атика од влијателно политичко семејство кое имало лични врски со Стефанос Драгумис и Павлос Мелас. Во 1891 година, по барање на Драгумис, заминал за Гуменџе, како лекар раководел со грчката пропаганда. Во 1897 година бил депортиран од турските власти и зел учество во грчко-турската војна. Во 1910 година врз него повторно бил извршен атентат, по што набрзо починал од здобиените рани (Х. П. Ίντος, Κέντρα οργάνωσης..., 186).

[57] Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина..., г. IV (34), 16.

с. Крива, испратил предупредување до Сакелариос да го напушти Гуменџе, бидејќи таму „нема Грци“. Откако Сакелариос одбил да си замине, била донесена одлука за негова ликвидација. Меѓутоа докторот вешто одбегнал неколку заседи, кои му биле поставени од илегалците на Апостол Петков. Согледувајќи го тоа, Апостол за изведување на ликвидацијата ангажирал тројца легални активисти на Организацијата од Гуменџе. За таа цел биле избрани: Тано Андонов Гумбенџиев, Ичко Пеев и Христо Пројчаков. Тројцата од зад грб стрелале во докторот, при што го погодиле со неколку куршуми, но не успеале да го убијат. Извршителите на атентатот го напуштиле легалниот живот и се присоединиле кон четата на Апостол Петков.[58]


Ангелаки Сакелариос

Набрзо по атентатот, грчкиот конзул од Солун – Евгенијадис го посетил ранетиот доктор во Гуменџе. Според извештајот што тој го испратил до грчкиот амбасадор во Истанбул, атентатот бил извршен од револуционерниот комитет. Според грчките дипломатски извештаи, мотивот за нападот врз Сакелариос лежел во неговите патриотски чувства. Атентатот врз Сакелариос добил голем публицитет преку печатот во Атина.[59] Споменатиот атентат предизвикал неколкудневна расправа во грчкиот парламент. Веста во парламентот ја внел С. Драгумис, а главната расправа се одвивала помеѓу министерот за надворешни работи – Романос и пратеникот Капетанакис.[60]

Повредениот Сакелариос, во мај 1901 година, дури бил примен од грчкиот крал Георгиос I, кој топло му се заблагодарил за неговите патриотски чувства.[61] За време на лекувањето во Атина, Сакелариос воспоставил контакти со претставниците на грчкиот комитет, кои му дале инструкции за идната грчката акција во Македонија, особено за Гуменџе. По заздравувањето тој

[58] Исто.

[59] Х. П. Ἰντος, Αγγελος Σακελλαρίου ..., 185.

[60] Исто, 186.

[61] Исто, 187.

се вратил во Гуменце како главен организатор на грчката пропаганда. Во меѓувреме, од страна на Организацијата биле ликвидирани единствените сведоци на атентатот: Марија Пулка и нејзиниот сопруг Георги Пулка.[62]

9. Апостол Петков полагал големо внимание на облеката, опремата и вооружувањето. Без сомнение, модерното оружје е привлечно за секој воин. Во тоа време, меѓу македонските војводи вистински престиж и предизвик претставувале пушките манлихери. Апостол Петков овие пушки за прв пат ги видел пролетта 1900 година, кога во Еницевардарскиот регион престојувал Христо Чернопеев.[63] Откако ги видел манлихерите, Апостол Петков целосно бил обземен од идејата да ја вооружи својата чета со таков тип на пушки. Според Аргир Манасиев, токму овој момент Организацијата го искористила како мамец за извесно време да се ослободи од присуството на Апостол Петков во регионот. Знаејќи ја преокупацијата на Апостол по секоја цена да се обезбеди со манлихери, Организацијата со задоволство му отворила канал кон Бугарија, од каде можело да се обезбедат посакуваните пушки. Меѓутоа, откако заминал во Бугарија, по барање на ЦК, Задграничното претставништво подолго време намерно не му отворило канал за враќање во Македонија. Расположивите материјали засега не допуштаат можност поблиску да се лоцира времето кога Апостол Петков преку оваа игра бил отстранет од регионот. Според Аргир Манасиев, тоа се случило во 1900 година.[64] Меѓутоа, според еден извештај од грчкиот конзул во Солун од 20 мај 1901 година, се добива впечаток дека Апостол Петков во оваа време сè уште престојувал во својот регион. Во споменатиов извештај за Апостол се вели: „Тој не е ниту патријаршист... ниту егзархист. Ниту Грк, ниту Бугарин. Тој е разбојник“.[65]

Според А. Манасиев, по отстранувањето на А. Петков во регионот како „единствено зло“ за Организацијата останал само Иван Карасулијата, кој привремено бил под контрола на Михаил Попето.[66] Меѓутоа и Карасулијата набрзо паднал на истиот трик, како и Апостол. Имено, Михаил Герџиков по Солунската провала во 1901 година, откако не успеал да ги помири Иван Карасулијата и Андон Ќосето, знаејќи ја нивната желба за помодерно оружје,

---

[62] Исто, 186.

[63] Македония в пламъци, Спомени на Аргир Манасиев..., 129.

[64] Исто.

[65] Според: Г. Х. Μοδη, Μακεδονικος αγων και μακεδονες αρχηγοι..., 305.

[66] Македония в пламъци, Спомени на Аргир Манасиев..., 129.

двајцата ги повел со себе кон Бугарија, притоа ветувајќи им дека таму подобро ќе се вооружат и повторно ќе се вратат назад.[67] На тој начин, покрај Апостол, за извесно време од регионот бил отстранет и Иван Карасулијата.

[67] Въ Македония и Одринско – Спомени на Михаилъ Герджиковъ, сообщава: Љюбомиръ Милетичъ, София 1928, 22-23.

# Дејноста на Апостол Петков во 1902 година

1. Во 1894 година, по падот на режимот на бугарскиот премиер Стефан Стамболов, во Бугарија се создале поволни услови за политичко организирање на македонската емиграција. Особено поттикнувачки врз раздвижувањето на македонската емиграција влијаело разгорувањето на ерменската криза и активирањето на европската дипломатија во врска со тоа. Македонската емиграција се обидела да ја искористи создадената ситуацијата и да изврши притисок врз европската дипломатија за спроведување на реформи во Македонија. За таа цел, во март 1895 година, бил одржан Првиот македонски конгрес, при што македонските друштва се обединиле во единствена организација на чело со Македонски комитет.[1] На првиот конгрес била утврдена и целта на македонскиот комитет: „придобивање за населението во Македонија и Одринско политичка автономија – приложена и гарантирана од големите сили“.[2] За постигање на целта, Комитетот предвидел повеќе легални политички средства: агитација преку печатот, одржување на митинзи, испраќање на меморандуми до големите сили и соработка со бугарските политички кругови кои ќе ја поддржат целта на Комитетот, како и мерки „диктирани од силата на околностите“.[3] Последново подразбира уфрлање на чети во Македонија и провоцирање на судири со османлиските власти.

Паралелно со процесот за обединување на македонските друштва, почнале да се подготвуваат чети, кои со поддршка од бугарските власти летото 1895 година извршиле своевидна вооружена провокација во североисточна Македонија. Додека македонските емигранти верувале дека одат да се бијат за татковината – Македонија, бугарската влада и кнезот во тоа гледале можност за реализирање на своите политички цели. Поддржувајќи ја активноста на македонската емиграција, бугарските кругови всушност го злоупотребиле патриотското чувство на емигрантите за притисок врз Османлиската империја и врз дипломатијата, за

---

[1] Повеќе за тоа види В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 181-187.

[2] Величко Георгиев и Стайко Трифонов, История на българите 1878-1944 в документи, том I, 1878-1912, част втора, София 1996, 360.

[3] Исто, 361.

меѓународно признавање на кнезот Фердинанд и добивање на бенефиции за бугарската пропаганда во Македонија. Кога разбиените чети почнале да се враќаат од Македонија, бугарските власти, откако добиле позитивни сигнали за своите политички барања, почнале да ги приведуваат македонските четници за да создадат впечаток пред надворешниот свет дека Бугарија е конструктивен фактор, но и да стави до знаење дека клучот за македонското прашање се наоѓа во Софија.[4]

Злоупотребата на македонската емиграција преку Врховниот македонски комитет (ВМК) станала редовна пракса во Бугарија. Тоа особено доаѓало до израз кога на чело на ВМК се наоѓале етнички Бугари, луѓе блиски до кнезот или бугарските влади. Така, Македонскиот комитет, кој бил создаден како организација на македонската емиграција, се претворил во инструмент на бугарските политички гарнитури за спроведување на нивната политика кон османлиска Македонија. Во основа, во Македонскиот комитет членувале повеќе Македонци, а помалку Бугари. Повеќето од нив биле искрени македонски патриоти, но тука се нашле и доверливи луѓе на бугарската политика, разни кариеристи, авантуристи, случајни сопатници на македонското дело, па дури и арамии. Инволвирањето на таквите профили во оваа организација директно се одразило врз нејзината активност и воопшто врз развојот на македонското ослободително дело.

Во декември 1895 година,[5] Македонскиот комитет бил преименуван во Врховен македонски комитет, а за негов претседател бил избран генерал Данаил Николаев – близок и доверлив човек на кнезот Фердинанд. Промената во името ни малку не е случајна, таа наполно ја одразува политиката и претензијата на генералот за врховна раководна улога во македонското ослободително движење. Од тогаш започнуваат недоразбирањата помеѓу Врховниот македонски комитет и ЦК на МРО во Солун.[6] До извесно релаксирање на односите помеѓу двете организации дошло за време на претседателствувањето на Христо Станишев.[7] Соработката помеѓу ВМК и ТМОРО се интензивирала за време на претседателствувањето на Борис Сарафов, особено за време на

[4] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 188-192.

[5] Овие промени биле извршени на Вториот (вонреден) конгрес на македонските друштва во Бугарија. Види: Константин Пандев, Националноосвободителното движение в Македония и Тракия 1878-1903, София 1979, 96-105.

[6] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 207-212.

[7] Исто, 268-269.

неговиот прв мандат (1899-1900).[8] Меѓутоа, преголемата амбиција на славољубивиот Сарафов да ја преземе контролата на македонското револуционерно движење во свои раце, станало причина, најпрво за заострување, а кон крајот на 1900 година и за прекинување на односите.[9]

Односите помеѓу ВМК и ТМОРО дополнително се искомплицирале за време на претседателот Стојан Михајловски, кога потпретседател бил генерал Иван Цончев.[10] Фактички со комитетот раководел генералот Цончев, кој дејствувал во согласност со бугарскиот воен министер.[11] Цончев започнал отворена кампања за провоцирање на востание во Македонија, без согласност на Внатрешната организација. Иницијативата била поттикната од бугарските политички кругови по прогласувањето на Фирмилијан за митрополит во Скопје, за да се парира на српската пропаганда и да се покаже пред европската дипломатија дека македонското прашање е бугарско, и дека мирот во регионот зависи од Софија.[12] Оттука, кон крајот на 1901 и почетокот на 1902 година, ВМК почнал да испраќа свои чети во Македонија со претензија да го подготват теренот за претстојната врховистичка провокација. За таа цел биле мобилизирани разни отпадници од Внатрешната организација, пред сѐ луѓе со ајдучко минато, кои поради својата недисциплина и разни злоупотреби биле осудени и дистанцирани од неа. Тие од името на ВМК започнале кампања дека ослободувањето на Македонија треба да дојде преку Бугарија, зад која стои Русија. Паралелно со тоа, започнале негативна кампања против дејците на Внатрешната организација во смисла дека тие сериозно не мислат да покренат востание, дека парите што се собираат од населението за оружје се злоупотребуваат за лични потреби и слично. Таквата кампања достигнала кулминација за време на пробивот на полковникот Анастас Јанков кон Костурско, каде во септември 1902 година се обидел да подигне востание од името на ВМК.[13] Тој „облечен во полковничка униформа,

[8] Исто, 270-273.

[9] Исто, 299-305.

[10] Исто, 345-351.

[11] К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония и Тракия..., 275.

[12] Фикрет Аданър, Македонският въпрос, София 2002, 148-152. Во оригинал: Fikret Adanir, Die Makedonische frage, Wiessbaden, 1979.

[13] Повеќе за обидот на Јанков да подигне востание во Костурско види: Димитар Димески, Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает (1893-1903), второ издание, Скопје, 1982, 467-472.

со перо на шапката, јавнат на коњ, оди од село на село, зборува против внатрешните дејци и од името на бугарскиот кнез и рускиот цар го кани населението на востание“.[14] Секаде каде што поминал, низ Џумајско, Малешевско, Струмичко, Гевгелиско, Воденско, па до Костурско, полковникот Јанков оставил свои приврзаници, посеал раскол и повикувал на востание. Всушност, со неговиот пробив дури до Костурско требало да се истоштат силите на ТМОРО, но и да се сврти вниманието на османлиските власти, а со тоа да се олесни дејствувањето на врховистичките чети во североисточна Македонија, кои во последната декада на септември го испровоцирале т.н. „Горноџумајско востание“.

Во така затегната атмосфера, Задграничното претставништво, во март 1902 година, од името на ЦК на ТМОРО, преку едно тајно окружно ги информирало македонските друштва во Бугарија дека ја прифаќа фрлената ракавица од ВМК и со него влегува во отворена војна.[15]

2. Претходник на врховизмот во Солунскиот револуционерен округ, конкретно во Гевгелиско, бил Иван Карасулијата – стариот другар на Апостол Петков. Карасулијата, откако во 1901 година со измама за прв пат бил одведен во Бугарија, таму се оддал на шетање и трошење на парите што ги зел како откуп за Туран ага.[16] Оставен сам на себе, чувствувајќи дека е изигран од Организацијата, Карасулијата брзо потпаднал под врховистичко влијание.[17] Прифаќајќи го покровителството од ВМК, пролетта 1902 година, тој се вратил во Гевгелиско како врховистички војвода.[18] Во исто време, неговиот чичко, Атанас Орџанов Петровалијата, започнал да дејствува како врховистички војвода во Еницевардарско. Во соседната Кукушка околија, како врховистички војвода се појавил Атанас Чопката од с. Градобор, а во Воденско – Вангел Иванов.[19] Споменативе, според добиените насоки од ВМК, започнале да агитираат за скорешно востание. Нивната кампања особено дошла до израз во периодот кога низ овој регион поминал полковникот Анастас Јанков.

Во таков амбиент, пролетта 1902 година, Апостол Петков се вратил во Еницевардарско. Всушност, ЦК и Задграничното

---

[14] Право, II/ 20-21 (28-29), София, 7.07.1902, 4.

[15] Види: В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903..., 217-219.

[16] Спомени на Михаилъ Герджиковъ..., 23.

[17] А. Динев, Илинденската епопеја..., т.1, 133.

[18] В. Картов, Гевгелија до Балканските војни..., 172.

[19] А. Динев, Илинденската епопеја..., т.1, 239-240.

претставништво на ТМОРО, сфаќајќи ја сериозно врховистичката иницијатива за востание и можните последици за македонското ослободително движење од тоа, кон крајот на 1901 и почетокот на 1902 година започнале да ги мобилизираат своите чети и да ги испраќаат во внатрешноста за да ја парализираат врховистичката иницијатива.[20] Во тој контекст, Задграничното претставништво ја подготвило четата на Апостол Петков и Аргир Манасиев. На крајот од март 1902 година, Апостол Петков и Аргир Манасиев преку Ќустендилско заминале кон с. Слокошница, каде биле оставени алиштата и воените материјали за четата. Откако се вооружиле, приквечер тргнале кон турско-бугарската граница. Во овој период, бугарската влада им наложила на пограничните единици на секој начин да го спречуваат илегалното преминување на четите на ТМОРО. Така, кога четата се приближила до границата, една бугарска патрола отворила оган, на што одговорила и четата, а патем во престрелката се вклучила и патролата од турската страна.[21] Апостол и Аргир, откако сфатиле дека не можат да ја поминат границата, го повикале кај себе старешината на патролата за да се разберат. Ненасетувајќи ја клопката, старешината со неколку војници отишол кај нив, но тие веднаш биле разоружани од страна на четата. Притоа, Апостол и Аргир му предложиле на старешината да заминат за с. Сажденик за да преспијат, а утрото тој да ги поведе за Ќустендил за да ги предаде на власта. Имајќи предвид дека поради темницата старешината не ја дознал бројноста на четата, тие одлучиле Апостол со поголемиот дел од четата под превезот на ноќта потајно да се извлече и уште истата ноќ да премине преку границата. Планот бил успешно реализиран. За замајување на старешината, Аргир Манасиев со седуммина четници останал во селото. Утрото тие биле предадени на власта во Ќустендил, каде веднаш биле притворени. Поради овој инцидент во Ќустендил пристигнал Гоце Делчев, кој ангажирал адвокати за да ги ослободат со залог. Во врска со овој случај, Аргир Манасиев и останатите приведени останале во притвор четириесетина дена, поради обид за нелегално преминување на границата.[22] Независно од тоа, смислената маневра му овозможила на Апостол Петков непречено да ја помине границата и да се врати во Еницевардарско.

---

[20] Македония в пламъци, Спомени на Аргир Манасиев..., 136.

[21] Исто.

[22] Исто, 137.


Аргир Манасиев

3. По враќањето во Еницевардарско, Апостол Петков се нашол во незавидна ситуација. Додека тој престојувал во Бугарија, во Еницевардарско како војвода се издигнал неговиот поранешен четник – Павле Граматиков Кониковски. Последниот, убивајќи падари и Арнаути, стекнал популарност и доверба кај локалното население.[23] Кога се вратил Апостол, Павле плашејќи се да не му го одземе војводствувањето, започнал да го одбегнува. Наспроти тоа, титулирањето на Павле како Еницевардарски војвода го засегнало честољубието на Апостол. Така помеѓу двајцата војводи избило отворено ривалство и меѓусебно преследување, што дополнително ја комплицирало ситуацијата во екот на врховистичката провокација, кога требало да дејствуваат единствено. Освен тоа, Апостол Петков поради своето поранешно однесување бил доведен во ситуација да ја докажува лојалноста пред Организацијата поради што бил ставен под своевидно „менторство“ на Аргир Манасиев. Покрај тоа, согласно политиката на ЦК на ТМОРО, во исто време требало да се спротивстави на пројавените врховистички војводи, а пред сѐ на својот поранешен другар – Иван Карасулијата.

Очигледно, Апостол се нашол пред неверојатна пат позиција: да ја докажува лојалноста пред Организацијата; да го зачува приматот на Еницевардарски војвода; да се спротивстави на врховизмот без да се конфронтира со Карасулијата и да одбегне санкција од Организацијата. За излез од ситуацијата била потребна малку среќа, повеќе умешност, разни компромиси и некаква жртва.

Затегнатата ситуација помеѓу Апостол Петков и Павле Кониковски се обидел да ја изглади Аргир Манасиев. Тој му ветил на Апостол дека ќе најде начин да ги помири. За таа цел побарал

[23] Исто, 139.

средба со Павле Кониковски. Последниот, плашејќи се од некаква стапица, средбата ја прифатил под услов да се одржи на 500 метри растојание од местото каде што пребивала четата на Апостол. За време на средбата, Аргир Манасиев му објаснил дека Еницевардарскиот регион е широк и во него има место за работа за двајцата војводи, ако се подели работата. За задоволување на амбицијата на Павле Кониковски, нему му било предоставено да се занимава со „грубата сила“ во регионот како: извршување на казни, подготовка на младинци, вооружување и слично.[24] На тој начин, навидум било постигнато помирување. Во знак на тоа селаните од Тумба, кои се плашеле од избивање на судир помеѓу Апостол и Павле, заклале неколку овни и ги подариле на четите.[25] Меѓутоа, недовербата помеѓу двајцата војводи останала и понатаму и сериозно се одразила врз општиот тек на работите во Еницевардарско и пошироката околина.

Во меѓувреме, врховистичкиот војвода Атанас Петровалијата, почнал да агитира во Еницевардарско за востание. Поради тоа вознемирените селани од Бозец се обратиле до околискиот војвода Апостол Петков, а тој од своја страна им советувал да останат мирни и да не се подаваат на таквата агитација.[26]

Кон крајот на мај и почетокот на јуни 1902 година, ЦК на ТМОРО побарал да се разоружа врховистичката чета на Иван Карасулијата. Според едно писмо од 4/17 јуни 1902 година, испратено од ЦК до Задграничното претставништво на ТМОРО, се гледа дека со разоружувањето на Карасулијата бил задолжен Апостол Петков.[27] Меѓутоа, се чини дека Апостол Петков, кој во меѓувреме бил опседнат со Павле Кониковски, одбегнувал да ја изврши задачата. Затоа ЦК специјално по него испратил еден терорист за да го пронајде и лично да му ја пренесе пораката. По шестдневно талкање низ 13 села, пратеникот на ЦК најпосле во близина на Бер (псевдоним на Еници Вардар) го пронашол Апостол Петков заедно со Павле Кониковски. При извршената проверка кај нив, се потврдило дека тие ги добиле сите писма од ЦК и изјавиле дека наводно од пред 15 дена биле по трагите на Карасулијата, но не можеле да најдат погоден момент за напад. Покрај тоа, тие из-

---

[24] Исто.

[25] Исто, 140.

[26] Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина..., г. IV (36), 15.

[27] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903..., 228; Из архивата на Гоце Делчев. Задграничното претставништво на ВМОРО в София до края на 1902 г. (подготвили за печат: Ива Бурилкова и Цочо Билярски), София 2003, 15.

јавиле дека ако се судрат со него ќе загубат многу момчиња, бидејќи неговите четници биле поискусни и подобро вооружени.[28] ЦК останал со убедување дека прашањето со Карасулијата набрзо ќе биде решено. Очигледно, Апостол Петков во овој период не сакал да отвора фронт против својот поранешен другар – Иван Карасулијата.[29] Наместо тоа на 28 јуни 1902 година, Апостол се сретнал со Карасулијата, при што најверојатно постигнале џентлменски договор за меѓусебно воздржување и ненапаѓање. Следниот ден, поради предавство од селаните од Ливади, здружените чети се судриле со османлиските потери на Гандач, но се извлекле без загуби.[30]



Четата на Апостол Петков (Апостол стои прв од лево, до него е Кониковски)

[28] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903..., 228.

[29] Според А. Динев, Апостол и Аргир Манасиев поставиле заедничка заседа против Карасулијата, но таа била осуетена од селаните (А. Динев, Илинденската епопеја..., т.1, 241). На таквата информација тешко може да ѝ се верува. Од друга страна, според Х. Шалдев, Апостол и Карасулијата се договориле да дејствуваат заеднички согласно наредбите на ЦК на ТМОРО (Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина..., г. IV (36), 15). Овој став го прифатил и К. Битоски (К. Битоски, Апостол Петков Терзиев..., 43-44). Меѓутоа, од достапната документација од преписката помеѓу ЦК, Задграничното претставништво и месниот комитет во Еницевардарско, се гледа дека Апостол повеќе дејствувал своеглаво и не се покорувал пред наредбите на ЦК, поради што за него се предлагаат дури и ригорозни мерки.

[30] Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина..., г. IV (36), 15.

Состојбите во регионот особено се искомлицирале откако полковник Јанков со 110 души,[31] ја поминал реката Вардар и се упатил кон Гевгелиско, Еницевардарско и Воденско. Неговото провокаторско влијание особено се почувствувало во Воденско. Тоа било олеснето поради нетактичното однесување на месната организациска чета под водство на Трајко Шаламанов, која се состоела од 5-6 неискусни момчиња.[32] Шаламанов претходно постигнал компромисна спогодба со Атанас Николов, кој предводел голема врховистичка чета. Притоа двете чети се обединиле под покровителство на Организацијата. На тој начин, Атанас Николов станал војвода, а Шаламанов секретар на четата. Меѓутоа, кога во регионот се појавил полковник Јанков, Атанас Николов со целата чета му се потчинил нему.

Полковник Јанков својот план за востание во Воденско го образложил пред тамошното раководно тело на Организацијата. Истовремено најавил и засилување со уште двајца офицери од бугарската армија: Иван Пожарлиев и Христо Саракинов.[33] Во меѓувреме, врховистичките емисари во Гевгелиско започнале да подметнуваат писма, кои наводно биле испратени од Г. Делчев за побрзо кревање на востание.[34]

Централниот комитет на ТМОРО, откако разбрал за планот на Јанков, веднаш преку комитетите во Енице Вардар и Гуменџе побарал во Воденско да заминат четите на Апостол Петков и Аргир Манасиев „за да ги преследуваат врховистите, или барем да ги парализираат“.[35] Во исто време ЦК сметал дека ако таму се „појават авторитетни личности, дека само тие ќе може да го спасат населението од една авантура, каква што подготвуваат врховистите“.[36] ЦК конкретно го посочува Гоце Делчев.

Поради таквиот тек на настаните, на 6/19 септември 1902 година, Аргир Манасиев имал директни консултации со членовите на ЦК во Солун, од каде добил конкретни инструкции.[37] По враќањето од таму, Аргир Манасиев во Еницевардарско се сретнал со Апостол Петков и му пренел дека по наредба од ЦК треба

[31] Из архивата на Гоце Делчев..., 17.

[32] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903..., 270.

[33] Исто.

[34] Исто, 280.

[35] Исто, 271.

[36] Исто.

[37] Исто, 279.

да заминат за Воденско за да ја разоружаат и прогонат четата на Христо Саракинов.[38] Во врска со тоа, Аргир Манасиев во селото Крива (Еницевардарско) имал уште една средба со Апостол Петков и Павле Кониковски. Тогаш, Аргир прво го поканил Апостол да заминат за Воденско, но тој го одбил со образложение дека ако замине, неговиот регион ќе биде завладеан од П. Кониковски, по што тој би се нашол како „риба на суво“.[39] По ова Аргир се обратил кон П. Кониковски, но и тој одбил да му се придружи, поради истите причини. На крај, Апостол Петков се сложил да му отстапи на Аргир неколку момчиња од својата чета под команда на брат му Тано, а тој да остане во регионот.[40] Дури потоа Аргир заминал за Воденско. Во меѓувреме, најверојатно заради обезбедување на алиби и манифестирање на конструктивност, Апостол Петков и Павле Кониковски презеле извесни чекори за да го поправат впечатокот за покажаната непослушност. Според едно писмо од ЦК од 9 септември (ст. стил) 1902 година, тие во Еницевардарско го фатиле врховистичкиот војвода Атанас Петровалијата со неколку негови другари. Притоа им било наредено да ги разоружаат и да ги вратат назад во Бугарија.[41] Меѓутоа, според едно писмо од 19 септември (ст. стил) 1902 година од Еницевардарското раководство, фаќањето на споменатите врховисти, Апостол Петков и Павле Кониковски го извршиле неволно, по силно инсистирање на неколкуте четници на Аргир Манасиев, кои во тој момент се нашле кај нив.[42] Притоа не ги разоружале, поради што подоцна по барање на Аргир Манасиев биле распоредени по двајца кај Апостол и Павле.[43]

Однесувањето на Апостол и Павле, особено нивното одбивање да заминат за Воденско со Аргир Манасиев, предизвикало огорченост и незадоволство кај раководството во Еница Вардар, кое очигледно немал капацитет да се справи со нив. Поради тоа, месното раководство го информирало Задграничното претставништво за нивната непослушност, како и дека во своите чети прибираат сè и сешто и дека поради својата неписменост не знаат

---

[38] Македония в пламъци, Спомени на Аргир Манасиев..., 138.

[39] Исто, 140.

[40] Исто.

[41] Из архивата на Гоце Делчев..., 23. Фаќањето на Атанас Петровалијата и неговото разоружување се потврдува и од спомените на Аргир Манасиев (Македония в пламъци, Спомени на Аргир Манасиев..., 138).

[42] Из архивата на Гоце Делчев..., 61.

[43] Исто 61, 63.

да водат вистинска агитација, туку се однесуваат „глупаво".[44] Во исто време месното раководство изјавило дека во иднина не сака да работи со нив и побарало Апостол и Павле да се прекомандуваат во друг реон, а наместо нив да им се испрати „разбран војвода", кој ја разбира работата. Споменатово писмо веројатно било испратено и до ЦК на ТМОРО во Солун. На 21 септември (ст. стил) 1902 година, ЦК во врска со тоа до Задграничното претставништво пишува: „Голема беља имаме со Павле и Апостол. Тие ниту Аргир го слушаат, ниту раководителите, ниту последните се откажуваат, зашто при овие војводи, ништо не може да се прави. Нека им го бере гревот оној што ни ги прати. Тие имаат 26 момчиња. Во иднина ќе треба да се ослободиме од нив".[45] По два дена, на 23 септември (ст. стил), ЦК во писмото до Задграничното претставништво, повторно укажува на лошото поведение на Апостол Петков и Павле Кониковски и нивната непослушност дури и кон Аргир Манасиев.[46] Поради тоа ЦК бара Ахил (Делчев) да изврши обиколка и да стави ред помеѓу четите. Како одговор на тоа, на 25 септември (ст. стил) 1902 година, Задграничното претставништво на ЦК му предлага, доколку во Струмичко нема толку потреба од Андон Ќосето, тој да биде прекомандуван во Еницевардарско на местото на Апостол Петков и Павле Кониковски, а тие да бидат испратени со Давидов за Битолско, кој наскоро требало да помине од таму. Покрај тоа во писмото се вели: „ако се поправат добро, ако не, тегнете им го сатарот".[47] Меѓутоа, до таква разврска не дошло, Апостол и Павле, ниту биле преместени, ниту биле казнети.

Од друга страна, откако се вратил од Воденско, Аргир Манасиев во с. Љумница се сретнал со Иван Карасулијата, по што дошло до нормализирање на односите помеѓу нив.[48] По сѐ изгледа претходната спогодба помеѓу Апостол Петков и Иван Карасулијата која премолчано била толерирана го отворила патот за ова помирување.[49] На тој начин, Карасулијата на своевиден начин

[44] Исто, 61.

[45] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903..., 304.

[46] Исто, 309.

[47] Исто, 312.

[48] Македония в пламъци, Спомени на Аргир Манасиев..., 140. А. Манасиев спомнува дека Карасулијата во Љумница му признал дека претходниот ден била планирана негова ликвидација, која требало да биде исценирана како несреќен случај при чистење на оружје.

[49] Најверојатно Карасулијата се искупил со расипувањето на односите со Јанковиот претходник Петар Гајков. Разидувањето помеѓу нив настанало кога

бил рехабилитиран. Набрзо, во ноември 1902 година, Еницевардарскиот раководител Никола Казанџиев го напуштил постот и заминал за Софија, бидејќи не можел повеќе да опстои.[50] Од достапната документација не може да се утврди причината поради која Казанџиев се повлекол од регионот. Оттука, не можеме да утврдиме дали тоа се случило поради негово компромитирање пред власта, или пак поради неможноста да воспостави ред и дисциплина во регионот, особено врз околискиот војвода – Апостол Петков.

Од друга страна, во ноември под сомнителни околности во Еницевардарското блато починал Павле Кониковски. Според едни тој починал при несреќен случај,[51] или треска, но според други, Павле бил отруен од Апостол Петков.[52]

Кога ќе се сумираат состојбите во Еницевардарско од 1902 година, очигледно е дека Апостол Петков успеал да исплива од сложената ситуација и да ја сврти во свој прилог. Тој ја одбегнал прекомандата од регионот и ја избегнал навестуваната санкција поради непослушноста. Во исто време, со разоружувањето на врховистичкиот војвода Атанас Петровалијата и нормализирањето на односите со Иван Карасулијата ја докажал лојалноста и го амортизирал незадоволството против него, а покрај тоа од глава му се тргнал месниот раководител на Еницевардарскиот комитет, и најпосле на сомнителен начин се ослободил од својот ривал – Павле Кониковски.

Според исказите на свештеникот Димитрија од с. Крива, кои ги дал пред Ален Апвард, инаку филхелен и член на филолошкото друштво во Атина, на 13 октомври 1902 година Апостол

Гајков побарал ликвидација на свештеникот Петар Попов од с. Серменин, бидејќи го разоткрил врховистичкиот план за востание (А. Динев, Илинденската епопеја..., т.1, 243-244).

[50] Из архивата на Гоце Делчев..., 64.

[51] Б. Й. Николов, Вътрешната Македоно-Одринска Революционна Организация ..., 36.

[52] Според Христо Бинчаров, по смртта на Павле Кониковски, А. Петков плашејќи се од одмазда наредил да биде убиен неговиот син Трајо. Во меѓувреме братот на Павле – Дивиниш, откако не успеал да го ликвидира Апостол, убил еден негов четник, по што преминал на грчка страна (Георги Н. Георгиев, Епос за един изгубен свят, Архивни материали за борбите, езика и бита на българите в Eниджевардарско, Македонски преглед, XXXIII/4, 2010, 124, 136). Другиот син на Павле, Димитар Граматиков, станал агент од „втор ред“ на грчката пропаганда во Македонија (Νικόλαος Μάνος, Αφανείς Γηγενείς Μακεδονομάχοι (1903-1913), Θεσσαλονίκη 2008, 123).

Петков влегол во селото со чета од 24 души, за да го организира месниот комитет. Притоа четата се сместила во куќата на еден од симпатизерите на организацијата, а војводата за следниот ден закажал состанок со селаните.[53] За време на состанокот Апостол се обратил пред селаните со зборовите: „Сите христијани се браќа и треба заеднички да се кренат и да се борат против Турците“. Таквото обраќање на Апостол кон селаните произлегувало од реалната состојба на теренот, бидејќи повеќето од селаните на Крива за духовен покровител ја признавале Патријаршијата и биле прогрчки ориентирани, иако никој од нив не знаел грчки. Од друга страна, согласно Уставот на ТМОРО, Организацијата настојувала да ги обедини во едно цело сите незадоволни елементи за извојување на политичка автономија на Македонија, независно од верската и националната припадност. Најдобра потврда за тоа претставува организирањето на Власите од овој крај во редовите на Организацијата.

За време на состанокот во Крива бил назначен претседател и секретар на месниот комитет, кои требало да ја претставуваат локална власт. Меѓутоа, овој состанок се обидел да го одбегне патријаршискиот свештеник Димитрија, поради што тој бил присилно спроведен од осуммина четници. Поради својата постапка свештеникот бил принуден да плати 5 лири глоба и да потпише изјава дека се откажува од Патријаршијата. Во спротивно, Апостол Петков му се заканил дека ќе го стаса истата судбина како поп Атанас од Бајани. Лукавиот свештеник побарал време за да ги собере парите, меѓутоа наместо по пари, тој заминал кај властите и ја предал четата. Според сведоштвото на свештеникот пред Ален Апвард, тогаш по интервенцијата на војската биле убиени девет четници.[54] Апвард, како докажан филхелен, во врска со овој случај во својата книга „Источниот крај на Европа“, која е објавена во Лондон во 1908 година, за да го оправда предавството на свештеникот пишува дека „ваков потег би презел секој чесен граѓанин на било која земја, ако е тепан и уценуван“. Меѓутоа, токму поради ова предавство, според Апвард од семејството на свештеникот Димитрија и помеѓу неговите роднини од 1903 до почетокот на 1908 година, биле ликвидирани дури 12 членови.

---

[53] Allen Upward, The East end of Europe, London 1908, 168.

[54] Исто, 169.

# Востаничката 1903 година

1. Врховистичката иницијатива за востание, кулминирала во септември 1902 година преку т.н. „Горноџумајско востание“.[1] Покрај Горноџумајско, оваа провокација делумно ги засегнала: Мелничко, Петричко, Малешевско, Струмичко и Разлошко. Ако кон тоа се додадат и проблемите што ги предизвикал полковник Јанков во Воденско,[2] и особено во Костурско, тогаш неминовно се наметнува констатацијата дека врховистичката провокација сериозно ја искомплицирала состојбата во Македонија. На локален план, оваа провокација предизвикала повеќе афери и провали. Власта при воспоставувањето на редот и мирот во вознемирените региони практикувала невидена жестокост врз локалното население, за да го прибере илегалното оружје кое ТМОРО макотрпно го собирала со години. Гледано од поинаков агол, јасно е дека врховистичката провокација индиректно ја компромитирала идејата за сеопшто востание кон кое се стремела ТМОРО. На меѓународен план, врховистичката провокација го раздвижила македонското прашање и ги предизвикала Февруарските (Падарски) реформи.[3] Во меѓувреме, врховистите почнале да се закануваат со ново „востание“ за претстојната 1903 година. Тоа можело да доведе до дополнително опустошување на цели региони. Последново ја иницирало одлуката на ЦК на ТМОРО за свикување на конгрес и поставување на прашањето за востание во Македонија во 1903 година.

Есента 1902 година, кога врховистичкото движење во Македонија започнало да спласнува, прашањето за востание станало сè поприсутно во преписката помеѓу ЦК и Задграничното претставништво на ТМОРО.[4] Иако сè уште немало формална одлука за ова прашање, задграничните претставници, Христо Матов и

---

[1] Повеќе за Горноџумајското востание види: Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ 1..., 177-183; Крсте Битоски, Македонија и кнежеството Бугарија (1893-1903), Скопје 1977, 237-285; В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 422-453; Марија Пандевска, Струмичкиот револуционерен округ (1893-1903), Скопје 2001, 257-280).

[2] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 412-418.

[3] Исто, 18-22.

[4] Исто, 458-459.

Христо Татарчев, во декември 1902 година ги информирале бугарскиот министер – претседател С. Данев и кнезот Фердинанд, дека востаничките акции за претстојната пролет „се неминовни“.[5]

Во такви околности, претседателот на ЦК – Иван Гарванов, кон крајот на декември 1902 закажал конгрес за да ја официјализира определбата за востание. Конгресот се одржал во средината на јануари 1903 година.[6] Притоа делегатите без многу двоумење ја подржале иницијативата на И. Гарванов и без посериозна анализа донеле одлука за „повсемесно и стратешко“ востание,[7] без да го определат времето за почеток.

За разлика од Конгресот во Солун на кој учествувале второстепени личности, во организација на Задграничното претставништво, а по иницијатива на ЦК, во врска со прашањето за востание во Софија биле одржани повеќедневни советувања на кои учествувале еминентни претставници на македонското револуционерно движење.[8] На советувањата првенствено се водела полемика околу карактерот на дејствијата што треба да се преземат. Повеќето учесници признавале дека подготовките не биле доволни, но дека поради сложеноста на ситуацијата треба да се промени начинот на дејствување и да се преземе акција.[9] На советувањето се изјасниле за „засилени партизански дејствија“,[10] што секако повторно водело кон востание. Додека траеле советувањата, претседателот на ЦК, Иван Гарванов, допатувал во Софија и ја образложил донесената одлуката за востание, нагласувајќи дека таа е бесповратна и разгласена во внатрешноста на земјата.[11]

---

[5] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната македоно-одринска революционна организация..., 125.

[6] Повеќе за Солунскиот јануараски конгрес види: Ванчо Ѓорѓиев, Солунскиот јануарски конгрес на ТМОРО од 1903 година и прашањето за востание, Историја, XL/1-2, Скопје, 2004, 77-92.

[7] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903..., 352-354.

[8] В. Ѓорѓиев, Солунскиот јануарски конгрес..., 86.

[9] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, т.1..., 202-203; Ѓорче Петров, Спомени кореспонденција (вовед, коментар и редакција проф. Љубен Лапе), Скопје, 1984, 178; Д-р Х. Татарчев, Вътрешната македоно-одринска революционна организация..., 130-131; Спомени на Михаилъ Герджиковъ..., 47; Спомени на Дамянъ Груевъ, Борисъ Сарафовъ и Иванъ Гарвановъ, съобщава: Љ. Милетичъ, София, 1927, 76.

[10] Спомени на Борисъ Сарафовъ..., 76; Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, т.1..., 207; Д-р Х. Татарчев, Вътрешната македоно-одринска революционна организация...,140.

[11] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 278.

По враќањето на Гарванов од Софија, ЦК ги известил реонските раководни тела дека Организацијата решила да крене востание и дека со сите сили и средства ќе се бори за извојување на човекови правдини.[12] За таа цел ЦК испратил окружно писмо до сите раководители да престанат... 

Во меѓувреме, во втората половина на 1902 година, за време на врховистичката иницијатива, дошло да нагло зголемување на бројот на четите на ТМОРО. Откако било отворено прашањето за востание, дополнително се зголемила мобилноста и бројноста на постојните чети, а од надвор (Бугарија), уште во зимата 1903, почнале да навлегуваат нови и бројно поголеми чети. Поради нивната раздвиженост и превентивните мерки на власта, зачестиле судирите по македонските планини и села. Предвостаничкиот амбиент се чувствувал насекаде уште во текот на зимата. Рускиот дипломатски претставник во Солун, Н. Гирс, во врска со тоа на 12. 02. 1903 година информира дека во Македонија едвај може да се најде поголемо село, каде нема востаничка чета. Според него Организацијата не била за одлагање на востанието, бидејќи со неговото одлагање на одредено време, македонското прашање би затаило, а Организацијата би ја загубила својата подлога и би го пропуштила погодниот момент.[13]

2. Зимата 1902/1903 година Апостол Петков ја поминал во Еницевардарско, претежно по планината Пајак и областа Бојмија, зацврстувајќи ги врските со локалното население, независно од неговата етничка и конфесионална припадност. Всушност таква била и генералната политика на Организацијата. Тоа не само што било политика на ЦК за обединување на сите незадоволни елементи околу идејата за автономија на Македонија, туку во една мешана средина каква што била Еницевардарско, тоа било неопходно за опстанувањето на било која чета. Дека Апостол дејствувал во таа насока најдобро зборува примерот од август 1902 година во неговото родно село Бојмица, каде христијанското население било поделено на егзархисти и патријаршисти, а освен тоа имало и Турци. Патријаршистите биле помалку, но еден дел од нив биле под влијание на грчката политика и аналогно на тоа биле против македонското револуционерното движење. Предвод-

[12] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, т.1..., 207-208.

[13] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т. 2..., 18-19

ник на таквата линија во Бојмица бил Петар Канин.[14] Андон Терзиев (братучед на Апостол), кој бил водач на едно одделение од четата, честопати предлагал да влезе во селото и да го ликвидира П. Канин. Меѓутоа, поучен од претходните искуства дека таквата ликвидација може да предизвика афера, Апостол применил друга тактика. Вечерта на 29 август 1902 година,[15] неговата чета влегла во Бојмица, се сместила во куќата на Пецо Кехаја, и го испратила домаќинот да го повика Петар Канин. Во меѓувреме, Апостол ги предупредил четниците кога ќе дојде Канин да не преземаат ништо, туку само да ги следат неговите постапки. Кога дошол Канин, Апостол го прегрнал, а истото го направиле и другите четници. За време на разговорот, Апостол го предупредил Канин дека го знае неговиот став спрема Организацијата, но и неговите врски со Грците и Турците. Освен тоа, Апостол го потсетил Канин дека за време на грчко-турската војна, како патријаршистите, така и егзархистите гледале со симпатии кон Грците и посакувале победа за нив. Притоа додал дека сега, Канин заедно со Турците е настроен против Организацијата која „се стреми да извојува слобода за сите и да ги прогони Турците во Мала Азија“.[16] Затоа Апостол му напомнал на Канин дека според законите на Организацијата тој заслужува смртна казна, но тоа не сакал да го направи, не поради тоа што се плаши од Турците, а уште помалку од него, туку затоа што не сакал да пролева братска крв.

Расколебан од тоа, Петар Канин ветил дека ќе се придружи кон Организацијата. За да ги убеди во искреноста тој ја поканил целата чета кај него дома. Така четата на Апостол останала два дена во куќата на Канин, каде еден по еден ги покрстиле речиси сите гркомани од селото.[17] На сличен начин Апостол Петков во предвечерјето на востанието ги омекнал односите речиси со сите гркомани во околијата. Нивното влијание останало да се чувствува во Гуменџе и во селата Петрово и Крива.[18] На сличен начин Апостол воспоставил комуникација и пријателски односи дури и со некои Турци.

3. Кон крајот на зимата 1903 година Апостол Петков сè почесто ги обиколувал селата во Бојмија. Некаде кон крајот на февруари и почетокот на март 1903 година, Апостол со својата чета

---

[14] Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина..., г. IV (34), 15.

[15] Исто.

[16] Исто.

[17] Исто, 16.

[18] Исто.

престојувал во с. Крива за да разреши некакви семејни проблеми. Во пресрет на Тодоровден, Апостол со својата 14 – члена чета заминал за родната Бојмица, каде имал намера да ги дочека Велигденските пости. Во меѓувреме двајца гркомани од с. Крива ја предале четата на османлиските власти.[19] Ноќта Бојмица била опколена од османлиски воени сили. Утрото на 24 февруари/9 март 1903 година, Емин ага го предупредил Апостол Петков дека селото е опколено од многуброен аскер.[20] Меѓутоа војводата, иако имал време да го напушти селото, одлучил да остане и да се бие. Ако денот се познава по утрото, тогаш овој ден судирот во Бојмица бил очигледен,[21] а непознат останувал само епилогот.

Вечерта пред да биде опколено селото, четата на Апостол била сместена во две одделни маала во селото. Апостол со неколку души се наоѓал во Горно маало, во куќата на баба Димковица Маказчиева, а другиот дел од четата под водство на Андон Терзиев се наоѓал во куќата на Христо Мишев, во центарот на селото.[22] Османлискиот претрес по селото започнал утрото, поради што двата дела од четата немале можност да се обединат, ниту пак да подготват заедничка одбрана. Судирот започнал откако еден дел од потерата, предводен од месниот патријаршиски свештеник – Ринчев, се појавила пред куќата во која бил сместен Апостол Петков. Тогаш четата отворила огин, при што биле убиени свештеникот и двајца жандарми. Другиот дел од четата под водство на Андон Терзиев, откако го слушнале пукањето, од центарот на селото

---

[19] Право, II/42 (50), София, 1.03. 1903, 3; Борбите в Македония... Спомени на Илия Докторов..., 71.

[20] Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина..., г. IV (35), 13-14.

[21] Х. Шалдев овој судир погрешно го датира на 24. 03. 1901 година, (Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина..., г. IV (35), 13). Повеќемина кои некритички го користеле овој текст на Шалдев го прифатиле и пренеле ова сосема погрешно датирање (види: Борбите в Македония... Спомени на Илия Докторов..., 71; К. Битоски, Апостол Петков Терзиев..., 31-35; С. Мурцев, Револуционерен војвода Апостол Петков Терзиев..., 19). Меѓутоа, според бројната документација од тоа време судирот во Бојмица се одиграл на 24 февруари (ст. стил) 1903 година. Види: Државен архив на Република Македонија, (натаму ДАРМ), фонд: Бугарски генерален конзулат (натаму БГК) Солун, мф. 4277, № 144, 26.02.1903; Право, II/42 (50), София, 1.03. 1903, 3; Право, III/43 (1), София, 13.03. 1903); Нашата борба, Свобода или смъртъ! Бунтовен листъ, Македония, 6 априлъ 1903, бр. 9, стр. 3. Според турската документација судирот во Бојмица е регистриран на 9 март 1903 година (Турски документи за оружените борби во Македонија 1903 – 1908, превод редакција и коментар д-р Драги Ѓоргиев, ДАРМ, Скопје 2007, 14).

[22] Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина..., г. IV (35), 13.

тргнал кон Горно маало на помош. Меѓутоа тие биле пресретнати од османлиските сили и принудени на отворена борба. Поради тоа, овој дел од четата немал можност да продолжи напред, ниту пак да се врати назад.[23] Престрелката која започнала во два дела на селото продолжила до стемнување, кога преживеаните под превезот на темнината со јуриш го напуштиле селото. Според Х. Шалдев, за време на судирот од страна на четата загинале: Тано Терзиев (брат на Апостол), Атанас Н. Тодев (секретар на четата) и Димитар Чавдаров од с. Карасуле. Покрај тоа четата имала и двајца ранети: Ицо Пројчаков и Мицо Матукалијата. Ранетиот Ицо бил фатен и одведен во Солун, каде од раните умрел во затвор.[24] Според Шалдев, од турска страна биле убиени онбашијата (во моментот додека ја убедувал четата да се предаде) и еден војник. Меѓутоа, според турската статистика, во судирот во Бојмица четата на Апостол дала 4 жртви и 2 ранети, а од турска страна паднале двајца жандарми, додека од војската и жандармеријата немало ниту еден ранет. Притоа војската запленила 2 пушки од системот „Гра“ и 3 „манлихери“.[25] Во врска со судирот во Бојмица властите го привеле коџобашијата и тројца селани.[26]

Подоцна четата разбрала дека нејзиното предавството дошло од гркоманите во с. Крива. Откако тоа се дознало, двајцата предавници Ицо Пипчев и Туше Бакалов побегнале од селото, но затоа пак четата ги изгорела нивните куќи.[27] Судирот во Бојмица нашол достојно место во хектографираниот весник на Организацијата кој го уредувал Пеју Јаворов, додека го придружувал Гоце Делчев за време на неговата обиколка во Серско. Меѓу другото, весникот пренесува дека откако бинбашијата ја повикал четата да се предаде, војводата Апостол Петков му одговорил со зборовите: „Секој од нас има по 300 патрони од кои по еден ќе зачуваме за себе, а другите куршуми ќе ги испратиме подарок за вас“.[28]

---

[23] Исто.

[24] Исто.

[25] Турски документи за оружените борби во Македонија..., 14. Според весникот Право, од турска страна при судирот во Бојмица биле убиени еден онбашија, еден јусбашија и неколку војници и башибозук (Право, II/42 (50), София, 1.03. 1903). Додека според еден друг текст во в. Право, во судирот од турска страна паднале 14 души (Право, III/43 (1), София, 13.03. 1903). Очигледно изнесените податоци за жртвите на турска страна, заради пропагандни цели тенденциозно се претерани.

[26] Право, III/43 (1), София, 13.03. 1903; ДАРМ. Ф. БГК – Солун, мф. 4277, № 144, 26.02.1903.

[27] Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина..., г. IV (35), 14.

[28] Нашата борба, Свобода или смъртъ ..., 3.

Заради пропагандни цели и подигање на борбениот морал на населението во екот на подготовките за востание, османлиските загуби во весникот се прикажани дваесеткратно повеќе.[29]

По оваа битка името на Апостол Петков сè почесто се среќава во дипломатските извештаи од различна провениенција. Така на пример, само неколку дена по битката во Бојмица, британскиот амбасадор во Истанбул, Н. О'Конор, со својот извештај од 25 март 1903 година, меѓу другото го информира министерот за надворешни работи на Велика Британија - Ленсдаун, дека на североисток од Еницe дејствуваат четите на Апостол, Аргир Манасиев и Јован (Иван Карасулијата).[30]

4. Откако прашањето за востание станало општопознат факт, Апостол Петков ги засилил подготовките на теренот согласно општиот план и дадените инструкции од страна на ЦК на ТМОРО.[31] Притоа првенствено водел сметка да обезбеди дополнителни количини на оружје, како и да воспостави здрава и цврста мрежа во целиот Еницевардарски регион. Впрочем, Апостол уште во текот на 1902 година Еницевардарскиот регион го поделил на четири подреони, поставувајќи пунктови началници во секој од нив. Центар на првиот подреон било селото Грубевци, каде пунктов началник бил Захариј Ѓорев. Низ ова село минувал канал од Солун кон Еницe Вардар и натаму кон Воден и обратно. Вториот подреон бил со центар во с. Крива, од каде минувал канал од Еницe Вардар кон Гевгелија, со пунктов началник Стојан Јанков. За полските села кон Вардар за центар било определено с. Тумба, со пунктов началник Трајко Петков. Центарот за врска помеѓу споменативе пунктови се наоѓал во Гуменџе, кое воедно го претставувало четвртиот подреон, со пунктов началник Ичко Гошков.[32] Покрај тоа, кон крајот на 1902 и почетокот на 1903 година, Апостол Петков го ангажирал Христо Бинчаров (поранешен курир на Павле Кониковски) да почне со подигање на колиби во Еницевардарското блато, кои во прво време биле користени за привремено прикривање и лекување на ранетите четници, а подоцна прераснале во вистинска воена база.

[29] Во весникот се наведува дека од турска страна биле убиени 1 јузбашија, 1 чауш и околу 40 војници, а уште повеќе биле ранети (Нашата борба, Свобода или смъртъ..., 3).

[30] Британски документи за историјата на Македонија (1901-1904), т. IV, (вовед и редакција д-р Александар Трајановски, избор и превод Зорица Божиновска), Скопје, 2012, 288.

[31] За општиот план за востанието види: В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903..., 392-399.

[32] Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина..., г. IV (36), 14.



Бр. 1. Свобода или Смърть! Стр. 3.

## Нашата борба.

Ний имаме да прибавимъ, къмъ съобщенитѣ прѣди двѣ-три седмици кървави сблъсквания на чети съ турци, още нѣколко случая, въ които македонски синове показватъ още нѣколко пъти своята лъвска храбрость въ борбата съ вѣковнитѣ ни угнѣтители и своята безпримѣрна рѣшителность да слагатъ глави за свободата на измъчената ни родина.

На 3-и февруарий, близо до село Смиляници (Радовишко), една потера открила четата прѣдвождана отъ Антона Кьосето.

Загнѣздена въ единъ камънакъ, четата се защищавала юнашки срѣщу отчаяната неприятелска атака, докато най-послѣ нощьта прѣкратила сражението. Отъ нашитѣ имало единъ убитъ и троица ранени. Загубитѣ на турцитѣ не се знаяли точно, защото тѣ скрили падналитѣ, но прѣдполагало се, че убититѣ и раненитѣ отъ тѣхна страна сѫ двайсеть и повече души.

На 8-и февруарий, въ с. Оризарци (Енидже-Вардарско), била нападната отъ силна турска потера мѣстната малка четица. Сражението траяло нѣколко часа. Четата се избавила само съ единъ раненъ, който послѣ умрѣлъ; турцитѣ имали 5-6 души убити. Десеть мина оризарчани, възпламенени отъ подвига на четата, взѣли пушкитѣ и хванали гората...

На 24-и февруарий, въ село Боймица (Гевгелийско), четата на организацията била прѣдадена отъ нѣкоя черна душа и заобиколена отъ около двѣ хиляди души аскеръ и башибозукъ. Бинбашията, който прѣдвождалъ аскера и башибозука, почналъ да увѣщава отъ далеко нашитѣ момчета да се прѣдадатъ; — „всѣки отъ насъ има, — отговорилъ войводата Антонъ, — по 350 патрона, отъ които по единъ ще задържимъ за нази си, а куршумитѣ на останалитѣ ще пратимъ подаръкъ вамъ!..“ Турцитѣ се опитали да запалятъ кѫщата, въ която била четата, но два сполучливи залпове ги накарали да се оставятъ отъ намѣрението си. Когато четата се прѣмѣстила въ друга една кѫща (именно въ кѫщата на попъ Никола — издайникътъ споредъ нѣкои), единъ чаушинъ приближилъ до вратата и повторилъ прѣдложението на бинбашията за прѣдаване, но билъ съборенъ съ нѣколко удара отъ брадва. Най-послѣ македонскитѣ юнаци ударили на ножъ и си пробили пѫть, като оставили двама убити и единъ тежко раненъ, който падналъ въ турски рѫцѣ. Неприятелскитѣ загуби сѫ: единъ юзбашия, единъ чаушинъ и повече отъ 40 души аскеръ и башибозукъ убити и още толкова ранени.

– Факсимил од статијата „Нашата борба“, во весникот „Слобода или смрт“

Со оглед на слабото вооружување во Еницевардарскиот регион, пролетта 1903 година Апостол Петков го испратил својот секретар во Солун за да побара оружје од ЦК. Од таму им биле отпуштени само неколку десетици пушки од системот „Гра“ и нешто револвери. Најголемиот дел од пушките (27) биле поделени во подрегионот со центар во с. Грубевци. Покрај тоа, преку раководното тело во Гуменџе, Апостол Петков побарал да му подготват неколку десетини тенеќии и пивски шишиња, кои планирал да ги наполнат со експлозив и да ги користат како бомби за време на востанието.[33] Сето тоа зборува за слабото вооружување во регионот во пресрет на востанието. Овие околности, како и близината на Солун, налагале во овој регион да се води партизанско востание со ограничени борбени дејствија на четите, без да се вовлекува населението во борбите.

Согласно можностите, Апостол Петков подготвил конкретен план за востаничките активности во Еницевардарско. Притоа, Еницевардарската чета со поддршка на месната милиција имала задача да ги сече телеграфските линии и да ги онеспособува железничките мостови на линијата Солун – Битола. Така би се попречила редовната комуникација и брзото префрлање на војска од Солун кон Битола, а од друга страна би се олеснило дејствувањето на востаниците во Битолско.[34] Бидејќи во Солунскиот округ не било изводливо општо востание, тамошните раководители не утврдиле конкретен датум за почеток на партизанските востанички дејствија. Поради тоа востаничките чети во Солунскиот револуционерен округ одлучиле да се солидаризираат со Битолскиот округ и своите активности да ги интензивираат откако ќе биде прогласено востанието во Битолско.

Непосредно пред избувнувањето на востанието, Апостол Петков ги распределил конкретните задачи за реонските управни тела. Така, селата Тумба и Бојмица со поддршка на милиционерите требало да ги поддржат терористичките акции по железничката линија Солун – Скопје, под водство на гевгелиските војводи Сава Михајлов и Аргир Манасиев. Активистите од подреонот на Грубевци требало да ја пресечат телеграфската линија и телеграфските столбови помеѓу Еницe Вардар и мостот кај с. Куфалово. Додека Гуменџе требало да даде четворица решителни

---

[33] Исто, г. IV (37), 14; Илинденско – Преображенското въстание 1903-1968, София 1968, 142.

[34] Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина..., г. IV (37), 14

момци кои од внатре ќе помогнат при нападот на тамошниот гарнизон.[35]

5. Во почетокот од втората половина на јули 1903 година, османлиските војски ги истиснале кукушките чети од Арацанското блато.[36] Поради тоа, кукушкиот околиски војвода Крсто Асенов, заедно со реонските војводи Трајко Јотов, Гоце Нисторов и Гоно Бегинин биле принудени да се засолнат во Еницевардарско и таму да го дочекаат почетокот на востаничките акции. Набрзо потоа четите на Апостол Петков, Крсто Асенов и Трајко Јотов имале судир со османлиските војски кај с. Постол.[37] Во овој судир Турците имале четворица убиени и петмина ранети, а од страна на четата загинале двајца комити. За време на судирот војската запалила 6 куќи и убила шестмина невини селани, а целото село било опљачкано.[38]

По судирот кај с. Постол, Апостол Петков и Крсто Асенов заминале за селото Корнишор на планината Пајак. Спроти Илинден, во тамошната црква, во присуство на здружените чети биле осветени Кукушкото и Еницевардарското знаме.[39] Овој величествен момент, романтичарски настроениот Крсто Асенов посакал да го овековечи на тој начин што обзнанил дека ќе се венча со неговата девојка Ана Малешевска, која подолго време се движела со кукушките чети. Меѓутоа оваа романтична идеја била злоупотребена од страна на претендентите за кукушкиот војводски трон, кои меѓу четниците протуриле гласини од типот: „Ние ќе правиме востание, а тој ќе се жени“.[40] Всушност, незадовол-

[35] Исто.

[36] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 504-505.

[37] Според Х. Шалдев, споменатиот судир се одиграл на 16 јули 1903 (Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина..., г. IV (37), 14). Додека според А. Динев судирот во Постол бил на 2 јули 1903 г. (А. Динев Илинденската епопеја, т.1..., 334). Според Туше Влахов, споменатиов судир се одиграл на 28 јули 1903 (Туше Влахов, Кукуш и неговото историческо минало, София 1963, 180). Последново датирање се чини е поблиску до вистина. Во прилог на тоа оди фактот што во периодот што го посочуваат Шалдев и А. Динев судирот не можел никако да се одигра, бидејќи во тоа време кукушките чети под водство на К. Асенов сè уште биле опседнати во Арацанското блато, кое го напуштиле околу 17 јули (види: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт ..., 505).

[38] Љубен Лапе, Нови документи за Илинденското востание, Илинденски зборник 1903-1953, Скопје 1953, 30.

[39] А. Динев Илинденската епопеја, т.1..., 334; Т. Влахов, Кукуш и неговото историческо минало..., 179-180.

[40] Т. Влахов, Кукуш и неговото историческо минало..., 181.

ството против К. Асенов го иницирал Гоно Бегинин, кој претендирал за војвода на Кукушкиот реон, на поттик од Димитар Битраков.[41] Од друга страна, Бегинин пројавил желба да биде кум на младенците, но К. Асенов го одбил и за кум го прифатил Трајко Јотов. Додека се одвивала венчавката в црква, Гоно Бегинин надвор ги поттикнувал четниците против војводата Асенов. По завршувањето на церемонијата, четите заминале кон Корнишорската корија. По пат избила расправија и отворено незадоволство против Асенов. Тогаш Крсто Асенов се обратил кон незадоволните и изјавил дека е подготвен да замине кај Сава Михајлов и Аргир Манасиев во Гевгелиско, а ним им предложил да си изберат друг војвода.[42] Тогаш курирот Коста Корнишорски ги извлекол и ги засолнил К. Асенов и Ана Малешевска.



Крсто Асенов, десно

Следниот ден, Асенов преку курирот испратил писмо до четата во кое нагласил дека доколку неговата венчавка се смета за грев, тој е подготвен да се самоубие, а доколку го почитуваат да му соопштат да се врати кај нив.[43] Откако Трајко Јотов го прочитал писмото пред сите четници, било решено курирот Костадин, заедно со Киро Новоселски и Мицо Големанов, да заминат по Асенов и да го доведат во четата. По нив тргнал Гоно Бегинин, кој, откако ги стасал, ги излагал дека одлуката била променета и дека Асенов треба да се убие. За таа цел Бегинин го подготвил Мицо Големанов. Тој го убил Асенов на спиење додека бил стражар.[44]

Ана Малешевска и поголемиот дел од кукушките четници по убиството на Асенов го напуштиле Еницевардарско и замина-

[41] А. Динев Илинденската епопеја, т.1..., 334.

[42] Македония в пламъци, Спомени на Аргир Манасиев..., 145.

[43] А. Динев Илинденската епопеја, т.1..., 335-336.

[44] Исто, 336.

ле во Гевгелиско кај Аргир Манасиев и Сава Михајлов. Последните во врска со убиството на Асенов формирале револуционерен суд. Откако биле распрашани околу триесетина четници, судот донел смртна пресуда за Мицо Големанов, која веднаш била исполнета. Инспираторот на убиството, Гоно Бегинин, кој прв ја потпишал пресудата за Големанов, со триесетина четници побегнал за Бугарија,[45] каде подоцна била покрената истрага против него.[46]

Убиството на Крсто Асенов го поместил текот на планираните востанички активности во Еницевардарско. Според предвидениот план, на 1 август 1903 година, Захариј Стојанов со дваесетина милиционери ги прекинал телеграфските линии и столбови и се прибрал во Корнишорската корија кај Апостол Петков, од каде требало да тргне почетокот на востаничките дејствија. Но по убиството на Асенов, Апостол Петков ги отпуштил невооружените милиционери и неколку десетини од кукушките чети.[47] Настаните во Корнишорската корија го пореметиле и одложиле нападот на Гуменце и другите планови. Така, нападот на Гуменце кој бил планиран за 20.07 /2.08, бил изведен ноќта на 27.07/9.08 1903 година.[48] Од четворицата атентатори кои требало да дејствуваат од внатре, само еден успеал да фрли бомба во тамошниот гарнизон од која настрадале неколку коњи. Обидите на другите терористи од внатре биле сосема безуспешни. Во меѓувреме, Апо-

[45] Македония в пламъци, Спомени на Аргир Манасиев..., 146.

[46] По налог на Задграничното претставништво, Гоно Бегинин бил уапсен и против него бил покрената истрага како инспиратор на убиството на К. Асенов. Во врска со тоа, бил осомничен и Георги Влахов (брат на Димитар Влахов). Меѓутоа, наместо него, по грешка бил убиен еден негов другар, а Г. Влахов побегнал во Египет (Спомени на Димитар Влахов, ракопис, 99-100). Според Х. Татарчев, задграничното претставништво, бидејќи не било задоволно само со ликвидацијата на физичкиот убиец – Мицо Големанов, покренало опширна истрага. Меѓутоа, извештајот од ЦК, кој бил составен од Христо Поп Коцев, наместо расплет, внел дополнителна мистерија. Оттука, Татарчев смета дека убиството на Асенов било извршено барем со знаење на некој од членовите на ЦК (Д-р Х. Татарчев, Вътрешната македоно-одринска революционна организация..., 182-183). Од друга страна, по барање на братот на К. Асенов, Гоно Бегинин бил ослободен од одговорноста.

[47] Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина..., г. IV (37), 15.

[48] Шалдев овој настан погрешно го датира на 2/15 август 1903. Меѓутоа, според една жалба од жителите на Гуменце, чии што деца биле затворени во врска со нападот на Гуменце, очигледно е дека нападот бил изведен вечерта на 27.07/ 9.08 1903 година (С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т.3..., 34-35).

стол Петков со својата чета извршил демонстративен напад на гратчето од надвор.[49] За време на судирот имало еден убиен. Пред разденување четата се повлекла в планина, без да биде преследувана од војската. Утрото исплашените христијани се затвориле по своите куќи. Војската и жандармеријата во потрага по сомнителни елементи започнале претрес по градот. Притоа нападнале еден цивил, кој по 3 дена починал. Истовремено власта ги повикала христијаните да излезат од домовите без да се плашат. Тогаш всушност започнало нивното приведување и затворање. Власта ги приведувала ехгзархистите според еден список, кој бил подготвен од страна на патријаршистите. На тој начин за два дена биле приведени 80 души. По неколку дена 60-ина од нив биле одведени во Енице Вардар, а од таму во Солунскиот затвор.[50] Очигледно со нападот на Гуменџе, кој имал исклучиво демонстративен карактер, не било постигнато ништо освен измачување на неколку десетини цивилно население.

Следниот ден, 28.07/10.08 1903 година, Апостол Петков со својата чета тргнал да го нападне османлискиот гарнизон во с. Крива, кој броел триесетина војници. Меѓутоа, аскерот навреме бил известен од гркоманите за намерата на Апостол и се повлекол во Гуменџе. Заедно со војската заминале и тројцата гркомани, кои шпионирале во полза на власта. Поради тоа четата на Апостол ги запалила нивните куќи и убила уште двајца гркомани. По ова исплашените селани пројавиле желба да се придружат кон четата, но Апостол Петков ги посоветувал да заминат за Гуменџе и да изјават пред власта дека палењето на куќите и двете убиства ги извршила неговата чета.[51]

Во меѓувреме Апостол Петков ја поделил четата на неколку одреди. Притоа за себе одвоил шеесетина четници и со нив се спуштил кон полето. На 9 септември имал судир со една турска единица кај с. Рамна, каде загинале еден востаник и еден војник.[52] По овој судир Апостол Петков повторно се повлекол на

---

[49] Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина..., г. IV (37), 15. 21. Според турската статистика, судирот кај Гуменџе се одиграл на 12 август 1903 година, при што четата имала 1 убиен, 1 ранет и 3 заробени, а на турска страна бил ранет само 1 жандарм (Турски документи за оружените борби во Македонија..., 59).

[50] Од 60-ината одведени во Солун, тројца си ја признале вината поради што биле осудени на по 101 година, а 14 души биле осудени на по 3 години затвор (С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т.3..., 35).

[51] Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина..., г. IV (37), 15.

[52] Илинденско – Прображенското въстание..., 143.

планината Пајак, каj што се сретнал со Иван Карасулијата. Двајцата стари другари тука одлучиле да изведат еден поголем судир со османлиските војски. За таа цел тие со писмо ги поканиле османлиските гарнизони од Гуменце и Гевгелија да дојдат на Гандач за да си ги измерат силите. Судирот на Гандач се случил на 12/25 септември 1903 година.[53] Претходно Апостол Петков и Иван Карасулијата зазеле добри позиции и ја пропуштиле војската да навлезе во клешта, поради што нејзините загуби биле големи. Судирот траел цел ден. По воспоставеното правило, приквечер под превезот на темнината, четите се пробиле со јуриш и заминале од местото на настанот, оставајќи ги зад себе османлиските војски да си ги пребројат загубите. Само два дена потоа Апостол Петков имал нов судир кај месноста „Голата чука“,[54] над с. Крива. Таму четата загубила двајца четници, а од османлиска страна паднале 4 војници.[55]

Некаде кон крајот на октомври 1903 година, Апостол Петков извршил демобилизација на милиционерите и на поголем дел од четниците. Редуцирајќи ја бројноста на четата во разумни граници, Апостол Петков останал да се движи низ Еницевардарско и по Пајак планина, повремено казнувајќи одредени предавници и судирајќи се со османлиските потери.

На 4 декември 1903 година,[56] Апостол Петков со својата чета упаднал во с. Оризарци (Чалтик) – Еницевардарско. Според извештајот на грчкиот конзул во Солун – Ралис,[57] Апостол на

---

[53] Според Х. Шалдев, Апостол Петков и Иван Карасулијата на Гандач имале два судири со османлиската војска, при што големиот судир се одиграл на 10.09.1903 (Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина..., г. IV (37), 16). Меѓутоа, борбата што Шалдев ја опишува дека се одиграла на 10 септември, кај Х. Силјанов и А. Динев е дадена како борба која се одиграла на 12 септември (Х. Силянов, Освободителните борби..., т.1, 351; А. Динев, Илинденската епопеја..., т.1, 344-345). Споменатиов судир не се потврдува низ други извори. Додека Т. Влахов пишува дека на 3-4 септември судир на Гандач со османлиските војски имал кукушкиот војвода Гоце Нисторов (Т. Влахов, Кукуш и неговото историческо минало..., 81). Со оглед на несигурноста на хронологијата кај Х. Шалдев, што низ овој труд многупати се потврди, ние се определивме според Х. Силјанов и А. Динев дека на Гандач имало една борба, која се одиграла на 12/25 септември 1903 година.

[54] Х. Силянов, Освободителните борби..., т.1, 351.

[55] Илинденско – Преображенското въстание..., 143.

[56] Британски документи за историјата на Македонија (1901-1904), т. IV..., 480

[57] Споменатиов извештај е од 24 ноември (ст. стил) 1903 (види: Μουσειο Μακεδονικου αγωνα, Οι απαρχες του Μακεδονικου αγωνα (1903-1904), 100 ἐγγραφα

полноќ влегол во куќата на патријаршистот Атанасиј Алир. По барање на Апостол, во истата куќа бил доведен и чичко му на Атанасиј – Димитрија Алир, заедно со неговиот син Атанас.[58] Притоа четниците ги затвориле жените и децата во друга соба од куќата и им ги пресекле главите на Атанасиј, неговиот чичко и син му на последниот. Конзулот Ралис претпоставува дека причините за оваа ликвидација лежат во тоа што Атанасиј и неговиот чичко останале патријаршисти, иако поголемиот дел од нивните роднини кои биле членови на Организацијата ги осудувале поради тоа. Мошне интересно, грчкиот конзул наведува дека споменатиот Атанасиј го познавал лично и го помагал парично, не оти очекувал кој знае какви услуги од него, туку поради тоа што како патријаршист трпел штета од егзархиситите и западнал во мизерија. На крај конзулот констатира дека оваа егзекуција ги исплашила сите патријаршисти во Еницевардарско, Воденско, Гевгелиско и Дојранско.[59] Според британскиот генерален конзул во Солун, Роберт В. Грејс, причина за ликвидацијата во Оризарци за која зборува грчкиот конзул било тоа што тројцата убиени биле известувачи на турските власти.[60]

Британскиот генерален конзул од Солун во извештајот од 12 декември 1903 година спомнува дека здружените чети на Апостол Петков и Аргир Манасиев биле опколени од османлиските војски кај Горгопик, близу Гуменџе, но успеале да се извлечат нанесувајќи ѝ на војската загуба од дваесетина убиени и ранети.[61] Покрај тоа конзулот Грејс забележува дека во првата декада на декември 1903 година, на просторот помеѓу Еницe Вардар и Гевгелија, сè уште се чувствувала силна активност на четите, иако била извршена демобилизација на востаниците. Според Грејс, тоа се должело на постојаниот активен „кадар“ кој бил задржан под оружје. Со напредувањето на зимата, бројно смалените чети биле принудени почесто да ги посетуваат селата, а тоа им давало

από το Αρχείο του Υπουργείου των Εξωτερικών της Ελλάδος, Εισαγωγή: Βασίλης Κ. Γούναρης, Θεσσαλονίκη 1996, 106-107).

[58] Œcumenical Patriarchate, Official documents..., 148-149.

[59] Μουσειο Μακεδονικου αγωνα, Οι απαρχες του Μακεδονικου αγωνα (1903-1904) ..., 106-107.

[60] Британски документи за историјата на Македонија (1901-1904), т. VI..., 480

[61] Исто; Спомнувањето на Аргир Манасиев во овој контекст се чини дека се заснова на претпоставка. Самиот, Аргир Манасиев таков настан во спомените воопшто не спомнува, а притоа вели дека кон крајот на ноември тој заминал за Бугарија (Македония в пламъци, Спомени на Аргир Манасиев..., 148).

можност на шпионите да ја известуваат власта за движењето на четите. На тој начин доаѓало до инциденти. Поради тоа четите во секоја згодна прилика таквите известувачи ги ликвидирале по кратка постапка.[62] Ако се има предвид дека четата на Апостол Петков била единствена релевантна сила што во текот на зимата останала во регионот, тогаш сосема е јасно дека зад таквите ликвидации стоел Апостол Петков. Така, според податоците од Екуменската Патријаршија на 12/24 декември 1903 година, четата на Апостол Петков го ликвидирала првенецот на с. Крива, Атанас Пипов.[63]

[62] Британски документи за историјата на Македонија (1901-1904), т. IV..., 480-481.

[63] Œcumenical Patriarchate, Official documents..., 148-149.

# На повеќе фронтови

1. По поразот во Илинденското востание, на површина избиле сите недостатоци на дотогашното централистичко управување со ТМОРО. Поуките од востанието го отвориле процесот на демократизација и децентрализација во македонското ослободително движење. Главни протагонисти на таквата концепција биле оние кадри што биле критички настроени уште при носењето на одлуката за востание. Поразот и последиците од востанието биле аргумент кој одел во нивен прилог.

Процесот на преиспитување на минатото и скицирање на нови насоки за идното управување со Организацијата започна со советувањата во Софија кон крајот на 1903 и почетокот на 1904 година.[1] На советувањата триумфирала реформско-демократската концепција, чии основи се зацртани во познатата „Директива за идната дејност на Организацијата“.[2] Поради неформалниот карактер на советувањата, „Директивата“ немала сила на обврзувачки документ, но независно од тоа, таа станала појдовна основа во понатамошните конгресни дискусии за идното устројство на Организацијата.

Во овој период ЦК на ТМОРО не поседувал авторитет, ниту капацитет да го координира и раководи движењето. Впрочем, неговата улога била маргинализирана уште во текот на востаничката 1903 година. Обидите за негово рекомпонирање во почетокот на 1904 година не ги дале очекуваните резултати. ЦК, согледувајќи ги својата немоќ и маргинална улога, во април 1904 година се самораспуштил.[3] Наспроти тоа, Задграничното претставништво узурпирало права на раководен орган, кои воопшто не му припаѓале.[4] Меѓутоа, како што одминувало времето, задграничните претставници поради пројавеното политиканство ја загуби-

---

[1] Види: В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 348-349.

[2] Димо Хаџи Димов, Одбрани дела, т.1, редактор: Манол Пандевски, Скопје, 1984, 212-220.

[3] Љубен Лапе, Документи за положбата во Македонија во Организацијата во првата половина на 1904 година, ГИНИ, г. V/2, Скопје 1961, 263.

[4] Димитар Димески, Македонската револуционерна организација по Илинден (во пресрет на окружните конгреси), Годишен зборник на Филозофскиот факултет, кн. 19 (45), Скопје, 1992, 87.

ле довербата кај активните дејци на ослободителното движење во Македонија. Поради тоа, кон крајот на 1904 година, Христо Матов и Христо Татарчев биле принудени да демисионираат од постот задгранични претставници.[5]

Поради тоа, периодот по востанието (од крајот на 1903, па до Рилскиот конгрес, октомври 1905, г.) е исполнет со бројни средби, советувања, околиски и окружни конгреси на кои главна тема било идната поставеност и управувањето со ТМОРО. Во овој период, Организацијата требало да ја надмине „констернацијата од Илинденската голгота, да ги залечи илинденските трауми, да ја консолидира сопствената мрежа и да отвори нови перспективи".[6] Сето тоа се одвивало во сложени услови на внатрешно-организациски односи, кога покрај примарниот османлиски непријател, ТМОРО требало да се соочи со новиот вооружен курс на пропагандите на соседните балкански држави.

При непостоење на централен раководен орган, иницијативата за преобразување на Организацијата ја презеле одредени интелектуални авторитети, кои се издигнале над окружните комитети. На локално ниво сета моќ и власта на Организацијата ја претставувале одредени војводи. Тие, поради својот стаж во ослободителното движење, во новосоздадените околности дејствувале согласно своите разбирања, првенствено потпирајќи се врз грубата сила и контролата на теренот. Неоспорните авторитети (без оглед дали биле промотори на новите демократски принципи, или пак заштитници на стариот централистички поредок), за да ги наметнат своите концепти повеле кампања за придобивање на локалните војводи. Меѓу таквите се вбројува и Апостол Петков. Тој, иако директно никогаш не учествувал во креирањето на „високата политика", туку функционирал како конкретен извршител (честопати и своеглаво), поради силното влијание и контролата на теренот станал неизбежен и за најголемите авторитети.

Меѓу првите што го посетиле Ениџевардарско и Апостол Петков во почетокот на 1904 година бил неприкосновениот Даме Груев – човекот кој што лично го ангажирал Апостол во Организацијата, а подоцна барал негово санкционирање поради непримерното поведение. Даме Груев по Илинденското востание важел како еден од најавторитарните поборници на стариот централи-

---

[5] Вътрешната македоно-одринска революционна организация (1893-1919 г.). Документи на централните ръководни органи, том I, част 1 (съставителство: Цочо Билярски и Ива Бурилкова), София 2007, 433-444.

[6] Д. Димески, Македонската револуционерна организација по Илинден..., 83.

стички принцип. Сметајќи дека го обезбедил своето влијание во Битолскиот револуционерен округ, кон крајот на февруари 1904 година, Груев, во придружба на Ѓакон Евстатиј, презел опширна обиколка. Тој преку Леринско влегол во Солунскиот револуционерен округ, при што ги посетил Воденско, Еницевардарско, Гуменџиско, Солунско, Гевгелиско и Тиквешко, за кон крајот на април да се врати во Битолскиот округ.[7] Двомесечната обиколка на Даме, иако била во функција на ревизија и средување на општите состојби во споменатиов регион, од друга страна има нитка на своевидна кампања за зацврстување на неговото влијание и стариот централистички принцип, чие време веќе било одминато.



Даме Груев

За време на Велигденските празници, Груев престојувал во Воденско, од каде заминал за Еницевардарско.[8] Притоа од с. Свети Илија, Груев испратил курир за да го информира Апостол Петков дека доаѓа на гости во неговиот реон. Средбата помеѓу нив се остварила во с. Крива, каде останале околу една недела. Додека Ѓакон Евстатиј му ги прегледувал сметките на Апостол, Груев времето претежно го минал во разговор насамо со него. Според спомените на Ѓ. Евстатиј, Апостол Петков во тоа време сè уште држел околу себе приближно стотина души.[9] Затоа, Груев му објаснил дека толкава чета претставува товар за населението, поради што бројноста на четата треба да се сведе на минимум. Тогаш Груев сугерирал, оние четници што имаат можност да си заминат по домовите, тоа да го сторат веднаш, а оние што не се во таква состојба да заминат за Бугарија. Дури то-

[7] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 16; Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 209-210; Извештаи од 1903-1904 година на австриските претставници во Македонија (превод, редакција и коментар: Данчо Зографски), Скопје 1955, 208.

[8] Изъ споменитѣ на Дяконъ Естатий (сообщава Хр. Шалдевъ), Ил. Илинденъ, г. 7, кн. 4-5 (64-65), София 1935, 23.

[9] Исто.

гаш еден дел од нив си заминале по домовите, а една група од десетина души под водство на Д. П. Христов тргнала со Груев кон Гевгелиско, од каде заминала кон Бугарија. Од друга страна, Ѓ. Евстатиј соопштува дека Апостол Петков ја имал поделено околијата на реони и поставил реонски војводи, поради што немало потреба многу да се занимаваат со овие прашања.

Апостол Петков и Даме Груев од с. Крива заминале кон врвот Гандач на Пајак планина, каде останале 3 дена. Тие заедно го посетиле и селото Баровица. Таму се разделиле, при што Апостол им дал 5 четници за придружба до с. Ума, каде Груев требало да се сретне со Андон Ќосето.[10] Со тоа практично завршил престојот на Груев во реонот на Апостол Петков. Достапните извори не даваат можност да се утврди колку Груев влијаел врз Апостол Петков, но идните настани упатуваат на заклучок дека Апостол во моментот дури и да се согласувал со Груев, подоцна ја поддржал реформско-демократската концепција во ослободителното движење.

Набрзо по завршувањето на Прилепскиот конгрес,[11] во обиколка на Солунскиот револуционерен округ тргнал Ѓорче Петров.[12] Наспроти Груев, Ѓорче бил еден од поборниците за демократизација и децентрализација во револуционерното движење. Тој, откако поминал десетина дена во Воденско, заедно со Лука Иванов (околиски војвода во Воденско), заминал за Ениџевардарско кај Апостол Петков.[13] Ѓорче во своите спомени вели дека во регионот на Апостол останал 15–20 дена.[14] Од тука се обидел да воспостави контакт со гевгелискиот околиски војвода – Андон Ќосето. Покрај тоа, Ѓорче од Ениџевардарско му пишувал на Христо Поп Коцев во Солун (до неодамна член на ЦК), во негово (Ѓорче) присуство да се одржи конгрес на Солунскиот округ на кој требало да се разгледаат Проект–Правилниците од Прилепскиот конгрес. Меѓутоа, Христо Поп Коцев не го удостоил со одговор. Во меѓувреме, во Ениџевардарското блато привремено се сместил струмичкиот окружен војвода Христо Чернопеев – уште еден поборник за демократизација и децентрализација на Организацијата. Поради тоа, Ѓорче со едно одделение од четата на Апостол Петков заминал во Блатото, каде останал 4–5 дена. Спо-

---

[10] Исто.

[11] Повеќе за овој конгрес види: В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 365-363.

[12] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 213.

[13] Исто.

[14] Исто, 214.

ред неговите зборови таму поминал „ужасен живот“ поради облаците од комарци.[15] За време на разговорите, Ѓорче Петров и Христо Чернопеев дошле до убедување дека во моментот би бил залуден секаков труд во регионот за некаква преобразба, бидејќи освен кај Лука Иванов, кај друг не наишле на поддршка. За состојбата во Еницевардарскиот регион, Ѓорче вели: „Овој крај ми направи впечаток дека во организациски поглед останал во првата фаза на Организацијата... Цела класа од околу 100–120 месни стари четници, воспитаници на прости војводи, по востанието беа господари на ситуацијата, а легалните организации во градовите беа замреле“.[16]

За време на престојот во овој крај, Ѓорче Петров заедно со Апостол Петков и Лука Иванов обиколил неколку полски села во Солунско и Еницевардарско, по што го напуштил регионот и заминал кон Струмичко.[17]

Ако Даме Груев и Ѓорче Петров за време на престојот во Еницевардарско не успеале да добијат отворена наклонетост и поддршка од Апостол Петков, тоа не значи дека Апостол не бил заинтересиран за општиот тек на работите и дека немал став за актуелните проблеми. По сè изгледа дека Апостол вешто тактизирал и во тоа време никому не му дал отворена подршка за концепциите што ги застапувале. Од друга страна, Апостол своите ставови за актуелните прашања ги усогласил со војводите од соседните околии. Откако Христо Матов и Христо Татарчев обзнаниле дека од 1 јануари 1905 година престануваат да ја извршуваат функцијата на задгранични претставници, Андон Ќосето, Тодор Серменински, Лука Иванов и Апостол Петков на 20 декември 1904 година од името на Гевгелиската, Воденската и Еницевардарската чета излегле со заеднички протест против дотогашните претставници на ТМОРО.[18]

На самиот почеток од протестот, тие изразуваат огромно незадоволство против Матов и Татарчев поради сите нивни постапки уште од моментот на преземањето на мандатот, па сè до последните активности.[19] Потписниците наведуваат дури девет точки поради кои изјавуваат дека им ја одземаат довербата. Според првата точка, Матов и Татарчев се обвинети поради тоа што

[15] Исто, 215.
[16] Исто.
[17] Исто, 216.
[18] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т. 3..., 550-552.
[19] Исто, 550.

како задгранични претставници ги ставиле силите на Организацијата во функција на параламентарните и локалните избори во Бугарија, на страната на Стамболовистите. Второто обвинение е поради нивните обиди за компромиси со српскиот шовинистички комитет, со врховистите и со Борис Сарафов. Третото обвинение е поради нивното „настојување за ново пресилено востание", кое би довело до нови катастрофи, како во Битолскиот револуционерен округ, поради што тие ги сметаат за „опасни непријатели на Организацијата".[20] Четвртото обвинение се однесува на нивната несовесност во деловните работи: испуштање на контролата врз луѓето кои биле задолжени со конкретни мисии; набавка и дистрибуција на неквалитетни воени материјали по високи цени; ладно држење при испраќањето на чети во внатрешноста и сл. Во петтата точка се наведува дека тие ги занемариле искрените и добри работници, а наместо тоа поддршка давале на неспособни луѓе. Како шеста точка во протестот се наведува непочитувањето на тајноста во Организацијата, бидејќи многу прашања кои биле решавани во нивните канцеларии набрзо излегувале во странскиот или турскиот печат. Во седмата точка е нагласено дека не презеле мерки против шпионите, кои најмногу ги имало во Софија и по пунктовите. Во осмата точка се наведува дека тие им давале значење и им укажувале почит на лица кои си поигрувале со делото, а преку тоа ја зголемувале својата репутација во Бугарија. Како такви ги посочуваат сите авантуристи и играчи околу Организацијата кои комитаџилакот го минувале претежно во Бугарија. Во последната, деветта точка, се наведува нивното настојување да ги централизираат сите работи во свои раце, без притоа да ги почитуваат мислењата на постарите и способни дејци.[21]

Според наведеното во писмото, очигледно е дека Апостол Петков со останатите војводи од соседните околии застанал на страна на реформско-демократските сили, кои се залагале за демократизација и децентрализација во македонското ослободително движење. Меѓутоа, таквите определби кај Апостол Петков се од привремен карактер. Од друга страна, за профили од типот на Апостол за кои ослободително дело е борба за опстанок и контрола на теренот, идејните определби немаат принципиелно значење.

2. Со Мирцштегските реформи, меѓу другото, било засегнато и прашањето за амнестија на учесниците во востанието од

[20] Исто, 551.
[21] Исто, 552.

1903 година.[22] Тоа прашање поширок третман добило со договорот помеѓу Османлиската империја и Кнежеството Бугарија од 8 април 1904 година.[23] Предметната амнестија била прокламирана на 13 април 1904 година, со султанско ираде, кое било објавено на повеќе јазици во вилаетските центри (Солун, Битола и Скопје). Со амнестијата се предвидувало поединечно ослободување на христијани и муслимани, кои за време на немирите во 1903 година извршиле одредени дејствија. Амнестијата требала да ги опфати осудените за политички престапи, но и оние чии што дела сѐ уште не биле разгледани од судовите. Покрај тоа, било предвидено амнестијата да ги опфати и оние лица, кои од страв, или други причини, побегнале во Бугарија, или пак се криеле во внатрешноста на Империјата.[24] Последново се однесува на водачите на македонското револуционерно движење, кои по задушувањето на востанието останале активни на теренот и со својата револуционерна активност претставувале сериозна закана за мирот и безбедноста. Меѓу таквите се вбројува и Апостол Петков.

Набрзо по објавувањето на султанското ираде, властите во Битолскиот вилает излегле со толкување дека амнестијата може да се прошири на сите одметнати „политички престапници“ во трите вилаети, кои ќе се покаат и ќе престанат да бидат востаници. Ова дополнително толкување на веќе прокламираната амнестија конкретно се однесува на водачите на Организацијата и вој-

---

[22] Во врска со тоа во петтата точка од Мирцштегската реформска програма се вели: „Веднаш да се установат во главните центри на вилаетите мешовити комисии од еднаков број христијански и муслимански делегати, за разгледување на политичките и другите престапи извршени во текот на немирите. Во овие комисии треба да земат учество конзулските претставници на Австро-Унгарија и Русија“ (Документи за борбата на македонскиот народ..., т.1, 420).

[23] Во третата точка од турско-бугарскиот договор стои: „Османлиската царска влада ќе ги спроведе реформите договорени помеѓу Турција, Австро-Унгарија и Русија за Солунскиот, Битолскиот и Косовскиот вилает. Со тоа и со општата амнестија што Неговото Императорско височество Султанот ја прогласи, со најголемо милосрдие, ќе постигне целосен ефект. Следствено, тие кои се наоѓаат во затвор или се протерани под обвинение дека непосредно или посредно учествувале во револуционерната дејност, како и сите политички осуденици, ќе бидат пуштени на слобода и испратени во своите краишта. Со исклучок на злосторниците осудени заради бомбашки напади врз бродови, железници, мостови и јавни установи“ (Македонија во билатералните и мултилатерални договори на балканските држави..., 126).

[24] Глигор Тодоровски, Македонското прашање и реформите во Македонија, Скопје 1989, 170.

водите кои по задушувањето на востанието продолжиле да дејствуваат во илегала.[25]

За да може да ја искористат амнестијата, предметнава категорија на лица требало да се пријават пред месните османлиски власти во најблиските градови во рок од 40 дена (почнувајќи од 13 април 1904 година). Овие лица низ посебна процедура требало да добијат соодветни документи, врз основа на кои ќе може слободно да се вратат во своите родни места. Притоа, амнестијата се однесува за делата сторени до 13 април 1904 година. По истекот на предвидениот рок, лицата кои не се легализирале според предвидената процедура, останувале под прогон согласно османлиските закони.[26]

Преку овој чин на амнестија, властите настојувале да ги отстранат од теренот водачите на македонското револуционерно движење, а со тоа целосно да го загушат ослободителното движење, кое не успеале да го поразат со воени мерки, ниту пак, да ги амортизираат причините за неговото постоење со соодветни политички мерки.

Прашањето за амнестија на илегалните водачи на револуционерното движење станало особено актуелно во Битолскиот вилает, каде по востанието илегално дејствувале мнозина раководители, како Дамјан Груев, Пере Тошев, Анастас Лозанчев и други.[27]

Со оглед на сложеноста на прашањето, било неопходно прецизирање на процедурата за евентуална примена на амнести-

---

[25] Прашањето за амнестија на оваа категорија било покренато од цивилните агенти уште пред формалното донесување на одлуката за амнестија. Бугарскиот трговски агент во Солун, Атанас Шопов, во извештајот од 24.02.1904 година, информира дека цивилните агенти укажале на потребата од легализација на илегалните водачи, за да може да ја искористат прокламираната амнестија. Во спротивно, по формирањето на новата жандармерија, четите ќе бидат изложени на прогон при што не ќе можат да се повикаат на амнестијата. Шопов оваа информација ја разгласил меѓу круговите на македонското револуционерно движење, но водачите на Внатрешната организација сметале дека четите не може да се распуштат бидејќи биле на служба (Валентин Китанов, Принос към дипломатическата история на България. Григор Начович и българско-турското споразумение от 1904г., София 2006, 115).

[26] Г. Тодоровски, Македонското прашање..., 171.

[27] В. Китанов, Принос към дипломатическата история.., 125; Даме Груев, Живот и дело (сборник) II част,предговор, съставителство и бележки: Цочо Билярски, София 2006, 620.

ја врз оваа категорија на личности. Според образложението на генералниот инспектор, Хусеин Хилми паша, прикриените револуционери требало да се предадат на власта од местата каде што се кријат, да поднесат писмена гаранција за потчинетост (deklaration de soumission), а потоа да бидат ескортирани до границата на државата каде што сакаат да заминат и да не можат да се вратат во Турција без специјална дозвола од владата. Бугарскиот трговски агент во Битола, А. Тошев, смета дека условите што ги поставила власта претставуваат „смислена стапица“, која „шефовите“ на Организацијата воопшто нема да ја прифатат, туку дека тие може да поставаат свои услови кои власта со сигурност ќе ги одбие.[28] А. Тошев во врска со ова прашање на 8/21 април 1904 година зборувал со битолскиот валија.[29] За разлика од образложението на Хилми паша, валијата истакнал дека амнестијата ќе биде на општа основа и дека од амнестираните зависи дали ќе останат во Македонија, или ќе заминат за Бугарија.[30] Противречностите во толкувањата произлегувале од таму што валиите во исто време за инструкции се обраќале до генералниот инспектор Хусеин Хилми паша, но и до Истанбул, иако за прашањата кои биле поврзани со реформите не требало да се обраќаат до централната власт.[31]

Во меѓувреме, додека било отворено прашањето за амнестија на водачите и додека течел предвидениот рок, органите на власта со сета жестина ги прогонувале четите по теренот.

Непосредно пред официјалното истекување на предвидениот рок од 40 дена за предавање на илегалните водачи, се рашириле гласини дека некои водачи се подготвени да се предадат и да го положат оружјето, но само пред европски офицери, поради што се отворило прашањето за продолжување на рокот.[32] На 7/20 мај 1904 година, три дена пред официјалното истекување на рокот, генералниот инспектор Хусеин Хилми паша информирал дека ниедна чета не го искористила дадениот рок, поради што изразил подготвеност за негово продолжување.[33] Меѓутоа, пробле-

---

[28] Даме Груев, Живот и дело... II част, 621-622.

[29] Валијата настојувал А. Тошев да биде своевиден посредник за предавање на сите „шефови и четници“ што сакале да се предадат, притоа наведувајќи ги имињата на Анастас Лозанчев, Даме Груев, Ѓорѓи Сугарев, Ѓорѓи Пешков и Петар Ацев ( В. Китанов, Принос към дипломатическата история.., 169-170).

[30] Исто, 169.

[31] Извештаи од 1903-1904 година на австриските претставници во Македонија..., 173-174.

[32] Даме Груев. Живот и дело... II част, 627.

[33] Исто, 628.

мот не бил во рокот, туку во тоа што никој од водачите немал намера да се предаде на власта, бидејќи со Мирцштегските реформи не биле исполнети минималните барања на Организацијата,[34] поради кои всушност било кренато востанието.

Бугарскиот трговски агент во Солун, А. Шопов, во извештајот од 14/27 мај 1904 година до министерството за надворешни работи на Бугарија, меѓу другото пишува дека началниците на Внатрешната организација сè уште немале решено каков став да заземат за четите.[35] Шопов додава дека меѓу нив имало луѓе кои расудувале дека четите за извесно време требало да излезат од горите, но повеќето сметале дека четите треба да продолжат да функционираат каде што може. Покрај тоа, А. Шопов информира дека некои четници од Еницевардарско изразиле подготвеност и влегле во преговори да го положат оружјето, меѓутоа, тоа им било забрането од нивниот началник, Апостол Петков.[36] Всушност, Апостол Петков, испровоциран од дипломатските игри и понуди за легализирање и амнестија на илегалните дејци на Организацијата, на 3/16 мај 1904 година се обратил со писмо до конзулите во Солун, при што низ една убава реторичка форма изјавил дека четите нема да го положат оружјето сè додека не бидат приложени реформите.[37]

Писменото обраќање на војводата Апостол Петков до солунските конзули претставува реакција на нивната писмена покана од 24 април/7 мај 1904 година за полагање на оружјето. Писмото кое е сочинето од секретарот на Апостол Петков, претставува своевиден манифест за македонската револуционерна борба, поради што овде го пренесуваме во целост:

„Одговор од Еницевардарската чета на писмото од 24 април /7 мај 1904 година

Апостол Петков – војвода

---

[34] Првото отворено незадоволство од Мирцштегските реформи е искажано во Окружното на Главниот штаб на Битолскиот револуционерен округ од 10/23 декември 1903 година. Во Окружното во врска со реформите се вели: „Не треба, ниту збор, дека нашиот народ не може да биде задоволен од тие мерки, бидејќи се ништожни пред целта што ја гониме. Секој знае дека ние не се боревме за жандарми и за падари, туку за премавнување на омразениот турски гнет“ (В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903..., 476).

[35] ДАРМ, ф. БГК – Солун, мф. 4280, № 411, 14.05.1904.

[36] Исто.

[37] Исто.

Особена радост ни претставува поканата од Европските конзули, каде што тие не канат да ѝ се предадеме на власта. Тоа би го сториле на драго срце, ако до денес беше направено некое чувствително подобрување на денешниот режим. На Вашето писмо од 24 април /7 мај 1904 год., еве со што ние ќе Ви одговориме.

Само по воведувањето на реформи, подносливи за христијанското поробено население, би можеле да ја прифатиме Вашава покана. Турчинот само ветува и лаже пред светот, но ништо не извршува. Дивотиите на Турчинот е непотребно да Ви ги набројуваме. Ако Европејците од пред многу години само слушаа за нив, минатото лето тие со свои очи ги видоа. Никогаш турските војски нема да стојат мирни, и покрај строгите заповеди да мируваат; пред нашите очи тие се непоправливи. Наполно сме уверени, дека ниту една чета, ниту еден комита, нема да заборави: 1. На турските ѕверства, 2. На вложените до денес трудови на четите и на населението, 3. На пролеаната до денес крв, 4. На турските измачувања на христијанското население, без разлика на вера и народност, 5. Турција многу години по ред ветува разни правдини и ништо до денес нема направено, бидејќи тие се само на збор; 6. Македонското население, гледајќи ги турските лажни ветувања, е спремно да ја лее својата крв, со надеж дека еден ден ќе се здобие со очекуваната полна слобода, и да го сметне од себе турскиот петвековен гнет.

Зарем Македонецот не е човек, да живее слободно? Зарем Македонецот не е за слободен да го дише чистиот воздух и да му се радува на слободниот политички живот, како што се радуваат слободните народи? Македонецот е веќе уверен дека сѐ дури се наоѓа под Турчинот, ништо сигурно нема за него: тој не е сигурен за својот живот, не е сигурен за своите мили и драги дечиња, за честа на жената и на своите ќерки, за својот имот и тн. и тн. Таа несигурност го натера Македонецот да го земе оружјето в раце и да се бори со Турчинот. Тој не жали зашто ќе умира од куршумот на непријателот, и е спремен да го прави тоа сѐ до денот на неговото ослободување. Тој веќе не се плаши од непријателот, дури и од една европска окупација, за сметка не неговите европски интереси. Што има полошо од тоа човек да се реши да умира? Таквите луѓе може ли нешто да ги заплаши, кога тие веќе се спремни да умрат? Нема зошто да се поплакуваат на нас Европејците, дека не сме им давале време да ги организираат реформите. Располагаат тие со време и со сила и веруваме дека никој до денес не им го запирал тоа време. Жално е пред очите на цивилизирана Европа,

Македонецот и потаму да робува. Нека крвта на тоа невино население и понатаму се лее пред Европа. Нека турските ѕверства се вршат и потаму пред очите на европските конзули. Нека тие и потаму ги бранат интересите на Турчинот, за сметка на невиниот Македонец. Посочете ја правината, каде и кај кого е? Прави ли лошо еден народ, кога востанува против еден неподнослив и тежок режим? Да, да се лее крв христијанска во 20 век од еден иноверец – Турчинот пред очите на Европа и нивните луѓе е несовесно. Европската дипломатија е виновникот за сите маки. Ако дипломатијата сака, тогаш за еден месец робот е вон од границите на ропството. Четите се борат за еден самостоен политички живот.

Од војводата и секретарот на Еницевардарската востаничка чета, пишувано на 3 мај 1904 година".[38]

3. На почетокот на XX век Македонија била доминантно аграрна земја, каде околу 80% од населението живеело на село. Во Солунскиот вилает дури 83,05% од населението се занимавало со земјоделство.[39] Во земјоделството било ангажирано сето селско население (со исклучок на свештениците и учителите), како и значаен дел од градската сиромаштија. Притоа, дури 70% од населението што се занимавало со земјоделство не поседувало сопствена земја.[40] Најголемите и најплодните обработливи површини се наоѓале во рацете на крупните земјопоседници – бегови (чифликсајбии), а земјата ја обработувале селаните и дел од градската сиромаштија (чифлигари). Според една непотполна статистика од 1906 година, која се однесува само за егзархиските села во 20 кази од Солунскиот вилает, дури 46% од овие села биле чифлигарски, 6,15% мешани, и 47,75% слободни села.[41] Според ова, изгледа дека бројот на слободните села е поголем за 1,75%, но треба да се има предвид, дека тие се наоѓале во ридско-планинските предели, каде обработливите површини биле помали со значително послаб бонитет. Од друга страна, слободните села што се наоѓале во рамничарските предели претежно биле населени со турско население.[42]

---

[38] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т. 3..., 133-135.

[39] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 66.

[40] Клисуровъ, Очерки върху историята на македонското освободително движение. Социално-економичиските претпоставки за създаването и дейноста на революционната организация, Македонско Дело, VI/134, 1931, 7.

[41] Исто, 8.

[42] Десанка Миљоска, Еден интересен напис на Мисирков за економската состојба на македонското село во крајот на минатиот век, ГИНИ, I/1, Скопје 1957, 254.

Селаните што живеле по слободните села во ридско-планинските подрачја, биле во поповолна положба во однос на чифлигарските села кои биле сместени по рамнините и котлините. Тие претежно се занимавале со земјоделство и сточарство, а нивните обврски се сведувале само кон државата. Наспроти нив, селаните што живееле по чифлигарските села биле во многу незавидна положба. Во зависност од односите помеѓу чифликсајбијата и селанецот, последните се делеле на три категории. Од нив во најповолна положба биле т.н кесимџии (арендатори). Тие за одреден надомест земале земја под закуп од чифликсајбијата и ја обработувале во сопствена режија, при што сами ги подмирувале даночните обврски кон државата.

Втората и најбројна категорија на чифлигари биле т.н. јарации, или наполичари. Тие живееле врз имотот на чифликсајбијата. Тој им доделувал парче земја за обработка зависно од бројот на жителите во селото и бројот на членовите во семејството.[43] Освен земја, чифликсајбијата им обезбедувал примитивни живеалишта кои наликувале на колиби, како и семе за претстојната сеидба. Од добиениот приход, најпрво по наоѓање на чифликсајбијата се издвојувал делот за семе за следната година и неопходниот десеток како обврска кон државата, остатокот се делел на половина. Во основа, наполичарите добивале околу 1/3 од вкупното производство.[44] При таква распределба на приходите, на чифликсајбијата му останувала сигурна добивка од 18 до 25% од вкупните приходи.[45] Покрај тоа, наполичарот имал обврска бесплатно со својот добиток да ги пренесува производите на чифликсајбијата до потребното место, да му доставува дрва за огрев, да работи бесплатно десет дена надвор од чифлигот, да работи околу одржувањето на воденицитe доколку има такви, за да може бесплатно да го меле своето жито и слично.[46] Во најнеповолна положба од скалилото во чифлигарскиот систем се наоѓале момоците. Тие немале постојано место на живеење, не поседувале никаков имот, па според тоа не им останувало ништо друго, освен да го продаваат својот труд за да ја обезбедат сопствената прехрана. Нивната „судбина била поцрна од земјата што ја обра-

[43] Македония и Одринско 1893-1903. Мемоаръ на Вѫтрѣшната организация..., 31.

[44] Клисуровъ, Очерки..., Македонско Дело, VI/135, 10.04.1931, 8.

[45] Македония и Одринско 1893-1903. Мемоаръ на Вѫтрѣшната организация..., 31.

[46] Исто.

ботувале“. Тие влегувале во договорен „ак“ со чифликсајбијата, кој се состоел од 80-100 килограми жито, 100-120 гроша во пари, 3-6 оки петрол и десетина оки грав. Притоа честопати можеле да бидат протерани од чифлигот пред да го добијат договорениот ак.[47]

Чифлигарските односи не биле мотивирачки за унапредување на производството, ниту за чифликсајбијата, ниту за чифлигарите. Поради тоа, искористеноста на обработливите површини била мала. Така во Солунскиот вилает, кој располагал со најмногу и најплодна земја, процентот на искористеноста на земјиштето изнесувал 6,21%, во Битолскиот вилает тој процент изнесува 7,30%, а во Скопскиот 10,61%.[48] Очигледно, таму каде што бил помал фондот на обработливото земјиште искористеноста била поголема и обратно. За да се добие реална слика во поглед на ангажираноста на земјоделското население и искористеноста на земјата, за илустрација ќе ги спoредиме податоците со Германија. Во оваа земја во земјоделството било ангажирано 26% од населението, од кои активно биле ангажирани 15%. На секој активен земјоделец во просек се паѓале по 3,33 хектари обработлива површина. Наспроти тоа во Солунскиот вилает во земјоделството биле ангажирани околу 80% од населението, од кои само 38% биле активно ангажирани. Притоа на секој активен земјоделец му се паѓале по 0,55 хектари обработлива површина.[49]

Освен поставеноста на чифлигарскиот систем, за македонскиот селанец дополнителен товар претставувал начинот на неговото практикување. Чифликсајбиите за сејмени и падари на своите чифлизи поставувале Арнаути. Тие како муслимани имале право да носат оружје, при што спроведувале невидена тортура врз локалното христијанско население. Служејќи се со насилство и изнудување, тие натрупале богатства за сметка на селаните и станале побогати од самите бегови. Покрај нив, во јужните предели на Османлиска Македонија, заради медитеранската клима, зимно време со своите стада се спуштале многу Арнаути кехаи. Всушност, чифликсајбиите за извесен надомест од ноември па до април ги отстапувале полињата на албанските кехаи од другите предели на Империјата, како зимски пасишта. Тие со своите стада нанесувале полски штети врз посевите на христијанското население. Освен тоа, тие се здружувале со постојните субаши и пада-

[47] Исто.

[48] Клисуровъ, Очерки..., VI/135, 8.

[49] Исто, VI/134, 6-7.

ри – Арнаути. Околу нив се собирале и егзистирале арнаутски разбојнички банди, кои вршеле разни зулуми и неправди врз локалното население. Сето тоа дополнително го иритирало населението, кое својата заштита сè повеќе ја барало кај четите на македонското револуционерно движење. Впрочем, Организацијата уште во предилинденскиот период преземала разни мерки за ликвидирање на разбојничките банди и другите насилници кои го тероризирале населението. Во таа смисла Апостол Петков пројавил заштитничка улога уште кога бил ајдутин, а на тој план станал многу поактивен кога бил вклучен во Организацијата. Покрај тоа, Организацијата пројавила разни активности за заштита на населението од прекумерната експлоатација, како од чифликсајбиите, така и од разните арнаутски елементи кои се навртувале околу нив.

Така, кон крајот на 1903 година, околу Солунскиот залив се вгнездила една арнаутска чета, која цела зима ги тероризирала македонските патријаршиски села од пред Солун па до Енице Вардар.[50] Немајќи инситуционална заштита од државните институции, во март 1904 година, селаните се обратиле до Еницевардарската чета и ветиле 60 лири, доколку ја елиминираат арнаутската банда. Четата прифатила и кон крајот на март имала судир со арнаутската банда, при што убила двајца разбојници. Откако за тоа се слушнало во Солун, еден началник со 70 жандарми се упатил кон посочениот регион, од каде се вратил по два дена и информирал дека организациската чета побегнала од регионот, но притоа воопшто не ја спомнал арнаутската банда. Според бугарскиот трговски агент во Солун, А. Шопов, споменатава арнаутска банда била под заштита на субашите на Хавзи бej,[51] кој поседувал повеќе чифлизи во регионот.

Наспроти горниот пример, жителите од селата Петрово, Бозец, Бубакево, Куфалово, Средно Куфалово и Долно Куфалово (сите во Еницевардарско), во април 1904 година, најверојатно по иницијатива на Организација, писмено се обратиле до цивилните контролори за спроведување на Мирцштегските реформи и побарале тие да преземат мерки за нивна заштита од насилствата на Арнаутите.[52] Притоа потенцирале дека нивните села биле чифлизи и дека беговите преку зима ги отстапувале полињата на арнаутските кехаи, кои „создавале ужас и трепет меѓу население-

[50] В. Георгиев и С. Трифонов, История на българите..., т. 1, 327.

[51] Исто.

[52] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот..., т. 3, 122-123.

то“. Селаните истовремено укажуваат дека како христијани немале право да носат оружје за самозаштита, наспроти Арнаутите, кои како муслимани биле вооружени и вршеле бројни убиства и насилства, поради што тие не можеле да ги извршуваат елементарните полски работи.[53]

Прашањето за односот на чифликсајбиите и нивните помошници Арнаути кон селаните, повторно станало актуелно кон крајот на летото во пресрет на есенското доаѓање во регионот на албанските кехаи. Во врска со тоа, Апостол Петков одлучил работите целосно да ги преземе во свои раце, притоа поставувајќи се како вистински заштитник на населението во регионот.

Бугарскиот трговски агент во Солун, Атанас Шопов, со извештај бр. 714 од 8 септември 1904 година,[54] го информира министерот за внатрешни работи и вршител на должноста министер за надворешни работи и вероисповед на Бугарија – Димитар Петков, дека началникот на Еницевардарскиот револуционерен реон, војводата Апостол Петков, на 4 септември, според стариот календар, испратил предупредувачко писмо до еницевардарскиот кајмакам, од кое копија била препратена и до рускиот генерален конзул во Солун – Гирс, како и до цивилните агенти. Во писмото било нагласено дека во Еницевардарската каза повеќето села биле чифлизи кои биле преплавени со Албанци – субаши (администратори на чифлизите и заменици на беговите) и Албанци сејмени, како и дека наближува времето за пристигање на Албанците кехаи со своите овчари за да презимат таму, без притоа да им плаќаат на селаните. Според она што го пренесува Шопов, во писмото се велело дека „сите овие Албанци не се ништо друго, освен крадци и разбојници, кои вршат севозможни злоупотреби и го соголуваат населението“.[55] Имајќи ги предвид дотогашните зулуми што биле вршени од оваа категорија на луѓе, војводата Апостол Петков на еницевардарскиот кајмакам му предлага: 1. Да преземе потребни мерки, така што Албанците кехаи и овчари, кои секоја година со своите стада доаѓале во јужните краишта за да зимуваат, да не се допушат во Еницевардарската каза; 2. Кшлите и селските пасишта да се оставаат за стадата на селаните; 3. Субашите и сејмените по чифлизите да бидат плаќани од бегови-

[53] Исто, 122.

[54] ДАРМ, ф. БГК – Солун, мф. 4280, № 714, 8.09.1904. За истото види кај В. Георгиев и С. Трифонов, Гръцката и сръбската пропаганди в Македония..., 42-43.

[55] ДАРМ, ф. БГК – Солун, мф. 4280, № 714, 8.09.1904.

те – сопственици на чифлизите, а не од селаните; 4. Меѓу сопствениците на чифлизите и селаните да се воспостават односи, како во другите држави.

Покрај тоа во писмото било нагласено дека наведените точки биле во согласност со реформите кои биле донесени од страна на европските држави, поради што изразува надеж дека ќе бидат преземени соодветни мерки за нивно исполнување. Во спротивно, доколку не бидат исполнети наведените четири точки, војводата Апостол се заканил дека неговата чета ќе го убива секој Албанец кехаја, овчар, сејменин и слично, ќе ги гори колибите и нивните егреци (трла), и дека ќе ги бомбардира беговските куќи и кули.[56]

Следниот ден, на 5 септември (ст. стил) 1904 година, овие барања во нешто поинаква варијанта и со поинаков вовед биле доставени до рускиот генерален конзул во Солун – Гирс и до цивилните агенти.[57] Притоа во почетокот на писмото се вели: „Имајќи го предвид времето што се наближува за придоаѓање на дивото арнаутско племе по кшлите по селата во Еницевардарскиот реон, а знаејќи ги злосторствата, несреќите, грабежите, или воопшто кажано – тиранизацијата од страна на овој елемент врз сиромашното и незаштитено христијанско население, кое е апсолутно препуштено на произволот на судбината, јас, војводата на револуционерната чета во Еницевардарскиот реон, имам чест да ви го поднесам ова писмо, со кое сакам да ве запознам со положбата и со начинот на моето држење, со кое ќе се однесувам во иднина спрема овие неканети гости, ако не се земат под внимание од Вашето високо превасходство долуизнесениве барања“.[58] Понатаму во писмото се укажува на однесувањето на Арнаутите субаши и сејмени, кои не се разликувале во ништо од нивните еднородници кехаи. Во тој контекст се вели: „По повеќето од селата од мојот реон, како чифлизи, благородните бегови благоповелуват да си задржуваат за чувари цели толпи Арнаути, од кои некои сејмени, други субаши, а повеќето од нив разбојници, кои, под заштита и покровителство на беговите, вршат нечуени ѕверства и разбојништва..., но со доаѓањето на другата категорија Арнаути, имено Арнаутите кехаи, таквите драми уште почесто се разигруваат, а горкото христијанско население, за време на тој период од годината кога тие престојуваат, се лишува од сè, од животот, од имо-

[56] Исто.

[57] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот..., т. 3..., 427-429.

[58] Исто, 427-428.

тот, од честа".[59] Поради тоа, во продолжение на писмото се вели: „Но оваа неподнослива положба не може вечно да се трпи: бујната македонска натура, храбрите чеда на злочесната татковина, не можат да останат ладнокрвни спроти сите овие стенкања на своите браќа, отчаените борци не можат да бидат обични набљудувачи и да стојат неутрални спрема сето тоа што се прави; овие достојни синови за славното име Македонија прибегнуваат веќе кон најпоследното средство, а имено кон уништување на мачителот. Ете, токму поради овие причини и за да не се одбиваме од патот кон предназначената идеја, ние борците, што имаме оставено сè, и сме ги грабнале пушките за да се биеме со нашиот петвековен поробувач, Турчинот, ги поднесуваме за извршување до вашето в. Превасходство следниве точки: 1. Да не се прибираат Арнутите – кехаи во кшлите по селата; 2. Да им се остават кшлите на месните добитоци, биле тие христијански, или турски; 3. Субашите и сејмените по селата да бидат плаќани од беговите; 3. Беговите да се владеат според програмата за чифлизи во другите држави". На крајот од писмото се вели дека споменативе барања биле во согласност со донесените реформи и дека со нивното спроведување барем до некаде ќе се ублажи состојбата. Меѓутоа, при крајот од писмото се вели дека доколку барањата не бидат исполнети, тогаш „ѓурултиите ќе бидат ужасни", најавувајќи убивање на Арнаутите, горење на трлата и колибите по полињата, бомбардирање на конаците по селата и слично. Покрај тоа, на крај рускиот конзул е замолен да побара копија од писмото кое со слична содржина било испратено до кајмакамот на Еницевардарската каза, кој како врховен управник на казата бил поканет да преземе мерки за исполнување на истите барања.

На крај од писмото стои: „Апостол Петков, војвода на революционерната чета во Еницевардарскиот реон и бивш прост (обичен, б.н) четник од 1894 г, од село Бојмица, Гевгелиско".[60]

Обраќањето на Апостол Петков во врска со погоре изложениот проблем не завршило со писмото до рускиот генерален конзул и цивилните агенти. На 11 септември (ст. стил) 1904 година, преку канцеларијата на солунскиот милионер, Евреинот Саул Модиано, било доставено предупредувачко писмо до беговите Изет ефенди и Хикмет ефенди во Солун.[61] Оригиналот од ова пи-

---

[59] Исто, 428.

[60] Исто, 429.

[61] ДАРМ, ф. БГК – Солун, мф. 4280, № 746, 17.09.1904. За истото види: В. Георгиев и С. Трифонов, Македония и Тракия в борба за свобода ..., 334-335.

смо управникот на италијанскиот генерален конзулат, г-н Фабри, го доставил до бугарскиот трговски агент во Солун – А. Шопов.[62] Всушност, обраќањето кон двајцата бегови било изнудено поради тоа што тие поседувале чифлизи во селата Липарјаново и Свети Георги, каде исто така субашите и сејмените биле Албанци.

Во ова писмо меѓу другото се вели: „Селаните од Вашите чифлизи Липрјаново и Свети Георги, нема момент да не се оплакуваат од поставените субаши и падари Арнаути. Тоа што последниве го прават со населението и нивните постапки веќе се неподносливи, а гласот на тоа бедно население е така очаен што не знаат кој пат да го фатат. Тие би Ви се поплакале и Вам, но поради заплашувањето на падарите и субашите, молчат и со трпение поднесуваат сѐ, до моментот на одмаздата. Не знам дали Вам ви се познати тие маки на Вашата раја. А зошто да Ви се пожалат Вам, кога нивните жалби остануваат како глас во пустина. Овие нивни поплаки стасаа и до нашите уши и како заштитници на населението си земаме смелост да го испратиме ова до Вас и да Ве замолиме час побрзо да ги избркате од Вашите чифлизи субашите и падарите, притоа да ги замените со христијани. Ако тоа не го направите во рок од десет дена, треба да Ви биде јасно дека ќе ги избркаме ние, при што ќе ги казниме со смрт и ќе ги изгориме Вашите конаци во чифлизите. Уште сакаме да го ослободите населението од неправедните грабежи на падарите и субашите бидејќи ништо не ѝ дозволуваат на рајата да внесе во своите куќи, додека прво не се однесе во конакот при субашијата, било грав, било мисир (пченка б.н.) и друго, а кога ќе им се посака, тогаш ги повикуваат селаните да си го земат делот, но откако ќе задржат во конакот колку ќе посакаат. Треба да знаете дека ако Вие сте бегови и располагате со милиони, тие се од грбот на тоа бедно население: од нивната мака Вие живеете како вистински лордови и се шетате со пајтони каде што сакате. Тоа многу добро го знаете, но се чудите на кој начин да дадете некои права за посамостоен живот на Вашите рајати. Сте поставиле едни голи Арнаути, грабачи, кои станале поголеми ѝ од самите вас. Тие дојдоа голи, но сега се облечени и располагаат со кемери. Ние до сега ќе ги казневме Вашите субаши, но кога разбравме дека чифлизите се Ваши, си рековме најпрво да Ве поканиме со едно писмо, и ако не нѐ послушате, потоа на дело ќе го слушнете напишаното“.[63] На крајот од писмото уште еднаш ги повикува беговите за кратко

[62] ДАРМ, ф. БГК – Солун, мф. 4280, № 746, 17.09.1904.

[63] Исто.

време да ги избркаат од чифлизите субашите и падарите Арнаути и да ги заменат со христијани, притоа да не ги издаваат кшлите на Арнаути кехаи, бидејќи во спротивно ќе бидат казнети. Покрај тоа во писмото стои предупредување дека доставувачот на писмото не треба да биде земен на никаква одговорност, или пак казнет, бидејќи за тоа бил натеран со сила. На крај од писмото стои: Од горската Управа, Апостол Петков војвода.[64]

Овие закани на Апостол Петков никако не треба да се гледаат како закани кон одредена етничка, или конфесионална припадност, туку како предупредување упатено кон одредени помагачи и злоупотребувачи на корумпираниот и деградиран чифлигарски систем. Покрај тоа, низ споменативе писма може да се согледа и желбата за афирмација на мотивите на македонската револуционерна борба, која покрај политичкиот ослободителен момент има и социјален карактер, кој е насочен кон рушење на постојниот чифлигарски систем и негова замена со соодветен систем, како во демократските европски земји според принципот на пазарните и либерални општествено-економски односи.

Колку споменативе закани биле сериозно сфатени, или пак колку заканите биле реализирани, за сега не располагаме со информации. Меѓутоа, останува фактот дека Апостол Петков испраќал заканувачки писма и спроведувал одредени мерки кон поедини бегови (чифликсајбии), кои најверојатно ги сметал за народни мачители. Така на пример, четата на Апостол Петков побарала 600 турски лири од Ќучук Мустафа паша, кој поседувал чифлизи во Гевгелиската каза. Бидејќи бегот одбил да ги внесе побараните пари, набрзо четата му дигнала 106 кози.[65] Покрај тоа, четата на Апостол Петков го фатила Накиз ага, кој исто така поседувал чифлиг во Гевгелиско и од него побарала 200 лири. Споменатиот бег, откако ветил дека ќе ги даде парите, веднаш бил ослободен. Следниот ден, Накиз ага ги дал побараните пари на четата.[66]

Несомнено, согласно воспоставената пракса на дејствување, овие мерки кон гореспоменативе бегови биле преземени како своевидна казна, најверојатно заради недозволиви дејствија од нивна страна кон населението на нивните чифлизи.

4. Илинденското востание и Мирцштегските реформи го актуализирале македонското прашање на меѓународен план. Тоа

---

[64] Исто.
[65] Исто, № 770, 23.09. 1904 година.
[66] Исто.

било доволно јасен сигнал за соседните балкански држави дека при други, евентуално поповолни меѓународни околности, расплетот на македонското прашање може да тргне по самостоен пат,[67] спротивен од нивните интереси. Најдобра потврда за тоа претставуваат зборовите на бугарскиот министер за образование, Иван Шишманов, искажани есента 1903 година, пред францускиот публицист и новинар, Гастон Рутие. Министерот Шишманов во врска со македонското прашање рекол: „По десет години, ако Македонија стане автономна, таму нема да постојат ниту Бугари, ниту Срби, ниту Грци, ќе постојат само Македонци. Тие ќе имаат многу заеднички политички интереси, особено економски, што треба да ги создадат со својата неуморна работа, ако сакаат да бидат независни од државите што се понапредни од нив и чие производство би го уништило нивното. Како земјоделци, не ќе им биде воопшто од интерес да се спојат со земјоделските земји какви што се Србија и Бугарија; како индустријалци ќе сакаат да ја штитат својата индустрија која ќе биде против нашата; најпосле, тие ќе сакаат да ги задржат за себе местата на функционери во нивната администрација и на офицери во нивната војска. Значи, Македонија ќе биде независна и Македонците ќе останат Македонци. Ако Европа го мисли спротивното, таа греши, ако Бугарија смета на бугаризација на Македонците, тоа се илузии“.[68]

---

[67] Рускиот дипломатски претставник во Париз, во еден извештај од април 1904 година во врска со македонското прашање, смета дека најдобро решение би било Македонија да добие автономија со еден христијански Генерал – Губернатор. Овој став го поткрепува со фактот што најголемиот дел од населението во Македонија било Славјанско, од кое повеќето е поблиско до Бугарите, отколку до Србите, а додека Грците населувале незначителен дел покрај морскиот брег. Поаѓајќи од етнографските прилики, тој е против поделба на Македонија и се залага за зачувување на нејзината севкупност, при што предлага воведување на широка самоуправа. Понатаму додава: „сознанието за заедничките интереси... на македонските вилаети ќе ги доведе нив до слевање во едно цело, со создавање на единствено автономно Македонско Кнежество, чие што правителство нема да се стреми ни за присоединување кон Бугарија, ниту пак да се потчини на грчкото влијание, (тоа б.н.) ниту пак ќе ѝ противречи на австриската теорија за одбегнување на возникнувањето, врз урнатините на Турција на некаква голема обединета држава. Таквата Македонија што според размерите малку би се разликувала од Грција, или од Бугарија, ќе служи за одржување на рамнотежата меѓу другите Балкански Држави... исклучувајќи ги сите други обиди за освојување“ (С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т.3..., 114.)

[68] Македонија во делата на странските патописци, 1903, редактор академик Александар Матковски, Скопје, MMVII, 169-170.

Ако овој бугарски министер и интелектуалец отворено посочил во кој правец може да тргне македонското прашање, иако неговата влада официјално ова прашање го сметала за бугарско, тогаш Србија и Грција во евентуалната автономија на Македонија, гледале можност за триумф на бугарската идеја, која била против нивните интереси. Мошне интересно е што Србија и Грција, не сакајќи да го прифатат македонскиот карактер на ослободителното движење, истото го третирале како бугарско, кое било насочено против нивните интереси во Македонија. Така полусвесно го потхранувале овој нереален момент, со што само ја засилувале самоувереноста на Бугарија и нејзините аспирации на поголемиот дел од Македонија. Поради тоа двете земји се нашле во ситуација која делумно самите ја потхранувале да не можат да го пренабрегнат споменатиов момент во нивните завојувачки комбинации за Македонија.

Особено поттикнувачки врз соседните земји – претенденти на османлиска Македонија влијаела третата точка од Мирцштегските реформи. Според оваа точка било предвидено, откако ќе се констатира извесно смирување во земјата, да се изврши нова административно-територијална реорганизација за подобро групирање на националностите,[69] одредба која никогаш не била спроведена. Меѓутоа, токму оваа одредба ги поттикнала соседните држави радикално да го променат начинот на пропагандното дејствување. Оттука, по Илинденското востание, тие започнале да организираат и да испраќаат чети во Македонија, кои со силата на оружјето и невиден терор го принудувале населението да се изјаснува во прилог на соодветните конфесионални заедници, кои всушност, според балканските и западните поимања на милет системот, станале синоним за национална припадност. Надевајќи се дека преку терор ќе извршат притисок врз христијанското населението за негово пристапување кон една, или друга, конфесионална заедница (националност), споменативе земји сметале дека ќе обезбедат бројна превласт во одреден регион. Таквата превласт требало да послужи како аргумент повеќе при утврдувањето на границите на новите административно-територијални единици што било планирано да се создадат од постојните маке-

---

[69] Одредбата гласи: Веднаш штом ќе се констатира извесно смирување во земјата, да се побара од османската влада промена во територијалното разграничување на административните единици заради посоодветно групирање на одделните националности (Документи за борбата на македонскиот народ..., т.1, 420).

донски вилаети.[70] Од друга страна, превласта во новите административно-територијални единици требало да го зацврсти и засили колебливото влијание на соодветната земја и да послужи како адут при идната поделба на османлиското наследство во Македонија. Таквата политика била подржувана од Русија, која работела на српско-бугарското приближување,[71] наспроти австро-унгарските претензии на југ.[72]

Очигледно, Мирцштегските реформи, кои навидум биле донесени за смирување на состојбите во Македонија, всушност биле насочени кон елиминирање на македонското револуционерно движење, и нешто повеќе: со третата точка продуцирале дополнителна нестабилност во регионот. Така, наместо подобрување, мир и стабилност, реформите иницирале внатрешен конфликт, кој бил инспириран однадвор.

Така, по Илинденското востание дошло до радикални промени во курсот на пропагандните активности на споменативе земји во османлиска Македонија. Дотогашната црковно-просветна пропаганда била заменета со вооружена, преку испраќање на чети однадвор и мобилизирање на истомисленици од внатре. Четите, со силата на оружјето, најпрво требало да ги заштитат и одбранат стекнатите позиции во Македонија, да го повратат изгубеното за сметка на ривалите, а по можност и да го прошират влијанието. Во оваа крвава војна, не по своја волја, и спротивно од своите програмски определби, било вовлечено и македонското ослободително движење. Така македонското ослободително движење се нашло помеѓу чеканот и наковалната. На една страна, требало да се бори за премавнување на османлиската власт, а на друга против четите на вооружените пропаганди. Обидувајќи се да се спротивстави на српските и грчките чети и да го попречи изнасиленото преминување на селата под покровителство на Патријаршијата, Организацијата, и покрај своите противречни интереси со Егзархијата, се нашла во состојба да ги брани нејзините

[70] Ванчо Ѓорѓиев, Реформи за мир или одлагање на конфликтот, Зборник: Сто години од Балканските војни, Скопје, 2013, 116-117.

[71] Австриски документи за реформската акција на европските големи сили во Македонија 1903-1909, предговор и редакција д-р Михајло Миноски, избор на документите и превод м-р Ѓорѓи Стојчевски, Скопје, 2002, 108; Германски документи за политиката на Германија и Европските сили во Македонија (1904-1910), избор, предговор и редакција м-р Ѓорѓи Стојчевски, превод: Петар Стојчевски и Ѓорѓи Стојчевски, Скопје 2005, 62.

[72] Германски документи..., 123.

позиции. Тоа било искористено од Грците и Србите во пропагандни цели, како дополнителен аргумент за да ја претставуваат Организацијата како инструмент на бугарската пропаганда.[73]

Грчката мегали идеја, која во средината на XIX век била издигната на ниво на национална идеологија и стремеж за хегемонија на Балканот, првобитно ја опфаќала цела Османлиска Македонија. Меѓутоа, оваа идеологија поради претензиите на другите балкански земји кон истиот простор, кон крајот на векот доживеала значајни корекции. Поради тоа, најсеверната линија на грчките претензии во Македонија било предвидено да ги опфаќа градовите Охрид, Крушево, Прилеп, Струмица, Мелник и Неврокоп.[74] До крајот на XIX век, грчката политика своето влијание на овој простор го обезбедувала преку црковно-просветните институции на Екуменската Патријаршија. Притоа нејзин главен ривал била Бугарската Егзархија, која постепено ѝ ја одземала паствата на Патријаршијата, пред сè поради словенскиот јазик кој бил практикуван во егзархиските институции. Меѓутоа, кога кон крајот на XIX и почетокот на XX век на сцена стапило македонското ослободително движење под водство на ТМОРО, кое околу идејата за автономија на Македонија почнало да ги обединува „сите незадоволни елементи“, без разлика на верска и етничка припадност, сè едно дали се егзархисти или патријаршисти,[75] грчките политички кругови и Патријаршијата во него виделе сериозен непријател, опасен за елинизмот во Македонија, исто колку и Бугарската Егзархија. Оттука, под влијание на грчката

[73] Проникливиот Ѓорче Петров на ваквата опасност сериозно укажал уште за време на Прилепскиот конгрес од мај-јуни 1904 година (Види: В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 360).

[74] Повеќе за тоа види: Далибор Јовановски, Ревизија на грчките територијални аспирации во Османлиска Македонија, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, Скопје 2010, кн. 63, 319-332.

[75] Грчкиот конзул во Битола, во извештајот од 10 јануари 1902 година до својата влада, меѓу другото пишува: „... напредувањата на Комитетот и ширењето на неговите пипала речиси во сите села без исклучок, вклучително и православните (патријаршиски б.н.) веќе нема никаков сомнеж, сите шизматици (егзархисти, б.н) ги прифаќаат идеите на Комитетот, но жално е што поголемиот дел од славофоните кои се грчеат (патријаршисти, б.н.)... ги прифатија нивните идеи, и покрај нашите совети и противставувања. Агентите на Комитетот кон нив се однесуваат со голема срдечност, ги поттикнуваат да се помират со нивните браќа шизматици (егзархисти, б.н.) и воопшто да ја подржат војната на христијаните, без да прават разлика меѓу шизматици и православни“ (Цитирано според: Крсте Битовски, Грчката „македонска борба“, Скопје 2001, 63).

политика, најистурените претставници на елинизмот во Македонија отворено истапиле против македонското револуционерно движење, притоа претставувајќи го како продолжена рака на бугарската политика, кое сериозно ги загрозувало грчките интереси во Македонија. Така, во едно писмо од Солун од 23 декември 1902 година, испратено до грчкиот крал Георгиос I, кралот се потсетува дека Грција дејствува без систем и план наспроти нејзините „непријатели“ кои биле подготвени да ја бугаризираат цела Македонија. Притоа се наведува дека Грците не се надевале на поддршка од Европа, бидејќи таму воопшто не се споменувале Грци кога станувало збор за Македонија. Дури и англискиот конзул, во кого поседувале одредена надеж, започнал да се врти кон оние што се за „славизмот во Македонија“.[76] Поради тоа се бара лично заземање на кралот да ги поддржи активностите за доминација на елинизмот во Македонија, која била „чисто грчка“.[77] Во меѓувреме во грчкиот печат сè почесто се појавуваат написи за загрозеноста на елинизмот во Македонија, како од страна на бугарската пропаганда, така и од активноста на македонското револуционерно движење.[78] Истовремено, грчките националистички организации, како „Елинизмос“ и „Македоникос Силогос“, ја подгревале атмосферата за вооружена акција против македонското револуционерно движење. Како координатор на сето тоа се појавува поранешниот грчки министер, Стефанос Драгумис, кој бил по потекло од с. Богацко (Костурско).[79] Сето тоа било во функција на подготвување на грчкото јавно мнение за претстојната грчка акција во Македонија.

Непосредно по Солунските атентати, група грчки офицери го посетиле турскиот дипломатски претставник во Атина, при што од името на 1000 доброволци, меѓу кои и 150 офицери, изразиле подготвеност да пристапат во турска служба за борба против македонското револуционерно движење.[80] Дали е цинично или пак комично, но факт е дека поголемиот дел од овие офицери во 1897 година војувале против турската армија, исто како и во 1912 година. Меѓутоа, кога е во прашање грчкиот национализам, макијавелизмот нема граници.

[76] К. Битоски, Грчката „македонска борба“..., 65.

[77] Исто.

[78] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 130-131.

[79] Исто, 131.

[80] Георги Даскалов, Българите в Егейска Македония. Мит или реалност, София 1996, 44.

Кога започнало востанието во Македонија, една делегација од студенти при Атинскиот универзитет, пред турскиот претставник во Атина, искажале готовност да се вклучат во редовите на османлиската армија, за да помогнат при задушувањето на востанието.[81] Подготвеност за учество на турска страна против востанието во Македонија, искажале и Грците во Истанбул.

Откако грчката дипломатија македонското востание го прогласила за антигрчки чин, грчката влада изразила подготвеност да застане „не само на страната на Турција, туку и на било кој" за да се зачуваат грчките интереси во Македонија.[82] Во почетокот на август 1903 година, грчката влада на Високата порта ѝ предложила да формира „грчка милиција" во патријаршиските села под команда на месните жандармериски офицери,[83] меѓутоа предлогот бил одбиен. Од друга страна, владата во Атина испратила инструкции до своите конзули во Македонија да не допуштат учество на патријаршистите во револуционерното движење и да го советуваат населението да одржува добри односи со османлиските власти.[84] Така, по иницијатива од Грција, најистурените претставници на елинизмот во Македонија започнале отворена соработка со османлиските власти против силите на македонското револуционерно движење и против востанието. Тие се служеле со разни методи на денунцирање пред власта на претставниците на македонското движење. Во одредени ситуации, особено во Костурско, под покровителство на патријаршискиот владика Германос Каравангелис се појавиле грчки чети, кои во соработка со домашните ренегати и отпадници од ТМОРО, влегле во отворен судир со четите на Организацијата, помагајќи ги турските потери.[85]

На други места пак, патријаршиските првенци, служејќи се со уцени и предавства, едноставно не им дозволувале на селаните да востанат. Таков бил случајот со кметот на Горно Куфалово, кој им попречил на селаните да го подржат востанието. Токму поради тоа, во август 1904 година, истиот бил убиен по наредба на Апостол Петков.[86]

---

[81] К. Битоски, Грчката „македонска борба"..., 67.

[82] Милчо Лалков, ВМОРО и балканските държави (1893-1918), 100 години Вътрешна македоно-одринска революционна организация, София 1994, 90.

[83] Г. Даскалов, Българите в Егейска Македония..., 45.

[84] Исто.

[85] Исто, 45-46.

[86] Œcumenical Patriarchate, Official documents..., 150-151.

Во почетокот на 1904 година, грчката вооружена пропаганда во Македонија добила организиран институционален облик под покровителство на државата. Всушност, идејата за грчката вооружена акција во Македонија била разработена уште во 1902 година, во кругот на поранешниот министер Стефанос Драгумис. Покрај него се нашле син му Јон,[87] потпоручниците Павлос Мелас и Георгис Цонтос, новинарот Димитриос Калопотакис, банкарот Петрос Серогулос и други. За претседател на преуредениот Елино-македонски комитет бил избран Калопотакис. Кон крајот на истата година, Јон Драгумис бил именуван за секретар на грчкиот конзулат во Битола. Веднаш по доаѓањето во Битола, Драгумис ги поставил основите на комитетот Амина (Одбрана), кој имал задача да ги „штити грчките општини од вековните непријатели".[88]

Во февруари 1904 година, Елино-македонскиот комитет издејствувал од владата на Теотокис да испрати четворица офицери[89] во Битолскиот вилает за да ги проучат на терен условите за организирање на андартската вооружена акција. По завршување на обиколката, на 16 април 1904 година, офицерите поднеле опширен извештај до грчката влада.[90] Во него истакнале дека на теренот постојат објективни услови за организирање на грчка вооружена акција против непријателите на елинизмот во Македонија. Овој извештај бил потпишан од тројца од четворицата офицери. Наспроти тоа, Папуљас и Колокотронис испратиле дополнителен извештај со кој укажале дека не постојат услови за организирана четничка акција. Сепак, владата и штабот при грчката армија се определиле за извештајот на П. Мелас и Кондулис. За организирање на вооружената акција во Македонија, при Елино-македонскиот комитет бил формиран Врховен совет од 12 редовни и 10 почесни членови, под претседателство на Д. Калопотакис. При Врховниот совет биле организирани неколку одделенија на чело со офицери од грчката армија, кои требало да ја организи-

---

[87] Јон Драгумис, еден од идеолозите на грчкиот национализам, во една своја книга пишува: „Ако побрзаме да ја спасиме Македонија, Македонија ќе не спаси нас" (Ἴων Δραγούμης, Μαρτύρων και ηρώων αίμα, Αθήνα 1907, 5).

[88] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 132.

[89] Во групата се нашле: капетаните Александрос Кондулис и Анастасиос Папуљас, поручникот Георгиос Колокотронис и потпоручникот Павлос Мелас. Кон нив од Атина се придружил и Коте Христов од с. Руља, отпадник од ТМОРО, со тројца свои четници (Г. Даскалов, Българите в Егейска Македония..., 48; К. Битоски, Грчката „македонска борба"..., 95).

[90] Види: К. Битоски, Грчката „македонска борба"..., 102-107.

раат и раководат андартската акција во Битолскиот вилает.[91] Набрзо потоа Елино-македонскиот комитет изработил статут кој ја определува целта на грчката вооружена пропаганда во Македонија, Тракија, Епир и Албанија. Според него, главна цел на Елино-македонскиот комитет била со сите сили и средства да работи за враќање под лоното на Патријаршијата на сите села и лица кои се откажале од неа.[92]

Во Солунскиот вилает организирањето и раководењето на грчката вооружена пропагандата било отстапено на грчкиот генерален конзулат во Солун. Откако грчката влада согледала дека дотогашниот конзул во Солун, Евгенос Евгенијадис, не ја поддржува идејата за вооружена акција во Македонија, во мај 1904 година на негово место го именувала Ламброс Коромилас,[93] човек со голема енергија кој што одиграл клучна улога во грчката „македонска борба". Коромилас уште додека бил на служба во Пловдив сметал дека сите официјални институции и приватните лица во Грција треба да се ангажираат со сиот потенцијал за да го одбранат и прошират грчкото влијание во Османлиската Империја, а особено во Македонија. По доаѓањето во Солун, Коромилас испратил извештај до владата во Атина, во кој ја нагласил потребата од организирање на вооружена борба за одбрана на хеленизмот во Македонија. Притоа нагласил дека е потребна интензивна пропаганда за промовирање на грчкиот национален дух.[94] Владата на Теотокис во принцип го прифатила планот на Коромилас и му ја доверила организацијата и раководството на грчката вооружена пропаганда во Солунскиот вилает. Под негово раководство, Солунскиот конзулат се претворил во вистински штаб на грчката вооружена пропаганда.

За потребите на андартството грчкиот конзулат бил реорганизиран и пополнет со повеќе службеници, од кои повеќето биле офицери на грчката армија. Според Коромилас, најпогодни за организатори и спроводници на грчката вооружена пропаганда биле офицерите. Веднаш по преземањето на функцијата, Коромилас од грчката влада побарал да му испратат десетина офицери, кои требало да го проучат и подготват теренот за андартската

[91] Г. Даскалов, Българите в Егейска Македония..., 49.

[92] Ристо Поплазаров, Грчката политика спрема Македонија во втората половина на XIX и почетокот на XX век, Скопје 1973, 77.

[93] Р. Поплазаров, Грчката политика спрема Македонија..., 83.

[94] Douglas Dakin, The Greek struggle in Macedonia 1897-1912, Θεσσαλονικη 1966, 200-201.

акција во Македонија. Изборот на офицерите го извршил неговиот брат, Јоргос Хасианестис, кој работел во картографската служба во грчката армија.[95] Споменативе офицери поминале низ специјална обука и во август 1904 година се нашле во конзулатот во Солун.[96] Пред заминување за Македонија, тие биле примени од командантот на армијата и грчкиот престолонаследник – кнезот Константинос. Тој пред нив меѓу другото истакнал: „Татковината очекува многу од вас, и Ве уверувам дека нема да го заборави тоа што ќе го направите“.[97]

По пристигањето во Солун, офицерите добиле конкретни задолженија по региони и активности. Така, за регионот на Бер, Негуш, Меглен (Караџова) и Гевгелија бил задолжен Ексадактилос (Антониу) со неговите помошници, а за Еницевардарско, Кукушко, Лагадинско и Сер бил задолжен Какавос (капетан Зоис).[98] Со терористичките активности во Солун раководел офицерот Селјотис (Николаидис), кој опстојувал под формата на претставник на разни грчки трговски фирми.[99] Во основа, грчките офицери во Солунскиот вилает дејствувале под превезот на учители, инспектори, трговски претставници, рибари, па дури и работници во фабрики.[100] Тие имале обврска да го запознаат локалниот јазик, топографијата на теренот и условите за вооружено дејствување. Поради нивната раздвиженост во конзулатот, Турците не можеле да им го фатат крајот. Конзулатот имал таен влез преку митрополитската црква низ кој се внесувало оружје и муниција, кои се складирале во мали тајни келии, од каде подоцна се доставувале на андартите и селаните.

Според Коромилас, локалните чети кои биле ставени во функција на грчката андартска акција, не требало да бидат водени од локални ајдути. Тој се залага за мешани чети составени од Македонци патријаршисти и Грци дојдени од кралството и од Крит. Коромилас бил свесен дека локалните чети нема да се пот-

---

95 Р. Поплазаров, Грчката политика спрема Македонија..., 83.

96 Групата офицери ја сочинувале: капетаните: Михаил Мораитис, Спиридон Керевлеис и Георгиос Влахојани, поручникот Мазаракис и потпоручниците: Анастасиос Ексадактилос (Антониу), Димитриос Какавос (Зоис), Јоанис Абрасоглу (Абракиотис) и поморскиот офицер Георгиос Какулидис (Ставропулос).

97 Г. Даскалов, Българите в Егейска Македония..., 50.

98 D. Dakin, The Greek struggle in Macedonia..., 201; Р. Поплазаров, Грчката политика спрема Македонија..., 84.

99 Р. Поплазаров, Грчката политика спрема Македонија..., 84.

100 D. Dakin, The Greek struggle in Macedonia..., 201.

чинат на грчкиот оперативен план, па затоа инсистирал на мешани чети. Таквите чети најпрво требало да бидат под контрола и водство на офицерите, за да стекнат извесно искуство на теренот.[101] Покрај тоа, офицерите во своите региони биле задолжени да организираат градски и селски раководни центри на грчката пропаганда, кои врз легални начела ќе дејствуваат според потребите и инструкциите од раководниот центар при конзулатот во Солун.

Поради својата улога во андартското движење, Коромилас предизвикал повеќе реакции од страна на жандармериските офицери, особено руските, при мисијата на Мирцштегските реформи, како и кај Солунскиот валија, но не и кај генералниот инспектор на македонските вилаети, Хусеин Хилми паша, со кој одржувал пријателски односи.[102] Поради неговата компромитација, грчката влада во 1906 година го сменила од должноста генерален конзул во Солун и привремено го назначила за генерален инспектор на грчките конзулати во Македонија,[103] функција која до тогаш не постоела, и која по неговото именување за амбасадор во Вашингтон во 1907 година, повторно била укината.

Со оглед на фатот дека грчката вооружена пропаганда била насочена против македонското револуционерно движење и против влијанието на бугарската пропаганда во Македонија, нејзините интереси се поклопувале со интересите на Османлиската Империја. Оттука, османлиските власти не само што биле толерантни спрема претставниците на грчката цивилна и вооружена пропаганда, туку во многу случаи индиректно, а понекогаш сосема отворено, ги подржувале нејзините активности. Главен покровител на турската политика „подели и владеј“ бил генералниот инспектор на трите македонски вилаети, Хусеин Хилми паша. Од друга страна, грчките андартски чети имале инструкции да ги одбегнуваат судирите со османлиските воени сили, или пак, при евентуални инциденти, да им се предаваат без борба, за потоа да бидат ослободени низ импровизираните судски процеси.

Отворената турско-грчка соработка во прилог на грчката пропаганда во Македонија започнала да се практикува уште во 1903 година. Така, во почетокот на јуни 1903 година, солунскиот патријаршиски митрополит со помош на еден жандармериски

---

[101] Исто, 215.

[102] Исто, 203.

[103] Р. Поплазаров, Грчката политика спрема Македонија..., 86.

офицер и четириесетина војници, во селото Градобор (Солунско) побарал од селаните да се откажат од Егзархијата и да пристапат кон Патријаршијата, при што богослужбата во црквата и наставата во училиштата да се изведува на грчки јазик. Следниот ден истата посета била повторена и во соседното Ново Село.[104] Во почетокот на 1904 година, во с. Смоквица (Гевгелиско) една „непозната" личност во придружба на двајца турски жандарми, селскиот субаша и еден јусбашија, ги повикал селаните да пристапат кон Патријаршијата и да станат Грци, ветувајќи им дека ќе издејствува ослободување на 17-мината затвореници од селото.[105]

Бугарскиот трговски агент во Солун, А. Шопов, во извештајот од 20 март 1904 година, информира дека по сите места во јужна Македонија биле формирани тајни грчки комитети, кои со закани собирале потписи и печати по селата во Воденско, Еницевардарско, Гевгелиско, Дојранско и Солунско. Во таа смисла, низ Еницевардарско и Гевгелиско патувал некој си Чорбаџиоглу – чиновник на грчката влада во придружба на гавазот при грчкиот конзулат во Солун и петнаесетина жандарми. Тој ги собирал градските и селските првенци и им давал одредени упатства кои се држеле во строга тајност.[106] Генералниот инспектор Хусеин Хилми паша, кој во прво време изјавил дека не знае ништо за оваа пропагандна мисија, по инсистирање на цивилните агенти открил дека наводниот Чорбаџиоглу бил вториот драгоман при грчката амбасада во Истанбул, но дека неговата посета била приватна.[107] Меѓутоа, дипломатскиот кор во Солун оценил дека споменатиот чиновник на грчката влада крстарел низ Македонија со претходна согласност и содејство на османлиските власти.[108] Во јули 1904 година, селаните од Топчиево (Солунско) поднеле барање за напуштање на Патријаршијата и премин кон Егзархијата. Наместо одговор, по неколку дена, за време на неделната богослужба, црквата била блокирана од десетина жандарми во присуство на селскиот мудир. Притоа, тие ги зеле клучевите од црквата, а свештеникот Ѓорѓија и псалтирот Стојан ги одвеле за Солун, бидејќи проповедале на „црковно-словенски јазик".[109]

---

104 Реформи V/28 София 20.VII.1903, 3; С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т.2..., 242.

105 С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т.3..., 27-29.

106 ДАРМ, ф. БГК – Солун,, мф. 4280, № 309, 20.03.1904.

107 Исто, 23.04.1904.

108 Исто.

109 С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т.3..., 318.

Таквите примери на „асистенција“ на османлиските власти за премин на населението под покровителство на Патријаршијата, што било главна цел на грчката пропаганда во Македонија, се секојдневни. Оттука, бугарскиот трговски агент во Солун, А. Шопов, во извештајот од 10 септември 1904 година, констатира дека „турските власти едноставно се забораваат во фаворизирањето и раководењето на грчкото пропагандно дело“.[110] Додека во извештајот од 26 ноември 1904 година, Шопов истакнува „некои од тајните чиновници на солунската тајна полиција во исто време биле чиновници и во грчките комитети и чети“.[111]

Турската наклонетост кон грчката пропаганда доаѓа до полн израз особено ако се проследи односот на официјалните институции и на судовите кон разните доставувачи на оружје и заробените андарти.

Така, на пример, во септември 1904 година, во Солунското пристаниште кај главниот учител од Гуменце, кој се враќал од Атина, било пронајдено едно сандаче со 11 револвери и стотина куршуми. Тој најпрво се обидел да се ослободи со поткуп, но бил приведен, за по неколку дена наполно да биде ослободен.[112] Кон крајот на октомври, солунската полиција на морскиот брег блиску до Солунското пристаниште пронашла 26 каси полни со револвери и куршуми и пропратна документација од која се гледало дека тие биле натоварени од пристаништето Воло во Грција. Во врска со овој случај, власта привела само еден гаваз, без да преземе посериозни мерки за истражување на случајот.[113] Во декември 1904 година, од Гевгелискиот затвор биле ослободени седуммина андарти, кои пред еден месец биле фатени кај с. Богданци.[114] Нивното ослободување било сторено врз основа на член 46

---

[110] ДАРМ, ф. БГК – Солун, мф. 4280, № 720, 10.09.1904.

[111] Исто, № 2039, 26.11.1904. Оваа констатација Шопов ја поткрепува со однесувањето на власта во врска со убиството на едно 14 годишно момче од Гевгелиско, син на Гоце Мицов, од страна на андартите. Поради овој случај една делегација заминала во Солун за да се пожали пред тамошните власти и пред цивилните агенти. Притоа на прашањето од иследникот кон Гоце Мицов во кој се сомнева за убиството на неговиот син, Мицов навел три имиња за кои истакнал дека се плаќани од грчкиот комитет. На тоа иследникот возвратил: „Тие момчиња се наши луѓе (на полицијата), затоа кажете во кој друг се сомневате“.

[112] ДАРМ, ф. БГК – Солун, мф. 4279, № 771, 23.09.1904.

[113] Исто, № 905, 30.10.1904.

[114] Во врска со овој настан види: С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т.3..., 476-480; 508.

од османлискиот казнен закон, кој не предвидувал казни за лица припадници на чети, кои не биле началници и се предале без борба.[115] Оттука, бугарскиот трговски агент заклучува дека спомената одредба од овој закон ќе се применува за сите грчки андарти, поконкретно и за грчката андартска чета од 70 души која се предала на власта кај с. Петрово – Еницевардарско.[116]

Очигледно османлиската власт немала принципиелен став кон фатените вооружени лица. Така, додека четници од ТМОРО биле судени од вонредни судови и по скратена постапка со максимални казни, андартите биле изведувани пред редовните судови, кои им одредувале минимални казни, или пак ги ослободувале. Најдобро сведоштво за селективната примена на правото кон андартите и македонските револуционери претставува една телеграма на генералниот инспектор Хусеин Хилми паша, испратена до Високата порта во март 1905 година. Во неа меѓу другото се вели: „Дејствијата на грчките чети се противзаконски и подлежат на казни, но бидејќи овие чети се борат само со бугарските, а кога ќе се сретнат со турската војска се предаваат без да употребат оружје, судењето за нив е предоставено на обичните судови“.[117] Нешто подоцна, по интервенција на централната власт од Истанбул, било наредено заробените андарти да се осудуваат од вонредните судови, под услов ако употребиле оружје против турските сили,[118] што било тешко да се докаже. Оттука, бугарскиот трговски агент, А. Шопов, во август 1905 година во еден извештај пишува: „Солунскиот вонреден суд при разгледувањето на делата на грчките андарти многу красноречиво докажува дека има инструкции да ги фаворизира и протежира, и да ги суди колку за очи и да ги ослободува“.[119]

На таквата османлиска поддршка, грчката заедница во Македонија и нејзините раководни структури возвраќале со двулична лојалност и протурски манифестации, кои понекогаш наликувале на комични ситуации. Турско-грчкото сојузништво во заплетканите „македонски работи“, најдобро дошло до израз во Солун во август 1905 година, при прославувањето на денот од устоличувањето на султанот Абдул Хамид. Тогаш куќите на сите видни Грци во Солун, независно дали биле елински или турски

[115] ДАРМ, ф. БГК – Солун, мф. 4280, № 1091, 24.12.1904.

[116] Исто.

[117] Г. Даскалов, Българите в Егейска Македония...,70.

[118] Р. Поплазаров, Грчката политика спрема Македонија..., 97.

[119] Г. Даскалов, Българите в Егейска Македония...,70.

поданици, во пресрет на празникот биле украсени и илуминирани, како никогаш до тогаш. Истовремено, оркестарот на грчкиот клуб од Солун, во придружба на своите членови, ги обиколувал куќите на видните турски чиновници и бегови, свирејќи ја турската химна и по некоја грчка мелодија. Притоа, Грците се веселеле повеќе од Турците.[120] Овие отворени грчко-турски овации всушност биле одраз на тајната грчко-турска соработка во Јужна Македонија, наспроти македонското револуционерно движење и бугарската пропаганда. Солунските Грци јавно зборувале дека напредувањето на грчките чети во Македонија се должело на една тајна спогодба, чии подробности не биле познати за јавноста.[121] Во знак на благодарност поради покровителскиот однос кон андартските чети во Македонија, по предлог на солунскиот конзул, Л. Коромилас, грчката влада во 1906 година ги одликувала Хусеин Хилми паша и солунскиот валија Рауф паша со орденот „Спасител“ од прв степен.[122] Случајно или не, симболиката доволно зборува за какви спасители станува збор. Оваа турско-грчка комедија била за сметка на македонското егзархиско население и револуционерното движење, но и на угледот и престижот на Османлиската држава, која со таквата политика ги скратувала деновите на своето преживување на овој простор.

Освен со официјалните власти, претставниците на грчката вооружена пропаганда започнале да негуваат пријателски односи и со турските бегови и другите чифликсајбии. Се разбира, тоа било неопходно за андартските чети слободно да се движат по селата во нивните чифлизи. Така, на пример, чифлигот на Гркот Харисис кај станицата Килиндир,[123] станал вистинска андартска база во овој регион. Додека пак земјопоседникот Рахман бег, кој живеел во близина на Еницевардарското езеро и бил главатар на едно влијателно семејство, сосема отворено ги подржувал андартите. Тој, преку грчкиот адвокат Маркос Теодоридис, воспоставил блиски односи со грчкиот офицер Константинос Мазаракис, кој раководел со вооружената пропаганда во Еницевардарско. Чифлигот на Рахман бег оттогаш служел како постојано засолниште за грчките чети и агенти. Токму на чифлигот на Рахман бег, под покровителство на Мазаракис, била формирана локална грчка чета предводе-

---

[120] В. Георгиев и С. Трифонов, Гръцката и сръбската пропаганди в Македония..., 67-68.

[121] Исто, 68.

[122] Р. Поплазаров, Грчката политика спрема Македонија..., 98.

[123] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 202.

на од капетан Јоргаки, „албанофон Грк“ од леринското село Негован, која требало да дејствува во Мегленско и на Пајак планина.[124] Грчката пропаганда за пари во своја корист ги ангажирала и најниските чиновници во османлискиот систем. Така во селото Богданци (Гевгелиско) петмина Турци – колџии од режијата за тутун, за пари служеле и како водачи и прикривачи на андартските чети во споменатиов регион.[125]

Сето тоа предизвикувало револт кај Еницевардарскиот војвода Апостол Петков, кој покрај тоа што влегол во војна со андартските чети, честопати преземал казнени акции спрема нивните помагачи, независно од нивната етничка и конфесионална припадност.

Ако се има предвид дефинираната линија на грчките интереси во Македонија, која ги опфаќала градовите Охрид, Прилеп, Крушево, Струмица, Мелник и Неврокоп, како и задачите на андартските чети да го зацврстат грчкото влијание до таму, само со бегол поглед врз картата на османлиска Македонија веднаш паѓа во очи централната местоположба на Еницевардарската каза.

Од друга страна, ако се има предвид дека најголемиот дел од грчките андартски чети кои на територијата на Солунскиот вилает доаѓале по копно од Грција, покрај Олимп и низ казата Катерини, тогаш јасно е дека на почетокот најсигурни места каде што тие на теренот можеле да најдат извесна поддршка кај локалното население биле областите околу Бер и Негуш. Истото важело и за оние чети што доаѓале по море преку Солунскиот залив. На патот од таму кон централна Македонија, до каде се протегала линијата на грчките интереси, се наоѓале Еницевардарското блато и планината Пајак, каде населението во конфесионална смисла доминантно припаѓало кон Бугарската егзархија, а во политичка смисла било под влијание и контрола на македонското револуционерно движење, под водство на Апостол Петков. Практично, тој го контролирал просторот на југ од пред Солун до Бер, а на север до источните граници на Мегленско, до пред Гевгелија. На запад неговото влијание достигало до пред Воденско и Мегленско, а на исток до реката Вардар. Најистуреното и најсилно упориште на Апостол Петков се наоѓало во југозападниот дел на Еницевардарското блато, каде што околните села биле добро

[124] Х. П. Ἴντος, Κέντρα οργάνωσης... 186.

[125] ДАРМ, ф. БГК – Солун, мф. 4280, № 965, 17.11.1904.

организирани. Оттука четите на ТМОРО ги контролирале патиштата кои тргале од Солун на запад кон Бер и Воден.[126] Покрај тоа, низ Еницевардарско, Бојмија и Пајак планина минувале комуникациите кон централна Македонија во правец на Мариово, Гевгелија, Дојран и Струмица. Меѓутоа, грчкиот пробив кон централна Македонија воопшто не би бил можен без соодветна логистика на теренот помеѓу Негуш – Бер и централна Македонија, всушност без здрава потпора во Еницевардарско.

Очигледно, Еницевардарската каза, која ја контролирал Апостол Петков и која била најистурената територија под контрола на ТМОРО, се нашла на патот на грчките интереси, при што ги прекинувала врските на андартските чети од југ, на патот кон централна Македонија. Така Апостол Петков, поради геостратешкото значење на територијата што ја контролирал и потенцијалот со кој што располагал, станал најголема пречка за пробивот на грчката вооружена пропаганда кон централните делови на Македонија.

Според изворите, Апостол Петков во 1904 година држел под контрола значаен потенцијал како воена сила, која претставувала сериозна бариера за грчките планови. Според Ѓакон Евстатиј, Апостол Петков, на почетокот на пролетта 1904 година, околу себе држел околу стотина вооружени лица.[127] Според Ѓорче Петров, Апостол во текот на летото 1904 година околу себе имал цела класа од околу 100–120 месни стари четници.[128] Според еден извештај на грчкиот конзул Коромилас од Солун, од 20 мај 1904 година, Апостол Петков оперирал со околу 150 луѓе на просторот помеѓу Негуш, Бојмија, Ошин и реките Вардар и Мегленица.[129] Дури и ако прифатиме дека споменативе бројки се преувеличени, факт е дека според трите извори бројката на вооружени лица кои биле под контрола на Апостол Петков не е помала од стотина души. Се разбира, не станува збор за единствена компактна групација која се движела заедно, туку под оваа бројка веројатно треба да се подразберат сите вооружени лица, вклучително и селската милиција, која се собирала по потреба. Сите тие биле поделени

[126] D. Dakin, The Greek struggle in Macedonia..., 273-274.

[127] Изъ споменитѣ на Дяконъ Естатий..., 23.

[128] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 215.

[129] D. Dakin, The Greek struggle in Macedonia..., 164. Според Д. Дакин, Апостол Петков и Аргир Манасиев од Еницевардарското блато претставувале сериозна закана за сите патријаршисти од Еницевардарско, Воденско, Гевгелиско, па дури и за самиот Негуш (Исто, 166).

во десетини, кои дејствувале под водство на поедини подвојводи во разни делови од Еницевардарската каза, а биле под врховна команда на Апостол Петков.

Грчкиот конзулат во Солун, откако го согледал потенцијалот на Апостол Петков и значењето на територијата што ја контролира, се обидел да го придобие за својата кауза. За таа цел, во почетокот на јуни 1904 година, од името на грчкиот конзулат во Солун, еден грчки пратеник во Еницевардарско преговарал со Апостол Петков во смисла тој да не ги преследува грчките активисти во овој регион. Притоа му било предложено да работи за елинската кауза, заедно со грчките чети кои набрзо требало да пристигнат во реонот.[130] Истовремено, грчкиот пратеник на Апостол му ветил пари за издршка на четата, оружје, муниција и експлозивни материјали. Сметајќи дека ќе го надмудри грчкиот пратеник, Апостол наводно се согласил на соработка, со намера да го извлече ветеното оружје и паричните средства.[131] За сето тоа војводата ги информирал своите претпоставени началници, кои му забележале на постапката, бидејќи тој едвај би бил во можност да надмудри еден грчки конзул.[132] Така, овој грчки обид за поткуп на Апостол Петков и негово ставање во функција на грчката вооружена пропаганда пропаднал во старт. Дури напротив, Апостол Петков станал најголемиот борец против грчката андартска акција во Македонија. Почнувајќи од 1904 година, па до крајот на својот живот, тој најголем дел од енергијата и ресурсите со кои располагал, постепено ги трошел во борбата против грчките андарти.

Со воспоставувањето на мрежата на грчките комитети низ јужна Македонија биле создадени неопходните претпоставки за појава на првите грчки чети во Солунскиот вилает. Според Х. Силјанов, тие се појавиле во септември 1904 година.[133] Некои од нив пристигнале по копно откај Олимп и Бер, други по море, а трети биле формирани на самите места од приврзаниците на елинизмот во Македонија, како и од одредени отпадници од македонското революционерно движење. Раководството на андартските четите во Солунскиот вилает им било доверено на офице-

---

[130] ДАРМ, ф. БГК – Солун, мф. 4280, № 483, 6.06.1904; Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 202; В. Георгиев и С. Трифонов, Гръцката и сръбската пропаганди в Македония..., 39.

[131] ДАРМ, ф. БГК – Солун, мф. 4280, № 483, 6.06.1904.

[132] Исто.

[133] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 202.

рите: Сурис (подоцна капетан Буас), Мараитис, Кукулиндис (подоцна капетан Драгос), поручникот Мазаракис (подоцна капетан Акритас). Сурис, кој раководел со целата андартска акција во вилаетот, како први андартски бази подлабоко на територијата на Солунскиот вилает ги имал чифлигот на Гркот Харисис кај станицата Килиндир, потоа селата Малаџа, Петрово, Богданци и други. Во овие места, непосредно пред доаѓањето на четите од Грција, биле подготвени поединци за да им се придружат. На чело на првите чети кои дошле по море се нашле капетаните Леонидас Папамаленос и Манолис Кацигорис, двајцата од Крит.[134] Меѓу првите мештани од Еницевардарско кои се придружиле кон андартите биле браќата Гоно, Трајан, Лазар и Митре Дојама од селото Баровица.[135] Тие започнале да дејствуваат на просторот помеѓу Еницевардар, Гуменџе и Гевгелија. Браќата Дојама воспоставиле соработка со Гоно Јотов (братучед на Апостол Петков), поранешен четник на МРО, кој во 1904 година преминал на грчка страна. Нивна главна преокупација било елиминирањето на Апостол Петков.[136]

Бугарскиот трговски агент од Солун, А. Шопов, во својот извештај од 17 септември 1904 година, информира дека грчките чети почнале да даваат знаци на живот на територијата на Солунскиот вилает.[137] Точно по два месеци, А Шопов известува дека грчките чети зеле замав во Солунскиот вилает. Според него, нивното внимание било насочено кон Воден и Гевгелија, а пасивноста на османлиските власти одела во нивен прилог. Само во крајни случаи и по иницијатива на локалното население, власта преземала одредени мерки.[138] Покрај тоа, Шопов констатира дека андартското влијание во овие кази успеало да се зацврсти поради малобројните и слаби чети на Организацијата. Според истиот извештај, андартските четници, независно од тоа дали биле Турци, Албанци, Власи или Македонци - патријаршисти, биле плаќани по 2 лири месечно, при што сите водачи и инструктори биле од кралството Грција и островот Крит.[139] Четите имале задача преку заплашување, терор и убиства да го принудат македонското населението од егзархиските села, како и Власите кои биле под влија-

[134] Исто.

[135] Κωνστανίνος Δογιάμας, Οι μακεδονομάχοι αδελφοί Δογιάμα, Θεσσαλονίκη 2007, 1.

[136] Исто, 2.

[137] ДАРМ, ф. БГК – Солун, мф. 4280, № 743, 17.09.1904.

[138] Исто, № 965, 17.11.1904.

[139] Исто.

ние на романската пропаганда, да пристапат кон Патријаршијата и да се изјаснат за Грци.

5. Хронологијата на 1904 година во Ениџевардарско и неговата околина бележи повеќе настани кои се поврзани со војводата Апостол Петков. Пред сè тоа се инциденти со османлиските сили и повеќе закани и егзекуции врз активисти на грчката пропаганда. Повеќето егзекуции се извршени заради предавства на четите на Организацијата во претходната 1903 година, но уште повеќе заради отворената соработка и активна улога на егзекутираните лица со новиот вооружен курс на грчката пропаганда. Се разбира, иако Апостол Петков лично не учествува во сите настани, тие сепак се поврзани со неговото име, бидејќи биле вршени од негови луѓе и во негово име.

Според извештајот од 25 јануари 1904 година на дописникот на Ројтерс од Солун, во почетокот на годината немирите во внатрешноста на Македонија продолжиле со исто темпо. Притоа се додава: „Само дејствијата на Апостол се доволни да покажат дека нередот е без контрола. Овој војвода ретко дозволува да помине ден, без да изврши некое смело дело пред самиот нос на турските власти. Еден ден, помеѓу Гуменџе и с. Крива, го уби кметот Атанас, за кој се сомневаше дека е предавник. Следниот ден ги уби турските субаши на една фарма (чифлиг, б.н.) во близина на Enиџе. Негово последно дело е палењето на неколку куќи во с. Крива“.[140]

Според османлиските извори, на 12/25 февруари 1904 година, една чета во јачина од 26 души, на која како водачи се посочени Апостол Петков и некој си Јани (?!) имала судир со османлиските војски кај с. Стојаково. Притоа, од страна на четата имало тројца убиени, а од војската тројца ранети.[141]

Според Д. Дакин, во март 1904 година, четата на Апостол Петков ликвидирала двајца патријаршисти во селото Крива, бидејќи не ги внеле потребните пари во касата на Организацијата.[142] Весникот „Evening Post“, кој излегува во Нов Зеланд, повикувајќи се на дописникот на Ројтерс од Солун, на 19 март 1904 година, пишува дека ситуацијата во Македонија нема напредок. Во прилог на оваа констатација се вели: „Убиствата, насилства и

[140] The Register, vol. LXIX, No. 17864, February 15, 1904, 7.

[141] Turkey No. 4 (1904), Further correspondence respecting the affairs of South-Eastern Europe, London 1904, 114; Турски документи за оружените борби во Македонија..., 138.

[142] D. Dakin, The Greek struggle in Macedonia..., 97, белешка 54.

престрелките помеѓу четите и војската се секојдневна појава. Капетанот Апостол се спушти заедно со четириесет луѓе во едно село на два часа од Енице, кое одби да ги достави бараните средства. Тој уби неколку селани, ограби толку колку што му посака срцето и успеа да се повлече пред да пристигнат трупите“.[143]

Според Х. Шалдев, на Велигден 1904 година, четата на Апостол Петков била откриена кај с. Корнишор. Тогаш, покрај војската, во акцијата против четата настапиле и неколку гркомани од Гуменџе и околните села.[144] Набрзо потоа, за да го потврди своето присуство на теренот, Апостол Петков влегол во судир со една османлиска единица кај с. Мандалево.[145] Според турската документација, овој судир се одиграл на 16 мај 1904 година, при што четата броела околу 60 души, а во текот на судирот двете страни минале со по еден ранет.[146]

Со оглед на геостратешкото значење на Еницевардарската каза за грчката вооружена пропаганда воопшто, истата настојувала да го зацврсти своето присуство во Гуменџе, од каде можело да се влијае во поширокиот регион на Бојмија и Пајак планина. Главен раководител на грчката пропаганда во Гуменџе и понатаму бил лекарот Ангелаки Сакелариос, кој по успешното лечење по преживеаниот атентат се вратил во Гуменџе, како најревносен претставник на елинизмот. Освен во Гуменџе, тој подржувал прогрчки групи во селата Крива, Петрово и други. Покрај Сакелариос, во Гуменџе пристигнале Кочо и Јани од Атина, кои под заштита на власта започнале да го тероризираат мнозинското егзархиско население на севозможни начини. Тие, меѓу другото, ги уништувале дури и лозјата и родните дрвја на локалното население, а потпалиле и неколку воденици.[147]

Некаде по Лазаровден, под раководство на Сакелариос, активистите на грчката пропаганда во Гуменџе подметнале една кошница со бомби и едно компромитирачко писмо на таванот на бугарското училиште.[148] Во писмото било наведено дека бомбите

---

143 Evening Post, Vol. LXVII, Issue 67, 19 March 1904, 12.

144 Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина... , г. V (43), 16.

145 Исто, г. IV (39), 14.

146 Турски документи за оружените борби во Македонија..., 145. Меѓутоа, според Х. Шалдев, овој судир бил на 2 мај 1904 година. Според Шалдев, четата убила неколку души, меѓу кои и јусбашијата со неговиот коњ (Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина..., 9 (39), 14).

147 Хр. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина... , г. V (43), 16.

148 Исто.

наводно требало да се искористат за акција против турската касарна, мудурлукот и грчкото училиште.[149] Поради ова подметнување, власта ги привела сите учители од егзархиското училиште и триесетина првенци. Меѓутоа, подоцна при истрагата, врз основа на јазикот и стилот на писмото се покажало дека тоа било пишувано и подметнато од Грци, поради што приведените биле ослободени.[150]

Откако грчката пропаганда во почетокот на 1904 година со поддршка на власта почнала да го радикализира својот пристап и притисок врз христијанското население за негово приоѓање кон Екуменската Патријаршија, а со тоа да се изјаснува како грчко, Апостол Петков преземал разни активности да ја попречи и неутрализира таквата активност. Притоа честопати се служел со предупредувања и закани преку писма кои го носеле неговиот печат, но и со ликвидации на најистурените претставници на таквата грчка иницијатива. Според едно писмо од 19 мај 1904 година, испратено од архимандритот Иринеј од Гевгелија до Солунскиот патријаршиски митрополит, Апостол Петков испратил предупредувачко писмо до свештениците во влашкото село Ошин, со кое ги предупредил во иднина во православните храмови да не служат богослужба на грчки, туку на романски јазик, а наместо Патријархот да го спомнуваат Егзархот.[151] Според архимандритот Иринеј, споменатово писмо предизвикало сериозен страв кај свештениците и учителите за да не паднат во раце на комитетот и да завршат како татко му на еден од учителите. Освен препис од писмото, Иринеј го испратил и неговиот оригинал до солунскиот митрополит, со молба подоцна да му биде вратен.[152]

Мошне интересно е да се одбележи дека архимандритот Иринеј во писмото воопшто не наведува дека станува збор за влашко население. Од друга страна, пак, треба да се нагласи, дека Организацијата уште од пред Илинденскиот период негувала добри односи во влашкото население од овој регион врз основа на платформата автономија на Македонија, поради што, за да го дистанцира ова население од грчкото влијание, отворено ја поддржувала неговата тенденција за богослужба и образование наместо на грчки, на мајчиниот влашки, или пак на романски јазик.

[149] Исто, 4 (44), 16.

[150] Исто.

[151] Μουσειο Μακεδονικου αγωνα, Οι απαρχες του Μακεδονικου αγωνα (1903-1904)..., 168-169.

[152] Исто.

Токму овој момент претставува демант на грчките тенденциозни обвинувања дека Организацијата претставувала продолжена рака на Егзархијата и на бугарската пропаганда воопшто. Во спротивно, ако било така, Организацијата по примерот на грчката пропаганда би вршела притисок врз влашкото население за богослужба и образование на бугарски јазик, како што тоа било во сите егзархиски цркви и училишта.

Во музејот на Македонската борба во Солун се чува оригиналното писмо кое било испратено од Апостол Петков на 5 мај 1904 година до Димитри Кехаја од Гевгелија.[153] Интересно е тоа што писмото е напишано со обичен молив, со грчки букви, но на локален македонски јазик. Примателот на писмото, Димитри Кехаја, бил богат првенец, Влав од Гевгелија. Тој бил приврзаник на хеленизмот и соработник на грчката пропаганда, поради што бил еден од главните противници на отворањето на бугарско училиште во Гевгелија.[154] Писмото има сосема кратка содржина. Со него споменатиов Димитри Кехаја е поканет да внесе 10 турски лири и, ако сака, да се сретне со луѓето од четата. Веднаш потоа се вели, доколку не сака да се сретне со нив, парите да ги предаде на Гоно од с. Зорба. На крај се додава дека откако Организацијата ќе ги прими парите, за тоа ќе му издаде и расписка. За разлика од многу други писма, во ова писмо нема никакви закани. Во таа смисла на крајот едноставно се вели: „Побрзо парите“ и „Со братски поздрав“, а потоа следи „Апостол, војвода“.[155] Неспорно, споменатово писмено обраќање кон Димтри Кехаја и барањето на 10 лири од него во прилог на Организацијата, претставува своевидно предупредување и казна поради неговото проелинско однесување. Не ни е познато дали Димитри ги внел побараните пари, или пак, доколку тоа не го сторил, што било преземено против него. Меѓутоа, со оглед на фактот дека споменатово писмо завршило во музејот на Македонската борба во Солун, неспорно е дека истото било предадено на грчкиот конзул. Од друга страна, Димитри бил двоен играч, така што освен со Грците, тој на ист начин соработувал и со Романците. Поради неговата игра на повеќе страни, подоцна по наредба на Аргир Манасиев бил ликвидиран неговиот син – Никола.[156]

---

153 Ά. Ἰωαννίδου, Σλαβικά κείμενα σε ελληνική γραφή..., 63.

154 Исто, 63-64.

155 Исто, 65-66.

156 M. Paillarès, Η Μακεδονική θύελλα, Τα πύρινα χρόνια, 1903-1907, Αθήνα 1994, 231.

Управникот на грчкото училиште во Гуменџе, Григориј Ладакакос, на 2 јуни (ст. стил) 1904 година, го информира Солунскиот патријаршиски митрополит дека членови на „комитетот од убијци" се сместиле во гратчето за да се спојат со тамошните разбојници.[157] Според него, тие испратиле писмо до свештениците од кои побарале „данок за независност во демек заедничката борба". Во извештајот се наведува дека побарале по 10 пари од ока од секој, а од тројца – четворица по 20 лири. Според писмото, парите требало да му се предадат на Апостол Петков. Истовремено од лекарот Ангелаки Сакелариос (организаторот на грчката пропаганда) бил побаран еден пиштол од системот Музер. Учителот Ладакакос на крајот од извештајот вели доколку не бидат прифатени барањата, постои можност комитетот да примени насилство.[158] Според ова, неспорно е дека Организацијата започнала да го притега обрачот околу Сакелариос и неговите поддржувачи во Гуменџе. Меѓутоа, ниту патријаршистите не седеле со скрстени раце. Тие ја чекале првата погодна прилика за да возвратат на своевиден начин. Резултатот од тоа дошол набрзо.

Според официјалната турска статистика за вооружените судири во Македонија, на 2 јули 1904 година, чета во состав од 30 души, под водство на Апостол Петков, била опколена во Гуменџе. Притоа војската заробила еден четник и 1 манлихера, но имала и двајца ранети. Во објаснувањето за овој судир се вели дека војската ја опколила куќата во која се криела четата, а од бомбите настанал пожар при што изгореле 29 куќи од кои 10 им припаѓале на патријаршистите. Понатаму во извештајот се додава дека бил ранет и полицаецот Исак ефенди, а на другата страна бил заробен Божин Папа Марко од с. Бедерли.[159] Следниот ден, откако за настанот се заинтересирал рускиот конзул во Солун, властите изјавиле дека според телеграма од кајмакамот на Ениџе Вардар, под чија надлежност припаѓа Гуменџе, наводно според признанијата на заробениот Божин, 30-ина четници се затвориле во една куќа и загинале во пожар кој бил предизвикан од динамитна-

[157] Μουσειο Μακεδονικου αγωνα, Οι απαρχες του Μακεδονικου αγωνα (1903-1904) ..., 117.

[158] Исто.

[159] Турски документи за оружените борби во Македонија..., 148. Меѓутоа, според останата документација, спомenatиов настан се одиграл вечерта на 19 спроти 20 јуни (по стариот календар) што одговара на 1 спроти 2 јули 1904 година (Види: С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т.3..., 237-238; 241-242).

та бомба што ја фрлиле четниците, при што пожарот зафатил 29 куќи.[160]

Меѓутоа, вистината за овој настан е сосема поинаква. Како прво, во Гуменџе немало ниту 30 четници, ниту Апостол ја предводел четата, ниту пожарот во кој изгореле 29 куќи бил предизвикан од бомби што ги фрлиле комитите. По интервенција на рускиот конзул, солунскиот валија покренал истрага за настанот. Полицискиот комесар кој ја предводел истрагата утврдил дека четата во Гуменџе се состоела од 5 души и била предводена од заробениот Божин (Божо), кој важел за еден од помошниците на Апостол. Откако четата била опколена во куќата каде што се криела, започнала престрелка во која биле ранети двајца војници и еден полицаец. Поради тоа војниците ја полеале куќата со керозин и ја потпалиле, а од тоа настанал пожар кој зафатил 29 куќи, од кои 10 им припаѓале на патријаршисти. Според истиот иследник, началникот на „бандата“ – Божин, бил фатен жив со оружје в раце при претресот на куќите, уште пред да започне пожарот. Под урнатините на изгорените куќи биле пронајдени три јагленосани трупови, за кои се сметало дека се четници, бидејќи сите жители на Гуменџе биле на број.[161] Откако била поднесена оваа информација, по наредба на генералниот инспектор Хусеин Хилми паша, кајмакамот на Еницевардар бил отстранет од должноста заради давање на лажни сведенија.[162] Се чини дека и оваа информација не го дава целосниот одговор за пожарот, бидејќи како причина за неговото избувнување се наведува потпалувањето со керозин на куќата во која се криеле четниците. Меѓутоа, во жалбата на Иван Карагеоргиев од Гуменџе, испратена до рускиот жандармериски инструктор во Солунскиот вилает, јасно е наведено дека неговата куќа била запалена по заповед на воениот аптекар, по извршениот претрес, откако во неа не било пронајдено ништо.[163] Ова упатува на заклучок дека на сличен начин биле запалени и други куќи, па така пожарот зафатил дури 29 куќи. Освен тоа, при овој претрес на куќите во Гуменџе, многу куќи биле наполно опљачкани.[164] Според еден извештај од Гуменџе до грчкиот конзул Коромилас во Солун, штетата на изгорените куќи во Гуменџе се проценува на 10 000 турски лири, при што само па-

[160] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т.3..., 241.

[161] Исто, 241-242.

[162] Исто, 242.

[163] Исто, 237.

[164] Исто, 237-238.

тријаршиските куќи вределе 8000 лири.[165] Според овој извор очигледна е тенденцијата да се омаловажи вредноста на имотот на егзархистите, наспроти оној на патријршистите. Така, според овој извештај, деветнаесетте изгорени куќи на егзархистите чинеле само 2000 лири, а десетте изгорени куќи на патријаршистите чинеле 8000 лири. Според други податоци од грчка провениенција, висината на штетата за изгорените куќи изнесувала над 15 000 турски лири.[166]

Настанот во Гуменџе предизвикал писмена реакција на војводата Буберов (!?) до воденскиот патријаршиски митрополит. Според писмото кое е објавено во „Революционерен лист“, инцидентот во Гуменџе бил предизвикан поради грчко предавство.[167] Поради тоа, во писмото лично е обвинет патријаршискиот митрополит во Воден. Меѓутоа, многу поинтересно е тоа што овој повод е искористен за уште едно презентирање на целите на Организацијата. Така, во писмото меѓу другото стои: „Во својство на привремена влада и раководител на судбината на христијанското население, Революционерната Македоно-одринска организација следи сè што се случува со христијаните, а особено внимава на работата на народните водачи и началници, како и на владините чиновници... и дава нужна поддршка на постраданите... Најмногу нè збунува шпионството на христијаните пред христијанскиот мачител – Турчинот, а особено предавство, кое станува причина да се лее христијанска крв и тоа крв на луѓе, толку скапи за многустрадална Македонија, кои се жртвуваат за благосостојбата на ближниот... Ние играме улога на привремена влада за сите христијански робови во Турција, без разлика на народност и вера, притоа чувајќи се од секое мешање на штетно и неоправдано вмешување на национални расправии, кои ги зголемуваат и така големите народни страдања, и кои со својата цел и развратност ја подржуваат турската власт“.[168] Понатаму во писмото се вели дека извршеното предавство во Гуменџе е во надлежност на организациския суд, но авторот на писмото додава дека не може да поверува дека еден духовен пастир свесно би го запишал своето име во списокот на христијанските убијци и турските сојузници. Поради тоа владиката се поканува да докаже со дела, дека тој не

[165] Μουσειο Μακεδονικου αγωνα, Οι απαρχες του Μακεδονικου αγωνα (1903-1904)..., 189.

[166] Χ. Π. Ἰντος, Κέντρα οργάνωσης... 187.

[167] Писмо, Революционенъ листъ, № 1, 12 августъ 1904, 12.

[168] Исто.

треба да биде заведен во списокот на предавниците кои подлежат на правосудство пред „Привремената Влада на Револуционерна Македонија“.[169]

Во периодот кога избил инцидентот во Гуменџе, Апостол Петков со својата чета се движел по полските села помеѓу Воден, Бер и Негуш.[170] Местото на пребивање на четата на Апостол било познато за „целиот свет во градот Еницe Вардар и околијата“.[171] Притоа, четата често повикувала луѓе кај себе, како од градот, така и од селата, и разгледувала разни недоразбирања, вклучително и брачни спорови. Тоа му било познато на секој и сите со покорност ги исполнувале решенијата на четата.[172] Во исто време во споменатиов регион се движеле две албански и една влашка чета. Последната наводно дошла за да им се одмазди на двете албански чети. Меѓутоа, власта не презела ништо за преследување на ниту една од постојните чети. Веројатно во овој случај, непреземањето на мерки од страна на власта за преследување на споменативе чети, може да се протолкува како смислена тактика, оставајќи ги ривалските чети да се преследуваат и истребуваат меѓу себе. На таков заклучок нѐ упатува фактот што населението на Негуш, кое се плашело од присуството на Апостол Петков, поднело барање до вилаетските власти да го зголемат военото присуство во овој крај заради нивна заштита.

Според еден извештај од грчкиот конзулат во Солун од 8 јули 1904 година, Апостол Петков со грабањето на стока и палење на имотите на патријаршистите од Гуменџе им нанел штета во вредност од 4000 турски лири. Притоа до нив често испраќал предупредувачки писма, дека доколку не се откажат од Патријаршијата, ќе бидат подложени на економски бојкот.[173]

Во август 1904 година, четата на Апостол Петков ликвидирала неколкумина шпиони – патријаршисти во селото Градобор, Солунско. Ова село се наоѓа на десетина километри северно од Солун, на левиот брег на реката Вардар. Според статистиката на секретарот на Егзархијата, Д. Мишев, во 1905 година селото имало 780 жители егзархисти и 260 патријаршисти, при што во селото работеле бугарско и грчко училиште.[174] Една ноќ во 1903 годи-

[169] Исто.

[170] В. Георгиев и С. Трифонов, Гръцката и сръбската пропаганди в Македония..., 40.

[171] Исто, 41.

[172] Исто.

[173] Г. Χ. Μοδη, Μακεδονικος αγων και μακεδονες αρχηγοι..., 306.

[174] Brancoff, D.M., La Macédoine..., 218-219.

на, Атанас Димитров Чопката,[175] влегол во Градобор за да регрутира млади момчиња за својата чета. Освен неколкуте егзархисти, тој успеал да регрутира и две момчиња чии што семејства биле патријаршисти. Пред да го напушти селото, Чопката го предупредил грчкиот учител ако поради тоа изврши предавство, дека „ќе го раскинат на парчиња". По неколку дена учителот Трендафил отишол во Солун и го пријавил случајот на грчкиот конзул,[176] а овој веројатно пак на османлиските власти. Поради тоа власта испратила два одреди војска која ја опколила четата и ги ликвидирала сите комити. Телата на убиените биле закопани во масовна гробница.[177] Како акт на одмазда за ова предавство, на 28 август 1904 година, неколку четници на Апостол Петков влегле во селото и го ликвидирале првенецот Трајко, двајцата негови синови и сопругата Велика. Покрај тоа комитите ја запалиле и разурнале нивната куќа. Жртвите на оваа одмазда биле погребани во Солун, при што погребот го предводеле солунскиот патријаршиски митрополит и грчкиот конзул.[178]

Следниот ден по одмаздата во Градобор пристигнал Солунскиот митрополит –Александар, кој за овој настан испратил извештај до екуменскиот патријарх во Истанбул.[179] Во опширниот опис на настанот, митрополитот меѓу другото пишува: „Погледот врз искасапените тела беше толку ужасен што ниедно перо не може да го опише. Јазикот ме предаде, мозокот ми се замрачи, несвесно се повлеков наназад и морници ми пројдоа низ телото. Паднав на колена, а срцето почна да ми бие како излудено. Невозможно е да се замисли дека човековото срце би можело да зами-

---

[175] Во грчката литература овој настан е сместен во 1904 година, при што како водач на четата се посочува Чопкос (Види: Ερατώ Ζέλλιου-Μαστοροκώστα, Αγωνιστές του Μακεδονικού αγώνα από τον Ταξιάρχη (Λόκοβη) Χαλκιδικής, Μακεδονικά 24, Θεσσαλονίκη 1984, 253-254). Меѓутоа, очигледно е дека се работи за војводата Атанас Димитров Градоборлијата (познат и како Атанас Чопката), чија чета била ликвидирана во мај 1903 година (Види: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 503). Според официјалната османлиска статистика, судирот кај Градобор се одиграл на 29 мај 1903 година. Притоа четата броела 16 души, од кои 15 загинале, а еден бил ранет. Наспроти тоа војската имала само 1 убиен (Турски документи за оружените борби во Македонија..., 38). За судирот кај Градобор види и: ДАРМ, ф. Foreign Office, мф. 425, (P.R.O. 240), F.O. 195/2156, сн. бр. 177, 182.

[176] Е. Ζέλλιου-Μαστοροκώστα, Αγωνιστές του Μακεδονικού αγώνα..., 253-254.

[177] Исто.

[178] Исто; За овој настан види и ДАРМ, ф. Foreign Office, мф. 488, (P.R.O. 293), F.O. 195/2183. сн. бр. 130.

[179] Види: Œcumenical Patriarchate, Official documents..., 49-54.

сли такво злодело. Но луѓето на бугарскиот комитет имаат постудено срце и од најкрволочните ѕверки“.[180] Навистина, при таква глетка никој не би останал рамнодушен, но овој духовен пастир кој во извештајот опширно зборува за настанот, воопшто не ја спомнува причината за оваа грозоморна егзекуција, а камоли пак да помисли каква изгледала глетката на 16-мината егзекутирани комити поради предавството на учителот Трендафил и споменатиот Трајко. Се чини дека за него било поважно да нагласи дека поради овој настан селото било посетено од неколку странски кореспонденти и дека „импресиите од ова злодело“ оставиле многу негативен впечаток за Комитетот,[181] за кој дотогаш не им верувале на грчките обвинувања и поради тоа не ја пишувале вистината.

Според еден извештај на грчкиот конзул од Солун – Коромилас, Апостол Петков на 5/18 септември 1904 година слегол во селото Баровица и го убил Ристо Кехајата, заедно со мајка му Марија.[182] Покрај убиените Апостол оставил писмо за мудирот во Гуменџе, во кое пишувало: „Ние имаме закон според кој се казнуваат нечесните, предавниците и шпионите. Бидејќи Ристо Кехаја беше голем предавник и сакаше или да ме предаде на вас, или самиот да ме убие и да ви ја донесе мојата глава, еве денес јас го убивам него. Истото ќе го направам со секој предавник, било христијанин, било Отоман. Ве известувам дека го убив јас, за да не апсите и притискате мештани од Баровица. Војска да не праќате. Ако сакате да пратите војска, да ме известите и мене, за да станам и да се биеме“.[183]

Освен во Еницевардарско, Берско, Негушко, Мегленско и Гевгелиско, четата на Апостол Петков повремено преземала казнени акции и во Солунско, во непосредна близина на самиот Солун.

Ноќта на 19 спроти 20 септември (ст. стил) 1904 година, тројца четници од четата на Апостол Петков влегле во с. Топчиево – Солунско. Ова село било чифлиг на солунскиот богаташ Модиано. Во јуни сите селани ја признале Егзархијата, освен Божин и неговото семејство, кои ѝ останале лојални на Патријаршијата. Притоа, Божин ги задржал кај себе клучевите од црквата, со што

---

[180] Исто, 52.

[181] Исто, 54.

[182] Μουσειο Μακεδονικου αγωνα, Οι απαρχες του Μακεδονικου αγωνα (1903-1904) ..., 226; Œcumenical Patriarchate, Official documents..., 150-151.

[183] Μουσειο Μακεδονικου αγωνα, Οι απαρχες του Μακεδονικου αγωνα (1903-1904) ..., 226.

на селаните им било оневозможено да извршуваат богослужба.[184] Од друга страна, бидејќи дотогашниот свештеник заедно со селаните ја признал Егзархијата, од Солун во Топчиево бил испратен грчки свештеник.[185] Поради овој раскол, споменатиов Божин неколку пати бил предупреден од четата, но бидејќи и понатаму останал да ја подржува Патријаршијата, Апостол одлучил да го ликвидира.

Според извештајот на грчкиот конзул од Солун – Коромилас, на Божин најпрво му биле побарани 10 лири, но откако одбил да ги даде парите, тој добил закана за ликвидација.[186] Критичната ноќ, 19 спроти 20 септември, во куќата на Божин упаднале тројца четници, кои изјавиле дека сакаат да го одведат кај војводата Апостол Петков. Но Божин се спротивставил и се обидел да побегне. Притоа бил ранет со кама, а потоа и убиен. Истовремено била убиена и неговата сопруга Велика.[187] Поради овој настан, на 21 септември (ст. стил) во с. Топчиево се нашле грчкиот конзул и солунскиот патријаршиски митрополит. Покрај нив во селото дошол и рускиот офицер Полтанов,[188] кој на грчкиот конзул му се обратил со зборовите „што мајка бара“ во „бугарско село“.[189] Поради овој инцидент биле приведени седуммина селани и егзархискиот свештеник, кои според сведочењето на слугинката на Божин, биле обвинети затоа што додека членовите на четата се наоѓале во куќата на Божин, тие наоколу чувале стража.[190] Во врска со овој настан во Топчиево, во новозеландскиот весник „North Otago Times“ се вели дека османските сили покажале апа-

---

[184] ДАРМ, ф. БГК – Солун, мф. 4279, № 769, 23.09.1904.

[185] В. Георгиев и С. Трифонов, Гръцката и сръбската пропаганди в Македония..., 44.

[186] Μουσειο Μακεδονικου αγωνα, Οι απαρχες του Μακεδονικου αγωνα (1903-1904) ..., 236.

[187] Во извештајот на грчкиот конзул од 23 септември 1904 година, Божин е опишан како неверојатен херој. Така, прво, ранетиот Божин побегнал низ порта, каде го пречекал друг комита, но тој со врзани раце почнал да го дави него со јажето на рацете, по што пак побегнал и откако го нападнале селаните од надвор со врзани раце почнал да пука со револвер за да ја предупреди стражата (Μουσειο Μακεδονικου αγωνα, Οι απαρχες του Μακεδονικου αγωνα 1903-1904..., 236). Оваа конструирана приказна на грчкиот конзул требало да ја покаже храброста на еден проелински приврзаник, наспроти кукавичлакот на комитите и селаните.

[188] ДАРМ, ф. БГК – Солун, мф. 4279, № 769, 23.09.1904.

[189] Μουσειο Μακεδονικου αγωνα, Οι απαρχες του Μακεδονικου αγωνα (1903-1904) ..., 236.

[190] ДАРМ, ф. БГК – Солун, мф. 4279, № 769, 23.09.1904.

тија, „иако триесетина од нив се наоѓаа кај железничкиот мост на Вардар кој се наоѓа на 500 јарди, и иако се слушнаа 6 истрели, трупите воопшто не се обидоа да интервенираат“.[191]

Освен против грчката, Апостол Петков отворено истапил и против српската пропаганда, која по задушувањето на востанието се обидела да ја искористи ситуацијата и под закрила на Патријаршијата преку постојните српски училишта да ги зацврсти своите слаби позиции во Гевгелискиот и Еницевардарскиот регион. Всушност, во с. Крива, кое минувало како патријаршиско, во почетокот на 1904 година функционирало српско училиште со еден учител.[192] Меѓутоа, по иницијатива на Организацијата, селаните поднеле барање да преминат под покровителство на Егзархијата и да отворат бугарско училиште. Во врска со ова прашање, селаните имале неколку средби со војводата Апостол Петков. Според зборовите на српскиот учител, „пред него не помогнале никакви молби“ и тој останал на ставот во селото да се отвори бугарско училиште. Сепак, на крај, Апостол делумно омекнал допуштајќи во Крива да остане и српското училиште. Меѓутоа, српскиот учител во врска со тоа заклучува „но оваа концесија за нас е потполно безвредна“.[193] Неспорно, српскиот учител сфатил ако селаните од Крива преминат под покровителство на Егзархијата, дека привремената отстапка за српското училиште нема никакво значење, бидејќи без покровителство на Патријаршијата, тоа набрзо ќе исчезне. Од друга страна, тоа го знаел и Апостол Петков, па затоа, за да не предизвика раскол меѓу населението, во моментот бил согласен на оваа привидна отстапка. Поради тоа српските кругови побарале заштита кај генералниот инспектор Хусеин Хилми паша, кој издал укажување во смисла локалните власти да внимаваат на комитетскиот притисок врз патријаршиските села и училиштата на „други јазици“ кои биле под закана, бидејќи власта имала должност да ги штити.[194]

Прашањето за српското училиштето во с. Крива повторно го актуализирал српскиот генерален конзул во Солун – Љотиќ, есента 1904 година. Според еден извештај на бугарскиот трговски агент, А. Шопов, Љотиќ се пожалил на комитетскиот притисок и закани врз српските учители, поради што не биле отворени нив-

---

191 North Otago Times, 22 December 1904, 4.

192 Извештаи од 1903-1904 година на австриските претставници во Македонија ..., 196.

193 Исто.

194 Исто, 197.

ните училишта во Богданци, Мачуково и Сехово (трите во Гевгелиско) и с. Крива, Еницевардарско.[195] Љотиќ нагласил дека таквите закани доаѓале од Апостол Петков, Леонид Јанков и Иван Карасулијата. Покрај тоа, тој додал дека Апостол наводно зборувал пред селаните оти тој нема ништо лично против српските учители и дека тоа било дело на Андон Ќосето.[196] Како и да е, во овој турбулентен момент било прекинато функционирањето на српските училишта во споменатиов регион.

Најголема грижа за Апостол Петков претставувал Ангелаки Сакелариос во Гуменџе. Неговите терористи Кочо и Јани, некаде пред Мала Богородица, сред бел ден, на плоштадот во Гуменџе стрелале во Хаџи Тано Заринов, кој го раниле.[197] Иако очевидците на настанот ги посочиле напаѓачите, власта не презела ништо за нивното апсење. Поради тоа, триесеттина жители од Гуменџе заминале за Солун за да протестираат пред Хилми паша и пред европските претставници. Истовремено, околу двесте души заминале за Ениџе Вардар за да протестираат пред тамошниот кајмакам. Хилми паша ги успокоил Гуменџани дека виновниците ќе бидат фатени, но тие продолжиле со својот занает и набрзо потоа стрелале врз Мино Икономов.[198]

Слично било однесувањето на андартските терористички групи, кои биле под директна контрола на Сакелариос, во селата Петрово, Бозец, Бојмица и на други места. Во такви околности, некаде во октомври, четата на Апостол Петков ликвидирала тројца патријаршисти во с. Владово.[199] За засилување на андартските позиции во Гуменџе, во септември 1904 година, од Солун при Ангелаки Сакелариос бил испратен Јоанис (Јани) Пицулас од Навпакт.[200] Пицулас под форма на училишен директор,[201] всушност требало да исполнува улога на воен инструктор на андартските чети во Еницевардарско.[202] Меѓутоа, Организацијата била известена за неговото пристигање од Солун. Бидејќи во моментов Апо-

[195] ДАРМ, ф. БГК – Солун, мф. 4280, № 779, 24.09.1904.

[196] Исто.

[197] Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина... , г. V (46), 15.

[198] Исто.

[199] D. Dakin, The Greek struggle in Macedonia..., 166.

[200] Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина... , г. V (44), 16; Иван Бабев, Македонската голгота - Спомени и изповеди от Ениджевардарско, София 2009, 297.

[201] D. Dakin, The Greek struggle in Macedonia..., 166.

[202] И. Бабев, Македонската голгота..., 297.

стол Петков отсуствувал од регионот, неговиот братучед Андон Терзиев, кој раководел со едно одделение, поставил заседа во близина на станицата кај Гуменџе и го фатил Пицулас уште при неговото пристигање.[203] Пицулас бил разоружан и одведен по селата каде извесно време бил држен како заложник, сѐ додека не биле преведени пронајдените материјали кај него, од кои се дознала неговата мисија.[204] Поради тоа, во ноември 1904 година,[205] Јани Пицулас бил обесен на еден јавор во непосредна близина на Гуменџе, а над неговата глава било оставено писмо со печатот на Апостол Петков. Неговото тело било прибрано и однесено во Солун, каде грчкиот конзулат му организирал величествен погреб.



Јани Пицулас, обесен со писмото од Апостол над главата

Во меѓувреме, во октомври 1904 година, Апостол Петков со писмо ги предупредил локалните власти и гркоманите во Гуменџе. Според еден извештај на конзулот Коромилас, на 22 октомври (ст. стил) 1904 година, Апостол испратил предупредувачко писмо до локалните власти. Тој побарал гркоманите да заминат за Ениџе Вардар и да се изјаснат за Егзархијата, во спротивно ги предупредил дека не ќе можат да се занимаваат со никаква трговија, па дури им се заканил и со убиство. Покрај тоа, Апостол побарал веднаш да биде избркан лекарот Ангелаки Сакелариос. На крај од писмото изразил надеж дека нема да биде предизвикан да ги исполни заканите.[206]

---

[203] Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина..., г. V (44), 16.

[204] Исто.

[205] Ангел Динев овој настан погрешно го датира во август 1905 година. Види: А. Динев Илинденската епопеја..., т. 2, 186.

[206] Μουσειο Μακεδονικου αγωνα, Οι απαρχες του Μακεδονικου αγωνα (1903-1904) ..., 250-252.

Во почетокот на ноември 1904 година, десетарот Христо Бабјански,[207] со своите луѓе ликвидирал неколку Турци во Еницевардарското село Недирчово, бидејќи се пројавувале како соработници на власта и војската при прогонот на четите. Меѓу убиените биле: Јашар чауш, Мустафа бин Мехмед кехаја, Мустафа бин чауш Хусеин и алваџијата Фејзула.[208] Во врска со овој настан, властите привеле 13-мина селани од Мавреново и Мандалево. Истите биле изведени пред суд во февруари 1905 година. Во своја одбрана селаните ги приложиле писмото со печатот на Апостол Петков, а кое било оставено врз градите на убиениот Мустафа бин Мехмед кехаја. Писмото било адресирано до Еницевардарскиот кајмакам, а неговата содржина гласи: „Овие луѓе ние ги отепавме. Причина: зашто ја подржуваат војската, која нè преследуваше. Бидејќи Царот (Државата) има војска која ќе нè преследува, тоа не е нивна должност. Вие мислите дека ќе ги фатите кумитите. Да не мислите дека ние се трудиме само за христијаните, ние се трудиме за сите добри луѓе, независно кои и какви се тие. Зошто, кога ќе се појави некоја чета, христијаните не ѝ доаѓаат на помош, а пак муслиманите ѝ одат на помош на војската? Еве на, ние вака постапуваме со оние што трчаат да ѝ помагаат на војската. Царот (Државата) има војска, нека нè прогони таа, тоа не е должност на Надирчаните. Надирчаните ќе загубат многу луѓе ако уште еднаш ѝ потрчаат на помош на војската, додека последнава води борба со нас. Ние не се трудиме да ограбиме и да му одземеме никому ништо. Ние се трудиме како вас и Грците, ние се трудиме за сите добри луѓе во Македонија, независно дали тие се мухамедани, или христијани. Нека и царот се служи со такви добри луѓе, за кои и ние се трудиме. Оваа должност ја изврши Христо Бајанли по наредба на војводата Апостол“.[209] На крај писмото е потпечатено со печат со натпис Апостол Петков војвода. Несомнено ваквите епизоди придонеле за проширување на митот за страшниот Апостол Петков кој не простува на ниеден предавник, на ниту еден соработник со власта. Оставањето на такви писма од името на Апостол Петков, придонело нему да му се припишуваат многу ликвидации и настани во кои тој воопшто не

[207] Спомenатиов Христо Бабјански загинал во судир со османлиските војски кај с. Петгас на 7 февруари 1905 година. Притоа кај него бил пронајден еден документ со печат на Апостол Петков (Турски документи за оружените борби во Македонија ..., 163-164).

[208] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т. 4..., 82.

[209] Исто, 84-85.

учествувал. Но, од друга страна, факт е дека ако тој не учествувал во конкретните акции, тоа го правеле негови луѓе со негово знаење и одобрување, а најчесто по негова наредба.

Според извештаите на бугарскиот трговски агент од Солун, Атанас Шопов, како и според еден документ од руска провениенција, четата на Апостол Петков директно се поврзува со настаните околу с. Бозец и Петрово од декември 1904 година.[210] Меѓутоа, според Христо Шалдев, овие активности биле дело на Андон Терзиев, братучедот на Апостол Петков.[211] Во овој случај веројатно Х. Шалдев е во право, бидејќи треба да имаме предвид дека Андон Терзиев веќе од ноември се појавува како предводник на сите активности во регионот. Покрај тоа треба да се знае дека Апостол Петков, по непрекинати тригодишни борби, некаде кон крајот на годината заминал за Бугарија, за да се одмори и да ги пополни воените потреби. Притоа, како заменик на теренот го оставил својот братучед Андон Терзиев, во кого имал полна доверба која дотогаш многупати ја потврдил. Оттука, со оглед на фактот дека Андон работел според теркот и методите на Апостол, кој бил околиски војвода и главен носител на отпорот во Еницевардарско, сите вооружени активности во регионот кои се случувале во име на Организацијата, во дипломатските извештаи по автоматизам му се препишувале на Апостол Петков. Како и да е, настанот се случува во регионот на Апостол Петков и под водство на неговиот заменик, поради што треба да се одбележи.

Грчката пропаганда имала неколку свои приврзаници во селото Петрово уште во Предилинденскиот период. Меѓу првите поткупени од страна на солунскиот конзул во селото биле свештеникот Божин и селанецот Христо Поп Иванов.[212] Тие преку ле-

---

[210] Види: ДАРМ, ф. БГК – Солун, мф. 4279, № 1054, 14.12.1904 и № 1062, 16.12.1904. Во првиот извештај се вели дека четата на Апостол Петков на 11 декември имала судир со една андартска чета кај с. Бозец. Додека во вториот извештај се вели дека четата на Апостол Петков во состав од 12 души ликвидирала четворица гркомани во с. Петрово (Еницевардарско), по што се повлекла кај с. Бозец. Додека пак во извештајот на рускиот генерал-мајор Шостак, овој настан е предаден во малку поинаква верзија, при што четата на Апостол ликвидирала 1 свештеник и тројца патријаршисти во с. Бедерли. Според овој документ, за тоа била известена грчката чета од с. Петра (Петрово, б.н), која броела 80 души и му поставила заседа на Апостол кај с. Божиче (Бозец, б.н), но бидејќи Апостол заминал по друг пат, војската налетала на андартската чета, при што цела ја заробила (С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т. 3..., 549-550).

[211] Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина... , г. V (46), 15-16.

[212] Исто, 15.

тото 1904 година се обиделе во селото да организираат богослужба на грчки јазик, под изговор за да не бидат прогласени селаните за шизматици. Откако раководителот на месниот комитет на Организацијата дознал дека селскиот поп одржува врски со андартските чети во Еницевардарското блато, за тоа ја известил реонската чета. Поради тоа Андон Терзиев решил да го ликвидира свештеникот Божин. Андон на 9 декември (ст. стил) 1904 година со седуммина четници влегол во Петрово и освен свештеникот Божин, со себе ги повел и селаните Димитар Аларов, Христо и Атанас Карастојанови. Споменативе биле ликвидирани надвор од селото.[213] Веднаш потоа четата на Андон Терзиев се повлекла во правец кон селото Бозец.[214] Следниот ден, една грчка чета од 70-80 андарти,[215] предводена од куририот Христо Пуљков,[216] се сместила во селото Петрово. Во меѓувреме, андартите се обиделе да му постават заседа на Андон Терзиев кај селото Бозец, сметајќи дека се работи за Апостол Петков, но Андон вешто ја одбегнал заседата. Од друга страна, за егзекуцијата во Петрово, биле известени и османските власти со намера тие да преземат мерки за уништување на комитската чета. Меѓутоа, андартската чета станала жртва на сопствената стапица.

Во меѓувреме, андартите во Петрово фатиле 33 селани,[217] ги врзале и започнале да ги измачуваат за да добијат признанија каде заминале комитите. Истовремено, андартите почнале да го претресуват селото. Османлиската војска која тргнала да ја преследува комитската чета во попладневните часови стасала во Петрово и без да знае за која чета се работи, веднаш отворила оган по вооружените илегалци низ селото. Андартите бидејќи не очекувале напад од османлиските власти, не одговориле на огнот, поради што во старт дале 3-4жртви.[218] Откако сфатиле дека војската сериозно стрела, тие кренале бело знаме и испратиле пар-

---

[213] Исто; Меѓутоа, според извештајот на А. Шопов, четата тогаш го ликвидирала селскиот учител и тројца селани (ДАРМ, ф. БГК – Солун, мф. 4279, № 1062, 16.12.1904). Додека пак, според документацијата од руско потекло, која овој настан по грешка го сместува во с. Бедерли, тогаш биле убиени селскиот свештеник и тројца селани (С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т. 3..., 549).

[214] ДАРМ, ф. БГК – Солун, мф. 4279, № 1062, 16.12.1904.

[215] Според извештајот на Шопов, андартската чета броела 70 души, додека според веќе цитираниот руски извештај, четата броела 80 души.

[216] Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина... , г. V (46), 16.

[217] Исто.

[218] ДАРМ, ф. БГК – Солун, мф. 4279, № 1062, 16.12.1904.

ламентарец, кој пред јусбашијата изјавил дека тие не биле дојдени во селото за да се бијат со императорската војска, туку со комитите.[219] Тогаш андартската четата се предала, а јусбашијата ја повел за Ениџе Вардар, а од таму за Солун. Претходно, османлиските единци ги ослободиле селаните кои биле врзани од страна на андартската чета. Подоцнежната истрага покажала дека во андартската чета имало 40 грчки поданици.[220]

Со оглед на фактот дека османлиските воени сили дотогаш ги толерирале андартските чети, судирот и запленувањето на четата во Петрово предизвикал чудење и збунетост.[221] Овој чин во дипломатските кругови во Солун бил протолкуван како погрешна акција, бидејќи војската заминала за Петрово за да ја ликвидира комитската чета, но случајно налетала на андартската чета и уште при првата стрелба ликвидира четворица андарти. Оттука, во повеќе кругови се отворило прашањето дали војската воопшто би отворила оган, доколку знаела дека се работи за андартска чета.[222] Од друга страна, поради егзекуција во Петрово која била извршена од страна на четата на Андон Терзиев, власта привела 10-мина селани, кои по 7 месечен притвор во Једи Куле во Солун, биле ослободени.[223]

Запленувањето на оваа андартска чета кон крајот на 1904 година претставува потполно фијаско на грчката вооружена пропаганда во Ениџевардарско. Неспорно во висок степен за нејзиното сузбивање и попречување во текот на 1904 година, придонеле Апостол Петков и неговите приврзаници, кои со казнувањето на предавниците и престапниците имале постојана иницијатива на теренот. Поради тоа, наредните години, грчката вооружена пропаганда ќе влезе со нови планови и сили за ликвидирање на Апостол Петков и завладување на Ениџевардарскиот регион.

---

[219] Исто.

[220] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т. 3..., 550.

[221] ДАРМ, ф. БГК – Солун, мф. 4279, № 1067.

[222] Исто.

[223] Во врска со овој настан биле приведени: Христо и Божин Зографови; Атанас, Иван и Божин Орџан Бошкови; Мицо и Васил Орџан Атанасови; Мицо и Делчо Чентелкови, Кољо Аларов, како и Сотир и Начо Сколеви (Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина..., г. V (46), 16).

# Огнен пречек – Апостол мртов или жив?!

1. Османлиските власти, врз основа на неколкугодишното искуство од вооружените судири со четите на македонското револуционерно движење, подготвиле инструкции и стратегија за поефикасна борба со четите на ТМОРО. Во декември 1904 година, инспекторот на османлиските ловни дружини кои биле назначени за прогон на револуционерните чети, подготвил специјални Инструкции за должностите и активностите, како на подвижните, така и за неподвижните воени одделенија кои требало да бидат распоредени во разни пунктови според потребите.[1] Во првата точка од споменативе Инструкции се вели: „Од последните дејствија на комитите се гледа дека тие продолжуваат да се движат низ разни реони. Затоа сите воени одделенија треба да настојуваат да воспостават мир и спокојство, при што постојано ќе ги обиколуваат и пребаруваат селата и разните пунктови во своите реони".[2] Веќе во втората точка се вели дека при сите воени одделенија кои биле распоредени по повеќе пунктови треба да се формираат по два подвижни одреди (не помали од 50 луѓе), кои според сведенијата од месните власти, треба да ги преследуваат четите. Доколку во моментот месните власти не располагаат со информации за присуство на чети во реонот, тогаш, едниот подвижен одред треба да остане во централниот пункт, а другиот да го обиколува и пребарува реонот еднаш неделно. Таквите обиколки требало да бидат во продолжение на најмалку два дена во седмицата. Од друга страна, воените единици кои биле сместени во градските гарнизони, требало да испраќаат потери не помали од 30 души, кои постојно ќе ги пребаруваат областите околу градот (точка 3 од Инструкциите).

За време на обиколките, подвижните одреди со себе требало да водат по неколку жандарми и офицери, или месни чиновници. Притоа, доколку се утврди дека некоја чета се крие во конкретно село, при претресувањето на истото, покрај жандармите и офицерите, требало да бидат ангажирани селските мухтари и протуѓери (т.5). Имајќи предвид дека селските падари и сто-

---

[1] В. Георгиев и С. Трифонов, История на българите..., том I, 460-462.

[2] Исто, 460.

чари за секое движење на војската своевремено ги известувале четите, во Инструкциите се препорачува потерите да се движат ноќе, а доколку треба да преспијат на отворен простор, тоа да го прават подалеку од селата и патиштата (т. 6). Оваа одредба јасно покажува дека власта совршено го разбрала начинот на информирање помеѓу населението и четите. Во седмата и осмата точка од Инструкциите е предвиден начинот за соработка и взаемно дејствување помеѓу подвижните потери од различни реони.[3]

Во точка 12 се вели дека во зимно време четите повеќе се криеле во селата, или околу нив, поради што во повеќето села треба да се сместат воени команди, или караули, за да се обезбеди постојано надгледување на теренот.[4] Од друга страна, на началниците на поголемите воени команди им се препорачува да постават свои луѓе како прикриени стражари на оние места каде се претпоставува дека минуваат четите, а ноќно време околу селата да се поставуваат заседи (т. 13). Имајќи го предвид искуството и фактот дека четите вообичаено влегувале или излегувале од селата прквечер или пред зори, заседите требало да се поставуваат наизменично само во овие термини, а не преку цела ноќ, за да не дојде до замор на војската (т. 15). Со оглед на искуството дека заседите биле една од најефикасните мерки за елиминирање на четите, во т. 16 се препорачува тие да се применуваат повремено, зависно од условите, а за да се прикрие заседата од очите на четите и нивните приврзаници, треба да се прибегнува кон методи на заблуда, при што војските треба да се движат во сосема спротивни, или различни насоки од местата предвидени за заседи.[5]

Со оглед на негативното искуство од дотогашното однесување на војската и жандармеријата при разните акции против четите, на началниците им се препорачува да водат сметка за воената дисциплина и со своето однесување да не даваат никаков повод за оплакување на селаните (т. 17). Покрај тоа, на началниците им се препорачува да воспостават добри односи со месното население и да му објаснуваат дека треба да бидат лојални кон државата и законите и дека четите не им носат ништо добро (т. 18). При распрашување на населението за информации во врска со четите, да не се применува насилство (т.20). Со точка 23 од Инструкциите е предвидено началниците на караулите, секоја

[3] Исто.

[4] Исто, 461.

[5] Исто.

седмица, да поднесуваат подробни извештаи за сите активности до реонските началници, а последните такви извештаи да поднесуваат до главниот инспектор.[6]

Кон горните насоки кои се поместени во 24 точки, генералниот инспектор Хусеин Хилми паша додал уште четири конкретни одредби. Според првата, воените одделенија се задолжуваат постојано да го следат поведението на селското население, а особено да ги следат непознатите лица што ги посетуваат селата. Притоа се сугерира сведенијата да се собираат од разни извори, при што сите сомнителни да бидат спроведени до најблиските административни власти.[7] Во втората точка се сугерира постојано надгледување на сточарите околу селата. Додека во третата точка се вели дека револуционерите најчесто во селата доаѓале преправени како свештеници, трговци, работници и како такви влегувале меѓу населението за да пропагираат и да собираат пари. Поради тоа се сугерира строго да се внимава на таквите лица. Во последната точка се укажува дека „лошите луѓе“ повремено исчезнувале од селата и оделе во четите на обука, или да извршат некоја конкретна акција. Од тие причини на воените власти им се сугерира да обрнат внимание на сите селани што повремено исчезнуваат од селата.[8]

Според наведеното во Инструкциите, очигледно е дека османлиските власти врз основа на искуството продреле во системот на функционирањето на четите на македонското револуционерно движење, и врз основа на тоа препорачале соодветни мерки за пресекување на овој систем и елиминирање на четите.

Во декември 1904 година, Хилми паша ги информирал валиите во Солун, Битола и Скопје дека заради поуспешно преследување на четите се отпуштени значителни суми, кои се определени само за „тајни мерки“. Истовремено побарал сите административни чиновници, заедно со жандармеријата и полицијата, да се погрижат за организирање на шпионска служба, која ќе известува за движењето на четите.[9]

Со решение на Воениот совет и согласно султанското ираде, за преследување на четите бил определен III армиски корпус.

---

[6] Исто, 461-462.

[7] Исто, 462.

[8] Исто.

[9] ДАРМ, ф. БГК – Солун, мф. 4280, Документот не е номериран, ниту датиран, но пропратното писмо кон него е од 25.04.1905.

За инспектор на единците кои биле задолжени за гонење на четите во Солунскиот вилает бил назначен Ферид паша, дивизиски генерал од I класа, за Битолскиот вилает бил именуван Хади паша – дивизиски генерал од I класа, а за Скопскиот вилает бил назначен Сејфула паша, исто така дивизиски генерал I класа. Додека за Серскиот санџак, кој е дел од Солунскиот вилает, за инспектор на единиците за прогон на четите бил именуван маршал Ибраим паша.[10]

Како последица на примената на овие мерки, 1905 година е поразителна за македонското револуционерно движење. Многу чети на ТМОРО, во почетокот годината, без да знаат за промените во пристапот на османлиските безбедносни сили против четите, раководејќи се според востановените правила и навики биле тотално уништени. Токму Апостол Петков е еден од ретките, ако не и единствен, кој преживеал еден тотален погром, при што загинале над четириесетина комити.

2. За периодот додека Апостол Петков престојувал во Бугарија (декември 1904 – февруари 1905), не располагаме со податоци од кои може да се види каде и со кого се движел и што правел таму. Меѓутоа, токму од овој период го имаме можеби најраспространетиот портрет на војводата, кој по сѐ изгледа е направен во Софија. Интересно е да се одбележи дека Апостол гордо позирал со својата пушка и чанта во традиционална облека. Очигледно, Апостол сакал да го потенцира своето војводство, поради што во долниот десен агол на фотографијата е поместен текст кој гласи „Војвода Апостол Петков од с. Бојмица (Гевгелиско), војвода од 1896-1904 г.“, а покрај тоа стои датумот 16.XII. без наведена година. Горделивиот Апостол нарачал многу примероци од овој портрет, кои ги носел со себе и ги делел на своите познаници. Набрзо, по битката кај с. Смол, многу примероци од споменатиов портрет биле пронајдени во чантата на војводата, која била запленета од османлиските власти. Меѓутоа, интересно е и тоа што долго време потоа османлиските власти при разни претреси во Еницевардарско повторно доаѓале до истиот портрет. Овој портрет, истата 1905 година, станал дел од декорот по софиските кафеани,[11] а американскиот новинар Алберт Сониксен го објавил во 1909 година во САД, во својата книга „Исповед на еден македонски четник“.

[10] Исто.

[11] А. Сониксен, Исповед на еден македонски четник ..., 45.



Портретот на Апостол Петков

Од запленетите материјали во чантата на Апостол Петков по битката кај Смол, се добива впечаток дека тој на 1 февруари (ст. стил) 1905 година сè уште престојувал во Софија, но веќе не 4 февруари се нашол во Ќустендил.[12] Притоа, како во Софија, така и во Ќустендил, бил зафатен со набавка на оружје, муниција, опинци и друга опрема за четата. За сите набавки била обезбедена потребна документација (расписки) и соодветни полномоштва и препораки за укажување на логистика при преминот на четата од Ќустендил, па до Еницевардарско.[13]

---

[12] ДАРМ, ф. БГК – Солун, мф. 4328, № 442, 8.03.1905.

[13] Голем дел од споменатава документација бил пронајден во запленетата чанта на војводата по битката кај Смол. За списокот на пронајдените материјали ќе стане збор понатаму во трудот.

Непосредно пред заминувањето на Апостол Петов за својот реон, во врска со прашањето за опремата што требало да ја подигне од Ќустендилскиот пункт, задграничниот претставник Христо Матов, на 22 февруари (ст. стил) 1905 година го информирал пунктовиот началник – Марко Секулички, дека војводата од пунктот може да подигне: бомби колку што сака, патрони за своите манлихери, динамит, електрична машинка, две чанти со медицинска опрема, пружини и исфрлачи за пушки, фитил и лопатки, потоа десет до дванаесет манлихери со патрони, ако може да ги понесе.[14] Покрај тоа во писмото се нагласува дека кај Апостол имало извесна сума пари за опрема (првенствено за двогледи и манилехери), но се додава дека манлихерите биле скапи и тешко се наоѓале. Поради тоа, во писмото се сугерира дека таквата опрема треба да се порачува навремено, согласно средствата што стојат на располагање, и дека во моментот ќе му дозволат да ги понесе предметните манлихери, колку да не се срамат пред „другите реони и војводи“.[15] За да може да се пренесе овој материјал, Задграничното претставништво најавува дека во Ќустендилскиот пункт ќе испрати 3-4 силни Еницевардарци, но истовремено сугерира да се испита можноста транспортот да биде помогнат од малешевските четници.[16]

Според дневникот на Ќустендилскиот пункт на ТМОРО, Апостол Петков на 15/28 февруари 1905 година,[17] ја минал бугарско-турската граница со чета,[18] која заедно со него броела 25 души.[19] Според наведените податоци во дневникот, највозрасни-

[14] Архив Христо Матов, Документален сборник, съставител: Цочо Билярски, София 2004, 174.

[15] Исто.

[16] Исто, 174, 180.

[17] Четите на Вътрешната македоно-одринска революционна организация, Дневник и снимки на четите на ВМОРО преминали през Кюстендилския пункт 1903-1908, подготвили за печат: Ива Бурилкова, Цочо Билярски, Николай Христов, Ангел Джонев, София 2003, 45.

[18] Х. Шалдев очигледно греши кога вели дека Апостол Петков турско-бугарската граница ја минал на 11. 02. 1905 година заедно со Сава Михајлов (Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина..., г. V (43), 16).

[19] Според дневникот на Ќустендилскиот пункт, покрај Апостол Петков, во четата уште се нашле: Атанас Гонов од с. Крива (Еницевардарско), Јордан Пешов од Велес, Атанас Виларев од Велес, Васил Ташков од Охрид, Ганчо Минов од с. Лесково (Гевгелиско), Илија Ванев Ѓурков од Штип, Цветко Костов од Куманово, Мичо Танев од с. Лесково (Гевгелиско), Христо Трајанов од с. Извор (Гевгелиско), Тано Георгиев од с. Крива (Еницевардарско), Гацо Траев од с. Бабјани (Еницевардарско), Ичо Костов од с. Крива (Еницевардар-

от во четата бил на 43 години, а најмладиот само 16 години. Притоа, од вкупно 25-мина, само еден бил оженет, тројца биле вдовци, а другите неженети.

Откако четата била вооружена и екипирана во пунктот кај Ќустендил, тргнала за Еницевардарско во османлиска Македонија. Борис Сарафов, во еден напис во Револуционерен лист, вели дека тој ја вооружил четата на Апостол Петков.[20] Според архивата на Христо Матов, очигледно е дека повеќето материјали што Апостол Петков ги носел со себе биле обезбедени од страна на Задграничното претставништво преку пунктот во Ќустендил. Што се однесува до другиот дел од опремата, според запленетата архива од чантата на војводата по судирот кај Смол, факт е дека Апостол Петков поседувал расписки. Оттука, пишувањето на Сарафов дека тој ја вооружил четата на Апостол Петков, треба да се сфати во функција на саморекламирање и китење со туѓи перја.

Изворните материјали не допуштаат да се проследи точната маршута кој се движел Апостол со четата. Меѓутоа, според воспоставената пракса, неспорно е дека Апостол од Ќустендилско по канал поминал низ Пијанечко и Малешевско, потоа преку пунктот Нивичино (Струмичко), низ Костурино се спуштил кон Валандовско и понатаму кон Гевгелиско.

Според Илија Докторов, вечерта на 26 февруари (ст. стил) 1905 година, четите на Апостол Петков и Сава Михајлов, кои заедно броеле 42 луѓе, пристигнале во с. Балинци.[21] Достапните материјали не ни дозволуваат да утврдиме низ кој пункт и кога Сава Михајлов ја минал турско-бугарската граница,[22] и каде се сретнал

---

ско), Илија Атанасов од с. Корнишор (Еницевардарско), Митре Константинов од с. Рамна (Еницевардарско), Манчо Манолов од Воден, Иван Георгиев Тупара од с. Киркилово (Еницевардарско), Крсто Денков од с. Пезово (Кумановско), Наке Георгиев (Јанко) од с. Ливади (Гевгелиско), Александар Јанков (Арнаутски) од Ќустендил (Бугарија), Васил Цигорлиски од Дупница (Бугарија), Трифон Петков од с. Торс (Луковитско, Бугарија), Илија Ив. Личев од с. Букевци (Раховско, Бугарија), Петар Бојаџиев од с. Рамна (Пазарџиско, Бугарија), Пешо Радев од Софија (Бугарија).

[20] Вътрешната македоно-одринска революционна организация (1893-1919 г.), Документи на централните ръководни органи, том I..., 481.

[21] Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 107.

[22] Во дневникот на Ќустендилскиот пункт, во кој се заведени сите чети што поминувале од таму, Сава Михајлов и неговата чета не се регистрирани дека поминале низ пунктот. Поради тоа, допуштаме, дека Савата со својата чета минал низ друг пункт, најверојатно низ Дупница, а со Апостол веројатно се сретнал во Малешевијата, од каде продолжиле заедно.

со Апостол Петков. Допуштаме дека најверојатно тие се сретнале во Малешевско, од каде заедно продолжиле кон Гевгелиско и Еницевардарско. Двете чети со себе носеле многу воени материјали кои биле натоварени на коњи, што дополнително го отежнувало движењето. Аргир Манасиев во своите спомени вели дека гевгелиското раководство на ТМОРО добило известување за пристигањето на Апостол и Савата со своите чети.[23] Според А. Манасиев, османлиските власти започнале да го следат движењето на четите уште при преминот на границата, а имајќи ја предвид нивната крајна дестинација, властите поставиле заседи околу Ѓољот и на брегот на Вардар, каде вообичаено биле лотките со кои четите ја преминувале реката. Поради тоа, гевгелиското раководство писмено ги известило двајцата војводи да не одат по гевгелискиот канал, туку од Струмичко да заминат кон Николиќ (Дојранско), а од таму кон Мурарци и Драгомирци (Кукушко).[24] Се разбира, оваа релација била подолга, но според проценките на месното раководство, кои произлегувале од движењето на османлиските потери, овозможувала побезбеден пристап до Еницевардарското блато. Според Илија Докторов (член на гевгелискиот околиски комитет на ТМОРО), двете чети во Струмичко дознале дека се откриени од власта, поради што дел од материјалите што ги носеле со себе ги прикриле таму.[25] Раководителот од с. Богданци – Христо Лисичков, ги известил четите уште додека биле во с. Костурино (Струмичко) за раздвиженоста на потерите и ги предупредил наместо кон Гевгелија, да заминат кон Николиќ (Дојранско), а од таму преку Кукушко, да се упатат кон Блатото.[26] Меѓутоа, оваа сугестија била игнорирана, па така двете чети, вечерта на 26 февруари (ст. стил) се нашле во с. Балинци, каде наредниот ден останале да преденат.

Гевгелиското раководно тело,[27] откако добило информација за престојот на четите во Балинци и дека имаат намера да заминат за Арацанското блато по каналот низ Ѓавото – Стојаково – Мачуково – Смол, веднаш се состанало. Поаѓајќи од своите сознанија, дека лотките на Вардар биле надгледувани од власта и

---

[23] Македония в пламъци, Спомени на Аргир Манасиев..., 156.

[24] Исто.

[25] Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 108.

[26] Исто.

[27] Во раководното тело влегувале: Илија Докторов, Христо Динев, Игнат Мангров, Дељо Зафиров и Иван Николов Димов (Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 108).

дека по каналот по кој сакале да поминат четите, ноќно време се движеле патроли, бидејќи пред петнаесетина дена биле пуштени гласини за пристигањето на Апостол, како и фактот дека помеѓу селата Бајалци, Мачуково и Смол имало повеќе овчари – Арнаути на зимување, кои биле очи и уши на власта, гевгелиското раководно тело решило да им соопшти на четите да заминат по другиот канал преку Дојранско и Кукушко.[28] За ова решение четите биле известени со шифрирано писмо. Слично предупредување четите добиле и од Григор Хаџиев, раководител во с. Бајалци, кој дури им сугерирал да ги остават воените материјали кои што го носеле со себе, бидејќи илегалното движење на толку луѓе со натоварени коњи било навистина тешко.[29]

Без оглед на сите предупредувања, вечерта на 27 февруари (ст. стил), четите ги натовариле воените материјали на 5 коњи и преку Грчиште заминале кон Ѓавато. По полноќ стасале во атарот на селото, при што се сместиле за преденување кај месноста „Страмаков“. За заминувањето на четите од Балинци кон Ѓавато не било информирано раководството во Гевгелија.[30] Утрото кај четите дошле неколку работници на Организацијата од селото, меѓу кои и учителите Михаил Поп Кочов и Христо Јанкулов. Тие им ја опишале ситуацијата отаде Вардар, при што, како и другите дотогаш, им препорачале да не одат по каналот Ѓавато – Стојаково – Смол. Според И. Докторов, тогаш Сава Михајлов им рекол дека уште во Бајалци биле известени за тоа, но по инсистирање на Апостол Петков решиле да не се враќаат назад за да тргнат по другиот канал. Според зборовите на учителот Христо Јанкулов, во врска со прашањето за каналот, дошло до спор помеѓу Апостол Петков и Сава Михајлов.[31] Утрото на 28 февруари (ст. стил), Сава Михајлов, од учителот Михаил Поп Кочов, побарал веднаш, преку курир да воспостави контакт со с. Стојаково, за да испратат 5 коњи и курири кои ќе ја преземат четата од Ѓавато, а истовремено да обезбедат курир за с. Смол, за да ја прифатат четата.

Вечерта, по покана од активистите во Ѓавато, Апостол Петков и Сава Михајлов влегле на вечера во селото. За време на вечерата повторно било отворено прашањето за каналот. Овој пат Сава Михајлов оставил прашањето да го разреши Апостол Петков. Последниот пред сите изјавил дури на секоја педа да има

[28] Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 108.

[29] Исто.

[30] Исто, 109.

[31] Исто.

распоредено турски војник, дека нема намера да се враќа и да оди по каналот низ Дојранско и Кукушко, туку ќе продолжи напред.[32] По Вечерата материјалите биле натоварени, а четите во придружба на куририте Илија Вртов и Стефан Гонов Мурџиев од Ѓавато, тргнале кон Стојаково. Непосредно пред заминувањето стасал и куририот од с. Стојаково – Кољо Григоров Арнаудов.[33]

Некаде пред Стојаково, четите биле пресретнати од двајца тамошни курири, но без потребните коњи за претоварање.[34] Згора на тоа, тие информирале дека поради големата раздвиженост на војските, од нивното село не заминал ниту куририот за Смол за да го најави пристигањето на четите. Поради тоа и напреднатото време во ноќта, четите продолжиле кон Смол со истите коњи, за да стасаат таму пред зори.[35] Ангел Динев токму во необезбедувањето на коњите од Стојаково и неиспраќањето на курир од таму за Смол ја гледа вината за откривањето на четите.[36] Овој момент, како причина за откривање на четите, го посочува и Кољо Арнаудов од с. Стојаково, кој учествувал во спроведувањето на четите од Ѓавато до Смол.[37]

Во овој период од годината околу патот помеѓу Мачуково (денес Евзони во Р. Грција) и Смол (денес Микрос Дасос во Р. Грција) имало повеќе кошари во кои биле сместени неколку арнаутски стада што презимувале таму. Во глувата ноќ овчарските кучиња го насетиле движењето на големата група и почнале да лаат,[38] а овчарите Арнаути ги известиле властите во Гевгелија дека од таму поминала голема чета.[39]

3. Пред зори на 1/14 март 1904 година, Апостол Петков и Сава Михајлов влегле во периферните куќи на Смол. Тие веќе биле убедени дека откако се разлајале кучињата кај арнаутските трла, овчарите во меѓувреме ја информирале власта за движењето на четата. Поради тоа, веднаш по пристигањето во Смол, започнале да го растовараат оружјето и да го распоредуваат по куќите. Истовремено, очекувајќи дека ќе пристигне војска, почнале

32 Исто, 110.

33 Исто.

34 Според И. Докторов, селаните од кои биле побрани коњите за натамошен транспорт на воените материјали кон Смол, побегнале од селото, а локалното раководство не обезбедило други коњи.

35 Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 111.

36 А. Динев, Илинденската епопеја, т.2..., 198.

37 В. Картов, Сава Михајлов..., 100-101.

38 Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 111.

39 ДАРМ, ф. БГК – Солун, мф. 4328, № 421, 5.03.1905.

да го разгледуваат прашањето кои стратешки точки да ги заземат за одбрана. Меѓутоа, настаните се одвивале многу побрзо, отколку што претпоставувале војводите. Според еден извештај на рускиот генерал-мајор Шостак, додека четата ги растоварала и распоредувала материјалите, покрај селото поминала една жандармериска патрола, која откако ја забележала толпата, претпоставувајќи дека се работи за комити истрелала еден куршум, на што од другата страна било возвратено со оган.[40] Додека пак според Илија Докторов, четата била забележена од дванаесет члена заседа под водство на Зејнил чауш, кој се притајувал во црковниот двор.[41] Како и да е, факт е дека во тоа време, во Смол, или околу него, била поставена заседа на која налетале здружените чети. Игнорирањето на претходните предупредувања и секако незаминувањето на куриротот од Стојаково за Смол, се покажало трагично за двете чети.

По првичната престрелка со жандармериската патрола, меѓу војводите настанал спор околу прашањето за избор на стратешка позиција од каде треба да продолжи борбата. Сава Михајлов предлагал да се утврдат во месноста Рудина чука, како највисока точка во регионот. Овој рид бил каменлив, но необраснат со дрвја. Наспроти тоа, Апостол Петков предлагал да се утврдат на висот Бачево, кој бил понизок, но делумно бил обраснат со шума. Покрај тоа, овој вис од трите страни бил опколен од реката Вардар, поради што наликувал на своевиден полуостров и наводно бил полесен за одбрана. Според А. Динев, двајцата војводи биле во право,[42] но никој не попуштил. Додека тие полемизирале, времето немилосрдно минувало, се разбира на нивна штета. Бидејќи не успеале да ги усогласат ставовите, војводите со своите четници заминале на позициите што ги претпочитале.[43] Реално, тие и немале време да се вкопаат на одбраните позиции. Од друга страна, жандармериската патрола, со помош на пристигнатиот башибозук, успеала да ги забави двете чети при заземањето на избраните позиции. Во меѓувреме од Гевгелија пристигнала војска, засилена со коњаница во бројност од околу 300 души.[44]

[40] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т. 4..., 122.

[41] Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 112.

[42] А. Динев, Илинденската епопеја, т.2..., 199.

[43] А. Динев, Илинденската епопеја, т.2..., 198; Македония в пламъци, Спомени на Аргир Манасиев..., 156; Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 111; ДАРМ, ф. БГК – Солун, мф. 4328, № 421, 5.03.1905.

[44] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т. 4..., 122.



Сава Михајлов

Османлискиот удар со сета силина најпрво бил насочен кон Рудина чука, каде што се наоѓал војводата Сава Михајлов. Четата на Савата во прво време успеала да ги задржи османлиските сили, поради што по двочасовна престрелка настапило кратко затишје. По извесно време, османлиските војски тргнале во општ напад кон оваа позиција.[45] Околу пладне, судирот на Рудина чука достигнал кулминација. Османлиските сили настапувале во колони при што ја опколиле четата во обрач од сите страни. Опколените комити, откако ја потрошиле муницијата што ја имале при рака, во последниот момент, панично почнале да фрлаат бомби на сите страни. При завршниот чин на борбата, последните се самоубиле. Војводата Сава Михајлов, за да не падне жив во турски раце, во последен момент го испил отровот кој го носел со себе.[46]

По расчистувањето со четата на Сава Михајлов, главнината од османлиските сили се насочила кон втората позиција на висот Бачево, каде била распоредена четата на Апостол Петков. И овде, како при Рудина чука, османлиските сили настапувале во колони од сите страни. Со оглед на фактот што оваа позиција била обрасната со ретка шума, таа давала извесни можности за прикривање, поради што судирот траел нешто подолго. При крајот на битката и овде комитите биле ликвидирани еден по еден.[47] Од

[45] Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 112.

[46] Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина..., г. V (43), 16; Според Владо Картов, османлиските власти крај мртвиот Сава нашле кратка писмена белешка, во која било забележано дека сам се отрул. Картов наведува дека при погребот на Савата, на неговото тело не била пронајдена ниедна рана, освен пена на устата (В. Картов, Сава Михајлов..., 103-104). Според Ангел Динев, покрај Сава Михјалов, тогаш се отрул и неговиот секретар Петруш Каракљашев од с. Богданци (А. Динев, Илинденската епопеја, т.2..., 199). Алберт Сониксен, во својата статија „Борба до смрт“, исто така пишува дека Сава Михајлов и последните четници околу него во последен момент испиле отров (The Fulton County news, Vol. 6, No. 50, Aug. 30, 1905, 6).

[47] А. Динев, Илинденската епопеја, т.2..., 199.

оваа позиција немало никакви можности за повлекување преку Вардар, бидејќи реката била надојдена. Според некои информации, при обидот за спас, тројца комити се фрлиле во надојдениот Вардар.[48]

Од позицијата кај Бачево успеале да се спасат само војводата Апостол и двајца негови четници. За време на битката, Апостол Петков бил ранет во ногата. Според А. Манасиев, ранетиот Апостол се сокрил во една лисичја дупка. При стемнување, откако се разотишла војската, Апостол заминал во едно бачило, каде нашол еден свој четник, а овчарите истата вечер го префрлиле во с. Бајалци, каде сретнал уште еден преживеан, кој заради секоја евентуалност, бил преоблечен во женска облека.[49] Според Ангел Динев, ранетиот Апостол со помош на еден четник успеал да се довлечка и да се сокрие во една густа шумичка. Во мешаницата при крајот на битката, двајцата четници кои биле облечени во турска униформа, успеале да се провлечат низ кордонот и на козарот Томе Арџалиев да му го соопштат местото каде е скриен Апостол.[50] Според Илија Докторов, Апостол Петков, кој успеал да се спаси со двајца четници, истата вечер се нашле во с. Бајалци, каде преоблечени како девојки отседнале три дена, а од таму заминале за Араџанското блато кај Аргир Манасиев.[51] Според сведенијата што рускиот капетан Флоров ги собрал од локалното население, Апостол Петков, кој за време на битката бил ранет во ногата, бил спасен од двајца млади луѓе, кои вешто го покриле со сува трева на едно позатскриено место, така што војската која поминувала од таму, воопшто не ги забележала. Преку ноќ тие биле извлечени од селаните и одведени на безбедно место. Според овој извор, Апостол истата вечер бил во селото Смол и давал упатства за прикривање на воените материјали што ги оставиле изутрината.[52] Се чини дека премногу е ризична варијанта, Апостол Петков веднаш по битката да се вратил во селото Смол за да ги прикрие донесените воени материјали, меѓутоа оваа опција не треба да се исклучи. Можеби вистината е на средина, ако претпоставиме дека Апостол по извлекувањето од местото на битката, со оглед на близината на Смол, најпрво свратил таму за да даде инс-

[48] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т. 4..., 118.

[49] Македония в пламъци, Спомени на Аргир Манасиев..., 156.

[50] А. Динев, Илинденската епопеја, т.2..., 201.

[51] Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 112.

[52] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т. 4..., 118.

трукции за прикривање на оружјето, а веднаш потоа, уште истата ноќ, заминал за Бајалци.

Како и да било, факт е дека Апостол со двајца четници го преживеал масакрот кај Смол и безбедно се извлекол од таму. Сите други што за време на судирот се нашле на двете позиции биле убиени, а потоа и масакрирани. Очигледно, со оглед на обемот и карактерот на мерките што ги преземала власта, во овој период за комитите во Македонија не била погодна за борба ниту една позиција.

Поголемиот дел од изворите кои се однесуваат на судирот кај Смол упатуваат на бројка од 40 до 42 убиени.[53] Меѓутоа, според османлиските податоци, оваа бројка е преполовена, при што се наведуваат 20 убиени четници, што ни од далеку не одговара на вистината. Од друга страна, според турската статистика, османлиските сили имале 3 мртви и 13 ранети, на што секако треба да се поверува.[54]

---

53 Капетан Флоров, кој не само што бил директен сведок на битката кај Смол, туку по два дена повторно дошол на местото на настанот за да изврши увид, во својот извештај до генералот Шостак од 10 март 1905 година, вели дека на местото на битката биле пронајдени телата на 34 загинати и дека тројца се фрлиле во Вардар (С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т. 4..., 118). Бугарскиот трговски агент во Солун, А. Шопов, во извештајот од 5.03.1905 година, наведува дека во судирот кај Смол биле убиени 36 четници (ДАРМ, ф. БГК – Солун, мф. 4328, № 421, 5.03.1905). Австрискиот цивилен агент, Хајнрих Милер, во извештајот од 15 март 1905 година, до министерот за надворешни работи на Австро-Унгарија, грофот Голуховски, наведува дека кај Смол загинале 42 четници (Австриски документи за историјата на македонскиот народ, 1905-1906, редакција и коментар Данчо Зографски, т.1, Скопје 1977, 32-33). Истиот Хајнрих Милер, во извештајот од 22 март 1905 година, наведува дека уништената чета броела 40 души (Исто, 35). Во официјалната турска статистика се спомнува дека четата броела 40 души, од кои 20 биле убиени (Турски документи за оружените борби во Македонија..., 172). Според Аргир Манасиев, во судирот кај Смол загинале 40 четници и 2-3 курири (Македония в пламъци, Спомени на Аргир Манасиев..., 156). Според Х. Шалдев, кај Смол загинале 42 четници (Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина..., г. V (43), 16). Според еден напис во весникот New York Times од 17.03.1905 година, во битката кај Смол загинале 42 комити. Додека пак според Ангел Динев, на позицијата кај Смол со која командувал Сава Михајлов биле убиени 18 души, а на позицијата со која командувал Апостол Петков загинале 33 лица, или вкупно 51 (А. Динев, Илинденската епопеја, т.2 ..., 199-201).

54 Турски документи за оружените борби во Македонија..., 172. Слично на официјалната турска статистика, во весникот New York Times од 17.03.1905 година, се вели дека Турците имале 3 убиени и 8 ранети. Меѓутоа, според

Треба да се нагласи дека при судирот кај Смол, покрај тоа што биле ангажирани регуларни воени единици и жандармерија, власта во исто време се послужила со услугите на многуброен башибозук, што било спротивно на одредбите од Мирцштегските реформи. Поради тоа, при истрагата во врска со овој случај, власта настојувала да го прикрие учеството на башибозукот, иако капетанот Флоров тоа го видел со свои очи.[55]

4. Текот на битката кај Смол на 1/14 март 1905 година, конкретно на позицијата кај Рудина чука, каде што дејствувала четата на Сава Михајлов, го надгледувал рускиот капетан Флоров во својство на офицер при мисијата за реорганизација на османлиската жандармерија, согласно Мирцштегските реформи. По два дена, капетанот Флоров повторно заминал на место на настанот за да собере сведенија за бројот на убиените и да испита дали следниот ден војската и жандармеријата не извршиле некакво насилство врз селаните од Смол. Своите впечатоци од текот на битката и од она што го видел како слика на теренот на третиот ден по битката, Флоров ги доставил во извештајот до генерал-мајор Шостак.[56] Со оглед на фактот, дека станува збор за сведок на битката и очевидец на измасакрираните тела на убиените комити, овој извештај заслужува особено внимание. За време на втората посета на Смол, Флоров бил придружуван од мајорот Сабри бег, офицер при Генералштабот, кој цело време не се одлепил од него и му попречувал во разговорите со селаните. Независно од тоа, Флоров од селаните дознал дека дотогаш биле погребани 14 трупови на комитите кои загинале на првата позиција. Поради тоа, тој се упатил кон втората позиција, всушност на местото каде што дејствувала четата на Апостол Петков, бидејќи таму убиените сѐ уште не биле собрани и погребани. Патем сретнал многу селани со лопати и мотики, кои оделе да ги погребат загинатите. На теренот сѐ уште се движеле воени патроли, а на повеќе места била поставена стража.

Пред заминувањето за Смол, на вториот ден по битката, Флоров бил известен од гевгелискиот кајмакам дека тој издал наредба до војниците да ја вратат облеката од убиените и да ги облечат голите трупови. Меѓутоа, од она што го видел на теренот на

---

австрискиот цивилен агент Хајнрих Милер, во битката кај Смол османлиите имале 8 мртви (Австриски документи за историјата на македонскиот народ..., т.1, 32-33).

[55] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т. 4..., 118.

[56] Исто, 116-119.

третиот ден по битката, Флоров констатира дека тогаш имало многу повеќе соблечени трупови, отколку на првиот ден.[57] Тоа укажува дека војската и башибозукот во продолжение на два дена ги пљачкале и обезличувале труповите на загинатите комити.

Капетанот Флоров во извештајот укажува дека вториот ден по битката заврнал силен дожд кој ги измил од крвта телата на убиените, поради што појасно можеле да се видат раните по нив. Врз основа на виденото од труповите на убиените, Флоров опишува морбидни сцени: „Еве еден труп на млад убавец – детиште, наполно соблечен, на него се 5 рани од куршуми. Во центарот каде што заврши борбата 4 – трупа, од нив тројца на возраст од 17-18 години, сите се соблечени до крај, меѓутоа малку се изнакажани, веројатно поделувало моето присуство. Рани од куршуми на секој труп има многу. Не успеав да ги пронајдам останатите трупови, бидејќи ниту војниците не беа во состојба да ги покажат местата каде што се наоѓаат ... Најоддалечената група кон Вардар брои 5 души, но отсуството на набљудувач до крај ја ослободило незаузданоста на војниците, поради тоа овие трупови беа стравотно изнакажани, дури и внатрешноста им беше извадена надвор. Меѓутоа, последниот труп што ми успеа да го видам ги претставува сите совршенства на Турците во умеењето да ги изнакажат труповите на убиените од нив. Тој труп му припаѓаше на комита, заради чија глава за малку не се испотепале меѓу себе војниците. Освен тоа што му ја пресекле главата, нему со широка секира му ја пробиле градната коска, при што му ги пресекле и жилите на зглобовите кај стапалата. На телото се наоѓаа 27 рани од куршуми и маса незначителни рани од убоди“:[58] По сè изгледа, војниците биле убедени дека споменатово тело е на војводата Апостол Петков, па затоа сиот бес го истуриле врз него.

Според капетанот Флоров, дотогаш биле пронајдени вкупно 34 тела на убиени, а тројца се фрлиле во Вардар. Врз основа на она што го видел за време на битката од 1/14 март и за време на обиколката од 3/16 март, Флоров заклучува дека четите на Апостол Петков и Сава Михајлов биле составени од млади луѓе (еден што се спасил имал 14 години), сите совршено неопитни за водење на борба и ракување со оружје. Поради тоа, кога војската тргнала во вистински напад, тие толку се збуниле што почнале да напразно да пукаат и да ги фрлаат бомбите. Од друга страна, спо-

[57] Исто, 117.
[58] Исто, 117-118.

ред Флоров, војската настапила организирано, стрелбата била прецизна, а поради учеството на башибозукот и брзото пристигање на коњаничкиот одред од Гевгелија, четите биле наполно уништени.[59]

Покрај тоа, капетанот Флоров во својот извештај ги бележи и гласините според кои Турците ги откопувале гробовите на веќе погребаните и пребарувале по нив, а во меѓувреме ја ставиле в гроб и главата на обезглавениот комита.

Според извештајот на рускиот генерал-мајор Шостак до началникот на Главниот штаб, Рапапорт, капетанот Флоров упатил забелешка на еден турски артилериски офицер во смисла зошто биле убивани ранетите и зошто биле унакажувани телата на убиените. На ова, турскиот офицер одговорил: „Комитите се бацили што треба да бидат уништени до крај, за да не ги заразат другите".[60]

При крајот на Извештајот, капетанот Флоров забележува дека за настанот во Смол се пренесувале севозможни приказни и „неприродни нешта", поради што на ништо со сигурност не можело да се верува.[61]

**5.** Веднаш по завршувањето на битката кај Смол, османлиските власти започнале детален претрес на теренот, при што комплетно ја пребарале облеката и опремата на загинатите. Тоа било сторено за да се обезбедат докази и да се оправда акцијата во која загинале толку многу луѓе. Но, од друга страна, преку обезбедените материјали од местото на настанот, можело да се добијат дополнителни информации за составот на четата, нејзините врски со теренот, за логистиката, а врз основа на тоа да се прошири истрагата.

Според официјалната турска статистика, во битката кај Смол биле запленети 30 манлихери, 1 маузер, 9 експлозивни направи и 5000 куршуми.[62] Според извештајот на австрискиот цивилен агент Хајнрих Милер од 22.03.1905 година, по судирот кај Смол, властите нашле списи со податоци дека четата била дојдена директно од Кнежеството, дека таму, па дури и во Софија се движела отворено, се фотографирале и таму ја набавиле својата опрема. Притоа се наведува дека четата комплетно била вооружена

[59] Исто, 118.

[60] Исто, 123.

[61] Исто, 118.

[62] Турски документи за оружените борби во Македонија..., 172.

жена со нови пушки од бугарската армија, на кои дури стоел државниот грб и бројот на единицата.[63] Сепак, најмногу информации за сето она што било пронајдено на местото на настанот дава бугарскиот трговски агент, Атанас Шопов. Во извештајот од 5.03. 1905 година, Шопов наведува дека на местото на настанот биле пронајдени портрети на Апостол Петков и многу шифрирани писма.[64] Меѓутоа, веќе во извештајот од 7.03.1905 година, Шопов пишува, дека во чантата на војводата Апостол Петков било пронајдено едно шифрирано писмо од 29.01.1905 година, потпишано од Иван Гарванов. Споменатово писмо било адресирано до пунктовиот началник во Ќустендил, како и до окружните и околиските началници на Скопскиот округ, при што на сите им било препорачано да му укажат содејство на Апостол и неговите 23 четници при движењето кон Еницевардарско, како и да помогнат при преносот на оружјето.[65] Во чантата на војводата била најдена и една признаница издадена од Наум Туфекчиев во Софија, со која последниот потврдувал дека му се исплатени 238 лева за оружјето кое било купено од него. Покрај тоа, биле најдени расписки за платени фотографии во Софија од портретот на Апостол Петков и сл.[66] Во извештајот од 8.03.1905 година, Шопов дополнува дека помеѓу пронајдените списи во чантата на Апостол Петков биле и следниве документи:

1. Расписки со датум од 4.02.1905 година, издадена во Ќустендил од Илија Цветков, од кои едната за 62 лева, а другата за 36,60 лева, за опинци, ремени и слично;

2. Расписка за 64 лева, издадена од А. Димитров во Софија, за купени патрондаши, ремени и слично;

3. Расписка за 1525 лева, издадена од браќа Иванови во Софија, за купени 5 кратки манлихери и 5000 куршуми за манлихери;

4. Копија од писмо напишано во Ново Село до некој Марко, со кое Апостол известил дека до таму стасал среќно и го моли за тоа да ги информира претпоставените во Софија. Кон ова Шопов додава дека за споменатиот Марко, врз основа на податоците, се утврдило дека тоа бил Марко Секулички во Ќустендил (пунктовиот началник, б.н);

---

[63] Австриски документи за историјата на македонскиот народ..., т.1, 35.

[64] ДАРМ, ф. БГК – Солун, мф. 4328, № 421, 5.03.1905.

[65] Исто, № 435, 7.03.1905.

[66] Исто.

5. Писмо од Апостол Петков од 1.02.1905 до некој си Пецо Георгиев во Софија, во кое зборува за пари и дека чека одговор во кафеаната „Македонија“;

6. Шифриран лист со имиња на 13 четници под началство на Железко (Писмото било дешифрирано од Хилми паша со помош на латински броеви);

7. Многу примероци од портретот на Апостол Петков.[67]

Очигледно, од сето пронајдено во чантата на Апостол Петков, османлиските власти собрале драгоцени информации за функционирањето на четите на ТМОРО. Уште повеќе, врз основа на документите тие биле убедени дека во судирот загинале Апостол Петков и Сава Михајлов, последниот според зборовите на Хилми паша бил многу важна личност за револуционерното дело во Македонија.[68] Веста за победата кај Смол, и „загинувањето“ на Апостол Петков била многу брзо проширена. Задоволни од големиот триумф кај Смол, османлиските власти ги унапредиле и наградиле сите учесници во битката. Така, генералот Етхем паша од Гевгелија веднаш бил одликуван со Меџидие од II ред, гевгелискиот кајмакам Пахим бег бил унапреден во звање, сите офицери што учествувале во битката биле унапредени во повисоки чинови, војниците добиле по 1 турска лира, жандармите биле добиле награда во висина од една месечна плата, а семејствата на загинатите војници по 10 турски лири.[69]

6. Според веќе цитираниот извештај на Флоров, на третиот ден по судирот кај Смол, еден турски артилериски офицер го убедувал рускиот капетан дека Апостол Петков загинал во битката. Во врска со тоа, турскиот офицер приведувал бројни докази. Тој дури се повикувал и на некаков бугарски весник, во кој меѓу убиените биле спомнати имињата на војводите Апостол и Јован (т.е.

---

[67] Исто, № 442, 8.03.1905.

[68] Исто. Атанас Шопов истакнува дека според Хилми паша, Сава Михајлов бил многу важна личност во револуционерното движење во Македонија, но и за турската полиција. Во прилог на тоа, Хилми паша истакнал дека Сава Михајлов, заедно со Јане Сандански, учествувал во киднапирањето на Мис Стон и дека пред 1,5 година како претставник на Внатрешната организација патувал во Белград за постигање на спогодба со српската влада. Бидејќи наведените информации се апсолутно точни, неспорно е дека власта располагала со квалитетни информации за дејците на македонското револуционерно движење.

[69] ДАРМ, ф. БГК – Солун, мф. 4328, № 442, 8.03.1905; Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 165.

Иван Карасулијата, б.н). Меѓутоа, наспроти тоа, локалното население го известило Флоров, дека Апостол Петков е жив.[70] Нешто понапред во извештајот, Флоров наведува дека Турците тврделе оти во четата покрај Апостол Петков се наоѓале Сава Михајлов и Јован (Иван Карасулијата, б.н), но и овде додава, дека локалното население го уверувало дека Апостол Петков, кој бил ранет во ногата, се спасил со двајца другари.[71]

Кога станува збор за спекулациите околу „убиството" на Апостол Петков, генерал мајор Шостак, во извештај до Рапапорт, меѓу другото пишува дека „главата на војводата Апостол, како што пренесуваат Турците, била пресечена".[72] Но, кон крајот на извештајот, Шостак сепак укажува, дека според сведенијата од локалното население, војводата Апостол, кој учествувал во битката, успеал да се спаси со двајца другари.[73] Австрискиот цивилен агент, Хајнрих Милер, во извештајот од 15 март 1905 година, бележи дека во судирот кај Смол загинале шефовите на четите Апостол и Леонид (Јанков, б.н).[74] По неколку дена, во извештајот од 22 март, Милер бележи дека локалното население, кое го доживувало Апостол Петков како „народен херој", настојувало да прошири вест, дека Апостол се спасил, што според официјалните констатации било сосема исклучено.[75]

Веста за наводното убиство на Апостол Петков кај Смол била пласирана и проширена од османлиските власти. Другите, зависно од својот интерес, ја прифаќале и пренесувале како таква, или со доза на резерва. Така, информацијата за наводното убиство на Апостол Петков веднаш била пренесена во Атина. Според турскиот дипломатски претставник во Атина, оваа вест предизвикала силни ефекти во грчката престолнина.[76] Причината за еуфоријата во Атина поради наводната смрт на Апостол Петков е сосема разбирлива, бидејќи тој бил еден од најголемите непријатели на грчката вооружена пропаганда во Македонија. Невистинитата вест за наводното убиство на Апостол Петков, само три де-

[70] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т. 4..., 119.

[71] Исто, 118.

[72] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т. 4..., 122.

[73] Исто, 123.

[74] Австриски документи за историјата на македонскиот народ..., т.1, 32-33.

[75] Исто, 35.

[76] Ottoman diplomatic documents on the origin of World War One, The Macedonian issue 1879-1912, Part 2, 1905-1912, Istanbul 2011, 53.

на по битката кај Смол, преку весникот Њујорк Тајмс од 17 март 1905 година е пренесена на Северноамериканскиот континент.[77]

Веста за наводната смрт на Апостол Петков долго време предизвикувала забуна и севозможни претпоставки, иако тој многу брзо по битката кај Смол на препознатлив начин се огласил во своето „царство“. Бројните акции во Еницевардарско кои биле изведувани во препознатливиот стил на Апостол Петков, со оставање на писма покрај жртвите, или пак испраќање на предупредувачки и заканувачки писма, како и жестоките борби со андартите во Блатото, не ја разбиле фамата за неговата наводна смрт. Напротив, тоа придонело да се создаде нов мит и нова фама, дека на теренот во Еницевардарско се појавил некој псевдо Апостол, кој користејќи го името, авторитетот и веќе создадениот мит за вистинскиот Апостол, согласно инструкциите од Организацијата, потпишувал писма од име на мртвиот Апостол, прво за да се поддржува духот кај населението, а потоа, секако, за да внесува страв и забуна кај непријателот.

Така, изршителот на работите во рускиот генерален конзулат во Солун, во извештајот до рускиот амбасадор во Истанбул, во врска со ликвидацијата на трichлената чета на Митре Камчев кај Гуменџе во август 1906 година, меѓу другото истакнува дека од запленетата архива власта дознала дека споменатиов војвода цело време дејствувал под името на Апостол Петков.[78] Поради тоа, во извештајот изрично се вели дека Апостол Петков, кој со своите пресметки со непокорните влевал ужас, загинал на 1 март 1905 година кај с. Смол, но неговата смрт била прикривана од раководителите на реонот во Еницевардарско.[79] Згора на тоа, од негово име и понатаму се издавале разни циркулари и апели, како во случајот со Митре Камчев, чија чета од власта била ликвидирана во август 1906 година кај с. Тушилово, близу до Гуменџе.[80] Мошне интересно е што во врска со споменатиов настан кај Тушилово, во информацијата која е доставена до началникот на Главниот штаб, генерал-мајорот Шостак, се вели дека тогаш бил убиен „самозванецот *лаже* – Апостол“.[81]

[77] New York Times, 17.03.1905.

[78] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, петти том, Куманово 1998, 135.

[79] Исто, 134.

[80] Исто, 135.

[81] Исто, 145.

Дезинформацијата дека Апостол Петков загинал во битката кај Смол во март 1905 година, и дека неговото убиство внимателно било прикривано, се провлекува и во извештајот од 24 февруари 1907 година, кој е испратен од рускиот генерален конзулат во Солун до амбасадата во Истанбул.[82]

Двегодишното провлекување на информацијата дека Апостол Петков наводно загинал во битката кај Смол, упатува на заклучок дека властите и дипломатскиот кор биле убедени во тоа, па оттука кога тој повторно почнал да дејствува во свој стил, тие ја пласирале приказната за псевдо Апостол. За создавањето на оваа фама придонел фактот што сите писма за разни егзекуции, предупредувања и закани во Еницевардарско, независно од извршителот или доставувачот, се издавале од името на околискиот војвода Апостол Петков и биле потпечатувани со неговиот печат.

7. Како и да било, Апостол Петков ја преживеал касапаната кај Смол и уште пожестоко ја продолжил својата борба. Два-три дена по битката, Апостол од Бајалци по канал заминал за Араџанското Блато, каде во тоа време се прикривал гевгелискиот околиски војвода – Аргир Манасиев.[83] Таму, во прво време, со леб ги обезбедувале рибарите. Меѓутоа, по неколку дена Блатото било опседнато од војска. Бидејќи рибарите биле попречени да им доставуваат храна, тие биле принудени сами да си месаат леб од пченкарно брашно, што го имале на располагање во неколку вреќи. Лебот го печеле на сува трска, а менито го збогатиле со риби кои ги ловеле со специјални кошници. По извесно време, откако ги совладал гладот, по цена на висок ризик биле принудени да го напуштат Блатото. За таа цел ги извадиле потопените лотки од под вода и исполовиле кај с. Карасуле. Откако излегле на суво, веднаш ги потопиле лотките под вода за да им се најдат за следниот пат. Кај с. Аматово, селаните им донеле риби и доволно леб, а од таму преку Вардар и Еницевардарско заминале кон Кожуф. Бидејќи ранетиот Апостол тешко се движел, дури тогаш го оставиле на лекување во селото Црна Река.[84]

Во меѓувреме, додека Апостол Петков се опоравувал од шокот кај Смол, само дваесет дена потоа, на 21.03. (ст. стил) 1905 година, османлиските власти според рецептот кај Смол го ликви-

---

[82] Исто, 331.

[83] Македония в пламъци, Спомени на Аргир Манасиев..., 156.

[84] Исто.

дирале Иван Карасулијата и неговата чета кај с. Ливади.[85] Така власта во овој крај се ослободила и од Карасулијата, близок пријател и соборец на Апостол Петков, за кој во прво време сметале дека загинал во битката кај Смол, заедно со Апостол. На почетокот на септември 1905 година, кај Ѓуров Дол, крај селото Ѓавато, во судир со османлиските војски загинал и војводата Леонид Јанков,[86] кој исто така се спомнуваше како еден од загинатите кај Смол.

Историјата на вооружените судири на македонските војводи со единиците на османлиските власти во 1905 година, покажа дека комитлакот и војводствувањето во османлиска Македонија станало многу опасна дејност. Апостол Петков е еден од ретките што преживеал еден таков погром.

8. Битката кај Смол и преживувањето на Апостол Петков било инспирација за американскиот новинар и публицист со авантуристички дух – Алберт Сониксен, да ја напише статијата „Борба до смрт“ која е објавена на 30 август 1905 година во весникот „The Fulton County news“.[87] Текстот има панегиричен карактер, а во центарот на настанот е војводата Апостол Петков. Сониксен информациите за текстот ги собирал во Ќустендил, каде престојувал како дописник на „New York Post“. Тој вели дека информациите за битката кај Смол ги добил од сувопарните официјални извештаи, од написите во весниците и од изјави на очевидци. Инспириран од сето она што го слушнал и прочитал, Сониксен одлучил да направи приказна за американската јавност. За да биде убедлив, тој вели дека откако ќе се спојат фактите и ќе се отфрлат преувеличувањата, се добива една приказна каква што „овде онде, може да се сретне само во пишувањата на Херодот“. Веднаш потоа, подвигот на Апостол во битката кај Смол, Сониксен го изедначува со подвигот на спартанскиот крал Леонида кај Термопилите. Авторот на приказната, иако на почетокот вели дека ќе ги отфрли преувеличувањата, брзо го напушта овој принцип, особено во поглед на бројноста на османлиските сили. Несомнено, таквото преувеличување требало да ја поткрепи и засили неверојатната, но сепак вистинита приказна за „неговиот“ Леонида.

---

[85] ДАРМ, ф. БГК – Солун, мф. 4328, № 575, 22.03.1905. Телото на Иван Карасулијата властите го однеле во Гевгелија, каде го фотографирале и го предале на егзархиската општина за погреб. За овој настан види: С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т.5..., 145.

[86] Повеќе за тоа види: А. Динев, Илинденската епопеја..., т.2, 207-211.

[87] The Fulton County news, Vol. 6, No. 50, August 30, 1905, 6.

Во тој контекст, Сониксен пишува дека 38 комити смело се бореле против 2000 регуларна војска и орда од неколку илјади башибозук, неколку 100-тина Албанци и чета од 30 Грци. За да го поткрепи тоа, Сониксен додава дека овие бројки биле цитирани во турските извештаи. Додека пак, кога зборува за самиот тек на битката, Сониксен пишува дека откако Турците претрпеле тешки загуби за заземање на позицијата на Апостол, тие привремено ја прекинале битката сè додека не дошле 25 вагони со 2000 војници како засилување од Солун. Веднаш потоа Сониксен вели дека според „некои извештаи" во битката се вклучил и 5000 башибозук. Откако ја пласира оваа бројка, авторот ставајќи се во улога на критички аналитичар додава „веројатно ова е преувеличена бројка, но повеќето од нив си зазеле комотна и пасивна позиција, па тие повеќе беа гледачи, отколку учесници во борбата". Посебен коментар за овие бројки е сосема непотребен, особено ако имаме предвид дека капетанот Флоров, кој бил очевидец на битката, спомнува бројка од 300 војници и поголем број на башибозук.

На друга страна, Сониксен е коректен кога станува збор за бројот на четниците (38 души) што учествувале во битката, за оружјето што го пренесувал Апостол, за проблемите што настанале во врска со куририте на релацијата Стојаково – Смол, за лаежот на арнаутските кучиња кои ја откриле четата, ненајавеното пристигање на четата во Смол, за тројцата удавени во Вардар при обидот да се спасат и слично.

Во текстот на Сониксен има повеќе информации кои не се споменуваат во ниту еден друг извор. Тоа што не се потврдуваат од други извори и не претставува некој посебен проблем, но проблематично е тоа што се добива впечаток дека тие се тенденциозни и со сензационалистички карактер. Така, Сониксен пишува дека додека четата се одмарала преку ден крај Стојаково, на неа случајно налетало едно „грчко" овчарче, кое четата го зела со себе како заложник. Сониксен вели дека иако постоела омраза помеѓу патријаршистите и егзархистите, Апостол го сожалил овчарчето поради неговата младост и го ослободил. Но момчето веднаш отишло во Стојаково и ги информирало властите за присуството на четата во блиската околина. Очигледно е дека Сониксен, имајќи го предвид актуелното непријателство помеѓу патријаршистите и егзархистите, настојува причината за откривањето на четата да ја лоцира во грчко предавство. Меѓутоа, од досега познатите извори што се однесуваат на битката кај Смол, во ниеден не се споменува такво нешто. Од друга страна, ако го имаме

предвид ставот на Апостол Петков кон предавниците, невозможно е такво предавство да остане неказнето од него. Изворите не бележат ниту една ликвидација во врска со битката кај Смол. Меѓутоа, за да биде поубедлива приказната за грчкото предавство, Сониксен во битката на страна на Османлиите вклучува и една грчка чета од 30-тина души под команда на резервен офицер од грчката армија, за што исто така не постојат никакви информации во изворите.

Што се однесува до верзијата за наводното убиство на Апостол Петков, Сониксен изнесува мошне интересна верзија, која по сѐ изгледа е блиску до вистината. Според него, Турците биле убедени во тоа, бидејќи покрај еден од убиените трупови пронашле повеќе писма кои биле адресирани до Апостол Петков, како и една пушка на кое било изгравирано името Апостол. Покрај тоа, неколку селани посведочиле дека тоа бил трупот на Апостол. Но подоцна се дознало дека убиениот покрај кој биле пронајдени писмата, всушност бил секретарот на Апостол. Неспорен е фактот дека во битката кај Смол загинал секретарот на Апостол Петков и дека била запленета чантата на војводата со целата архива. Но во ниеден од изворите, дури ниту во официјалниот турски извештај, не се споменува пушка со изгравирано име на Апостол. Сигурно Турците не би пропуштиле таквиот трофеј да го покажат пред дипломатскиот кор во Солун. Така оваа информација ни се чини како уште една сензација за приказната да добие на тежина. Понатаму, Сониксен пишува дека следниот ден на местото каде се одиграла битката пристигнал италијанскиот генерал Де Џорџис за да спроведе истрага. Според Сониксен, Де Џорџис „по се изгледа бил првиот што се посомневал во смртта на Апостол“. Поради тоа, испратил луѓе да ја доведат жена му на Апостол за да го препознае сопствениот маж. Меѓутоа, Сониксен додава дека бидејќи мртвите биле погребани, било наредено тие да бидат раскопани, но таа меѓу откопаните тела не го препознала Апостол. И овие информации немаат потврда во изворите. Како прво, засега нема ниедна информација која ќе потврди дека генералот Де Џорџис бил на местото на битката. Од друга страна, факт е дека на третиот ден по битката, на место на настанот повторно дошол рускиот капетан Флоров. Но она што е посебно интересно е фактот дека на третиот ден по битката сѐ уште не биле погребани телата на убиените кои настрадале на позицијата со која командувал Апостол Петков.

Според Сониксен, мистеријата за наводната смрт на Апостол ја разрешил самиот војвода. Неколку дена по битката, Апостол наводно испратил писмо до кајмакамот во кое му напишал дека е добар со здравјето со исклучок на неговиот зглоб на ногата, кој повремено го заболувал. И оваа информација не е потврдена во изворите.

На крајот од приказната, Сониксен наведува дека според турските извештаи на османлиска страна загинале само двајца Грци и 16 Албанци, што исто така не одговара на вистината. Меѓутоа, тој додава дека според информациите од селаните на Смол (кое тој цело време го нарекува Спаливо), Турците имале 1200 мртви, што според него „можеби е преувеличена бројка". За да излезе од овој заплет на бројки кој го создава самиот, Сониксен додава „Сепак, загубите сигурно беа големи, бидејќи во спротивно толку голема војска немаше да изгуби цел ден борејќи се против 38 луѓе".[88]

Од изнесеново, факт е дека Сониксен создал „приказна" врз основа на еден вистинит настан од Ориентот, според вкусот и потребите на читателите на некогашниот „див запад". Токму поради тоа приказната е прилично зачинета според западниот вкус. Несомнено, Алберт Сониксен кој по природа е авантурист, во ликото и подвизите на Апостол Петков пронашол идеален лик на „Македонски Робин Худ", еднаков на спартанскиот Леонида, кој бил достоен за перото на Херодот, т.е. за Сониксен. Како и да е, митот за живата легенда веќе бил пласиран во САД.

Во овој стил Сониксен приказната за битката кај Смол во скратена варијанта ја пренесува и во книгата „Исповед не еден македонски четник". Притоа вели дека по битката кај Смол, кога сите верувале дека Апостол бил мртов, тој по една недела му испратил писмо на валијата со кое му соопштил дека се опоравил од лесната рана, меѓутоа, властите го премолчиле овој факт. Според Сониксен, во врска со тоа султанот испратил пратеник во Бојмица кај жена му на Апостол кој ѝ соопштил дека османлиската владата на Апостол ќе му отпушти богата пензија во странство, доколку тој престане да дејствува и ако дозволи да го сметаат за мртов.[89] Можеби токму овој фрагмент од приказната на Сониксен послужил како инспирација за весникот „Florence Morning News", на 14 октомври 1944 година да го внесе Апостол Петков во

[88] The Fulton County news, Vol. 6, No. 50, August 30, 1905, 6.

[89] А. Сониксен, Исповед на еден македонски четник..., 47.

рубриката „Believe it or not!“ (Верувале или не!) и да наведе дека султанот на Апостол му плаќал 30000 $ за да се преправа дека е мртов.

# Резиденцијата во Блатото и водените битки

1. Името на Апостол Петков претставува своевиден синоним за Еницевардарското блато и битките во и околу него. Со битките во Блатото, како против османлиските сили, така и против андартите, Апостол го овековечил и популаризирал името на ова своевидно „езеро“, кое денес веќе не постои на географската карта. Ние на неколку места понапред во книгава се осврнувавме на некои од специфичностите и геостратешкото значење на Еницеварадарското блато. Овде повторно ќе се осврнеме на Блатото, но, пред сѐ, на условите за живот и преживување во него, на рибарските колиби кои биле трансформирани во комитски бази, на специфичните лотки кои претставувале своевидна „флота“, и се разбира на битките за контрола на Блатото. Сето тоа приказната за Апостол Петков ја прави единствена и неповторлива.

Еницевардарското блато се наоѓало во најнискиот дел од Солунската рамнина, десно од реката Вардар и јужно од градот Еница Вардар. Ѓољот, како што го нарекувало населението, имал неправилна триаголна форма, благо наведната кон југозапад. Блатото зафаќало површина околу 160-180 квадратни километри. Вкупната површина и длабочината биле променлива категорија во зависност од хидролошките услови во текот на целата година. Еницевардарското Езеро се полни од реките Мегленица и Кара Азмак и уште неколку помали рекички кои се слеваат од планината Пајак. Во внатрешноста на езерото се наоѓале неколку мали островчиња, кои настанувале со таложење на отпадот од бујната вегетација околу плитките места, или околу корењата на врбите. Бројот и големината на островчињата зависел од хидролошката состојба. Периферијата на езерото и поголемиот дел од неговата внатрешност била обрасната со шамак, трски и друга бујна вегетација, која на некои места достигала висина и до 5-6 метри. Така вегетацијата не само што ја прикривала целата внатрешност на езерото од погледите од надвор, туку го отежнувала и пристапот кон внатрешноста и воопшто движењето низ него. Оттука, ова езеро има повеќе карактеристики на блато. Еницевардарското блато било богато со риби и разни видови на водени птици. Од друга страна, поради топлата клима, над него се вееле облаци од комарци, поради што истото претставувало извор на

маларија. Поради богатата флора и фауна, езерото претставувало значаен дополнителен извор на приходи за околните села. Дел од периферијата на Блатото била во сопственост на богатите бегови, кои го издавале под закуп. Оние предели кои не биле зафатени од беговите, како и самото езеро биле издавани под концесија од локалните османлиски власти. Еден дел од околното население се занимавало со риболов, а за таа цел во внатрешноста на езерото биле подигнати повеќе наколни рибарски колиби. Покрај тоа, локалното население по периферијата и од внатрешноста на езерото собирало трска и шамак. Од нив плетеле рогозини кои служеле за постилање на подовите во домовите и леси од трска кои се користеле како градежен материјал. Таквите производи ги продавале по околните пазари.

Еницевардарското блато со бујната вегетација и непристапноста на теренот пружало извонредни можности за прикривање на четите на ТМОРО. Меѓу погодностите што ги давало Блатото за прикривање, на прво место стои бујната вегетација и неговата непроодност, а потоа можноста за обезбедување на храна од самото езеро, преку риболов и лов на птици.

Наспроти погодностите стоеле опасностите, предизвиците и ризиците кои произлегувале од природата на Блатото. Така, Блатото било вистински извор на маларија, а топлиот и влажен воздух и мирисот на тињата, тешко можел да го поднесе секој, особено болните и ранетите. За да се остане подолго во Блатото била неопходна извесна инфраструктура од колиби и резерви од храна, бидејќи при евентуална опсада од надвор, четите биле подложени на изгладнување. Непристапноста поради бујната вегетација, колку што овозможувала заштита од надвор, во исто време, исто толку, претставувала закана и опасност за оние што биле во колибите низ Блатото. Поради бујната вегетација движењето низ Блатото со пловни објекти било значително тешко. Затоа требало да се обезбедат мали и лесно подвижни лотки со рамно дно, издлабени во трупот од едно стебло. Лотките биле многу нестабилни, а нивната носивост била едвај две-три лица. За да може истовремено да се префрлат повеќе луѓе од едно на друго место, била неопходна речиси цела флота од лотки. Меѓутоа, за да може да пловат лотките до скришните места во Блатото, требало да се направат пристапни патеки низ шамакот и трските. Тоа налагало често косење на трската и шамакот под нивото на водата. Истовремено тајните водени патеки требало да бидат добро замаскирани, особено на периферијата на Блатото, бидејќи,

во спротивен случај, жителите на Блатото можеле ненадејно да бидат нападнати во колибите од надвор. За одбегнување на оваа опасност вообичаено се правеле алтернативни патеки за брзо напуштање на колибите. При напуштање на Блатото, секогаш требало добро да се скријат лотките за да не паднат во рацете на власта. Четите пронашле посебна техника која се состоела во потопување на лотките при напуштање на Блатото и нивно вадење на површина при повторно враќање. Сериозна закана претставувала и мртвата вегетација над површината на Блатото. Сувиот шамак и трската лесно пламнувале и можеле за еден миг да ги зафатат и колибите. Оваа мерка власта честопати ја применувала за да ги истера четниците од Блатото. Покрај власта, стариот шам и трски често го палеле и мештаните, за да се обнови вегетацијата и полесно да дојадат до квалитетен материјал.

За четниците во Блатото, особено проблематично било обезбедувањето на питка вода, иако практично живееле во вода. Водата од Блатото, особено преку лето, не била за пиење, бидејќи во неа имало жаби, пијавици и змии, а особено поради непријатниот мирис од гниењето на вегетацијата.

За да се надминат сите опасности, а сепак да се опстане во Блатото при постојани напади, комитите требало постојано да бидат активни. Покрај тоа требало да се изградат добри колиби, редовно да се одржуваат пристапните патеки, да се обезбедат лотки, резерви од храна, да се изгради систем за набљудување и здрава курирска служба.

2. До појавата на четите на македонското револуционерно движење, Еницевардарското блато било посетувано само од рибарите, ловците на диви птици и мештаните кои собирале шамак и трска. Рибарите во внатрешноста на Блатото за свои потреби подигнале неколку наколни колиби. Прв илегалец од редовите на ТМОРО кој се досетил да ги користи тајните на Блатото и рибарските колиби за прикривање од власта бил Павле Граматиков Кониковски.[1] По неговата смрт кон крајот на 1902 година, по наредба на Апостол Петков почнале да се градат нови колиби, кои во прво време биле користени за складирање на оружје и храна и за прикривање на ранетите и болните четници.[2]

Овие колиби по востанието прераснале во вистинска воена база и опора во борбата против османлиските сили и андарти-

[1] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 160.
[2] Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина..., г. IV (36), 14.

те. Главната заслуга за подигање на првите колиби во Блатото за потребите на македонските комити му припаѓа на Христо Бинчаров од с. Карајотица, инаку поранешен курир на Павле Кониковски. По смртта на П. Кониковски, Апостол Петков го задолжил Х. Бинчаров да изгради една колиба во Блатото, по примерот на онаа што претходно ја подготвил за Кониковски. Колибата била изградена за една седмица во областа „Оџова дема“. [3] Веднаш потоа Апостол Петков во неа испратил на лекување шестмина четници. Набрзо, Апостол го задолжил Бинчаров да подготви уште една колиба на уште поскришно место во Блатото. Втората колиба била подигната во месноста „Кара Чуфка“ и почнале да ја нарекуваат „Џамли Колиба“, бидејќи имала прозорци од стакло. По овој принцип по востанието последователно биле изградени повеќе колиби во атарот на селата Зорбата, Киркилово, Постол, Голото Село, Пласничево и Карајотица.[4]

Најголема била колибата „Корчуфка“ или како уште ја викале „Џамли колиба“. Оваа колиба со тек на времето станала главна резиденција за војводата Апостол Петков. Нејзината површина изнесувала околу 60 квадратни метри. Колибата имала отворена тераса од околу стотина квадратни метри. Терасата била користена од четниците за разни активности. На неа биле изведувани воени вежби, тука го минувале поголемиот дел од слободното време со организирање на разни забавни игри, од тука се фрлале јадици за лов на риби, тука се месел леб и се подготвувала храна. Покрај терасата било целото стопанство на четата, па дури имало кочина со прасиња и кафез со кокошки.[5] Терасата била обезбедена со земјени бедеми.

Публицистот Алберт Сониксен, кој на крајот од зимата во пресрет на пролетта 1906 година го посетил Блатото, колибата на Апостол Петков ја опишува на следниов начин: „Позицијата на Апостол прилегаше на чифлиг, по езерото пливаа питоми пајки и гуски, а околу трите колиби скитаа пилиња, кокошки, овци и кози. Имаше и еден овен, среќата на четата, едно немирно животно, кое влегуваше и излегуваше кога ќе му се посакаше низ колибите, ги газеше и ги разбудуваше заспаните и ги бодеше со своите рогови, кога го бркаа. Ми раскажуваа дека тој овен бил чудесен другар во ноќните походи. Тој одел на чело на редицата, зад војводата. Ненадејно ќе запре, ќе профучи особено и ќе тропне по

---

[3] Исто.

[4] Исто.

[5] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 162.

земјата со своите предни нозе. Тоа предупредување било секогаш успешно: некој ќе е на патеката, пријател, или непријател. На тој начин овенот ја спасувал четата од многу изненадувања“.[6]

Наспроти колибата „Корчуфка“ се наоѓала друга колиба од околу стотина квадратни метри, која служела како складиште за муниција, брашно, сирење и други прехранбени продукти. На еден километар зад колибата која служела како складиште се наоѓала друга колиба, која служела како стражарница. Според овој систем биле изградени повеќе колиби во Блатото. Притоа, секоја колиба добивала име како на пример: Корчуфка, Длабината, Одрови, Порт Артур, Алгана, Песок, Горни Песок, Гугушева Колиба и слично.



Колибата на Лука Иванов, според фотографијата на А. Сониксен

Градбата на колибите во Блатото воопшто не било лесна работа. Единствена олеснителна околност било тоа што потребниот материјал се црпел директно од Блатото. Тука на лице место се наоѓале потребните дрва за конструкцијата, а тука биле трските и шамакот за покрив и затворање на страните од колибата. Со тек на време, од безбедносни причини, најистурените делови на колибите биле обложувани со вреќи полни со песок, за да се заштитат од куршуми. За разлика од другиот градежен материјал,

[6] А. Сониксен, Исповед на еден македонски четник..., 47.

песокот го носеле од периферијата на езерото, бидејќи во внатрешноста на Блатото воопшто не постоел песок.

Откако првите колиби во Блатото се покажале како практични и многу корисни, со тек на времето и со заострувањето на судирите со османлиските власти и андартските чети, бројот на колибите продолжил да се зголемува во текот на 1905 и 1906 година. Така, на пример, Косту Дабижа, кој во Блатото пристигнал кон крајот на летото 1906 година со четата на Ѓорѓи Мучитано, во своите спомени зборува дека тие подигнале 5 нови колиби за живеење и за складирање на оружје и прехранбени производи.[7]

На извесно растојание од колибите, на малку поотворен простор се граделе стражарници за надгледување на теренот. За таа цел најпрво се косел шамак, кој се врзувал во снопови. Сноповите се ределе вкрстено, а помеѓу нив се забивале дрвени колци, за да не ги однесе водата. Колците ги врзувале еден за друг со јажиња од шамак, или со ортоми. Врз така подготвената платформа се ределе греди, кои претставувале своевидно душеме (под). Околу платформата се правел бедем, околу кој се ределе вреќи со песок за заштита на стражарите од непријателски куршуми.[8]

Косту Дабижа во своите спомени ни оставил интересни сведоштва за обезбедување на храна за четите во Блатото. Според него, на почетокот на зимата 1906 година, војводата Ѓорѓи Мучитано презел мерки за обезбедување на резерви од храна за претстојната зима. За таа цел, неколку четници на чело со војводата Мучитано излегле од Блатото и тргнале по селата. Кај селото Берска Вештица од еден Влав – сточар зеле 200 овци јаловици. Притоа на сопственикот му била издадена потврда дека овците се одземени за потребите не четите.[9] Врз основа на оваа потврда, месниот комитет на Организацијата во Бер ги платил овците на сопственикот со пари кои биле испратени од Романија.[10] Одземените овци со лотки биле транспортирани во колибите, каде биле заклани и направени пастрма, која се чувала во специјална колиба. Преку месните комитети од околните села, четата обезбедила околу шеесетина товари брашно. Бидејќи Блатото во тој период било опседнато од османлиски војски, брашното во најголема тишина било префрлено со коњи до брегот на Блатото, а од таму со лотки било транспортирано до колибите. За да се зачува брашно-

[7] Спомени на Косту Дабижа..., 16.
[8] Исто, 25.
[9] Исто, 22.
[10] Исто.

то од прекумерната влага во Блатото, како изолација биле користени рогузини што ги сплетеле четниците. Друг пат, четата задигнала 18 крави од чифлигот на богатиот бег Друзија. Кравите со лотки биле транспортирани до „касапницата“ во Блатото, а таму биле обработени за пастрма. За оправдување на говедарот, војводата Мучитано напишал писмо до бегот.[11] Бидејќи овој бег не бил во добри односи со власта и другите бегови – соперници, честопати ги помагал четите со разни работи.[12] Другите прехранбени артикли, како сол, пипер и слично, четите ги купувале од околните села, притоа секогаш плаќале уредно. Насилно земале само доколку стопанот се огрешил спрема Организацијата. Комитското мени било збогатувано со лов на риби и водени птици.[13] Од дивите шатки и кокошки дури се снабдувале со јајца за Велигден.

Во текот на 1904/05 година, четите на Организацијата го опседнале со колиби северозападниот дел од Блатото. На тој начин воспоставиле директна контрола врз околните села, а индиректно го пресекувале патот на грчката вооружена пропаганда. Покрај Апостол Петков и неговите десетини, прибежиште во Блатото нашол и воденскиот околиски војвода Лука Иванов. Тој се настанил во југозападниот дел на Блатото, контролирајќи ги приодите спрема Воден. Во 1906 година во Блатото се настанила и влашката чета на Ѓорѓи Мучитано, која оперирала на потегот кон Бер.[14] Сите колиби биле поврзани со тајни канали помеѓу гус-

---

[11] Според Дабижа, во писмото пишувало: „Немој да го караш гојдарот, оти кравите не се изгубени или продадени. Кравите ги зедовме за наша потреба. Ако имаш нешто против, кажи кај власта оти ние сме ти зеле толку крави. Ние се наоѓаме во Блатото“. Бегот, откако го прочитал, писмото пред селаните се пофалил со зборовите: „Еве, четниците ми ги платија гојдата. Тие се умни луѓе, ама нашите глај не чинат. Да им помагаме и ако е потребно и алиштата од на себе да ги дадеме, оти тие не се арамии, како нашиве ги викаат“ (Исто, 22).

[12] Исто, 22-а.

[13] Дивите шатки и кокошки ги ловеле ноќно време. За таа цел се користеле две лотки. Притоа на првата лотка седеле тројца четници, од кои едниот ја управувал лотката, вториот држел запален фенер, а третиот тропал со тенеќија. При такви околности шатките останувале на место како зашеметени и вкочанети. Зад првата лотка одела втората, во која еден управувал, а други двајца ги собирале зашеметените шатки и кокошки во вреќи (Исто, 22-а).

[14] За влашките чети во македонската револуционерна организација види: Nikola Minov, The Aromanians and IMRO, Macedonian Historical Review, vol. 2, Skopje 2011, 191-195; Подетално за учеството на Власите во македонското револуционерно движење види: Никола Минов, Влашкото прашање и романската пропаганда во Македонија (1860-1903), Скопје 2013, 363-405.

тата трска и шамак. Овој систем на колиби во Блатото кон крајот на 1904 година го прифатиле и грчките андартски чети, кои во 1905, а особено во 1906 година, со помош на османлиските власти настојувале да воспостават сопствена контрола во Блатото и да го протераат Апостол Петков од таму.

3. По заминувањето на Апостол Петков за Бугарија, есента 1904 година како постојана посада во Еницевардарското блато бил испратен Стојан Хаџиев. Покрај него се нашле Димитар Бабјански, стариот В'ндо, Бојан Крчаков, Штерјо Јунана и други.[15] Меѓутоа, некои од четниците не можеле да го поднесат тешкиот живот во Блатото, поради што брзо си заминале. Така во Блатото останале шестмина четници. По еден судир кај Пајак планина, есента 1904 година, полусмрзнати во Блатото биле доведени Танас Грубешки, Илија Бугаријски и Пено Радомирски. Поради претходното премрзнување, тројцата останале сакати. Притоа на Танас речиси му окапале нозете до колена, а другите двајца загубиле по еден прст од нозете.[16]

Кон крајот на 1904 година во Блатото се вселиле и андартите. Нивната главна потпора се наоѓала во областите каде доминирало грчко и друго патријаршиско население. Тоа биле областите околу Берско, Негушко, југоисточно од Еницевардарското блато крај текот на Вардар, покрај реката Кара Азмак, која извирала од Блатото, па сè до реката Бистрица. Оваа област Турците ја нарекувале Урумлук.[17] Главен организатор на грчката пропаганда во овој крај бил лекарот Андонаќи (Андон Андонијади).[18] Оттаму андартите постепено почнале да навлегуваат во југоисточните предели на Блатото, кое што им нудело исти услови за живот како и на комитите.

Како прв андартски војвода во Еницевардарското се појавил Гоно Јотов (Гонос Јотас), инаку братучед на Апостол Петков. Овој поранешен комита, привлечен од грчката пропаганда ја напуштил Организацијата и во октомври 1904 година застанал на чело на првата андартска чета во Еницевардарско. Гоно набрзо се вселил во Блатото.[19] Неговата андартска чета повлијаела за пре-

[15] Хр. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Енидженвардарското блато (По споменитѣ на Стоянъ Тр. Хаджиев), Ил. Илинденъ, София 1931, г. 4, кн. 8 (38), 14.

[16] Исто.

[17] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 164.

[18] Р. Поплазаров, Грчката политика спрема Македонија..., 175.

[19] D. Dakin, The Greek struggle in Macedonia..., 274.

минот на повеќе села кон Патријаршијата и кон приоѓањето на македонските патријаршисти кон грчката кауза. Покрај него, во почетокот на 1905 година во Блатото се појавиле уште неколку андартски чети предводени од мештани. Меѓу нив се вбројуваат Лазос Дојамас од с. Баровица, чија чета броела 7-мина, потоа Евангелос Гацос со 6 души, Митре Калче со 5 души и други.[20] Сите тие се само претходница на идните андартски капетани. Слабата андартска организација на теренот била дополнувана со толерантниот однос и полуприкриената поддршка од османлиските власти. Главна преокупација на едните и другите била ликвидацијата на Апостол Петков, како синоним на македонската револуционерна борба во овој регион.

Според извештајот на српскиот генерален конзулат од Солун, од 22.01.1905 година, османлиските војски во јануари го опколиле Еницевардарското блато, со намера да останат таму до растопувањето на снеговите. Притоа војската била опремена и со митралези.[21] Преку оваа опсада на Блатото, власта ја манифестирала својата намера и новата концепција за елиминација на четите на македонското револуционерно движење. Меѓутоа, мошне интересно е тоа што во овој период во Блатото престојувало само едно одделение комити, а андартските чети токму во овој период непречено од опсадата се вовлекле во Блатото.

Првите андартски акции во почетокот на 1905 година биле насочени против рибарите егзархисти и малкуте четници кои тогаш престојувале во Блатото. На 19.02. (ст. стил) 1905 година, триесетина андарти влегле во Блатото и ја нападнале рибарската колиба на Мице Павлов, каде во исто време се наоѓал неговиот син и уште осуммина рибари од Еницe Вардар. Андартите ги врзале сите и започнале да ги испрашуваат каде се комитите.[22] Тогаш на место ги убиле Сотир Карев и Дионис Паљошов. По два дена, андартите ја нападнале колибата во месноста „Песокот“, крај селото Зорбата, каде се наоѓале тројца комити. Меѓутоа, на помош притекнало едно одделение од соседната колиба, кое успеало да ги протера андартите. Четниците кои дошле на помош во „Песокот“ го нашле четникот Георги Хаџи Траев, кој бил ранет, и осумтемина рибари кои биле врзани и подготвени за егзекуција.

---

[20] К. Δογιάμας, Οι μακεδονομάχοι αδελφοί Δογιάμα..., 4.

[21] ДАРМ, ф. Политичко одделение (натаму, ПО), мф. 457, Солун, 22.01. 1905, No. 50.

[22] ДАРМ, ф. БГК – Серес, мф. 4328, Извештај од БТА во Солун, No. 346 од 25. 02. 1905.

Истовремено, во колибата „Големиот песок“ ги пронашле труповите на двајца убиени рибари од Енице Вардар.[23] По овој првичен судир андартите се повлекле по околните патријаршиски села, но веднаш по нив во Блатото навлегле османлиски војски. Поради тоа, Стојан Хаџиев со своето одделение бил принуден привремено да ги напушти колибите и да се засолнат во друг предел на Блатото.

Околу Велигден 1905 година, Стојан Хаџиев се вратил назад и подигнал нова колиби кај месноста „Длабината“, која се наоѓала на поскришно место, далеку од очите на рибарите.[24] Набрзо тука биле префрлени воените материјали што ги носел Апостол Петков при враќањето од Бугарија, за кои постоела голема опасност да бидат запленети од власта по битката кај Смол.

По заздравувањето на раната од битката кај Смол, пролетта 1905 година, Апостол Петков се вселил во новоизградената колиба „Длабината“. Истовремено Стојан Хаџиев со своето одделение заминал во „Палевата колиба“ кај с. Ниси, за да го замени берскиот војвода Ѓорѓи Влашето (Ѓорѓи Мучитано, б.н).[25] Апостол повремено ги свикувал сите водачи на десетките за изворно да се информира за состојбата на теренот. Еден таков состанок пролетта 1905 се одржал во колибата „Одри“.[26]

Во меѓувреме Апостол презел мерки за реорганизирање на целиот регион, како на копно, така и на вода. За издршка на четите, тој утврдил организациски данок во пари и натура. Така трговците со вино и свилени кожурци, зависно од положбата, требало да даваат од 20 до 60 турски лири. Кехаите биле должни да даваат 2% од ситниот добиток (овци и кози). Од живата стока биле формирани организациски стада, а приходите и продуктите од нив оделе за потребите на четите. Додека од крупните земјопоседници наредил да се зема жито, кое потоа се мелело во организациска воденица, а брашното се складирало по пунктовите во Пајак Планина и во Еницевардарското блато.[27] На тој начин биле обезбедувани елементарни материјални средства за издршка на четите.

---

[23] Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Ениджевардарското блато..., г. IV (38), 14.

[24] Исто.

[25] Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Ениджевардарското блато..., г. IV (40), 15.

[26] Исто.

[27] Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина..., г. V (43), 16.

Според еден извештај од 19 јуни 1905 година на рускиот штапски ротмистер – Агура, Апостол Петков во Блатото располагал со 40 четници, а уште толку биле под команда на Кочо. На тој начин во разните сектори на Блатото имало околу осумдесетина четници.[28] Поради тоа, османлиските власти одлучиле да преземат решавачка акција за расчистување на состојбата во Блатото. За таа цел, на 15 јуни (ст. стил) повеќе османлиски одреди го блокирале Блатото од сите страни, при што војската била подготвена да навлезе во внатрешноста и да ги нападне колибите сред трските и шамакот.[29]

Според сведоштвата на четникот Стојан Хаџиев, десетарот Мицо Кадијски донел информација дека османлиската војска го опколила Блатото и се подготвува за напад на колибите. Оваа вест со молскавична брзина се пренела по сите колиби. Поради тоа, Стојан Хаџиев со своето одделение превентивно ја напушил „Палевата колиба“ и се префрлил во „Корчуфка“ која се наоѓала наспроти Енице Вардар. Едно утро четниците забележале дека водените птици се вознемирени. Тоа било сигнал за присуство на непознати лица во Блатото, т.е. дека кон колибите пристига непријателот. По неколку минути, на една лотка пред нивната колиба се појавил говедарот Гошо, кој насилно бил земен од Турците како водич низ Блатото. Во еден момент, Гошо незабележано од Турците, со својата лотка се доближил до колибата и го информирал С. Хаџиев дека се опколени, и дека Апостол веќе се судрил со османлиската војска и со андартите кај „Длабината“ спроти с. Зорбата.[30]

Кон колибата кај „Длабината“ воделе повеќе влезови: првиот бил од кај с. Зорбата, вториот од кај внатрешноста на Блатото кон колибата, а третиот од колибата кон внатрешноста на Блатото. Последната патека ја знаеле малкумина. По патеката кон с. Зорбата на едно место во Блатото се отворало пошироко водено пространство без шамак и трски. Војската која доаѓала по пристапот од кај с. Зорбата, за да стаса до колибата требало да помине токму низ овој отворен простор. Тоа претставувало сериозна опас-

[28] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т. 4..., 194.

[29] Исто; Според сведоштвата на четникот С. Хаџиев, кои ги пренесува Х. Шалдев, споменатава акција биле преземена пролетта 1905 година, што очигледно е грешка. Види: Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Ениджевардарското блато..., г. IV (40), 15.

[30] Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Ениджевардарското блато..., г. IV (40), 15.

ност бидејќи можеле да бидат изложени на истрели од страна. При влезот на овој отворен простор, комитите имале сопствена стража од тројца четници. Во меѓувреме вториот влез кон „Длабината“ превентивно бил попречен, па единствен излез од колибата кон внатрешноста на Блатото останувала третата патека, која ја знаеле само малкумина.

При влезот на првите османски војски во отвореното пространство со вода, стражарите од непознати причини не отвориле оган, туку ги пропуштиле да влезат во просторот, па дури потоа почнале да пукаат. Тоа им дало можност на османлиските сили да се развијат во фронт и да отворат силен оган кон стражарите. Притоа го раниле четникот Илија Бугаријски. Тој и Петар Стоев, откако увиделе дека не може да се извлечат, решиле меѓусебно да се убијат. Меѓутоа, ранетиот Илија не успеал да го убие Петар, туку само го ранил, додека Петар го убил Илија. Четниците од колибите, откако ја слушнале престрелката, притекнале на помош и отвориле оган по војската од другата страна на отвореното пространство. Во меѓувреме ранетиот стражар Петар Стоев, кој бил од спротивната страна, за да не падне жив во турски раце, решил да се самоубие со сопствениот нож. Но при обидот да се прободе, ножот од лотката му паднал во вода. Во тој момент Димитар Мечката од с. Зорбата, кој исто така бил насилно земен за водач од Турците, се доближил со лотката до Петар и му соопштил дека Турците, под заканата на огнот од кај колибите, почнале да се повлекуваат кон брегот. Повлекувањето на војската било од тактичка природа, бидејќи набрзо потоа тие се реорганизирале и презеле нов напад. Овој момент го искористиле четниците од колибите и низ третата тајна патека, по двајца во лотка се префрлиле во реон во внатрешноста на Блатото, каде останале извесно време. На тој начин бил одбегнат првичниот османлиски напад.

Во такви околности, за да го одвлече вниманието од Блатото, Апостол Петков му наредил на десетарот Димитар Бабјански, кој се наоѓал во Корнишорската планина, да изврши некакво убиство и покрај жртвата да остави белешка дека убиството е сторено од четата на Апостол.[31] Д. Бабјански веднаш ја исполнил наредбата, а османлиските сили го кренале обрачот околу Блатото и заминале кон Пајак. Во меѓувреме, Апостол Петков и останатите чети го напуштиле Еницевардарското блато и заминале в пла-

[31] Исто, 16.

нина кај Бабјански.[32] Таму, на Петровден 1905 година, се судриле со османлиските војски. По извесно време Апостол повторно се вратил во Блатото.[33]

Османлиските војски влегле во Блатото дури откако четите веќе заминале од таму. Според извештајот на рускиот штапски ротмистер – Агура, од 19 јуни 1905 година, кога војската продрела во Блатото и колибите, таму не нашле никој.[34] Според истиот извештај, во Блатото останал еден изнемоштен, беспомошен четник, чија нога поради претходно премрзнување била во распаѓање и речиси окапана. Во случајот станува збор за Танас Грубешки. Според рускиот офицер, кај четата недостасувала храброст за да го докрајчи овој несреќник, иако имала таква идеја. Поради тоа, Агура изразува стравување дека споменатиов четник може да падне во турски раце, или пак да умре од глад.

Од друга страна, Агура известува дека по ова фијаско на османлиската офанзива во Блатото, властите изјавиле дека концесијата за риболов во Блатото ќе им ја дадат исклучиво на Грците.[35] Турското ветување набрзо било реализирано. Од тогаш пропагандната војна во Еницевардарско поприма и економски карактер.

За време на краткотрајното отсуство на Апостол Петков и другите чети од Еницевардарското блато, османлиските власти потпалиле неколку колиби, а други пак ги завладеале андартите. Поради тоа, Апостол наредил да се подигнат нови колиби, но и да се уништат сите турски лотки крај северниот брег на Блатото. Истовремено, со окружно им било забрането на сите рибари, без разлика дали се егзархисти или патријаршисти, да влегуваат во Блатото. Поради непочитување на оваа наредба, Стојан Хаџиев

---

[32] Според извештајот на рускиот штапски ротмистер Агруа, половината од четниците кои се наоѓале во Блатото, истото го напуштиле преку ноќ, а другата половина тоа го сторила в мугри, притоа искористувајќи ги коњите од една ергела, кои паселе покрај Блатото (С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т. 4..., 194).

[33] Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Енидживардарското блато..., г. IV (40), 15. Официјалната османлиска статистика бележи дека на 13 јули 1905 година имало судир кај с. Корнишор. Притоа се наведува дека четата броела 26-мина, а во борбата загинале 2 комити. Покрај тоа војската запленила 2 манлихери, 3 експлозивни направи, 55 фишеци и 36 ќебиња (Турски документи за оружените борби во Македонија..., 200).

[34] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т. 4..., 194.

[35] Исто, 195.

ликвидирал тројца рибари патријаршисти, кои што ги затекнал во Блатото.[36]

4. Поради неуспехот на османлиските власти и андартите да се пресметаат со четите на ТМОРО, била интензивирана соработката помеѓу двете страни во текот на втората половина на 1905 година. Притоа се применувале комбинирани методи на политички и економски притисок врз егзархиското и влашкото население кое било лојално кон македонското револуционерно движење. Главен организатор и раководител на андартската вооружена акција и понатаму останувал грчкиот конзулат во Солун, додека координатор на „легалниот“ дел од грчката пропаганда бил воденскиот митрополит, под чија јуриздикција се наоѓала Еницевардарската каза, како и одредени активисти, трговци и лекари во Еница Вардар и Гуменџе. Оттука, официјалните власти со својата толеранција кон грчките пропагандни институции и нивните протагонисти се јавувале во улога на асистенти на грчката кауза во сопственото царство.

Главен координатор на сите грчки активности во Гуменџе и понатаму бил лекарот Ангелаки Сакелариос со својата свита. Тој се однесувал како вистински мудир на Гуменџе. Нему како телохранители му служеле 3 војници, кои му ги определил коласот (мајорот), а тие го придружувале дури и по кафеаните.[37] Кога еден од неговите луѓе (Мино Шатоев), по игра на случајност бил фатен и приведен поради тоа што кај него бил пронајден револвер, мудирот во Еница Вардар направил сè за приведениот да биде ослободен, па дури и да му биде вратен револверот со сè куршумите.[38]

Од друга страна, на 14 јуни (ст. стил) 1905 година, во Гуменџе била приведена учителката Ана Арсова, бидејќи кај неа била пронајдена преписка со Апостол Петков, еден негов портрет и револвер. Споменатава учителката била поведена кон Еница Вардар, но по пат се обидела да побегне. Притоа паднала и си ја исчашила раката во пределот на дланката. Откако била совладана, учителката Ана била сместена во една турска куќа во Еница Вардар, а за нејзината безбедност биле задолжени четворица стражари.[39] За неа се зборувало дека често исчезнувала од Гуменџе и

---

[36] Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Ениджевардарското блато..., г. IV (40), 15.

[37] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т. 4..., 192.

[38] Исто, 191.

[39] Исто, 193.

со опинци на нозете и револвер во појасот по неколку дена одела во планина кај Апостол Петков. Власта до тогаш воопшто не се сомневала во неа, но граѓаните зборувале дека таа била многу решителна девојка.[40] По нејзиното приведување, меѓу граѓаните се појавиле гласини дека Ана станала жртва на расколот во Организацијата на централисти и сарафисти. Ана Арсова наводно била поткажана на власта од страна на централистите, бидејќи таа била приврзаник на Б. Сарафов, кон кого во последно време почнал да клони и Апостол Петков. Поради тоа, Ана Арсова по приведувањето ја предала нејзината поранешна другарка – учителката Марија Георгиева од Струмица, која била на страна на централистите. Притоа, Ана ѝ соопштила на власта дека во станот на учителката Марија се скриени шифрирани документи за активноста на Организацијата и за лицата што давале пари за Комитетот. Меѓутоа, Марија Георгиева била навреме предупредена и побегнала пред да биде уапсена. Во отсуство на Марија, на 15 јуни (ст. стил) 1905 година, полицијата го пребарала нејзиниот стан и запленила повеќе документи. Меѓутоа, еден полицаец – христијанин, за поткуп од 10 лири, запленетите документи ги заменил со други безначајни списи, а првите ги уништил.[41] Набрзо, полицискиот комесар ја открил измамата, а при претресот кај полицаецот биле најдени десетте лири кои ги сокрил во кондурите. Независно од ова откритие, сепак не дошло до афера, бидејќи оригиналните документи бесповратно биле уништени.

Во средината на јули 1905 година, воденскиот патријаршиски владика отседнал извесно време во Еница Вардар. По негова сугестија полицијата затворила 18 видни граѓани – егзархисти, а уште 14-мина биле повикани на разговор.[42] Пораката од оваа постапка била сосема јасна: секој што не е со екуменската црква, подлежи на притисок од власта. Во меѓувреме дошло до нагло влошување на положбата на егзархиското население, како во Еница Вардар, така и во целата каза. Грчките агитатори прибегнувале кон севозможни средства. Истовремено во градот се нашле двајца Грци – терористи. Првиот, Јани Зорбата, својата активност ја прикривал под форма на трговец, а за таа цел отворил дуќан во кој сета роба едвај достигала 100 гроша капитал. Вториот терорист, Нико, се прикривал под формата на трговец со

[40] Исто.

[41] Исто.

[42] В. Георгиев и С. Трифонов, Гръцката и сръбската пропаганди в Македония..., 64.

кожи. Тие постојано се движеле низ градот во придружба на двајца полицајци.[43] Листата на нивните злодела под покровителство на власта е предолга.[44]

Во почетокот на август 1905 г., грчкиот комитет издал Прокламација до патријаршиските општини во Солунскиот вилает. Со Прокламацијата во име на грчката кауза, патријаршистите биле повикани на економски бојкот против сите егзархисти во вилаетот.[45] Во меѓувреме, локалните власти го оствариле ветувањето и го дале Еницевардарското блато под концесија на едно грчко друштво кое било во директна врска со грчките комитети. Дотогаш Блатото се издавало на разни претприемачи, кои од своја страна понатаму го изнајмувале на селаните кои се занимавале со собирање и преработка на трска и шамак.[46] Меѓутоа, со последната одлука на власта, концесионерството на Блатото било ставено во функција на грчката пропаганда. Новите концесионери за дваесет пати ја зголемиле цената за собирање на шамак и трска, но притоа разгласиле дека оние што ќе ја признаат Патријаршијата ќе може да собираат трска по цена од претходната година. Ако минатата година еден сноп шамак чинел еден грош, тековната 1905 година, цената на сноп шамак или трска изнесувала 20 гроша. Бугарскиот трговски агент во Солун, во својот извештај во врска со ова прашање, забележува дека при таква цена „луѓето би претпочитале да си купуваат персиски килими, отколку рогозини“.[47] Поради превисоката цена на шамакот, трговијата со рогозини сосема замрела, а со тоа опаднала економската моќ на населението околу Блатото. Независно од тоа, друштвото кое го зело Блатото под концесија не трпело никакви загуби, бидејќи било субвенционирано од страна на грчкиот комитет. Населението од Еницевардарската околија повеќе пати се пожалило пред официјалните власти и пред странските конзули поради економската дискриминација која била од политички побуди, но тоа не дало никакви резултати. Во такви околности, еден бег кој поседувал чифлиг на брегот од Блатото го поканил населението да собира шамак по стара цена на неговото земјиште, но една андартска чета веднаш ги запалила трската и шамакот на неговиот посед.[48]

---

[43] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т. 4..., 276.

[44] Исто, 277-279.

[45] В. Георгиев и С. Трифонов, Гръцката и сръбската пропаганди в Македония..., 65-66.

[46] В. Георгиев и С. Трифонов, История на българите..., т. 1, 264.

[47] Исто.

[48] Исто, 265.

Поради економската дискриминација која била политички мотивирана, дел од населението почнало да размислува за премин во унија со римокатоличката црква, сметајќи дека на тој начин ќе бидат подобро покровителствувани од државата.[49]

Во исто време во Гуменџе, под покровителство на Ангелаки Сакелариос, слободно се движеле десетина дојденци, кои го тероризирале егзархиското население. Тие речиси пред очите на властите вооружени се шетале по околните села, каде извршиле повеќе убиства.[50] Поради тоа селаните од околните села и жителите на Гуменџе побарале од власта да преземе мерки и да го протера Сакелариос. Меѓутоа, бидејќи власта не реагирала на поплаките, сите села од околината, веројатно по иницијатива на Организацијата, започнале економски бојкот на Гуменџе. Така, во првата половина на септември 1905 година, ниеден селанец не стапнал на пазар во Гуменџе.[51]

5. На 23 мај 1905 година, султанот Абдул Хамид II по иницијатива на Романија издал Ираде, со кое Власите се стекнале со статус речиси еднаков на милет. Со овој потег влашкото прашање не било решено, бидејќи поранешните поделби во оваа етничка група фатиле длабоки корени. Значаен дел од Власите, особено оние побогатите, и понатаму останале приврзаници на Патријаршијата и под влијание на елинската идеја. Другата групација Власи, кои биле под влијание на романската пропаганда, а кои дотогаш соработувале со македонското револуционерно движење наспроти грчката пропаганда, во 1905 година, по стекнувањето на новите привилегии, под влијание на романските агитатори почнале да пројавуваат извесен сепаратизам.

Меѓу првите влашки војводи што пројавиле сепаратизам во пределите на Пајак Планина бил некој си Нешо Ливадијски.[52] Всушност, зачетоците на сепаратизмот меѓу влашките војводи во овој регион своевремено биле поттикнати од Иван Карасулијата. Тој, за да оствари влијание во овој крај, таму го испратил војводата Тано Цамбазот со чисто влашка чета, која била предназначена да ги обиколува влашките села. Наспроти тоа, Апостол Петков таму го испратил својот десетар Штерјо Јунана, исто така со чис-

[49] Исто.

[50] В. Георгиев и С. Трифонов, Гръцката и сръбската пропаганди в Македония..., 81.

[51] Исто.

[52] Хр. Шалдевъ, Ичко Димитровъ Гюпчевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина, Ил. Илинденъ, г. 3, кн. 8 (28), София 1930, 14.

то влашка чета. Меѓутоа, Штерјо Јунана по извесно време пројавил сепаратизам, поради што Апостол Петков го разоружал и го испратил во Бугарија. По извесно време, Штерјо се вратил во влашките села во Еницевардарско, како лојален подвојвода на Апостол Петков и воопшто на Организацијата.[53] На тој начин, Апостол Петков ги елиминирал опасностите од штотуку пројавениот влашки сепаратизам во својот регион.

Во втората половина на 1905 година, изворите не бележат некоја особена препознатлива активност, типична за Апостол Петков. Според една информација од Сакелариос, на 16 ноември 1905 година Апостол Петков со својата чета ги ограбил жителите на селата Извор, Тушилово, Тумба и Оризарци, поради што по неговите траги тргнал Лазос Дојама.[54] Ни се чини дека оваа информација тенденциозно е искривена. Во интерес на објективноста, треба да одбележиме дека Апостол Петков ниту убивал, ниту пак посегал по туѓ имот без причина. Оттука можеби треба да претпоставиме дека се работи за собирање на средства, или други добра за потребите на Организацијата од лица кои се огрешиле према неа и преминале на страна на грчката пропаганда.

Апостол Петков, во 1905 година, не само што бил во отворен конфликт со претставниците на грчката пропаганда, туку дошол во судир и со претседателот на егзархиската црковно-училишна општина, свештеникот Н. Шкутов. Последниот, согласно наредбите што ги добивал од егзархот Јосиф I, преку својата активност настојувал да го одвраќа населението од Револуционерната организација и да го ориентира според потребите на бугарската егзархиска политика во Македонија. Поради тоа, Шкутов постојано бил во судир со месните комитети на Организацијата насекаде каде што служел. Селаните во Еницевардарско редовно се жалеле на неговата контрареволуционерна проповед.[55] Поради однесувањето, Шкутов повеќепати бил предупреден од Апостол Петков, кој дури му се заканил со ликвидација. Најпосле Апостол

[53] Христо Шалдев, овој настан го датира во 1906 година, меѓутоа тоа најверојатно се случувало во текот на 1905 година, а повод за тоа треба да се бара во признавањето на Власите како одделен милет. Во прилог на нашево мислење го приведуваме и фактот што Шалдев пројавениот влашки сепаратизам го доведува во врска со постапките на Иван Карасулијата. Со оглед на фактот дека Карасулијата бил убиен во март 1905 година, нема сомнеж дека Апостол Петков би толерирал некој десетар цела година да манифестира сепаратизам во неговиот регион.

[54] Κ. Δογιάμας, Οι μακεδονομάχοι αδελφοί Δογιάμα..., 2007, 4

[55] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 522.

Петков се обратил со писмо до егзархот Јосиф I, во кое откако го „изнакитил“ Шкутов со бројни „епитети“, на крајот од писмото вели: „Јас се чудам зошто го држите тој лажлив и страшлив претседател, кога цел народ не го сака, а ако Вие не го дигнете од тука, како куче ќе го убијам“.[56] За сето ова егзархот на 2 декември (ст. стил) 1905 година со писмо го информирал претседателот на бугарската влада – Рачо Петров.[57]

6. Привременото затишје во Еницевардарско, спротивставените страни (османлиските власти, андартите и четите на македонското револуционерно движење) го искористиле за прегрупирање. Ако во втората половина на 1905 година во Еницевардарско владеело релативно затишје, во 1906 година, борбите во и околу Блатото достигнале кулминација.

Додека Апостол Петков водел жестоки борби на теренот, Солунскиот окружен комитет на ВМОРО кон крајот на 1905 година се обратил до Задграничното претставништво, при што се пожалил на однесувањето на Апостол Петков и Христо Чернопеев.[58] Согласно новоусвоените акти на Рилскиот конгрес, Задграничното претставништво, на 2 јануари 1906 година, одговорило дека таквите прашања не влегуваат во неговите компетенции, при што препорачало внатрешните работи и недоразбирања да ги решаваат соодветните комитети.[59] Од достапните извори не може да се утврди на што конкретно се пожалил Солунскиот окружен комитет од Апостол Петков. Меѓутоа, имајќи го предвид темпераментот на Апостол и неговиот однос кон интелектуалните средини во раководните институции на Организацијата, слободни сме да претпоставиме дека незадоволството и оплакувањето спрема Апостол лежи во неговото непочитување и непослушност кон овие средини. Пролетта 1906 година, Солунскиот окружен комитет повторно ги осудил постапките на Апостол Петков и побарал неговото поведение да се разгледа на претстојниот окружен конгрес.[60] Меѓутоа, се чини дека таквите одлуки на Солунскиот окру-

---

[56] Исто.

[57] Исто, белешка 2.

[58] Вътрешната македоно-одринска революционна организация... Документи на централните ръководни органи, том I, част 1..., 584.

[59] Исто.

[60] Исто, 590. Покрај тоа, Солунскиот окружен комитет донел одлука за формирање на селски чети согласно новиот правилник, преследување на андартските чети на секој начин, а кон албанските чети кои се појавувале повремено во Округот, се препорачува одбранбен карактер.

жен комитет немале никакво влијание врз поведението на Апостол Петков. Наспроти тоа, популарноста на војводата сѐ повеќе растела.

7. Кон крајот на февруари 1906 година во југозападниот дел на Еницевардарското блато, во логорот на воденскиот војвода – Лука Иванов, пристигнал американскиот новинар и публицист, Алберт Сониксен. При првата средба со Американецот, момчињата (четниците) на Лука биле прилично срамежливи. Поради тоа, Тодор Серменински му дошепнал на Сониксен дека тие во него гледаат „еден вид меѓународна комисија со македонскиот устав во чантата“.[61] Преку оваа шеговита досетка на Тодор, всушност индиректно се пренесени очекувањата на македонските борци.



Лука Иванов

Првата ноќ во Блатото, Сониксен ја поминал во една од колибите на Лука Иванов. Еве како Сониксен го опишува тоа: „Вечерта се собравме во големата колиба, каде што спијат четниците. Во средината светна голем оган, чиј што чад се цедеше низ трските на покривот. Во дното послаа голема черга врз дебел пласт од шамак. Тука Лука, Тодор и јас ја установивме нашата постојана квартира. Ни еден аристократски салон не бил подобро украсен со оружје. Над главата на секој заспан четник висеше манлихеров карабин, штик и наган. Макар што Лука беше човек со воено образование... неговото однесување спрема момчињата беше демократско. Тие се собираа околу него во полукруг и секој можеше да му поставува прашања на кои Лука одговараше. Наскоро разбрав дека тие момчиња не се незналковци за светските работи. Повеќето од нив престојувале некое време во Бугарија, а еден дел беа и родени таму, како на при-

[61] А. Сониксен, Исповед на еден македонски четник..., 43.

мер Лука. Двајца од момчињата ми направија особен впечаток. Тие беа од студентски тип и такви беа навистина. Едниот беше дезертер од Софиското воено училиште. За да не направам еден фалшив впечаток, што можеби го создадов токму сега, да додадам дека Лука не беше орудие на бугарската политичка пропаганда во Македонија".[62] Со оваа реченица Сониксен укажува дека Лука Иванов, кој бил родум од Бугарија, во македонското револуционерно движење не дејствувал како орудие на бугарската политичка пропаганда, туку како искрен борец на македонската борба за автономија.

Апостол Петков, штом разбрал за пристигањето на Сониксен, следното утро заминал во колибите на Лука Иванов. Неговата намера била да ги покани Лука и Сониксен на ручек во својата колиба.[63] Еве како Сониксен ја опишува средбата со Апостол Петков: „Стражарот одозгора извика. Јас станав, излегов надвор и забележав еден чун, што идеше од честакот од трски кон нас. Во него имаше три лица. Првиот што скокна на брегот беше подвижен, црномурен човек на средна возраст, со износени бели албански, тесни, опнати потури, со црна кошула со широки ракави, вооружен не само со манлихера и наган, туку и со кама со сребрена дршка, провисната на неговиот колан со патрони. И да не го познавав лично, ќе погодев кој е, зашто неговите портрети висат во сите крчми во Бугарија, токму во тие комитски алишта. Јас се бев сретнал со Апостол во Софија мината година, и тој веднаш ме позна".[64]

Откако ја опишува првата средба со Апостол, Сониксен се осврнува на неговата личност и револуционерното минато. Во врска со тоа пишува: „Ако имаше некој од разбунтуваните ѓаурски поданици на Абдул Хамид, спрема кој тој да има лична омраза, тогаш тоа беше Апостол војвода. За случајниот посматрчач однадвор и за обичните селани, христијани, или муслимани, тој беше видната личност на револуцијата. Странски полициски офицери и конзулски чиновници, незналковци за внатрешниот развиток на организацијата, водеа тајни преговори со Апостол за да ги узнаат неговите погледи за различните прашања за реформата. Тие веруваа дека тој е претставител на селските маси. Јас сум сведок дека султанот испрати еден од своите роднини кај Апостол војвода за да ги узнае неговите услови при кои би се повле-

[62] Исто, 43-44.

[63] Исто, 47.

[64] Исто, 44.

кол од револуционерната дејност“.[65] Понатаму, Сониксен пишува: „Апостол беше македонскиот Робин Худ. Тринаесет години тој носел оружје. Во дните пред Дамјан Груев да го организира прочуениот Централен комитет, Апостол ги крстосувал планините. Тој е еден од оние фантастични херои, кои што се појавиле меѓу угнетените народи низ сите полуварварски периоди на историјата и чиишто подвизи се воспевани од народите. Тие се воодушевувале од единствената идеја за смрт и разурнување, првиот инстинкт на примитивните, непросветени луѓе. Кога се создала револуционерната организација со програма за заедничка дејност, Апостол војвода, за разлика од многуте свои колеги во разни делови на земјата ѝ ги предложил своите услуги, и покрај сите ограничувања што требало да ги поднесе за дисциплината во таа организација, за да се откажува од својата пљачка и да ги слуша заповедите на анемичните градски учители. Од тоа време животот на Апостол беше само подвизи“.[66]

Лука Иванов и Алберт Сониксен ја прифатиле поканата на Апостол Петков и со две лотки тргнале кон неговата „резиденција“ во Блатото. Впечатоците на Сониксен за „чифлигот“ на Апостол ги изнесовме понапред во трудот. Затоа овде ќе го дадеме неговото видување за луѓето околу Апостол Петков. „Гледам дека луѓето на Апостол, според интелигенција стојат подолу од оние на Лука. Повеќето беа прости, неписмени селски момци. Мочуриштето им беше станало засолниште на сите кои бегаат од турското правосудство. Кај Апостол имаше едно момче од четиринаесет години, кое му ја беше украло пушката на еден турски падар, кога спиел во полето. Друго момче на седумнаесет години, шивачки калфа, кој избегал тука зашто пробол со нож еден пијан војник, кој што го тепал. Еден старец дошол ноќно време кај мочуриштето и бил прибран во логорот. Тој убил еден Албанец, управител на чифлиг. Една недела подоцна тука се засолнал и син му – речиси дете, кој што ранил со камен некаков стражар. На таков начин Апостол беше собрал еден голем логор од приврзаници, кои не војуваа – (тоа беше, б.н.) ‚Прифатилиштето за сираци на Апостол‘, како што го нарекуваше Лука. Двапати годишно имаше генерално расчистување и тогаш дваесет до четириесет души беа испраќани во Бугарија. Таму Централниот комитет се грижеше за нив додека најдат работа“.[67]

---

[65] Исто, 45.
[66] Исто, 46.
[67] Исто, 27-48.

Овие сведоштва на Сониксен, во висок степен се поклопуваат со искажувањето на повеќе современици дека Апостол Петков секогаш околу себе држел многу луѓе, кои по разни основи се огрешиле пред власта. Се разбира, таквата концентрација на луѓе на едно место, од кои мнозина речиси не биле способни за борба, го отежнувало функционирањето на целата чета. Меѓутоа, со оглед на начинот на живеење во Блатото, и таквите немоќници на своевиден начин имале употребна вредност. На крајот на краиштата, Апостол Петков отсекогаш се поставувал како заштитник кон сите незаштитени и прогонети, па оттука не случајно Сониксен го прогласил за македонски Робин Худ. Имајќи го предвид тоа, како и постојаното прогонување на злосторниците и предавниците, Апостол се стекнал со неприкосновен авторитет, но и почит пред населението. Несомнено тоа е барем само една од причините поради кои „легалните“ раководители на илегалната Организацијата, честопати доаѓале во конфликт со Апостол.



Алберт Сониксен

Од своја страна, Апостол Петков му се пожалил на Сониксен дека не можел да задржи секретар за подолго време. Во контекст на тоа Сониксен додава: „Апостол не беше од оној вид на началници кои ќе ги претпочита еден студент“.[68] Несомнено, Сониксен го согледал расчекорот помеѓу Апостол Петков и младите интелигентни сили и раководните структури во Организацијата. Поради тоа, тој забележува дека во Организацијата постоело „предубедување против Апостол“, а младите војводи за него се изразувале како за „стар разбојник“, нешто со што Сониксен лично не се согласува. Поради ова разидување, Сониксен на своевиден начин го сожалувал Апостол: „Кутриот Апостол, за него беше тешко да врви во чекор со еволуционите движења во Организацијата. Тешко му беше да пушти некаков немоќен даскал, дојден од градот, да му ја критикува тактиката и да се меша во неговите сметки. Уште потешко беше да се диктираат неговите воени движења од луѓе,

[68] Исто, 48.

кои никогаш не употребувале понапаѓачко оружје од бастунот. Но тој се потчинуваше. До крајот остана лојален“.[69]

Сониксен се обидува да ни го претстави и карактерот на војводата. Според него, „Апостол – војвода е дете на природата, неговата наивност е мила. Тој раскажува за своите подвизи како момче. Неговата гордост за работите во кои учествувал е така отворена, што не изгледаше егоистична. Кога ќе почувствуваше дека верувањето на неговите слушатели ослабува, очите му се отвораа како две тркалезни петпаралници, а тој кимнуваше свечено со главата. Во такви моменти тој фасцинираше“.[70]

8. Привременото затишје во Еницевардарско од крајот на 1905, во март 1906 година било нарушено од страна на грчките провокатори и андартите, кои во меѓувреме се реорганизирале за жестока пресметка против Апостол Петков. Не можејќи војнички да се пресметаат со четите на ВМОРО во Еницевардарско, претставниците на грчката пропаганда прибегнувале кон севозможни средства за да им нанесат штета на своите противници. За таа цел најчесто биле подметнувани бомби и писма со компромитирачка содржина. Веднаш потоа биле информирани органите на прогонот, кои по извршениот претрес, врз основа на подметнатите материјали, ги приведувале лицата чии имиња биле спомнати во фалсификуваните списи. Со аферите од овој тип требало да се скрши духот на македонското население кое било под политичко покровителство на Револуционерната организација и да ѝ пристапат на Патријаршијата, која била во функција на елинската кауза.

Најкарактеристичен пример од овој вид е аферата со бомби во Гуменџе. На 10 март (ст. стил) 1906 година, жителите на Гуменџе поднеле жалба до генералниот инспектор Хусеин Хилми паша, во која ги навеле сите злодела што биле извршени врз егзархиското население од страна на претставниците на грчката пропаганда.[71] Во жалбата дури биле наведени имињата на деликвентите. На крај жителите од Гуменџе побарале заштита од институциите во име на правдината.

Наместо заштита, по десет дена жителите на Гуменџе се соочиле со режирана афера од страна на грчките активисти во изведба на официјалните власти. На 20 март (ст. стил) 1906 годи-

[69] Исто.

[70] Исто, 48-49.

[71] Draganof, Macedonia and the reforms, London 1908, 132.

на, полицијата спровела претрес во повеќе куќи и во егзархиското училиште. При претресот на таванот на егзархиското училиште во една кошница биле пронајдени три бомби и едно писмо, потпишано од Апостол Петков. Писмото не било адресирано до никого, а на него не стоел ниту печатот на војводата, според востановената пракса. Во писмото биле наведени имињата на тринаесет видни трговци – егзархисти, на кои отворено им се соопштувало дека бомбите во кошницата биле наменети за конакот, патријаршиската црква и за куќата на Ангелаки Сакелариос.[72] Поради овој настан биле приведени споменатите тринаесетмина во писмото, училишниот слуга и двете учителки. Сите биле одведени во затворот во Еница Вардар. Веста за бомбите во Гуменџе уште истиот ден стасала во Солун, а писмото му било доставено на Хилми паша. Со содржината на писмото биле запознаени цивилните агенти и генералот Де Џорџис, како и бугарскиот трговски агент, А. Шопов. Од спроведената експертиза врз писмото, станало јасно дека станува збор за политичка провокација.[73] Етимологијата и правописот покажале дека писмото е напишано од лице кое не го познава доволно јазикот и наместо „т“ и „ч“ ги користи графемите „с“ и „ц“. Поради тоа сите сфатиле дека писмото било напишано и подметнато од некој Грк.[74]

Покрај некоректниот јазички стил во писмото, во прилог на тезата дека се работело за конструирана афера од политички побуди оделе повеќе споредни факти. Како прво, егзархиското училиште не било оградено, ниту пак чувано ноќно време, поради што секој можел да постави или земе било што. Второ, сите писма што дотогаш биле испраќани од името на Апостол Петков биле потпечатувани со неговиот печат, а тоа лесно можело да се провери од бројните писма што тој ги испраќал до кајмакамот, беговите, конзулите и слично. Во случајот писмото не било потпечатено. На крајот се поставува и прашањето зошто кошницата не била предадена или пронајдена кај некој од споменативе лица, туку била оставена на таванот на училиштето. Под притисок

---

[72] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 226. За разлика од Силјанов, според Драганов бомбите биле пронајдени во дворот на егзархиското училиште покрај една греда во кошница сошиена од платно. Покрај бомбите било пронајдено писмо со потписот на Апостол Петков, кое било адресирано до дванаесетмина првенци во Гуменџе (Draganof, Macedonia and the reforms..., 132).

[73] За ставот на грчката историографија во врска со овој настан види: Х. П. Ἴντος, Αγγελος Σακελλαρίου..., 190.

[74] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 227.

на очигледните аргументи, Хилми паша изјавил дека веројатно се работи за скроена афера која имала цел да им наштети на извесни лица.[75] И покрај тоа, Хилми паша не презел ништо за да се откријат и казнат подметнувачите, туку правдата ја задоволил со тоа што ветил ослободување на приведените. Тие биле ослободени на 14 април (ст. стил) 1906 година.[76] Револтираните Гуменџани се зафатиле да обезбедат докази за инспираторите на аферата. Тие како главен виновник го посочиле докторот Ангелаки Сакелариос. Руският генерал Шостак, кој преку офицерот Полтанов целосно бил запознаен со случајот, побарал протерување на Сакелариос и на неговите соработници од Гуменџе. Меѓутоа, на тој план не било преземено ништо. Поради тоа, цивилниот агент Демерик пред А. Шопов изјавил „За сега вие треба да се задоволите со ослободувањето на невините".[77]



Константинос Мазаракис
(Капетан Акритас)

9. Во март 1906 година биле обновени борбите со андартите во Еницевардарското блато. Директен сведок на некои од судирите во и околу Блатото бил Алберт Сониксен. Додека Сониксен престојувал во колибите на Апостол, војводата испратил десетина момчиња во разузнавачка мисија во внатрешноста на Блатото. На второт ден од обиколката, оваа десетина се судрила со една андартска извидничка групација, која се движела во правец на територијата на Блатото што ја контролирал Апостол Петков.[78]

Набрзо борбите со андартите во Еницевардарското блато се заостриле. Еден ден селаните од Св. Марина, Јамчиште и околните села од областа Сланица, кај Лука Иванов донеле едно писмо во кое меѓу другото

[75] Исто.

[76] Draganof, Macedonia and the reforms..., 132.

[77] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 227.

[78] А. Сониксен, Исповед на еден македонски четник..., 49.

стоело: „Разбрав дека сте биле гонети од Бугарите – разбојници, кои на сила сакаат да се откажете од својата народност и вера. Слушаме дека тие ве принудувале да протестирате пред Европејците против војниците на верата, лажејќи дека тие ве прогонуваат. Јас ве молам да си ги отворите очите и за понатаму да не правите такви протести. Оние што не ќе послушаат, ќе ги казнам. Таквите ќе бидат убиени, а нема да бидат поштедени ни нивните жени, ни нивните деца. Нивните тела ќе ги раскинеме на парчиња. Ќе го убиеме секој што не е со нас“.[79] Писмото е потпишано од Константинос Акритас (псевдоним на грчкиот офицер Константинос Мазаракис).[80]

Набрзо потоа Акритас преминал од зборови на дела. На 28 март 1906 година, Акритас со педесетина андарти го нападнал селото Св. Марина. Притоа неколкумина маскирани андарти влегле во куќата на претседателот на месниот комитет на Организацијата, но бидејќи него не го нашле дома, посакале да ги одвлечат жената и децата. Во тој момент дваесетина милиционери од селото отвориле оган по „христовите војници“. Престрелката продолжила околу половина час. Набрзо потоа на помош кон Св. Марина тргнале и милиционерите од соседните села. Андартите, откако забележале дека пристигаат милиционери од надвор, почнале да се повлекуваат во паника. Тие зад себе оставиле петмина убиени, меѓу кои и секретарот на Акритас, а од страна на селаните имало само еден убиен.[81] Во меѓувреме кон Св. Марина тргна-

---

[79] Исто, 61.

[80] К. Мазаракис (Акритас) е роден во 1869 година во Нафплио (Грција). Дипломирал на грчката воена академија. Бил член на националистичкото здружението Етники Етерија и учесник во грчко-турската војна во 1897 година. Во 1904 година, Атинскиот македонски комитет го испратил во Македонија како еден од организаторите на грчката вооружена пропаганда. Извесно време работел во грчкиот конзулат во Солун, под псевдонимот Стерјакис. Во 1905 година, Мазаракис предводел андартска чета која дејствувала на потегот помеѓу Каракамен, Негушко и Ениџевардарското блато. Покрај тоа, Мазаракис бил координатор на андартските чети за Централна и Западна Македонија. Позната е неговата соработка со турските офицери против четите на ВМОРО. Кон крајот на 1906 година се вратил во Атина, каде продолжил активно да дејствува во Македонскиот комитет. Учесник е во Балканските војни. Во 1916 година бил назначен за командант на артилерискиот полк во Солун. Во 1919 година е унапреден во генерал мајор и зел учество во грчко-турската војна. Воената служба ја напуштил во 1926 година, а во 1937 се објавени неговите спомени под наслов „Македонската борба“. Во 1955 година, според неговиот псевдоним, селото Буф е преименувано во Акритас.

[81] А. Сониксен, Исповед на еден македонски четник..., 62.

ле дваесетина четници од Блатото, заедно со Американецот. Тие стасале во селото, но дури откако судирот веќе бил завршен. Четата радосно биле пресретната од вооружените милиционери, но веднаш се вратила назад, внимавајќи да не налетаат на османлиска војска, која вообичаено се појавувала по таквите инциденти. Следниот ден војската навистина се појавила во Св. Марина и привела петмина селани, кои по неколку дена биле ослободени.

Андартските напади по незаштитените села, чија што единствена вина се состоела во тоа што ја подржувале борбата на Револуционерната организација, го предизвикале бесот за одмазда кај Лука Иванов и Апостол Петков. Со оглед на фактот дека андартските чети се криеле во Блатото, поради што било тешко да бидат пронајдени и уништени во отворена борба, Лука Иванов одлучил да го нападне и потпали селото Ниси, кое претставувало главна база од каде андартите се снабдувале со храна, курири и водичи. Во врска со ова прашање дошло до отворена дебата помеѓу Лука Иванов и Алберт Сониксен. Последниот сметал дека со нападот врз селото и врз цивилното население ќе се даде простор на европскиот печат да поведе негативна кампања против дејците на македонското революционерно движење.

Додека Лука Иванов и Сониксен теоретски се расправале за негативниот ефект кај европската јавност што може да го предизвика евентуалниот напад врз селото Ниси, андартите го нападнале Голото Село во близина на логорот на Апостол Петков. Четниците на Апостол Петков, потпомогнати од десетина души на Лука, веднаш се упатиле кон Голото Село. Кога тие пристигнале пред селото, андартите побегнале кон с. Ниси. При овој напад, андартите запалиле две куќи и убиле еден селанец.[82]

По нападот на Голото Село престанале сите дискусии околу јавното мислење во Европа. Војводите биле обземени со подготовките за изведување на акцијата против Ниси. За таа цел била обезбедена газија, која била пакувана во пивски шишиња. За акцијата биле ангажирани околу шеесетина четници. За нивното префрлање до брегот пред Ниси биле потребни дваесеттина лотки – речиси цела флота. Како претходница заминал Тодор Серменинчето со пет лотки, а зад него на стотина метри низ трските, се движела цела „флота". Бидејќи подводните треви биле високи, а водата плитка, наместо со весли, лотките ги придвижувале со стапови. За време на движењето низ Блатото, Сониксен пишува

[82] Исто, 65.

дека патем си потфрлале шеги за „македонската флота и адмиралите, Лука и Апостол“. На шега издавале и наредби на „морнарски јазик“.[83] Со целата акција раководеле А. Петков и Л. Иванов. Околу зајдисонце „флотата“ запрела кај едно мало островче во близина на брегот, скриено меѓу трските, за да одморат веслачите и да вечераат четниците. Тогаш за меѓусебна комуникација била утврдена паролата „Македонија“ а како лозинка зборот „Слобода“. Оној што немало да одговори на паролата со лозинката се сметал за непријател. Овде биле издадени последните упатства. Веднаш потоа „флотата“ во најголема тишина се упатила кон брегот. Притоа како водич било земено едно момче – рибар од околните села, кое ги познавало сите патеки во Блатото и на суво.

Откако излегле на брегот, четите се упатиле кон селото и го опколиле од сите страни. Притоа, Апостол Петков со своите луѓе ја опколил горната страна од населбата, а Лука Иванов, долната. За секоја евентуалност, осуммина четници го запоседнале патот кон соседното село, бидејќи таму имало османлиска војска. Набрзо потоа селото Ниси вивнало во пламен, а од одделни куќи се слушале експлозии од воените материјали што биле складирани таму од андартите.[84] Бидејќи акцијата траела подолго време од предвиденото, кај Ниси се појавил капетан Акритас со својата дружина, која отворила оган од далеку. Нивната намера била да го пресечат патот на четата при повлекување од селото. Во меѓувреме, од другата страна се слушнало пукање од османлиската војска која тргнала кон Ниси. Тогаш четите без загуби се повлекле кон брегот, а од таму во своите бази во Блатото.[85]

За време на акцијата во Ниси биле изгорени триесетина куќа и биле убиени шестмина. Од убиените еден бил Албанец – управител на чифлиг, едно шеснаесет годишно момче кое случајно било погодено и еден докажан предавник. Другите убиени биле андарти.[86] При повлекувањето од селото, Лука Иванов на една селанка ѝ оставил писмо кое било наменето за сите селани. Во писмото било нагласено дека палењето на селото не било сторено од расна омраза, туку како заштитна мерка против Акритас кој ги напаѓал околните села што ја подржувале Организацијата.[87] Во

[83] Исто, 66.

[84] Исто, 67.

[85] Исто, 69.

[86] Исто, 70.

[87] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори...,173; А. Динев, Илинденската епопеја... т.2, 227.

врска со овој настан, Лука Иванов испратил писмо и до кајмакамот на Бер. Со писмото го потсетил за андартските напади на Св. Марина и Голото Село, и го обвинил кајмакамот зашто не презел мерки за преследување на напаѓачите, иако тие му биле познати, туку привел неколку невини селани. Покрај тоа, во писмото било наведено дека нападот врз Ниси бил преземен бидејќи селаните од ова село зеле учество при нападот на Св. Марина. На крај од писмото Лука додал дека „во иднина ќе настојува да ги казнува само виновниците, штом власта ги покровителствува, наместо да ги гони“.[88]

По опожарувањето на Ниси, османлиските војски го блокирале Блатото и сите приоди кон него. Очигледно власта имала намера да ги прекине врските меѓу четите во колибите и околните села, и на тој начин да ги принуди да го напуштат Блатото, а потоа да се пресмета со нив. Меѓутоа, тоа не дало резултати. Според Сониксен, блокадата „нѐ принуди само да држиме диета, јадејќи само леб и сирење, откако го изедовме добитокот низ ‚чифлигот‘ на Апостол“.[89] Опсадата на Блатото траела околу петнаесетина дена. За да ги протераат четите, османлиските војски се послужиле и со артилерија. Меѓутоа ефектот од тоа бил сосема слаб. Најголем дел од гранатите ја промашувале целта, а при ударот во Блатото повеќето од нив воопшто не експлодирале. Сепак, една граната случајно ја погодила колибата на Апостол Петков. Дури тогаш Апостол Петков донел одлука да го напушти Блатото, а во колибите да остане само едно одделение.[90]

Во меѓувреме, поради пролетните температури снеговите по планините се растопиле, а надојдените реки го подигнале нивото на водата. Тоа било идеален момент да се напушти Блатото и да се замине кон планините. При такви услови, Апостол Петков со својата чета, по тајните патеки низ Блатото излегол на брегот, а од таму со вешти маневри ги избегнал османлиските војски и заминал кон планината. Во исто време Блатото го напуштил и Лука Иванов, заедно со Алберт Сониксен.[91]

---

[88] Споменатово писмо, берскиот кајмакам го предал на Хилми паша, а овој го дал на увид на бугарскиот трговски агент во Солун – А. Шопов. Последниот со извештајот № 387 од 8 март 1906 година со содржината на писмото ја запознал сопствената влада (Исто, белешка 2).

[89] А. Сониксен, Исповед на еден македонски четник..., 71.

[90] Хр. Шалдевъ, Какъ стана убийството на Лука Ивановъ (Изъ спомените на четника Д. Кацарски), Ил. Илинденъ, г. 4, кн. 5 (35), София 1931, 6.

[91] А. Сониксен, Исповед на еден македонски четник..., 71.

# Разгорување на борбите

1. Според планот на К. Мазаракис од 1905 година, андартските чети во реонот на Еницевардарско и Воденско требало да бидат во меѓусебна комуникација и во функција на поистурените чети во централна Македонија.[1] Меѓутоа, обидите на андартите во 1905 година да се зацврстат во Блатото биле безуспешни, иако имале неформална поддршка од локалните османлиски власти.[2] За да се навлезе во Блатото и да се создаде база во него, било потребно извесно време додека се регрутираат локалните жители како водачи и поддржувачи на андартите. Откако грчките офицери Константинос Буковалас (капетан Петрилос), Ставрос Ригас (капетан Кавондорос) и Михалис Анагностакос (капетан Матапас) добиле материјална помош и муниција од Турците, постепено почнале да навлегуваат во југоисточните предели на Блатото. Тогаш биле создадени бази во колибите: Цекри, Али и Лака. Споменативе офицери во тајните на Блатото ги внел „славофонот" Гоно.[3]

Како главна андартска база служела колибата Ники, каде се организирале воени подготовки за селаните од околните села. Во меѓувреме се работело на утврдување и зацврстување на комуникацијата со Солун. Според планот, андартите најпрво требало да се утврдат во североисточниот дел на Блатото и да создадат база во Еницевардарско, а оттаму да остварат влијание кон северните и северозападните планински масиви. Меѓутоа, за да се реализира така зацртаната цел, најпрво требало да се протера Апостол Петков од северозападниот дел на Блатото, или барем да се натера во дефанзива. Тоа не било ниту лесно, ниту едноставно.

За таа цел, во почетокот на 1906 година, како водачи на андартските чети биле испратени Ставрос Ригас и Михалис Анагностакос, а во април како засилување биле испратени Панајотис Папацанетеас (капетан Палас) и Јоанис Сакеларопулос (капетан

---

[1] D. Dakin, The Greek struggle in Macedonia..., 116. Според споменатиов план, за регионот источно од Вардар биле потребни три чети, од кои една за Дојранско, втората за областа околу Аматовското езеро и третата за областите околу Лагадинското езеро.

[2] Исто..., 274.

[3] Исто.

Зириас).[4] Веќе во април 1906 година андартите во соработка со Турците извршиле напад врз колибата на Апостол Петков, но таа во тоа време била празна.[5] Набрзо потоа, Папацанетеас добил задача да воспостави контрола врз патот помеѓу Енице Вардар и Бер. Оваа операција била наречена „Пресекување на патот". Со тоа всушност требало да се прекине врската помеѓу селата од двете околии кои ја подржувале револуционерната организација. Меѓутоа, операцијата пропаднала, бидејќи Турците го нападнале Папацанетеас.[6]



Андартите пред својата колиба во Блатото

Летото 1906 година, иако дошло до значително зголемување на андартските сили во регионот, тие сепак не успеале да го наметнат своето влијание и да воспостават контрола. Токму тогаш раководните фактори на грчката вооружена пропаганда го сфатиле геостратешкото значење наЕницевардарското блато, од каде Апостол Петков и останатите чети на Организацијата, буквално го пресекувале патот и дотурот на луѓе и оружје за андартските чети во централна Македонија. Поради тоа, во септември 1906 година во Блатото биле упатени нови свежи сили. Меѓу новодојдените се нашле Телос Агапинос (капетан Аграс), Константинос Сарос (капетан Калас) и Јоанис Деместихас (капетан Ники-

[4] Basil K. Gounaris, The Macedonian Struggle 1903-1912, Paving the way to the liberation, Modern and contemporary Macedonia, Volume I, Macedonia under Ottoman rule, Papazissis & Paratriritis, 1993, 520.

[5] D. Dakin, The Greek struggle in Macedonia..., 275-276.

[6] Исто..., 279-280.

форос).[7] Аграс брзо ги научил мистериите и тајните на Блатото. Оттогаш Блатото станува место на постојани судири помеѓу комитите и андартите, а во борбите повремено се вклучувале и османлиските сили. Андартското влијание во Блатото делумно се зацврстило дури во втората половина на 1906 година, откако контролата врз четите ја презел Јоанис Деместихас - Никифорос.[8]

Според Гунарис, во периодот од мај до ноември 1906 година, андартските чети извршиле над 30 напади врз македонските егзархиски села.[9] Како резултат на засилениот терор, позицијата на андартите во овој дел од Македонија значително се подобрила во споредба со претходниот период. Протокот на луѓе, оружје и пари се одвивал непречено, а изборот на офицерите и дисциплината биле на завидно ниво. Сето тоа се одвивало под будното око на грчкиот конзул во Солун – Ламброс Коромилас.[10]



Андартските водачи Сарос, Аграс и Никифорос

2. Андартската и османлиската воена иницијатива на теренот делумно го принудиле Апостол Петков на дефанзива, меѓутоа ниту тој, ниту другите чети од регионот не седеле со скрстени раце во исчекување на судбината. Апостол продолжил со закани, предупредување и казнување на „легалните" носители на грчката

[7] B. K. Gounaris, The Macedonian Struggle..., 520.
[8] D. Dakin, The Greek struggle in Macedonia..., 274.
[9] B. K. Gounaris, The Macedonian Struggle..., 520.
[10] Исто.

пропаганда во регионот. Така, на 8 јуни 1906 година, од име на Апостол Петков, секретарот Кочо напишал предупредувачко писмо до патријаршискиот учителот Јанко Мишо (Јоани Мисио) во Енице Вардар.[11] Мошне интересно е што писмото е напишано со грчки букви на локален словенски јазик. Можеби ова претставува смислен потег за да се потсети учителот на неговото потекло?! На почетокот во писмото, Јанко се прекорува зашто на сите страни зборувал „секакви работи“. Поради тоа од него се бара 5 лири глоба и му се препорачува по завршувањето на испитите да го напушти Енице Вардар и повеќе да не доаѓа во градот, бидејќи во спротивно ќе биде „направен на илјада парчиња“.[12] Дали споменатиов учител ги внел петте лири глоба во касата на Организацијата, не ни е познато, но факт е дека по добивањето на писмото, тој заедно со семејството побегнал во Истанбул, каде останал до 1922 година, кога со грчко-турската размена на населението се вратил во Грција. Според тоа, може да констатираме дека предупредувачкото писмо го постигнало посакуваниот ефект. Очигледно, овој учител убаво ја разбрал лекцијата дека најдобро се учи врз основа на туѓи искуства.

Практиката на Апостол да испраќа предупредувачки писма, или пак да остава писма врз своите жртви, станала инструмент за манипулација од страна на неговите противници – андартите. Досега имавме случаи како андартите подметнуваа писма од негово име за да компромитираат одредени лица пред власта. Но андартите набрзо ја примениле и другата варијанта – со оставање на писма врз жртвите од името на војводата Апостол.

На 10 јули (ст. стил) 1906 година, на патот кај с. Сугудли, кое се наоѓало западно од Еницевардарското блато, бил пронајден убиен свештеникот Ристе Стојан и неговиот брат Митре.[13] Притоа врз едниот труп било пронајдено писмо со потписот на Апостол, а адресирано до кајмакамот. Во писмото било наведено

---

[11] Јанко Мишо (Јоани Мисио) бил роден во 1862 година во Струмица. По завршувањето на училиштето на Друштвото за ширење на грчката писменост се вработил како учител во родниот град. На почетокот на XX век бил преместен за учител во Енице Вардар, каде бил еден од најголемите противници за отворањето на егзархиско училиште во овој град. Откако го добил споменатово писмо од Апостол, Јанко со своето семејство побегнал во Истанбул, каде работел во повеќе училишта. Таму останал сѐ до 1922 година, кога со размената на населението се вратил во Грција. Починал во 1931 година (Ἀ. Ἰωαννίδου, Σλαβικά κείμενα σε ελληνική γραφή..., 64).

[12] Исто..., 66.

[13] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот..., т. 5, 75.

дека убиството било извршено од Апостол Петков, бидејќи свештеникот бил шпион како на Турците, така и на Грците.[14] Меѓутоа, по извршениот распит кај претседателот на егзархиската општина, се покажало дека споменатиов свештеник бил на добар глас кај сите егзархисти и немало место за сомнеж дека тој може да шпионира. Поради тоа, единствена опција останувало дека писмото со потписот на Апостол било фалсификувано, а извршители на убиството биле андартите.

Според изворите, се чини дека во текот на јуни и јули 1906 година владеело релативно затишје, но тоа е само привидно мирна состојба. Така, во еден извештај на рускиот конзулат од Солун од средината јуни, се вели дека ако се изостават поедините убиства кои биле секојдневна појава како последица на прекумерно заострените односи помеѓу „христијанските народности“ во Солунскиот вилает, во првата половина на јуни владеело релативно затишје.[15] Според истиот извор, грчкото движење во областите на Бер и Еницевардарско, каде сериозно била насочена грчката пропаганда, било посмирено. Притоа е регистриран само еден андартски напад врз егзархиското село Алар, но тој бил одбиен од стражата на месниот бег. Друга андартска чета од 12 души се судрила со османлиските сили кај с. Јаворница, помеѓу Бер и Негуш, при што зад себе оставила пет жртви.[16] Според информациите во овој извештај, очигледно е дека дипломатските средини навикнале на секојдневните убиства низ османлиска Македонија, па таквите појави ги сметале како нешто вообичаено.[17] Затоа, доколку

[14] Исто, 98.

[15] Исто, 75.

[16] Исто.

[17] Во прилог на горнава констатација ги приведуваме податоците за политичките убиства во Солунскиот вилает според статистиката на австрискиот цивилен агент во Македонија, Рихар – Опенхајмер. Според него, во периодот од 1. III. 1904 до 28. II. 1905 г., од страна на егзархистите врз патријаршистите биле убиени 73 лица, а 12 биле ранети. Додека од 1. III. 1905 до 15. XII. 1905 г., биле убиени 36 патријаршисти и 17-мина биле ранети. Наспроти тоа, во периодот од 1. III. 1904 до 28. II. 1905 г., патријаршистите убиле 31 егзархист, а раниле 85 лица. Додека во периодот од 1. III. 1905 до 15. XII. 1905 г., убиле 53 лица и 243 раниле. Во истиот период помеѓу христијаните, без притоа да се знае конфесионалната припадност, помеѓу извршителот и жртвата во период од 1. III. 1904 до 28. II. 1905 г., биле извршени 67 убиства и 9 ранувања. На истиот начин во периодот од 1. III. 1905 до 15. XII. 1905 г., биле извршени 71 убиство и 13 ранувања. Во меѓувреме од страна на христијаните над муслиманите во периодот од 1. III. 1904 г. до 15. XII. 1905 г биле извршени вкупно 169 убиства и 47 ранувања. Во истиот период од страна на

немало поголеми воени судири, општата состојба ја оценувале како релативно мирна.

3. Привидното затишје во јуни и јули 1906 година се чини било затишје пред бура, бидејќи веќе од август, хрониката на настаните во Еницевардарско и околината станува динамична.

На 12/25 август 1906 година, андартскиот капетан Константинос Гарефис на подмолен начин го убил Лука Иванов. Тој станал жртва на големата доверба кон локалните Власи, кои биле поставени помеѓу два огна, на една страна комитите, а на друга андартите, но во конкретниот случај повеќе сочувствувале со последните.[18] Во тоа време Лука Иванов договорил средба со Апостол Петков во околината на С’борско. Поради тоа Лука го известил кехајата Гулито дека набрзо ќе му дојде на гости во Баовските колиби. Каракачаните четата ја пресретнале пољубезно од било кога и добро ја нагостиле. По полноќ, кога сите веќе биле заспани, една андартска група под водство на К. Гарефис го извардила заспаниот стражар, се вмакнала до колибата на војводата и отворила оган по заспаните. Четниците од другите колиби, штом ги слушнале истрелите, веднаш се нашле пред колибата на војводата, каде ги затекнале напаѓачите. Тие отвориле оган по нив и успеале да ги протераат. Кога влегле во колибата, сите биле мртви, освен војводата Лука, кој бил тешко ранет. Во престрелката загинал андартскиот предводник К. Гарефис. Во неговата чанта, покрај многуте документи, биле пронајдени и 470 турски лири.[19] Очигледно „храбрите христови војници“ кои убивале на спиење, по првите истрели од комитите побегнале во паника, оставајќи го зад себе својот водач. Ранетиот Лука ја надживеал смртта на својот убиец и починал следниот ден во близина на с. С’борско. За неговиот погреб четата го ангажирала селскиот свештеник и месните раководители на Организацијата.[20] Покрај Лука Иванов, во колибата бил убиен и неговиот заменик, подвојводата Кара Ташо.

Со убиството на Лука, Апостол Петков загубил искрен соборец со кој неколку години го споделувал Блатото и мегданот наспроти андартите и османлиските војски. Лука на своевиден начин бил интелектуален покровител за неукиот Апостол. Но, од

---

муслиманите врз христијаните биле извршени 40 убиства и 55 ранувања (Австриски документи за историјата на македонскиот народ..., т.1, 128-129).

[18] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 175.

[19] Х. Шалдевъ, Какъ стана убийството на Лука Ивановъ...., г. IV (35), 6.

[20] Исто.

друга страна, Лука прифатил и научил многу нешта од Апостол. Откако се соочил со реалноста на теренот, толстоистот Лука брзо ја прифатил девизата на Апостол „Никому прошка, кој лесно може да се откаже од родот и родината, за да ѝ служи на патриканата“.[21] Меѓутоа, токму Лука станал нивна жртва.

4. Два дена по загинувањето на Лука Иванов, на 14/27 август 1906 година,[22] во судир со османлиските војски кај с. Тушилово, близу Гуменџе, загинал Митре Камчев од с. Петгас, Димишко од Тушилово – секретар на Апостол Петков, и Ристо Хаџи Гого од с. Рудино.[23] Според извештајот од рускиот конзулат во Солун од 31 август 1906 година, по ликвидацијата на тројцата комити кај Тушилово, власта запленила огромна архива, од која дознала дека Митре Камчев цело време наводно дејствувал под името на Апостол Петков.[24] Во османлиското образложение во врска со овој судир, стои дека тогаш власта запленила две чанти со документи; дека намерата на четата била да го одмазди „мртвиот“ Апостол; и дека еден од убиените (Димишко) бил писарот на Апостол.[25] Според дневникот на Ефтим Спространов, кај убиениот секретар, покрај архивата, биле пронајдени и 300 лири организациски пари.[26]

Според овие информации, неспорно е дека османлиските власти, како и дипломатските средини, сè уште верувале дека Апостол Петков загинал во битката кај Смол, но дека во меѓувреме некој друг го користел неговиот идентитет. Во врска со тоа, во веќе цитираниот извештај од рускиот конзулат во Солун се вели: „повеќе од една година се прикриваше... смртта на Апостол, кој беше раководител на реонот во Еницевардарската каза... тој загина на 1 март минатата година во судир со војската кај селото Смол, меѓутоа и понатаму продолжуваат да се издаваат циркулари и апели од негово име, па дури сега, откако на 14 овој август, кај с. Тушилово, во близина на Гуменџе, беше истребена од војската една банда од тројца, и беше запленета огромна архива,

[21] Стефан Аврамов, Лука Иванов Полуков (1867-1906), Македонска Мисъл, месечно списание - орган на Македонския научен институт, София 1945, г. I, кн. 1-2, 88.

[22] Турски документи за оружените борби во Македонија..., 276; С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот..., т.5, 134-135.

[23] Турски документи за оружените борби во Македонија..., 276. Во османската статистика Митре Камчев е запишан како Калче.

[24] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот..., т.5, 135.

[25] Турски документи за оружените борби во Македонија..., 276.

[26] Евтим Спространов, Дневник, том 1, (1901-1907), София 1994, 422.

властите дознаа дека сето ова време под името на Апостол дејствувал некој си Митре Камчев, кој се нашол меѓу убиените, заедно со секретарот на четата“.[27] Како и да е, ниту Апостол Петков бил убиен кај Смол, ниту овој пат кај Тушилово бил убиен лажниот Апостол, бидејќи таков не постоел. Едноставно кај Тушилово била ликвидирана тричлена група, под водство на Митре Камчев, во која се нашол и секретарот на Апостол Петков.

Врз основа на запленетите документи, власта привела многу луѓе од околината на Гуменџе. Според еден извештај на бугарскиот трговски агент од Солун – А. Тошев, од крајот на 1907 година,[28] при овој настан била запленета целата архива на Апостол Петков. Врз основа на тоа власта започнала масовни претреси, а како последица на тоа биле запленети уште стотина шифрирани писма. Така, на пример, во с. Тумба, во една куќа била запленета целата „судска архива“. Врз основа на овие материјали, само од с. Тумба биле приведени 80 селани, од кои дури 65 души биле осудени.[29]

Особено интересно е тоа што во запленетата „судска архива“ биле пронајдени пресудите од месниот комитет на Организацијата за сите селани што сториле било каков престап. Така, на пример, еден селанец бил казнет со глоба од две меџиици само затоа што скршил гранка од оревот на друг селанец. Друг бил казнет со петнаесет гроша глоба, бидејќи му удрил шлаканица на сопствениот син, зашто дал повеќе крма на нивните волови. Трет бил осуден на 80 гроша глоба, бидејќи одбил да го отстапи сопственото муле на селскиот раководител на Организацијата за да замине кон соседното село.[30] Од запленетите материјали по судирот кај Тушилово, дознаваме дека во регионот на Апостол Петков уредно функционирале судските институции на Организацијата, а за сето тоа се водела архива. Мошне интересно е што во тоа време се изрекувале казни дури и за семејно насилство.

Ако се сумираат резултатите од крајот на август 1906 година, се наметнува заклучокот дека како последица на засилената андартско-османлиска иницијатива во регионот на Ениџевардарско и Воденско, македонското револуционерно движење почнало

---

[27] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот..., т.5, 135.

[28] В. Георгиев и С. Трифонов, История на българите..., т. 1, 483. Во овој извештај на Шопов погрешно е наведено дека при овој настан загинале 4 комити и дека секретарот на четата се викал Трајко.

[29] Исто.

[30] Исто.

да трпи загуби. Несомнено, поради засилената воена иницијатива, четите станувале невнимателни. Тоа особено се покажало при инцидентот кај Тушилово, кога кај убиениот секретар била пронајдена архивата на Апостол Петков, а тоа иницирало афера во регионот. Всушност, тоа е втор пат кога османлиските власти успеале да се доберат до архивата на Апостол, а како последица на тоа настрадале сите чии што имиња се нашле во тајните списи. Од друга страна, поради многубројните приведувања и постојаното оптеретување на лојалното население со разни издатоци и глоби во интерес на Организацијата, започнала да се топи довербата кон беспрекорниот авторитет на војводата. Оттука, биле мотивирани извесни предавства. Токму поради тоа, во врска со настанот кај Тушилово, како и загинувањето на Лука Иванов само два дена пред тоа, во извештајот на рускиот конзулат од Солун се вели дека овие загуби не биле случајни.[31] Покрај тоа, во извештајот се вели дека според расположениета на населението, се стекнувал впечаток дека „самонаречените ослободители“ почнале да го губат тлото под нозете и довербата кај населението, првенствено заради самоволието и зголемените финансиски оптеретувања. Во прилог на тоа во извештајот се додава дека последните загуби биле последица на поткажување од страна на населението кое било доведено „до крајност од самите комитети и различните лагери и е вчудоневидено од страста на револуционерите со себе да ги носат целите архиви, кои откако ќе паднат во рацете на власта, страда многу население“.[32]

Понапред констатиравме дека поведението на Апостол Петков честопати било предмет на опсервација на околискиот комитет во Еницe Вардар и на Солунскиот окружен комитет, а преку нив и во највисоките институции на Организацијата. Притоа, неговото име најчесто е проследено во негативен контекст. Во врска со последните настани, Ефтим Спространов, врз основа на информациите од Еницe Вардар и Солунскиот окружен комитет, во својот дневник забележал: „Апостол е непоправливо зло, да се мавне од таму по било каков начин. Истата порака од Еницe Вардар ја донесе и студентот Станков, истото го знаеме уште од лани, но што да се прави?! Кога летоска го убиле неговиот секретар, кај него нашле триста лири – го обирал населението, за отпосле да им ги земат непријателите, но што да чиниме? Познато

[31] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот..., т.5, 135.

[32] Исто.

е одамна дека Апостол е зло за делото, дека тој е ајдук, а не деец – организатор; но треба сила, а за несреќа таква нема“.[33]

Ваквите квалификации за Апостол Петков, ниту се први, ниту ќе останат последни. Тоа е пред сè перцепција на дел од интелектуалната елита во Организацијата, која не излегувала надвор од теоретските сфаќања за македонската револуционерна борба, и лица кои извршувале административни функции во постојните комитети, без да ја познаваат суровата реалност на теренот. Наспроти тоа, оној интелектуален дел од раководните структури на Организацијата, кои во исто време биле активни на теренот и ја претпочитале теренската работа и борбената иницијатива, честопати барале поткрепа и поддршка кај Апостол Петков, иако можеби не секогаш се согласувале со неговите методи на дејствување. Во таа смисла, не случајно во регионот на Апостол Петков гостувале: Ѓорче Петров, Дамјан Груев и Борис Сарафов. Затоа сметаме дека токму тука лежи клучот за опстојувањето на Апостол Петков, иако „легалните“ раководните тела на Организацијата ги осудувале неговите постапки и честопати барале негово казнување.

5. Во септември 1906 година, Апостол Петков ги напуштил полите на планината Пајак и се прибрал во својата резиденција во Еницевардарското блато, каде останал до пролетта 1907 година. Во исто време во Блатото се сместила и новодојдената влашка чета на Ѓорѓи Мучитано – Касапчето.[34] Оваа чета се настанила во југозападниот дел на Блатото, а нејзина основна задача била да го попречи грчкото пропагандно влијание сред влашкото население во Мегленско, Негушко и Берско. Влегувајќи жестоко во отворена борбата со андартите, Мучитано практично го испрал срамот од неодамнешното предавство на Каракачаните на Лука Иванов, а со тоа ја потврдил традиционалната соработка на влашкото население со македонското револуционерно движење и неговиот наднационален карактер.

Од друга страна, по смртта К. Гарефис, на чело на андартските сили во Еницевардарското блато застанале Телос Агапинос – Аграс и Јоанис Деместихас –Никифорос.[35] Од тогаш борбите во

[33] Е. Спространов, Дневник..., 421-422.

[34] Спомени на Косту Дабижа..., 16. Според дневникот на Ќустендилскиот пункт, Мучитано бугарско-турската граница ја поминал на 29 август 1906 година (Четите на Вътрешната Македоно-Одринска..., 75).

[35] B. K. Gounaris, The Macedonian Struggle..., 520; D. Dakin, The Greek struggle in Macedonia..., 274.

Блатото помеѓу комитите од една, и андартите и османлиските војски од друга страна, станале пожестоки и речиси секојдневни сè до протерувањето на комитите од таму. Во меѓувреме се воделе разни преговори.

Некаде во септември 1906 година, при враќање од Битола низ Еницевардарското блато повторно навратил Алберт Сониксен за да се види со својот херој, Апостол Петков. Токму во овој период Сониксен регистрирал една многу интересна епизода со османлискиот пратеник „братучед на султановиот престолонаследник“, кој што дошол во Блатото за да преговара со Апостол Петков.[36] За овој настан низ своја призма прилично сликовито во своите спомени зборува и Косту Дабижа – тогаш четник кај Ѓорѓи Мучитано.[37] Споменатиов настан во пократка варијанта го пренесува и Христо Шалдев, според спомените на четникот Стојан Тр. Хаџиев.[38] Средбата на „султановиот пратеник“ со Апостол сосема кратко ја евидентирал и претседателот на егзархиската црковно-училишна општина во Еница Вардар, свештеникот Анку во еден извештај до егзархот Јосиф I.[39] Според информациите од наведените извори се наметнува заклучокот дека „султановиот пратеник“ дошол во Блатото за да го убеди Апостол да се откаже од револуционерната активност, притоа за возврат нудејќи му богата награда, па дури и високи почести во Истанбул.

Тоа што недостасува за приказната да биде потполна се информациите од османлиска страна. При нашите пребарувања низ регестите на Државниот османлиски архив во Истанбул, откривме две индикативни информации во врска со османлиските планови за пасивизирање на Апостол Петков. Првата регеста се однесува на еден документ од средината на јуни 1906 година, во кој се зборува за „состанок со разбојникот Апостол за негово ставање во служба на Османлиите“.[40] Во втората регеста се спомнуваат документи од средината на јули, кои се однесуваат на „активностите на ускударчанецот Ахмед Кемал, задолжен за фаќа-

[36] Види: А. Сониксен, Исповед на еден македонски четник..., 215- 221.

[37] Види: Спомени на Косту Дабижа..., 17-18.

[38] Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Eниджевардарското блато (По споменитѣ на Стоянъ Тр. Хаджиев), Ил. Илинденъ, София 1932, г. 5, кн. 1 (41), 12-13.

[39] Види: А. Сониксен, Исповед на еден македонски четник..., 221, белешка 80.

[40] Devlet Arşivleri - Osmanlı Arşivi (натаму D.A-O.A), Yıldız, Yaveran ve Maiyyet-i Seniyye Erkan-ı Harbiye Dairesi, Dos. 26, Göm. 61, 26/R/1324 (Hicrî).

њето на разбојникот Апостол“.[41] Всушност, тоа е името на пратеникот кој што го споменува и Сониксен.

До моментот на затварањето на овој труд, споменативе документи не успеавме да ги обезбедиме, поради што нашите сознанија за плановите на другата страна ќе останат непотполни. Меѓутоа, информациите од регестите се доволно сугестивни за да заклучиме дека османлиските власти подолго време разработувале планови за пасивизирање на Апостол Петков, па дури и за негово ставање во османлиска служба. Оттука епизодата што ни ја пренесува Сониксен и за која опширно зборува К. Дабижа, а се потврдува и низ други извори, ја третираме како продолжение на османлиската иницијатива за неутрализирање на Апостол Петков преку директни преговори со него. Со оглед на фактот дека набрзо по заминувањето на „султановиот пратеник“, османлиските власти, во координација со андартите, презеле голема акција околу Еницевардарското блато за протерување (ликвидирање) на Апостол Петков и останатите чети на македонското револуционерно движење, слободни сме да констатираме дека османлискиот пратеник повеќе бил во извидувачка, т.е. разузнавачка, отколку во преговарачка мисија.

Според Сониксен, непосредно пред доаѓањето на „пратеникот“, војводата преку еден локален бег добил писмо со следнава содржина: „Во името на неговото Величество Падишахот, јас сакам да поразговарам со вас. Јас ќе ве сретнам, каде што сакате – во планината, или во мочуриштата“.[42] Практичниот ум на претпазливиот Апостол поради оваа османлиска иницијатива побарал мислење од Американецот. Притоа му рекол: „Помислете си! Европејците ме нарекуваат разбојник, но еден член од императорското семејство сака да се сретне со мене. Тој има доверба во мене и не се плаши за својот живот. Што мислиш за тоа, а? Тој не ме смета за разбојник“.[43] На прашањето од Сониксен дали и како одговорил, Апостол возвратил: „Не сум му одговорил – и што да му одговорам? Тој сака да ме поткупи... како што се обидоа еднаш преку жена ми. Што ќе си помислат моите другари од другите реони? Еве, Апостол си мисли дека е голем водач... Тоа ќе го повреди моето име.“[44] Меѓутоа, Сониксен го разубедил Апостол

---

[41] D. A. – O.A., Rumeli Müfettişliği, Selânik Evrakı, Dos. 113, Göm. 11213, 22/Ca /1324 (Hicrî).

[42] А. Сониксен, Исповед на еден македонски четник..., 215.

[43] Исто.

[44] Исто, 216.

дека треба да се сретне со „пратеникот“, ветувајќи му дека ако ништо друго, од средбата ќе произлезе доволно материјал за да обзнани дека Султанот преку пратеник преговара со македонските революционери, а тоа би било најдобра афирмација пред светот за нивната борба.

Според К. Дабижа, во врска со прашањето за приемот на „султанскиот пратеник“ Апостол се консултирал и со Ѓорѓи Мучитано.[45] Четникот Ст. Хаџиев во своите спомени вели дека нему не му било познато од каде дошла иницијатива за преговори, но додава дека приемот на пратеникот бил одобрен од сите четници, бидејќи за нив било „умно и добро“ сè што ќе направи војводата.[46] Конкретната покана дека пратеникот ќе биде примен ја напишал Владо, кој одлично го познавал турскиот јазик,[47] а контактот бил воспоставен преку Хаки беј, кој одржувал пријателски односи со Апостол и повремено ја обезбедувал неговата чета со намирници.[48] Најпосле Апостол добил писмо со содржина: „До војводата Апостол, главатар на четите, поздрави од Селјаникде Мектеб Хамидис Хусеинде Хусеин, Конајдна, Шеик Ахмед Кемал – бег: јас ќе пристигнам на определеното место утре за да го имам преголемото задоволство да разговарам вечерта со вас и со вашите другари“.[49]

Следниот ден Ахмед Кемал бег по канал бил доведен во резиденцијата „Корчуфка“ кај Апостол Петков.[50] Војводата го пречекал бегот со нужното достоинство, а потоа му ги претставил Владо, Сониксен, својот заменик, па дури потоа со него се поздравиле и присутните четници. Според К. Дабижа, Апостол Петков во почетокот, за да го ослободи бегот, му се обратил со зборовите: „И ние сме луѓе и имаме над себе главабашии... Над нашите глави за секоја неправда од наша страна, стои казната на Организацијата... Ние сме луѓе од збор. Ви ветивме дека ништо нема да ви

45 Спомени на Косту Дабижа..., 17.

46 Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Ениджевардарското блато..., г. V (41), 12.

47 А. Сониксен, Исповед на еден македонски четник..., 215.

48 Исто.

49 А. Сониксен, Исповед на еден македонски четник..., 216.

50 Според К. Дабижа, бегот до колибата бил доведен на лотка, но од превентивни причини му биле врзани очите (Спомени на Косту Дабижа..., 17). Меѓутоа, Сониксен воопшто не спомнува такво нешто. Според него, при пристигањето бегот седел напред во лотката, а притоа бил облечен во Норфолдски ловечки жакет, со англиска ловечка пушка на колената и со ирско ловечко куче (А. Сониксен, Исповед на еден македонски четник..., 217).

стане и затоа ве земаме на своја одговорност. Влакно од главата нема да ви падне“.[51]

Вечерта, жителите на Блатото се собрале во големата колиба и според турскиот обичај изнаседнале крснозе врз посланите черги околу гостинот, кој бил послужен со кафе. Апостол и Владо со бегот разговарале на турски јазик, но настојувале да му преведуваат на Сониксен колку што е можно повеќе. Согласно турската психологија, бегот разговорот го започнал од далеку со општи теми. Според разговорот, Сониксен смета дека бегот, иако носел султанско полномоштво, не бил реакционер, туку младотурчин. Откако се опуштиле, бегот се обратил со зборовите: „Зошто сте грабнале оружје?... Вооружените револуции се бесмислени, бескорисни. Одете по стапките на младотурците. Примите ги нештата такви какви што се, но агитирајте. Придружете им се ним. И направете го прогресивното движење на една здрава сила. Мнозинството, Турци и христијани, се прогресивни луѓе, но тоа се однесува за миролубивите средства. Вие разурнувате, уништувате..., Зошто не создавате?“.[52] Разговорот продолжил до доцна во ноќта, зафаќајќи теми од младотурците до чифлигот на Апостол со неговите кошници за пчели, пилињата, мочуриштето и пајките, па сè до трлото.

Кемал бег ноќта ја преспал во колибата Корчуфка, заедно со Апостол и со Сониксен. Во еден момент, откако војводата забележал дека на гостинот му заладило, врз него ја фрлил сопствената гуња. Според К. Дабижа, додека бегот спиел, одблизу за секој случај од превентивни причини била поставена стража.[53]

Утредента по испивањето на утринското кафе, бегот ја разоткрил вистинската цел на својата посета. Притоа го поканил Апостол да замине еден месец за Истанбул како гостин на Султанот. „Неговото Величество го признава Апостол за човек со восхитувачка воена и административна способност и како водач на народот. Неговото Величество сака да ги изучи подробно желбите на народот, но направо од неговиот водач. Во време на посетата на Цариград аскерот ќе биде повлечен од реонот на Апостол и тој ќе може да одржува врски со своите подвојводи секој ден преку специјален курир. Апостол ќе биде примен и гоштеван во дво-

[51] Спомени на Косту Дабижа..., 17.

[52] А. Сониксен, Исповед на еден македонски четник..., 218.

[53] Во врска со тоа Дабижа пишува. „Во Турчин да имаш верба колку во пес“ (Спомени на Косту Дабижа..., 18).

рецот со царски почести“.[54] Тоа се зборовите на Сониксен за предлогот на пратеникот пред Апостол. Според Сониксен, Апостол го одбил предлогот од што бегот не бил изненаден, но за да биде потврдено дека тој си ја завршил својата мисија, било издадено писмо во кое на крај било наведено. „Да се сите чиновници како Шеих Кемал, многу малку недоразбирања ќе има меѓу народот и неговиот Господар“.[55]

Според Стојан Хаџиев, разговорот помеѓу пратеникот и Апостол приближно течел вака:

„– Султанот ти дава 20 000 лири под услов да го напуштиш револуционерниот живот и да заживееш некаде во Европа.

– Наместо лири, Султанот нека даде слобода на народот и тогаш не само јас, туку сите нелегални четници ќе го напуштат револуционерниот живот.

– Против кого се борите?

– Против лошата турска управа.

– Зошто тогаш убивате луѓе?

– Невини луѓе не убиваме. Ги казнуваме со смрт само оние што се огрешиле пред нашето ослободителното движење, без разлика од која народност и вера се тие.

– Но дали вие не мислите дека Владата може да испрати многу војска против вас и тогаш што ќе правите?

– Ќе се бориме до последната можност“.[56]

Додека, пак, според К. Дабижа разговорот течел во следнава насока: „Кардашлар! Јас сум испратен од султанот, кој чул за вашата сила и слава и ќеиф му е да станете негови луѓе. Вие сите знаете оти султанот е многу арен човек и дека сака сите вие да работите како нас Турците... Сите сме од мајка родени и не е арно да се тепаме и да се навредуваме. Апостоле, Апостоле. Времето да наведнеш глава узреа. Не е арно на стари години да се мачиш и да живееш кучешки живот. Тоа што треба да го чиниш, чини го со изим на царот, кој за твојата работа ќе те награди со плата и ќе бидеш големец на многу војска“.[57] На ова, Апостол возвратил на следниов начин: „Ама зборовите твои ефенди, никако

---

[54] А. Сониксен, Исповед на еден македонски четник..., 219.

[55] Исто.

[56] Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Ениджевардарското блато..., г. V (41), 12-13.

[57] Спомени на Косту Дабижа..., 18.

не ми влегуваат во умот и сермија не можеме да ги направиме. Ние не се бориме само против Турците. Ние се бориме против сите оние кои ни ја пијат крвта. А во прв ред е твојот цар... Тој никогаш нема да ни го даде она што ние го бараме. Нашата цел е слободна и автономна Македонија и тоа твојот цар арно го знае, но не сака да чуе оти не му оди по есапот. Од триста милети сте се собрале и се дигнавте да нè уништите. А кога видовте оти со битки не можете да нè сотрете, тогај ја фативте инаку. Ниту сум бил царски човек, ниту мислам да бидам, а тоа мислам оти и моите луѓе не го мислат“.[58]

Додека се одвивал разговорот, за гостинот бил подготвен специјален ручек. За ручекот бил задолжен еден четник од Солун кој порано работел како готвач во еден од солунските хотели. Пред гостинот биле принесени неколку турлии, а тој задоволен од тоа што го видел и вкусил се обратил со зборовите: „Аферим бре Апостоле! Вакви манџи во Цариград нема. Ти си ја курдисал работата толку арно што го тераш човек да се чуди од каде ги наоѓаш овие работи“. На ова војводата возвратил. „Ние имаме сè што ќе посакаш. Само едно немаме и тоа нè дотерало да дојдеме овде и да го бараме. Слободата е послатка од сите слатки јадења на светов, но вие за тоа не сакате да чуете, ниту пак ујдисувате да ја дадете.[59]

На крај, Сониксен со својот „Кодак“ ги фотографирал заедно Кемал ефенди и Апостол Петков. Меѓутоа, бидејќи немале течност за развивање, Сониксен негативот од снимката му го предал на „султановиот пратеник“. Притоа Сониксен му ја оставил својата адреса во Бугарија, за да му испрати еден примерок од фотографијата откако ќе го развие негативот. На заминување од Блатото, гостинот бил испратен со комитското „Ураа“.[60]

Набрзо по заминувањето на Кемал беј, четникот Стојан Хаџиев, чија што десетка служела за одржување на врска помеѓу колибите во Блатото во воденските колиби, затекнал една непозната чета, чиј што војвода четниците го нарекувале „бегот“.[61] С.

---

[58] Исто.

[59] Исто, 18-19

[60] А. Сониксен, Исповед на еден македонски четник..., 220. Следната 1907 година, Сониксен во Софија добил едно писмо со турска поштенска марка, а во него една не многу чиста, но доволно јасна фотографија. На грбот од фотографијата стоел натпис „Кемал“, а пропратното писмо завршувало со зборовите: „Господ да ве чува во вашите авантури“ (А. Сониксен, Исповед на еден македонски четник..., 221).

[61] Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби..., г. V (41), 13.

Хаџиев од четниците и куририте во прво време не можел да дознае за кој војвода станува збор, бидејќи неговото име било држено во тајност, а четниците едноставно го именувале како „бегот“. Токму овој војвода – бег, го задолжил С. Хаџиев да замине во ениџевардарските колиби и да го повика Апостол Петков да дојде во воденските колиби. Дури потоа, Хаџиев бил информиран од Апостол дека војводата – бег, всушност бил Борис Сарафов.[62] Неговиот престој во Солунскиот револуционерен округ, а во тој контекст и во Ениџевардарско, е во директна врска во подготовките на Вториот општ конгрес, при што настојувал да агитира во своја полза за да биде избран како делегат за претстојниот конгрес.[63] Скоро во исто време на територијата на Солунскиот округ во врска со прашањето за претстојниот општ конгрес се нашол и корифејот на Организацијата – Даме Груев. Помеѓу двајцата големци уште од време на востанието во 1903 година, постоело отворено ривалство, па оттука секој водел своја кампања на теренот. Во случајот Груев тоа го правел како член на Централниот комитет, наспроти Сарафов, кој дејствувал секташки, преку поедини војводи. Во тој контекст треба да се сфати и престојот на Сарафов во Ениџевардарското блато кај Апостол Петков.

Откако Апостол и Сарафов ги уредиле прашањата во врска со воденската чета, заедно заминале во резиденцијата на Апостол – колибата Корчуфка. Б. Сарафов кај Апостол останал неколку денови. Според сведоштвата на Хаџиев, тој бил восхитен од распоредот и поставеноста на колибите, а најмногу од скривалиштето кај Корчуфка, кое го споредувал со Порт Артур.[64] Иако немаме директни сведоштва за оваа мисија на Сарафов, неспорно е дека таа е во функција на кампања за претстојниот конгрес.

6. По неуспешната преговарачка, или можеби подобро кажано извидничка мисија на „султанскиот пратеник“, османлиските сили презеле опсежна и долготрајна акција за протерување на четите од Блатото. За ликвидирање на „постојните гарнизони“ на Револуционерната организација во Ениџевардарското блато

---

[62] Б. Сарафов, бугарско-турската граница ја минал низ Ќустендилскиот пункт на ВМОРО на 4 септември (ст. стил) 1906 година, заедно со Тодор Оровчанов, Јордан Шијаков, Петар Костов и Андон Келикендриев. Истите се вратиле во ноември 1906 година (Четите на Вътрешната Македоно-Одринска революционна Организация..., 77).

[63] Види: В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 466.

[64] Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Ениджевардарското блато..., г. V (41), 13.

на власта ѝ била потребна нешто повеќе од половина година. Притоа, Османлиите како внатрешен сојузник во Блатото ги имале андартите под водство на Аграс. Потполното опколување на Блатото, особено на т.н. „пристаништа“ на брегот од каде поаѓале пристапните патеки кон колибите, ја отежнало комуникацијата на четите со надворешниот свет, особено нивното обезбедување со неопходните прехранбени продукти. Меѓутоа, благодарение на создадените резерви од порано и повремениот дотур, четите успеале да преживеат.

Настанатата состојба по опколувањето на Блатото од османлиските сили се обиделе да ја искористат андартите. Меѓутоа, и тие како и Османлиите во прво време се обиделе да поведат преговори. Според еден извештај од бугарското трговско агентство од Солун, кој е заснован на изјавите на двајца селани од Долно Родево, на 8 или 9 ноември 1906 година, дванаесетмина грчки чорбаџии од Негуш дошле кај колибите во Еницевардарското блато за да преговараат со Апостол Петков и воденскиот војвода Митруш. Грчките првенци на Апостол му предложиле заедничка борба против Турците. Апостол наводно се согласил со предлогот, но поставил како qonditio sinequa non, андартите да дејствуваат под команда на војводите на Организацијата. Грчките првенци го отфрлиле условот како неприфатлив и си заминале.[65]

Од друга страна, К. Дабижа во своите спомени исто така зборува за преговори со андартите кон крајот на 1906 година.[66] Според него иницијативата дошла од грчка страна, а преговорите ги воделе капетан Аграс и Ѓорѓи Мучитано. Средбата се остварила на лотки во присуство на по десетина борци од двете страни. За секоја случајност, Мучитано во околните шамаци скришум распоредил уште дваесетина комити. За време на средбата, Аграс предложил помирување и прекинување на меѓусебните борби, меѓутоа Мучитано искажал резерва кон андартскиот предлог. Поради тоа, Аграс предложил иницијативата за помирување да се достави на разгледување до највисоките органи на двете организации. Притоа Аграс додал „колку е убаво од двајца, од две во светот непознати имиња, да потекне ваква идеја. Верувам дека историјата ќе нè запамети и ќе нè нарече татковци на мирот помеѓу Грците и Македонците“.[67] По разделбата, Мучитано им об-

[65] В. Георгиев и С. Трифонов, Гръцката и сръбската пропаганди в Македония..., 111-112.

[66] Спомени на Косту Дабижа..., 19-21.

[67] Исто, 20.

јаснил на своите четници дека тој воопшто не верувал во зборовите на Аграс, дека зад тоа се крие некаква грчка лукавост, а доколку има простор за преговори, тоа би го сториле раководните тела на организациите што ги претставувале.[68]

За некакви неуспешни преговори помеѓу андартите и четите на македонското револуционерно движење кон крајот на 1906 година недоволно јасно пишува во еден напис од 23 декември 1906 во весникот „The Omaha Sunday Bee“.[69] Во текстот се вели дека преку преговорите требало да се определат „сферите на влијание“. Откако преговорите западнале во ќорсокак, бил повикан Апостол Петков. По неговата појава, Грците зачудено извикале: „Што!?! – па ние мислевме дека ти си одамна мртов. Да – одговори Апостол. Два пати ме убија, но гледате дека повторно се вратив во живот“.[70]

Колку и да се непрецизни, информациите од „The Omaha Sunday Bee“ сепак доаѓаат како потврда на пишувањето на К. Дабижа и на информацијата од бугарското трговско агентство, дека кон крајот на првата декада од ноември 1906 година, во Блатото дошло до некакви преговори. Со оглед на тоа дека иницијативата дошла од андартска страна, убедени сме дека тоа претставува смислен тактички потег, ако ништо друго, барем да се дистанцира влашката чета на Ѓ. Мучитано од Апостол Петков. Во прилог на нашава констатација оди фактот што Аграс во 1907 година, во неколку наврати се обидел да преговара со Власите од македонското револуционерно движење и да ги оттргне од Апостол Петков, но притоа станал жртва на сопствените преговарачки игри.[71]

---

[68] Исто, 21.

[69] The Omaha Sunday Bee, Vol. XXXVI, No. 27, December 23, 1906, 6. Во овој текст се спомнува дека еден од преговорачите бил Лука Мованов (Иванов, б.н.). Меѓутоа, ова е погрешна информација, бидејќи Лука Иванов бил убиен во август 1906 година.

[70] Исто.

[71] Гоно Јотов во своите спомени вели: „На 25 март 1907... се обидовме да постигнеме договор и се сретнавме со раководителите: војводата Теодорис, (војводата) Касапчето и подвојводата на Апостол, Штерјо Јоанис. Не постигнавме никаков договор и започнавме да се биеме“. (Ιωάννη Παπαλαζάρου, Ο Μακεδονικός Αγώνας στην περιοχή των Γιαννιτσών, Γκόνος Γιώτας – Το Στοιχειό του Βάλτου, Γιαννιτσά 2007, 92). Очигледно е дека на средбата учествувале исклучиво Власи (Тодор Серменинчето, Ѓорѓи Мучитано-Касапчето и Штерјо Јунана) кои му биле лојални на Апостол Петков. При следниот обид за преговори со Власите, грчкиот капетан Аграс бил заробен од Ѓ. Мучитано и обесен на едно ореово дрво на 7 јули 1907 година (D. Dakin, The Greek struggle in Macedonia..., 285.).

Оттука, слободни сме да кажеме дека ниту еден водач од македонското револуционерно движење не успеал да ги привлече и задржи Власите околу себе, како што тоа го направил Апостол Петков во регионот на Гевгелиско, Еницевардарско и Мегленско. Во таа смисла, Апостол Петков претставува најуспешен војвода при спроведувањето на принципот за привлекување на сите незадоволни елементи, без разлика на вера и народност, околу идејата за автономна Македонија.

Во меѓувреме, андартите со помош на османлиите успеале да воспостават влијание над значаен дел од Блатото, а на некои пунктови се доближиле на неколку стотини метри од колибите на Апостол Петков.[72] Така, додека османлиските војски го опседнувале Блатото од надвор, андартите го освојувале Блатото од внатре, притоа создавајќи подобри позиции против Апостол Петков.




Грчка карта за распоредот на колибите во Блатото

Неколку денови по преговорите, Аграс на дело ги покажал своите „пријателски“ намери за соработка со комитите против заедничкиот непријател – Османлиите. На 14 ноември, 1906 годи-

[72] Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Ениджевардарското блато..., г. V (41), 13-14.

на, Аграс со дваесетина души од својата чета и повеќе локални андарти од околните села, тргнал во акција да ја ликвидира комитската база во колибите кај с. Жервохор.[73] Притоа, како водач на теренот андартите со сила го зеле стариот дедо Митре. Овој самотник рибар, постојано се навртувал околу комитските колиби, а своите минимални потреби ги задоволувал продавајќи по некоја риба. Кога андартите на чело со дедо Митре наближиле кон колибите, последниот како лојален член на комитите, дал знак за тревога, поради што бил убиен на суров начин.[74]

За време на андартскиот напад во колибите кај Жервохор, покрај четата на Ѓ. Мучитано престојувал и Апостол Петков. Бидејќи биле навреме предупредени, комитите зазеле добри позиции низ шамакот и го допуштиле непријателот да се доближи на растојание од осумдесетина метри, а потоа со плотуни распалиле по нив од сите страни.[75] Андартите биле доведени во обрач и под вкрстен оган, поради што брзо биле поразени и принудени на повлекување. Според Д. Дакин, при овој судир андартите имале тројца убиени и петмина ранети, а водачот Аграс изгубил еден прст од раката.[76] На убиените оружјето им било земено лично од Апостол Петков,[77] а нивните тела биле пуштени по Воденската река, која течела низ Блатото.[78] По два дена,[79] андартите под вод-

---

[73] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 181; D. Dakin, The Greek struggle in Macedonia..., 282. Според извештајот №. 1619 на бугарското трговско агентство од 24 ноември 1906 од Солун, овој настан се случил на 12 ноември 1906 година. (В. Георгиев и С. Трифонов, Гръцката и сръбската пропаганди в Македония ..., 111-112).

[74] В. Георгиев и С. Трифонов, Гръцката и сръбската пропаганди в Македония ...,112; Спомени на Косту Дабижа..., 19.

[75] Спомени на Косту Дабижа..., 19.

[76] D. Dakin, The Greek struggle in Macedonia..., 282-283. Според Силјанов, кој се повикува на Пинелопи Делта, во овој судир андартите имале 9 убиени и неколку ранети. Силјанов очигледно направил превид. Тоа се гледа во белешката каде ја цитира Делта, а таму текстот гласи: „Тој ден остави длабок впечаток кај борците од колибата Куга. Девет души паднаа – половината убиени, а останатите тешко ранети (Хр. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори...,182). Очигледно, Делта зборува за девет паднати од кои половината биле убиени, а другите ранети, но Силјанов деветтемина паднати ги претставил како убиени. Според извештајот од бугарското трговско агентство, во врска со овој настан се вели дека комитските куршуми „повалиле 7 андарти" (В. Георгиев и С. Трифонов, Гръцката и сръбската пропаганди в Македония...,112).

[77] В. Георгиев и С. Трифонов, Гръцката и сръбската пропаганди...,112.

[78] Спомени на Косту Дабижа..., 19.

ство на Панајотис Папацанетеас се обиделе да изведат напад врз друга колиба, но и овој пат воената среќа не им била наклонета.[80]

По ранувањето на Аграс, командата врз андартските чети во блато ја презел Јоанис Деместихас (Никифорос). Тој секојдневно организирал извидувачки акции низ Блатото, кои често завршувале со престрелки и со по некоја жртва на двете страни.[81] Поради зачестените андартски провокации, Апостол, откако се посоветувал со сите четници, одлучил да преземе акција за нивно протерување. Едно утро, Апостол и Мучитано, со својата флота[82] тргнале во напад на андартската база кај Куга. При почетокот на нападот во колибата смртно бил погоден еден, а уште двајца андарти биле ранети.[83] По првите истрели кај Куга, андартските одделенија од соседните колиби веднаш тргнале кон Куга и отвориле оган од надвор. Поради тоа Апостол се нашол во незгодна положба и бил принуден на повлекување. При овој напад од страна на комитите загинал четникот Сотир Дерничот од Пишкопеја. Тој бил погребан со сите почести во Блатото. Покрај неговото тело било ставено запечатено шише со восок, во кое било ставено писмо со сите генералии за загинатиот четник.[84] Охрабрени од неуспешниот напад на Апостол против Куга, андартите почесто почнале да се доближуваат до неговите колиби и да провоцираат со повици „Апостоле, дојди да се биеш“.[85]

Поради секојдневните судири и провокации во Блатото, австрискиот генерален конзул во Солун – Пара, во извештајот од 22 ноември 1906 година, известува дека во тој период на територијата на Солунскиот вилает дејствувале 36 чети на Организацијата, но од нив само четата на Апостол Петков била побројна и единствено таа пројавува значајна дејност во регионот на Еницевардарско, каде „борбата со грчките чети засега е најтешка“.[86]

---

79 В. Георгиев и С. Трифонов, Гръцката и сръбската пропаганди в Македония ...,112.

80 Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори...,182.

81 Исто.

82 Спомени на Косту Дабижа..., 19-20.

83 Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори...,182.

84 Спомени на Косту Дабижа..., 20. Додека Силјанов вели дека четата на Апостол се извлекла без загуби.

85 Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Ениджевардарското блато..., г. V (41), 14.

86 Австриски документи за историјата на македонскиот народ..., том 1, 189.

Според истиот извештај, четата на Апостол во меѓувреме изврршила повеќе ликвидации на патријаршисти во околните села.[87]

Зимата 1906/1907 година настапила релативно рано и во прилична остра форма, а во Еницевардарското блато и околу него на неколку пати паднал ситен снег кој потоа брзо се топел. Поради тоа, како и поради османлиската опсада од надвор и андартската иницијатива од внатре, четниците добиле забрана за било какво излегување од Блатото. Меѓутоа, под притисок на студот, бројот на османлиските сили околу Блатото бил намален, а андартите ги напуштиле истурените позиции и се повлекле подлабоко во своите бази. При секој обид за излез од Блатото, комитите требало да ги одбираат послабо вардените точки на брегот. Притоа честопати доаѓало до кратки судири со војската. Од друга страна, иако бројно намалена, војската постојано била на штрек и испраќала извиднички одделенија во разузнавачка мисија во внатрешноста на Блатото. При еден таков обид, едно аскерско одделение на 7 декември 1906,[88] наишло на една комитска претстража која веднаш отворила оган. Сфаќајќи дека налетале на заседа, Турците веднаш се повлекле, но притоа зад себе оставиле двајца убиени војници и својот трубач. Нивното оружје и трубата биле земени како трофеј.[89]

Според спомените на Косту Дабижа, во текот декември 1906 година, османлиските војски во неколку наврати се обиделе да ги разбијат комитските бази во Еницевардарското блато. Притоа биле применувани комбинирани методи на дејствување. Османлиските војски најпрво со артилерија го гранатирале Блатото, а потоа поголеми воени ефективи со бронирани лотки, опремени со митралези, се обидувале да навлезат во внатрешноста на Блатото. Меѓутоа, тие биле одбивани од бројните претстражи кои вешто биле камуфлирани низ шамакот и трската. При комбинираните напади врз колибите, четниците со своите „уџум лотки“ брзо се извлекувале од загрозените места и од зад грб ги напаѓале османлиските пловила. При еден артилериски напад, биле

[87] На 17 октомври биле убиени петмина патријаршисти во с. Косинец (Икизлер), а на 3 ноември биле убиени седуммина патријаршисти во с. Раме (Австриски документи за историјата на македонскиот народ..., том 1, 190).

[88] Турски документи за оружените борби во Македонија..., 286; Спомени на Косту Дабижа..., 23.

[89] Спомени на Косту Дабижа..., 23. Меѓутоа, според османлиските податоци, при овој судир војската имала една жртва, а од страна на четата ниеден (Турски документи за оружените борби во Македонија ..., 286).

употребени запаливи гранати. Друг пат, Османлиите се обиделе да го потпалат сувиот шамак и трските со пожарникарски помпи. За да се заштитат од пламенот, кој безмалку не ги опфатил колибите, четниците со своите коси правеле заштитни појаси. Како последица од артилериското разорување, четниците постојано требало да го обновуваат разораното.[90]

По силната, но безуспешна воена иницијатива од страна на андартите и османлиските сили од крајот на 1906 година, се чини дека во јануари 1907 година водите во Блатото биле помирни.

Опколениот Апостол Петков, иако бил свесен за сериозноста на османлиската закана, во овој период сѐ уште размислувал за одбрана на својата позиција во Блатото. Меѓутоа, за тоа му биле потребни свежи сили и воени материјали. За таа цел, Апостол Петков и Тодор Кралев на 20 јануари 1907 година се обратиле со писмо до Борис Сарафов. Тие, откако ја опишуваат тешката положба во која се нашле поради непрекинатите андартски и османлиски напади, очајнички повикуваат: „во тебе ја полагаме сета надеж, направи сѐ за да нѐ обезбедиш со сила и материјали". Притоа од Сарафов бараат да им испрати на помош една одбрана чета од шеесетина души, 30-40 илјади патрони, рачни бомби, експлозивни материјали, дури и рачни подводни мини со електричен детонатор.[91] Овие побарувања од страна на Апостол Петков ја покажуваат решеноста на војводата да го брани Блатото по секоја цена, но дека за тоа немал ниту човечки, ниту пак воени ресурси. Според настаните што се одиграле по неколку месеци, јасно е дека Апостол Петков не добил помош од никаде.

Привременото зимско затишје, всушност било затишје пред пролетна бура. Османлиските сили овој период го користеле во подготовки за дефинитивна пресметка со Апостол Петков. Во врска со тоа, во еден документ од руско потекло од 12 февруари 1907 година се вели дека Еницевардарското блато, кое било „резиденција на познатиот војвода Апостол" од поодамна служело како „собирен пункт" на разни банди, а во последно време и на грчките. Понатаму во извештајот се вели: „Властите не еднаш преземаа потери околу него и дури го опстрелуваа со топови", но тоа не дало резултати поради неговата непреодност и обраснато-

[90] За овие водени стории поопширно види: Спомени на Косту Дабижа..., 22а-25.

[91] Слави Славов, Сарафизмът като течение във Вътршната македоно-одринска революционна организация, Исторически преглед, г. 68/1-2, София 2012, 91.

ста со шамак и трски. Поради тоа, „воените власти овој пат презедоа градба дури на стотина лотки, за со нивната флотила да го прокрстарат целото езеро, поточно мочуриште; во секоја лотка може да се сместат не повеќе од двајца, (тие, б.н.) ќе бидат обезбедени со заштитни направи, што ќе ги прикриваат војниците и спроводниците од стрелањето во нив од страна на четите“.[92] Овие информации укажуваат дека Апостол Петков го претворил Ениџевардарското блато во неосвоива крепост за османлиската армија, со сè сите нејзини родови. За справување со Апостол, воените власти биле принудени да градат специјални оклопни лотки.

Рускиот генарал-мајор, Шостак, во еден извештај од март 1907 година, информира дека Апостол Петков, откако дознал дека андартите се подготвуваат за голем напад, повлекол шест свои одделенија (секое по 18 души) и повикал уште три одделенија од воденската чета. Откако на тој начин собрал околу 150 души, на 12 февруари (ст. стил) 1907 година, Апостол извел изненадувачки напад врз андартите.[93] Според споменатиов извештај, андартите загубиле 34 души. Меѓу убиените андарти имало и двајца Албанци. Нивните глави биле пресечени и поставени на телеграфските столбови, како опомена за другите.[94] По два дена, андартите презеле одмаздничка акција против селото Бозец, бидејќи сметале дека неговите жители ја помогнале последната акција на Апостол. Притоа, тие ја запалиле куќата на еден селанец – егзархист, а истовремено го убиле него, едниот син и ќерката, а другиот син и снаата ги раниле. За овој настан, власта го привела патријаршискиот свештеник од селото и уште четворица жители – патријаршисти.[95]

Капетан Никифорос, искористувајќи го отсуството на војската од Горно Куфалово, на 12 март (ст. стил) 1907 година го нападнал селото. Четата на Никифорос убила неколку селани, запалила две куќи и одвлекла неколку селани во Блатото.[96] Таквите подвизи на Никифорос против жителите на Бозец и Горно Куфалово, грчкиот историчар и познавач на грчката „македонска борба“ – Василис Гунарис, ги оценува како „импресивна кампања во околината“.[97] Како одговор на акциите на Никифорос, апостоло-

[92] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот..., т.5, 330.
[93] Исто, 345.
[94] Исто.
[95] Исто.
[96] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 183.
[97] B. K. Gounaris, The Macedonian Struggle 1903-1912..., 522.

виот десетар Васил Стојанов го нападнал патријаршискиот дел од селото Рамна, потпалил неколку куќи и избил десетина жители – патријаршисти, за кои сметале дека се помагачи на грчката вооружена пропаганда.[98] Очигледно борбата помеѓу андартите и комитите од Блатото се преселила по околните села, а нејзини жртви станале селаните – османлиски поданици, случајно или намерно симпатизери на едната или другата страна. За сето ова време официјалните власти не презеле ништо за заштита на своите даночни обврзници.

За општата состојба во Еницевардарско во овој период, како и за однесувањето на власта, мошне интересни се информациите од извештајот на потполковникот Свирски од 23 март 1907 година.[99] Според него, во овој период во Блатото престојувале околу шеесетина комити под водство на Апостол Петков. Наспроти тоа, бројот на андартите нараснал на околу 200 души, со тенденција на зголемување. Со настапувањето на пролетта се очекувало засилување на грчките активности, но властите не преземале ништо „во смисла за заштита на мирното население од нивните посегања“.[100] Во таа смисла, Свирски додава дека за обезбедување на Блатото бил ангажиран еден баталјон на простор од 75 километри, при што најдобро биле чувани северниот и северозападниот дел од брегот, кој најчесто бил користен од комитските чети, додека јужната страна, каде доминирале андартите, била многу слабо обезбедена. Поради тоа, Свирски заклучува дека „власта гледа низ прсти на грчките банди“.[101] На прашањето што планира власта да преземе за одбрана на езерото, кајмакамот рекол дека од Истанбул било решено да се исуши езерото. Поради тоа, Свирски заклучува: „додека таа мерка се спроведе на дело за да му донесе мир на населението, дотогаш комитите криејќи се низ него уште долго ќе ги извршуваат своите крвави дела, одржувајќи го метежот на очиглед на претставниците на Европа“.[102] Од друга страна, Свирски додава како еден угледен првенец од градот му рекол дека „властите, како воените, така и цивилните, продолжуваат да го покровителствуваат грчкото движење за да ги продолжат колку што може безредијата во земјата, а со тоа на Европа да ѝ ја покажат невозможноста од воведувањето на ре-

[98] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 183.
[99] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот..., т.5, 356-358.
[100] Исто, 356.
[101] Исто, 357.
[102] Исто, 357-358.

форми“.[103] Последнава констатација е сосема точна, бидејќи власта свесно ги потхранувала спротивставените пропаганди во Македонија, со намера да ги компромитираат Мирцштегските реформи. Притоа воопшто не биле загрижени дека со таквиот пристап го забрзувале отчукувањето на часовникот кој ги одбројувал последните години од османлиското господство над овој простор.

За време на разгорената борба помеѓу комитите и андартите, последните повторно се обиделе низ преговори да го одвлечат вниманието и да ги дистанцираат Власите од Организацијата. Во врска со тоа, Гоно Јотов запишал дека на 25 март (ст. стил) 1907 година, се сретнале со војводите: Ѓорѓи Мучитано, Тодор Серменинчето и Штерјо Јунана, кој бил подвојвода кај Апостол Петков.[104] Тројцата преговарачи од страна на Организацијата и овој пат се исклучиво Власи и лојални приврзаници на Апостол Петков. Токму тоа целосно ја открива намерата на андартите, преку преговори со влашките војводи од регионот, да ги оттргнат Власите од Организацијата и да ги приврзат за елинската кауза. Гоно Јотов истакнува дека преговорите завршиле безуспешно, за што не треба да има никаков сомнеж.

За време на преговорите биле разменети и меѓусебни писма, кои подоцна се објавени во Македоно-Одрински преглед – орган на Внатрешната организација.[105] Токму тие фрлаат нова светлина врз преговорите што ги спомнува Г. Јотов. Ете ја содржината на писмото што го доставиле андартите: „Македонија и народот што неа ја населува од древноста, биле грчки и такви ќе бидат и понатаму. Русите што ја ослободија Бугарија и Бугарите што ја неселуваат неа, претставуваат еден народ. За да ги прикрие своите замисли, Русија со помош на Бугарија сака да ја заземе Македонија, која што нејзе ѝ треба за да владее со Константинопол. Без Македонија, таа тоа не може да го стори.

Бидејќи сте Македонци, осознајте се дека вие сте Грци, и тогаш ќе работиме заедно. Во сегашниот миг секој треба да биде горд што е Елин; та нели ниеден друг, освен Елините, не му ја дал науката на сиот свет.

Знајте пак, дека ние секој миг сме спремни да ги пречекаме во нашиве прегратки нашите браќа Македонците.

---

[103] Исто, 358.

[104] Ι. Παπαλαζάρου, Ο Μακεδονικός Αγώνας στην περιοχή των Γιαννιτσών..., 92.

[105] Македоно-Одрински Прѣгледъ, II/38, София 1907.

Ако сте вистински Елини да се соединиме заедно за заедничка борба со Турците“.[106]

Од писмово се гледа дека основен услов за „соработка“ против Турците е Македонците да се изјаснат како Елини, бидејќи Македонија и нејзиниот народ уште од древноста биле грчки и такви треба да останат во иднина. Наспроти тоа се посочува дека Бугарите и Русите биле ист народ, поради што Бугарија во контекст на Македонија претставува алатка во рацете на Русија за остварување на нејзините експанзионистички намери кон Константинопол.

Одговорот од страна на тројцата војводи кои учествувале во преговорите е опширен. Тие најпрво се осврнуваат на историјатот на последните преговори, а потоа се додава: „Од писмото што го добивме при втората средба, јасно се покажува на видело истиот оној шовинизам, што толку скапо се плаќа со презрениот метал од разорената Грција, што е во распаѓање, но која што ги пренапнува сите свои сили за да живее во пустите соништа за поранешната Елада“.[107] Во продолжение на писмото се вели: „Вашето писмо е толку лицемерно и цинично, што не заслужува ниту внимание, ниту одговор. – Вие пишувате за она, што им е познато и на децата, без да мислите воопшто дека имате работа со македонски револуционери. На кој начин вашата совест ви дозволува да пишувате ‚станете Грци‘... Нас не зачудува вашата глупост и далекувидост во вашата желба да најдете луѓе што го загубиле разумот, за да ги споделат со вас вашите срамни идеи.

Верно е дека Македонија некогаш се наоѓала под грчко владеење, исто така како што била под владеење на Римјаните и на Бугарите, но зарем би можела таа да се нарече земја на некогашните бивши Римјани, или на Елините – како и земја на Турците, под чија што власт таа се наоѓа денес?

Пред да им припадне на другите, Македонија претставувала посебно македонско царство, управувано од Великиот Александар, кој ги победил Грците и го покорил целиот свет. – Како што во минатото Македонија живеела свој сопствен живот (тоа би требало да се посака за во иднина), независно од посебните народности што неа ја населуваат?

Македонскиот проблем, во неговата сегашна фаза, не го поставува прашањето за неговите поделени групи што живеат во

[106] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот..., т.6, 7-8.
[107] Исто, 8.

земјата, туку прашањето на целото население, заради што тоа може да биде единствено разрешено со автономно управување, кое што на сите народности што ја населуваат Македонија би им гарантирало полн и сестран развиток и самосознание.

Вие нас нè обвинувате за тоа што Организацијата честопати прибежиште бара во Бугарија и отаде, по засилувањето и дополнителното вооружување, четите пак се враќаат во Македонија, од што заклучувате дека овие чети потекнуват од Бугарија и отаде се раководат. Само луѓе недалекугледи би можеле да зборуваат за слични несообразности: Што е крива Организацијата што нејзините чети не може да сметаат на гостопримство во Грција, или во Србија? Така ли се случува и со вашите чети, што ги испраќа грчката влада, а тие се предназначени не за тоа да дејствуваат во името на македонската слобода, туку за да ги убиваат и колат сите оние што не се нарекуваат себе си Грци?

Вие во своето писмо велите ‚Нека се гордее секој Елин'. – На нашето: нека се гордее секој Македонец со својата народност: Бугаринот со бугарската, Романецот со романската, Гркот со грчката; и нека настане тој ден, кога и ние ќе ѝ се порадуваме на општата слобода.

Во личните разговори со вашите пратеници ние забележавме полно лицемерие од нивна страна, кое се изрази во тоа што нивните изјави, дадени усно, не беа потврдени писмено, а тоа, како што знаете, ние не го правиме...

Според сево ова се гледа дека при средбата за време на преговорите, ние имавме работа со вистински грчки подлеци, што воопшто не се покајуваа; со такви луѓе од низок род ние за потаму сметаме дека ќе се понижиме себе си, доколку со нив имаме нешто заедничко".[108]

Со овој одговор не само што се отфрлени предлозите за наводна соработка, туку целосно е осуетена грчката шовинистича политика, а од друга страна наполно е афирмирана космополитската платформа на македонското револуционерно движење, кое во името на слободата на Македонија настојувало да ги обедини сите, без разлика на вера и народност. Токму таквиот концепт на македонското револуционерно движење било онаа гравитациона сила што ги држела Власите околу Апостол Петков, наспроти андартската понуда за елинска перспектива.[109]

---

[108] Исто, 8-10.

[109] Околу причините за пристапувањето на Власите кон Македонската революционерна организација види: Н. Минов, Влашкото прашање..., 365-382.

Додека андартите и комитите војувале и преговарале, османлиските сили кон крајот на април 1907 година ги спроведувале последните подготовки за целосно расчистување на Блатото. Специјалните оклопни лотки, кои биле изградени во Солун, биле донесени во Ениџевардарското блато и спуштени во водата.[110] Во меѓувреме опсадата била засилена, а дополнително била распоредена и артилерија. Војската се распоредила под шатори насекаде околу Блатото.

Куририте на Апостол Петков, согледувајќи ја големата припрема на војската, за тоа веднаш го известиле војводата. Тогаш Апостол ги повикал на советување сите десетари кои биле распоредени во разни сектори на Блатото. Очигледно, Апостол ја сфатил сложеноста на ситуацијата и се нашол пред судбоносна одлука: да останат и да се бијат за Блатото во кое може да загинат сите, или да го напуштат. На советувањето десетарите едногласно решиле Апостол со една група четници да го напушти Блатото и при секој погоден момент да предизвикува судири зад тилот на непријателот, додека десетарите да ја продолжат борбата во Блатото.[111] Очигледно, учесниците на советувањето процениле дека сè уште постоеле изгледи за привремено напуштање на Блатото, но тоа не треба да се стори без борби и жртви, но помеѓу жртвите никако не требало да се најде војводата Апостол. Такво задоволство „не би требало во никој случај да им се дозволи на неговите непријатели во Цариград и Атина“.[112]

Според одлуката од советувањето било извршено прегрупирање на силите. Така, левото крило откај с. Карјотица требало да го брани стариот В’ндо. Стојан Хаџиев со 16 четници требало да остане во центарот кај Корчуфка. Десното крило требало да се брани од две колиби: Тома Дураков со 6 души и Христо Крлев со 10 души кај колибата Алгана, каде одбранбените позиции биле најслабо подготвени. Веднаш потоа, Апостол Петков ги обиколил сите колиби, еден ден специјално се задржал кај Алгана, а потоа од таму го напуштил Блатото.[113]

Следниот ден по заминувањето на Апостол Петков, андартите ја нападнале колибата Алгана, но тие биле одбиени. Веднаш

[110] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот..., т.5, 378.

[111] Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Ениджевардарското блато..., г. V (41), 14.

[112] К. Битоски, Грчката „македонска борба“..., 154.

[113] Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Ениджевардарското блато..., г. V (41), 14.

потоа, на 2/15 мај 1907 година,[114] силна османлиска флота ја опколила колибата Алгана. Бранителите на колибата при обидите да се качат во своите лотки биле ликвидирани. Од дванаесетмината борци кај Алгана, дури десетмина биле убиени. Според османлиската статистика, османлиската војска при овој судир запленила 1 маузерка, 4 манлихери и 3 пушки од системот Гра, многу фишеци, една машина за шиење, 20 вреќи брашно, повеќе документи и еден печат со натпис Христо од Баровица.[115] Османлиската статистика во своите редови не бележи загуби, меѓутоа, според еден руски документ, војската имала еден убиен и седуммина ранети.[116]



Андартите на Аграс пред акција

Веста за падот на Алгана во централниот сектор кај Корчуфка ја пренел Томе Дураков, кој се извелекол со неколку души од својата група.[117] По падот на Алгана, на ред била Корчуфка. На 6/19 мај османлиските сили кај селата Плесна и Голо заплениле девет лотки полни со облека од комити кои го напуштале Блато-

[114] Турски документи за оружените борби во Македонија..., 312-313, С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот..., т.5, 391.

[115] Турски документи за оружените борби во Македонија..., 313.

[116] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот..., т.5, 378.

[117] Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Ениджевардарското блато..., г. V (41), 14.

то.[118] На 8/21 мај 1907 година,[119] бил извршен напад на централниот дел од фронтот врз колибата Корчуфка. Според Стојан Хаџиев, нападот започнал уште в зори. По предупредувањето од стражарите, четниците отвориле оган кон османлиската флота која настапувала. По двочасовна престрелка, османлиските војски ја прекинале стрелбата и тактички се повлекле малку назад. Тогаш на сцена стапила артилеријата. По прекинот на првиот артилериски оган, престрелката се обновила, а потоа одново била активирана артилеријата.[120] За време на нападот врз Корчуфка биле истрелани 32 артилериски гранати.[121]

Судирот кај Корчуфка траел до доцна во ноќта. Притоа од бранителите загинал само Гоце Самарџиев од Ениџе Вардар. Приквечер, бранителите согледувајќи ја решеноста на војската по секоја цена да ги избие четниците и да ги заземе колибите, а имајќи предвид дека куршумите што им преостанувале не биле погодни, заклучиле дека би било бесцелно да се даваат жртви за одбрана на Корчуфка. Поради тоа, пред да ја напуштат колибата, уништиле сѐ што било вредно и што не може да се понесе,[122] а потоа по двајца на лотка се извлекле во внатрешноста на Блатото. Таму останале две денонoќија на лотки под ведро небо. Дури третата ноќ успеале да се пробијат кон брегот помеѓу Ениџе Вардар и с. Киркилово. Од таму заминале кон планината Пајак, каде кај с. Крива го сретнале Апостол Петков.[123]

По падот на Алгана и Корчуфка, отпорот во другите колиби станал беспредметен. Тамошните борци постепено се извлекле кон пределите на Пајак планина. Делумниот османлискиот триумф над Блатото симболично ја прикрил нефункционалноста на една организирана армија и на еден дотраен систем, наспроти еден неук војвода со шепа борци околу себе. Сепак, главната цел не била достигната. Од друга страна, спроведувањето на османлиската операција врз делот од Блатото кој бил под контрола на

---

118 С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот..., т.5, 391.

119 Исто.

120 Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Ениджевардарското блато..., г. V (41), 14-15.

121 С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот..., т.5, 391.

122 Меѓутоа, според еден извештај од рускиот конзулат во Солун, во Корчуфка Османлиите сепак заплениле цел склад со брашно, ориз, жива живина и слично (С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот..., т.5, 391).

123 Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Ениджевардарското блато..., г. V (41), 15.

Апостол Петков, само ја потврдил османлиската соработка со грчките андарти.[124]



Ѓорѓи Мучитано

7. По напуштањето на Блатото и преселувањето на планина Пајак, Апостол Петков требало да се сообрази со новонастанатите околности. Секако, прво требало да распушти дел од четниците, бидејќи движењето и опстојувањето на голема чета околу населените места, во споредба со тешкопроодното блато, било многу потешко. Но тоа не значи замирање на дејноста и прекинување на непријателствата, како со андартите, така и со османлиските власти. Ако се следат дипломатските извештаи, се стекнува впечаток дека по повлекувањето на Апостол Петков од Блатото, андартите се обиделе да ја искористат ситуацијата и презеле поголема иницијатива во пошироката околина.

Во почетокот на јуни 1907 година, Аграс, веројатно поттикнат од протерувањето на четите во Блатото, повторно се обидел да преговара со влашките војводи во воденскиот регион, но притоа бил заробен и обесен на едно ореово стебло од страна на Ѓ. Мучитано.[125]

---

[124] Во извештајот на рускиот конзулат од Солун од 17 мај 1907 година, се вели дека во османлиските соопштенија ниту еднаш не се спомнало откривање на грчки колиби и чети во Блатото, кои ги имало многу. Поради сето тоа, егзархиските средини го обвинувале воениот командант дека бил во постојана врска со грчките главатари. Од друга страна, целата воена операција се држела во најголема тајност, дури и од жандармеријата (С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот..., т.5, 391.).

[125] Во врска со егзекуцијата на Аграс, повеќето верзии зборуваат дека тој бил фатен при неговиот повторен обид за преговори со влашката чета на Мучитано и со некојси Златан од Голишани, за нивно ставање во функција на грчката вооружена пропаганда (Види: Αλεξάνδρου Τρομπούκη, Ο Μακεδονικός αγώνας στην Κεντρική Μακεδονία (Ο μαρτυρικός θάνατος του Ανθυπολοχαγού Τέλλου Αγαπηνού Άγρα το καλοκαίρι του 1907), Χρονικά Ιστορίας και Πολιτισμού Ν. Ημαθίας, τχ. 1 (Απρίλιος-Ιούνιος 2008, 5); Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 189-191¸ D. Dakin, The Greek strug-

Во меѓувреме андартите го засилиле теророт врз цивилното христијанско население кое не ја признавало Патријаршијата во поширокста околина на Еницевардарско. Така, во првата декада на јуни андартите убиле повеќемина овчари, како егзархисти, така и Власи.[126] Според извештајот на рускиот генерал-лајтан Шостак, „целта на грчките андарти е постојано една и иста“, преку заплашување да се натераат егзархистите „да преминат под Патријаршијата, а за непокорните, или непоколебливите да бидат доведени до ужас од извршените ѕверства“.[127] Во поткрепа на констатацијата, Шостак наведува бројни примери на терор. Така, на 12 јули 1907 една андартска банда на коњи нападнала неколку овчари егзархисти кај с. Градобор. Притоа, под закана со смрт, двајца од нив ги натерале да ја признаат Патријаршијата, а третиот што тоа го одбил го убиле на место. Спроти 15 јули, кај Судре аир, андартите убиле еден 65 годишен старец, неговата ќерка и зетот, бидејќи пред две години се откажале од Патријаршијата. Во Гуменџе, грчките активисти спроти 21 јули ја запалиле кафеаната на еден егзархист. Истиот ден, една андартска банда го нападнала чифлигот кај с. Арапли со намера да го фати егзархискиот свештеник. Бидејќи селаните се спротивставиле, набрзо добиле заканувачко писмо во кое стоело дека „нивните куќи и добитокот ќе бидат уништени, доколку не ја признаат Патријаршијата, а самите тие ќе загинат како јагниња во острите нокти на орелот“.[128] Писмото било потпишано од андартскиот командант во Еницевардарското блато. Писмо со слична содржина било испратено и до жителите на село Сарамурово, Солунско. На 5 август 1907 г., бил убиен еден егзархист во с. Грчиште. Три дена подоцна, една андартска банда од 12 души во Еницевардарското езеро убила тројца егзархисти и еден ранила.[129]

Долгата листа на андартски злосторства во текот на летото 1907 година, укажува дека по протерувањето на Апостол Петков од Еницевардарското блато, андартските чети искористувајќи ја

gle in Macedonia..., 285; К. Битоски, Грчката „македонска борба“..., 157-160; Австриски документи за историјата на македонскиот народ..., т.1, 28; Спомени на Косту Дабижа ..., 30-32.).

[126] Така на 2 јуни во Еницевардарската каза андартите убиле едно овчарче егзархист, на 4 јуни биле убиени 4 егзархисти во казата Караџа Абал, на 8 јуни во истата каза од колибите кај Ветерник исчезнале 2 овчари Власи (С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот ..., т.6, 63).

[127] Исто, 111.

[128] Исто.

[129] Исто, 112.

стратешката местоположба на Блатото започнале масовен терор врз околните области за принудно преминување на населението кон Патријаршијата, односно нивно изјаснување како Грци. Во овој период андартските чети претежно се пополнувале од локалните жители на Урумулукот, а нивно главно свrталиште било Еницевардарското блато и селата Петрово и Алтаклисе (Апостол). За изведување на операции од поголем обем тие се здружувале со четите кои се навртувале околу селата Зорбата, Јуниќој и Коњаре од Солунската каза. [130]

Оттука се наметнува заклучокот дека по протерувањето на „Еницевардарското сонце" од Блатото, околните села останале незаштитени од андартскиот терор. Наспроти тоа, хрониката од овој период бележи само еден судир на Апостол Петков со андартскиот ренегат Лазар Дојама кај с. Крива. Оваа ноемвриска престрелка започнала наутро во близина на селото, но потоа судирот се пренел и во самото село. За време на престрелката, бил ранет еден од браќата Дојама.[131]

Во меѓувреме Апостол Петков, согласно одлуките на Солунскиот окружен комитет, на теренот помеѓу населението презел повеќе активности за засилување на економскиот бојкот против носителите на грчката пропаганда, но и против Турците. Меѓутоа, Ефтим Спространов за време на Ќустендилскиот конгрес од март 1908 година, во својата дискусија меѓу другото истакнал дека Апостол Петков го злоупотребил економскиот бојкот, при што вршел разни своеволија.[132] Таквиот став на Спространов спрема Апостол Петков е логична последица на неговите претходни убедувања спрема овој војвода. Османлиската статистика за вооружените судири во Македонија бележи дека на 11 февруари 1908 година, војската имала судир со една дванаесет члена чета кај с. Тумба, Еницевардарско. Притоа водачот на четата не е спомнат, но е забележано дека за време на судирот загинале двајца четници, а еден бил ранет.[133] Непосредно пред почетокот на Младотурската револуција, Апостол Петков со својата редуцирана чета навртувал околу селото Горгопик.[134]

---

[130] В. Георгиев и С. Трифонов, История на българите..., т. 1, 270.

[131] К. Δογιάμας, Οι Μακεδονομάχοι αδελφοί Δογιάμα..., 6;

[132] Вътрешната македоно-одринска революционна организация..., Документи на централните ръководни органи, том I, част 2, 792.

[133] Турски документи за оружените борби во Македонија..., 361.

[134] Благой Петров - Македонски, Наранена земя, Бургас 1995, 84-85.

# Апостол Петков
## за време на Уриетот

1. Мирцштегските реформи, кои навидум предвидувале смирување на состојбите во Македонија, со третата одредба поттикнале внатрешен конфликт, кој бил инициран и поддржуван од надвор. Така, наместо пацификација на земјата, со една недоволно промислена одредба реформите поттикнале конфликти кои дотогаш не постоеле. Токму затоа, германскиот амбасадор во Истанбул, баронот Фон Маршал, во својот извештајот од 23. I. 1905 година, констатира: „реформската акција го предизвика токму тоа што сакаше да го спречи. Целта ‚Македонците' да се подведат под турска управа во ред и мир е, и останува недостижна; затоа што во Македонија живеат различни националности кои меѓусебно се мразат и секој сака турското владеење да го замени со свое ... Потребно е само да се споредат состојбите во Македонија пред првата реформска акција, со сликата која ја покажува земјата денес, за да се убедите во тоа дека реформата на турската власт, не е подобрена, туку расклатена“.[1] Поради тоа Фон Маршал резимира: „македонската опасност, која до пред две години се сметаше за нешто невино, стана акутна во моментот во кој Големите сили презедоа постапки да ја отстранат“.[2]

Проникливите претставници на османлиската власт, кои со своите постапки ги стимулирале вооружените пропагандни конфликти во Македонија, биле свесни дека протежирањето на принципот „раздели и владеј“ води кон влошување на состојбите во Македонија и дека на крај цената за тоа ќе ја плати Османлиската Империја.[3]

---

[1] Германски документи за политиката на Германија и европските големи сили во Македонија..., 117.

[2] Исто, 118.

[3] Генералниот инспектор Хусеин Хилми паша, во една пригода во 1906 година изразил страхување дека „понатамошното заострување на односите помеѓу Грците и Бугарите ќе се одрази на погубен начин врз состојбата на работите во Македонија“ и дека „конечните меѓусебни пресметки Бугарите и Грците сепак мора да ги сведат врз турска територија, во границите на трите вилаети, а цената од овие пресметки ќе мора, конечно, да ја плати Турција“ (С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот..., т.5, 114.).

Австро-Унгарија, согледувајќи дека разгорувањето на конфликтите во Македонија било поттикнато од „неправилното толкување“ на точка III од реформите во Атина, Белград и Софија, во 1907 година презела иницијатива кај Русија, за заедничко толкување на „вистинската смисла“ на споменатава одредба.[4] За таа цел била подготвена заедничка нота, која била доставена до владите во Атина, Софија и Белград.[5] Со Нотата, покрај другото, двете земји изјавуваат дека: 1. Нема да допуштат промена на административните граници врз национална основа согласно точка III од Мирцштегската програма сè додека не се обезбеди траен мир; 2. Точка III од Програмата била погрешно толкувана во смисла дека земјата треба да се подели на национални сфери, а тоа ги инспирирало четите да ги прошират сферите на својата националност за сметка на ривалите; 3. Двете сили нема да ги земат предвид т.н. „национални промени“ кои настанале со терор. На крај двете земји изразуваат надеж дека владите во Софија, Белград и Атина „ќе се потрудат да прекинат секаква поддршка на македонските чети“ кои може да бидат на страна на нивните ко-државјани. Покрај споменативе влади, со содржината на Нотата биле запознаени руските и австроунгарските конзули во Македонија, а на теренот биле преземени мерки за нејзино популаризирање меѓу христијанските заедници.[6]

Додека Австро-Унгарија и Русија се занимавале со толкување на „криворазбраните“ одредби од реформите што всушност ги утврдиле тие, англискиот министер за надворешни работи, сер Едвард Греј, кон крајот на 1907 година го актуализирал прашањето за нови реформи во Македонија. Според него, мирот во Македонија можел да се воспостави само со именување на еден христијанин за генерален губернатор. Е. Греј сметал дека во интерес на Султанот било „македонското прашање да ја загуби неговата акутна форма“,[7] од причина што „зад македонското прашање стои турското прашање“.[8] Според Е. Греј „лошите состојби во турската држава“ на крај ќе прераснат во „извор на слабост и опасност за турската влада и за мирот“, па затоа требало да се напра-

---

4 Исто, т.6, 123.

5 Documents diplomatiques Français (1871-1914), 2e serie (1901-1911), Tome XI (15 Mai 1907 – 8 Février 1909), Paris 1950, 292-294.

6 С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот..., т.6, 142.

7 Германски документи за политиката на Германија и европските големи сили во Македонија..., 220.

8 Исто, 221.

ви сѐ што може „во интерес на хуманоста и на политичкиот мир“.[9] Иницијативата на Е. Греј, иако не добила поддршка од другите европски сили,[10] сериозно го вознемирила Султанот.[11]

Како последица на глобалното прегрупирање помеѓу големите сили во почетокот на 1908 година, македонското прашање одново се нашло на зелените маси пред европските дипломатски играчи. Во почетокот на јуни 1908 година, руските цар Никола II и англискиот крал Едвард VII се сретнале во Ревал за да ги усогласат ставовите за своите глобални политики, наспроти засилениот германски и австроунгарски економски и политички пробив кон југоисток. На средбата, меѓу другото, била разгледана можноста за нови порадикални реформи во Македонија.[12] Притоа, покрај именувањето на генерал губернатор, се предвидувало и меѓународен воен контингент.[13] Со евентуалното спроведување на овој концепт, откинувањето на Македонија од Османлиската империја би било само прашање на време и техника.

Младотурскиот комитет „Единство и напредок“ (Itihad ve terakii) согледувајќи ги политички околности, како и можните последици по територијалниот интегритет на Империјата од новата англо-руска иницијатива за реформи во Македонија, ги забрзал подготовките за враќање на уставноста во земјата. Со овој од порано проверен рецепт, требало да се избијат аргументите на големите сили за замешување во внатрешните работи на Империјата. Своите намери и ставови во контекст на македонското прашање, битолскиот окружен комитет на „Единство и Напредок“ ги обелоденил во мај 1908 година преку Меморандумот што го испратил до дипломатските претставници на големите сили (со исклучок на Русија).[14]

Во Меморандумот, покрај другото се истакнува дека: „Реформските напори на Европа во Македонија не покажаа никаков резултат. Тие не успеаја на никаков начин да ја променат полож-

[9] Австриски документи за реформската акција..., 360.

[10] Германски документи за политиката на Германија и европските големи сили во Македонија..., 231.

[11] Исто, 363.

[12] Ю. А. Петросян. Младотурецкое движение (вторая половина XIX – начало XX в.), Москва 1971, 280-281.

[13] Исто, 180-181; British documents on the origins of the war, 1898-1914, vol.V, London 1928, 240.

[14] Спомените на Нијази (превод, предговор и коментар: Драги Ѓоргиев), Скопје 2011, 66-76.

бата. Напротив, таа уште повеќе се влоши. Немирите се зголемија, Македонската загатка станува уште посложена. На сите страни во областа владее едно општо безредие".[15] Понатаму во Меморандумот се вели: „Европа и покрај сиот нејзин труд досега не успеа да ја постигне целта, а и од сега натаму, пак нема да постигне резултати. Затоа има многу причини, а според нас, првата и најважната е следната: затоа што Европа настојува на една сенка да и даде тело. Всушност, целта на Европа е да создаде еден вид македонска држава или една автономна македонска провинција, но тие двете не се разликуваат меѓу себе и се подеднакво опасни. Меѓутоа, една позната македонска држава беше уништена пред 2000 години и од старите Македонци денес нема никаква трага. Од минатото на Македонија, денес освен името нема ништо друго. Македонија не е ништо друго освен еден историски спомен. Како што не постојат Македонци, така не постои и Македонија. Македонија денес е еден дел од Османлиската империја. И од неа не може да се оддели. Нејзиниот живот е поврзан само со животот на таа Империја".[16]

Во Меморандумот се нагласува дека изворот на злото во Македонија не произлегува од Македонија, туку од апсолутистичкиот режим на постојната власт од која еднакво страдаат сите делови на Империјата. Поради тоа Младотурците ја повикуваат Европа, доколку „навистина сака да ги усреќи Македонците" да помогне во уништувањето на постоечкиот апсолутизам.[17] Според Меморандумот, Младотурците не прифаќаат „македонско прашање" а за проблемите во Македонија ги обвинуваат бугарските, српските и грчките чети кои работеле за присоединување на Македонија кон Бугарија, Србија или Грција.[18] Поради тоа се апелира доколку Европа сака во Македонија да завладее ред и мир, да им забрани на Србите, Бугарите и Грците да испраќаат чети во земјата.[19] Кон крајот на Меморандумот се вели: „Доколку Европа се повлече од Македонија и доколку се откаже од разгорувањето на тоа прашање и од занимавањето со него, тогаш Македонците сами ќе се договорат меѓу себе, и, решавајќи ги проблемите и недоразбирањата, кои се резултат на влијанијата и странските

[15] Исто, 66.

[16] Исто, 67-68.

[17] Исто, 69-70.

[18] Исто, 71.

[19] Исто, 74.

пропаганди, четите и страшните странски влијанија ќе бидат уништени“.[20]

Според Меморандумот очигледно е дека Младотурците не признаваат одделно македонско прашање, ниту пак автохтоно македонско револуционерно движење, при што вината за нередите во Македонија ја префрлаат врз надворешните пропаганди и султанскиот апсолутистички режим. Од друга страна, тие не ги прифаќаат ниту европските реформски проекти, бидејќи во тоа гледаат опасност за османлискиот интегритет, поради што излезот од состојбата го гледаат во враќање на уставноста. Во исто време, Младотурците под влијание на западните концепти за држава-нација, отворено ја промовираат идејата за османизација на своите поданици.

Меморандуми со слична содржина биле издавани и по одржувањето на средбата во Ревал.[21] Со овие активности Младотурците ја наговестиле револуцијата која започна на 3 јули 1908 година со одметнувањето на Нијази беј во Ресен. Движењето за враќање на уставот од 1876 година, добило масовно поддршка меѓу единиците на Третиот армиски корпус кој бил стациониран на територијата на Македонија. Младотурските офицери, кои во суштина биле османлиски патриоти - националисти, со исфрлањето на паролата за слобода, еднаквост, братство и единство помеѓу сите поданици, ги добиле симпатиите и поддршката на населението, особено во европскиот дел од Империјата. Младотурците преку армијата брзо ја презеле контролата низ македонските градови, притоа ги ослободиле политичките затвореници и организирале свечени манифестации, на кои биле промовирани нивните идеи. Дваесетина дена од започнувањето на движењето, султанот Абдул Хамид II, ноќта спроти 24 јули издал указ со кој обзнанил дека Империјата прераснува во уставна монархија.

Со трансформирањето на Империјата од апсолутистичка во уставна монархија, Султанот и Младотурците сметале дека го амортизирале за „непостоечко“ македонското прашање, кое претставувало сериозна закана по интегритетот на државата. Токму поради тоа, Младотурците уште во старт настојувале „да ѝ покажат на Европа дека со воведувањето на либералниот режим и со

---

[20] Исто, 75.

[21] Јусуф Хамза, Заемните односи меѓу прогресивните османлиски кругови и македонското револуционерно движење во втората половина на XIX и почетокот на XX век, Скопје 1988, 161.

зацврстувањето на конституцијата, македонското прашање ја губи својата острина“.[22] Оваа политика наполно му одговарала и на Султанот, бидејќи и тој, како и Младотурците, сметал дека со прогласувањето на земјата за уставна монархија, би се елиминирале опасностите по интегритетот на Империјата. Во врска со тоа, во еден документ од руска провениенција се вели: „во македонските работи, Младотурците ѝ одат во прилог на Портата, а оваа секако тоа ќе го искористи. Со тоа дури се објаснува мекиот и очекуван карактер на мерките што се преземаат против Младотурците... При сегашниов младотурски начин на струење во армијата, остварувањето на англискиот проект за некаков посебен одред под контрола на странски офицер е наполно невозможно“.[23] Слично на ова, австриskиот цивилен агент, А. Рапапорт, во извештајот од 24 јули 1908 година, пишува: „Доколку се има предвид фактот дека овој историски настан (воведувањето на уставот, б.н.) се одигра без поголемо нарушување на мирот и со релативно мало пролевање на крв, тогаш човек не треба да се чуди кога се јавуваат гласови, кои најновите настани ги сметаат за вешта махинација на централната влада, чија цел беше попречување на реформската акција на силите“.[24]

Според изнесеново, очигледно е дека главните креатори на судбината на Балканот (Русија и Австро-Унгарија) ја сфатиле позадината и вистинската намера како на Младотурците, така на Султанот – преку прогласување на Империјата во уставна монархија да се амортизира македонското прашање за да се сочува територијалниот интегритет на државата. Врз основа на дотука изнесеново, притоа апстрахирајќи ги придобивките од Младотурската револуција во контекст на модернизирањето на османлисата држава, слободни сме да констатираме дека од македонски аспект, тоа е последниот османлиски чин против определбите на Македонското револуционерно движење за автономија на Македонија во рамките на Османлиската држава, како и против заложбите на малкуте европски поддржувачи на идејата за конституирање на посебна административна единица под ова име.

2. Додека Младотурците на надворешен план се обидувале да создадат впечаток дека со трансформирањето на Империјата во уставна монархија се амортизира македонското прашање, во

[22] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот...., т.6, 372.

[23] Исто, 362.

[24] Австриски документи за реформската акција..., 382.

исто време на внатрешен план настојувале да ги придобијат симпатиите и поддршката од македонското христијанско население. За таа цел преку прогласи укажувале дека изворот на несреќите во Македонија произлегува од пропагандите на соседните држави, од европското мешање и од султанскиот апсолутизам. Така, во Повикот на Нијази беј до христијаните во Битолскиот вилает се вели: „Слушајќи ги советите на соседните и мали држави: Бугарија, Србија, Грција и други, кои под маската на цивилизацијата и под заштита на големите европски држави, настојуваат да ги спроведат своите интриги, дојдовме до оваа жална положба. Повеќе од четврт век Бугарија и Грција, а од пред извесно време и Србија, следејќи ја истата цел, наводно пружајќи ви рака за помош на вас, односно Македонците, ве лажат со ветувања дека ќе ве ослободат и дека ќе ви подарат слобода. Но не само што не ви помагаат, овие држави чија цел е да ве потчинат под своја власт и да ве поробат, создадоа раздор меѓу вас. Посеаја семе на раздор, кое нашата татковина ја претвори во море од крв“.[25] Понатаму во Повикот се вели дека основна цел на Младотурската организација е „во познатите граници на османлиската држава на сите елементи, без разлика на народност и вероисповед, да им се заштити слободата, честа, животот и имотот, да им се обезбеди основа за еден братски живот како што му доликува на човештвото, а тоа е можно со добивање на слобода, со објавување на рамноправност, со зајакнување на братството и со спроведување на правдата“.[26] За полесно и побрзо остварување на целта, се бара распуштање на постојните христијански чети и нивно приклучување кон одметнатите османлиски единици.[27] Таквите повици наишле на добар прием кај истоштеното население.

Младотурската револуција го затекна македонското револуционерно движење во две меѓусебно спротивставени групации, поради што тоа не беше во состојба да испорача единствена платформа во услови кога Младотурците бараа поддршка. Кризата што ја зафати Револуционерната организација по поразот во востанието од 1903 година, само привидно беше надмината на Рилскиот конгрес (1905). Постигнатото единство било со привиден карактер и краток век. Разидувањата и прегрупирањата помеѓу поедините групации отворено дошле до израз по загинувањето на Дамјан Груев и пропаста на Вториот општ конгрес кон крајот

---

[25] Спомени на Нијази ..., 117.

[26] Исто, 118.

[27] Исто, 119-120.

на 1906 година.[28] Јазот станал непремостлив по убиството на Борис Сарафов и Иван Гарванов во ноември 1907 година. Како неформални лидери на двете спротивставени групации се наметнале Јане Сандански – предводник на реформско демократско крило и Христо Матов – идеолог и предводник на конзервативното крило. Поради овие поделби, македонските војводи од теренот во пресрет на Уриетот се нашле на една, или друга страна, можеби не толку поради некои идејни разлики, туку по некаква инерција и лични сообразувања. Во тој контекст, Апостол Петков се нашол на страната на конзервативното крило. Таквата поделеност во македонското револуционерно движење во конкретниот случај им одела во прилог единствено на Младотурците, бидејќи поделбата им давала можност да калкулираат со едната, или другата страна, притоа изигрувајќи ги двете.

Со воспоставувањето на уставниот парламентаризам во Османлиската империја се создале претпоставки за легално политичко дејствување на претставниците од македонското револуционерно движење и нивно вклучување во општествено-политичкиот живот. Центар на сите политички збиднувања станал Солун, каде се наоѓало и седиштето на Младотурскиот комитет. По прогласувањето на уставноста, Солун едноставно вриел од паради, прослави и митинзи. Стотици луѓе од внатрешноста секојдневно пристигале со специјални возови за да ја прослават слободата, да го положат оружјето и да се помират со власта.[29] Во општата славенича еуфорија, во градот се слевале разни чети од сите страни. Нивните војводи кои до скоро се прогонувале со османлиските офицери, овој пат се братимеле со нив во неформалната македонска престолнина. Младотурската парола за слобода, рамноправност, братство и единство, барем во прво време го постигнала посакуваниот ефект. Младотурците прогласиле општа политичка амнестија, а револуционерните организации требало да ги распушат четите и да го предадат оружјето.

3. Во славеничкиот амбиент, пристигањето на Апостол Петков во Солун било најавено во локалниот турски весник „Аер“, при што војводата бил наречен „Еницевардарско сонце“.[30] Бранислав Нушиќ, како дописник на белградскиот весник Политика,

---

[28] Поопширно за овие состојби во македонското револуционерно движење види: В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 346-363; 396-460.

[29] Otautau Standard and Wallace County Chronicle, IV/183, 3.11. 1908, 2.

[30] Гоце Делчев, Спомени, документи, материали (съставители: Любомир Панайтов и др.), София 1978, 396.

на 19 јули/1 август 1908 година информира: „Денес од Ениџе Вардар ќе стигне војводата Апостол. Тој му порачал на Младотурскиот комитет, за него и за неговата чета да испратат коњи, па денес свечено на коњи ќе влезат во Солун“.[31]

Најавата за свечено влегување во Солун се чини била тактички блеф од страна на Апостол Петков за да го оттргне вниманието од себе, додека не ги израмни сметките со ениџевардарскиот кајмакам. Истиот ден 19 јули/1 август 1908 година, наместо кон Солун, според најавата, Апостол со својата чета и стотина селани влегол во Ениџе Вардар. Тогаш, непопречен од никого, Апостол го суспендирал тамошниот кајмакам и ја зазел власта во градот.[32] По пристигањето на оваа вест во Солун, Младотурскиот комитет планирал да испрати неколку одреди кон Ениџе Вардар за да го казнат Апостол и да му ја одземат власта. Меѓутоа, имајќи ја предвид кревката политичка ситуација, за да се одбегне непосакуваното крвопролевање, Младотурците се обратиле до Солунскиот комитет на Внатрешната организација и побарале содејство за à l'amiable (спогодбено) израмнување на непожелниот конфликт. Солунскиот окружен комитет уште истата вечер за Ениџе Вардар го испратил аптекарот Иван Тенчев за да го убеди Апостол да ја предаде власта кому што треба и со своите луѓе да замине за Солун.[33] Следниот ден, луѓето од Организацијата го информирале управникот на бугарското трговско агентство, дека Тенчев успеал „да го убеди Апостол да се откаже од својата желба да владее со Ениџевардарската каза со своите луѓе“. Меѓутоа, до официјалното потврдување на веста, Турците биле воздржани, плашејќи се да не преовлада добро познатиот инает на „Вардарското сонце“.[34]

Во врска со настаните во Ениџе Вардар, во атинскиот весник Емброс во еден напис се вели дека Апостол Петков се однесувал како сатрап, при што го избркал кајмакамот од градот, ги малтретирал локалните првенци – патријаршисти, а неговите следбеници го притискале населението од околните села.[35]

Овој краткотраен излет на Апостол Петков во Ениџе Вардар треба да се сфати како негов личен потег за израмнување на

[31] Политика, бр. 1619, 21.07.1908, 2.

[32] Гоце Делчев, Спомени, документи, материали..., 397.

[33] Исто.

[34] Исто.

[35] Εμπρός, 12/4229, 27.07.1908, 5.

некои поранешни сметки со еницевардарскиот кајмакам, отколку како намера за преземање на власта. Во прилог на нашава констатција оди фактот што веднаш по интервенцијата од Солунскиот комитет на Внатрешната организација, Апостол го напуштил Еница Вардар и заминал за Солун.

Во врска со заминувањето на Апостол Петков за Солун, атинскиот Емброс со висока доза на сарказам пишува: „За капетан Апостол пренесуваат дека слегува во Солун за да седне на престолот и да управува со Македонија. А капетанот Апостол при неговото заминување за Солун навистина побара за неговиот прием, освен коњи да има и артилерија“.[36] Според истиот весник, на пат кон Солун, Апостол поминал низ с. Куфалово, каде ги скршил вратите на црквата, која била затворена од пред три години, и поставил егзархиски свештеник. По поминувањето на четата на Апостол низ Вардарската долина, била возобновена егзархиската богослужба во селата Зорба и Топчиево. Поради тоа, Емброс пишува: „разни приврзаници на капетанот Апостол, изгледа дека погрешно ги разбрале и погрешно ги интерпретираат новиот устав и слободата, па вооружено слободно се шетаат и влегуваат каде што ќе посакаат и вршат притисок врз сопствениците на селата и врз селаните“.[37]

Апостол Петков е последниот војвода што пристигнал во Солун.[38] Всушност, тој на своевиден начин претставувал барометар за општите состојби во регионот. Не случајно до неговото пристигање во Солун се зборувало: „Ако дојде Апостол, дури тогаш ќе знаеме дека сѐ е во ред“.[39] Апостол во Солун останал до 25 јули / 7 август 1908 година.[40] За време на краткотрајниот престој во Солун, тој неколку пати се сретнал со Енвер беј. Покрај тоа, Апостол имал неколку средби со Петко Пенчев, но не сакал да се сретне со Јане Сандански, притоа изјавувајќи дека со него не сака да

[36] Исто.

[37] Исто.

[38] Otautau Standard and Wallace County Chronicle, IV/183, 3.11. 1908, 2.

[39] Исто.

[40] В. Георгиев и С. Трифонов, Македония и Тракия в борба за свобода..., 486. Меѓутоа, според еден напис во Политика, Апостол Петков од Солун заминал на 26 јули/8 август (Политика, 1626/28.07.1908, 2); Австроунгарскиот генерален конзул во Солун, Б. Пара, во својот извештај од 10 август 1908 година, спомнува дека тој на 8 август информирал за заминувањето на Апостол од Солун (Австриски документи за историјата на македонскиот народ 1907-1908, редакција, превод и коментар Данчо Зографски, том 2, Скопје 1981, 199).

има никакви односи.[41] Петко Пенчев, како еден од теоретичарите на поранешното конзервативно крило во Организацијата и отворен противник на Сандански, овој пат како еден од координаторите на Сојузот на бугарските конституциони клубови, му дал конкретни инструкции на Апостол Петков за идната политичка активност во регионот на Еницевардарско, Гевгелиско и Воденско.[42]



Апостол Петков со својата чета во Солун

Според дописникот на белградска Политика, утрото при заминувањето од Солун, Апостол Петков бил свечено испратен, а на четата ѝ било вратено оружјето.[43] Веќе приквечер во Солун стасале информации дека егзархистите од с. Крива го малтретирале патријаршискиот свештеник и му забраниле да влегува во црквата. Истовремено, бил истеран и патријаршискиот свештеник од с. Куфалово. Поради тоа, „Грците“ веднаш се пожалиле кај Енвер беј.[44] Овие информации укажуваат дека Апостол Петков, искористувајќи ги уриетските слободи, презел иницијатива за истиснување на грчкото влијание од регионот на неговото поранешно дејствување.

---

[41] В. Георгиев и С. Трифонов, Македония и Тракия в борба за свобода..., 486.

[42] Исто.

[43] Политика, 1626/28.07.1908, 2.

[44] Исто.

Австроунгарскиот генерален конзул во Солун, Б. Пара, во извештајот од 10 август 1908 г., бележи дека при заминувањето од Солун, Апостол од Младотурскиот комитет добил инструкции да го смири населението, но наместо тоа, „до пред кусо време сѐ уште жигосаниот Апостол го искористи својот прв излет како слободен човек, благодарение на амнестијата и конституцијата, во придружба на 25 вооружени лица да зборува на сето население од Вардарската долина да преминат кон Егзархијата“.[45] Поради тоа, патријаршистите и младотурските комитети во Гуменџе и Еницe Вардар се обратиле за инструкции до Централниот младотурски комитет. Бидејќи Апостол и по укажувањата од Солун манифестирал непослушност и своеглавост, Младотурскиот комитет донел одлука за негова ликвидација преку поставување на заседа. Телеграмата со оваа содржина, која била испратена до властите во Еницe Вардар, доверливо му била покажана на австроунгарскиот конзул.[46] Во септември 1908 година за фаќањето на Апостол Петков бил испратен еден младотурски офицер, кому требало да му содејствува Сотирос Гоѕоманис од Еницe Вардар, но акцијата не дала резултати.[47]

Последната информација од една страна укажува дека Апостол Петков извесно време не ја разоружал својата чета, но и дека поради тоа, против него продолжила поранешната турско-грчка соработка. Во исто време во регионот, со поддршка на Младотурците, се засилиле активностите на грчката пропаганда. Управителот на руското конзулство во Солун, Кохмански, во извештајот од 25 септември 1908 година, констатира дека состојбите во Македонија одново го добиле поранешниот карактер. Грците со поддршката на Младотурскиот комитет, како и порано, на секој начин го попречувале отворањето на спорните цркви за егзархистите и настојувале да ги подредат на Патријаршијата.[48] Во исто време, во Еницевардарската каза се зголемил бројот на непознати Грци. Врз основа на тоа, Кохмански претпоставува дека во регионот набрзо ќе се појават грчки чети со намера да го искористат постојниот конфликт помеѓу Младотурците и Апостол Петков. Еден грчки кордон веќе бил распореден по текот на реката Кара Азмак и не допуштал преку неа да помине ниту еден егза-

[45] Австриски документи за историјата на македонскиот народ..., т. 2, 200.

[46] Исто.

[47] Ι. Δ. Μιχαηλιδης, Σωτιριος Γκοτζομανης..., 16-17.

[48] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот..., т.6, 426.

рхист.[49] Очигледно активистите на грчката пропаганда во конкретниот период вешто го искористиле конфликтот помеѓу Апостол и Младотурците за зацврстување на своите позиции на теренот. Во тоа време Апостол водел кампања низ селата во Еницевардарско и Гевгелиско во врска со црковното прашање, но и против Јане Сандански.[50]



Апостол Петков во Еница Вардар

Во овој период грчката пропаганда не бирала ниту средства, ниту методи, за да го компромитира Апостол Петков. Во функција на кампањата биле ставени и странци. Така англискиот филхелен Ален Апвард, инаку дописен член на атинското филолошко друштво Парнас, во својата книга „Источниот крај на Европа“ која е објавена кон крајот на 1908 година во Лондон, меѓу другото пишува: „Апостол Петков отиде до таму што ѝ ги понуди своите услуги на владата во Атина, нудејќи ѝ да ги претвори сите жртви на неговата тиранија од егзархисти во патријаршисти, за што побара годишна плата од 1000 фунти“.[51] Доколку ова беше напишано од човек кој не ги познава состојбите, би рекле дека напишаното е трагедија за вистината, меѓутоа, бидејќи изнесеното го напишал човек со проелинска ориентација, дописен член на атинското филолошко друштво, кој непосредно пред Уриетот

[49] Исто, 427.

[50] Исто.

[51] A. Upward, The East end of Europe..., 31.

дури и ја посетил Македонија, ќе речеме дека тоа е пародија за етиката и вистината.

Есента 1908 година, Апостол Петков формално ја распуштил четата и со своите приврзаници се сместил во Еница Вардар, каде ја презел улогата на неформален шеф на локалниот конституционен клуб. Интересни сведоштва за однесувањето на Апостол од неговото настанување во Еница Вардар ни оставил свештеникот Тома Николов, кој околу Митровден 1908 година, дошол во Еница Вардар како претседател на егзархиската црковно-училишна општина.[52] Овој поранешен активист на Организацијата, како претседател на егзархиската црковно-училишна општина, бил во тек со активностите на конституционите клубови, но и со севкупниот општествено-политички живот во градот. Оттука неговите контакти со Апостол Петков биле неминовни. Т. Николов во своите спомени раскажува: „По извесно време се запознав со Еницевардарското сонце – Апостол Петков војвода. Бидејќи Уриетот сè уште не беше испарил, последниот си ја тераше по старо. Се беше настанил во една куќа сред бугарското маало, заедно со своите четници, и се однесуваше како бег со сите свои салтанати. Тој, пак, како пред Уриетот, му наложуваше данок на населението, а околу себе ги држеше реонските војводи – наречени десетари, кои ги праќаше по селата да ги извршуваат неговите наредби. Самиот Апостол носеше револвер на свилена врвца и сребрени ќостеци на часовникот“.[53] Според Т. Николов, иако формално претседател на конституциониот клуб бил учителот Димитар Лешников, фактички шеф бил Апостол Петков, кој држел сè во свои раце. „Куќата на последниот прилегаше на владина институција. Сите селани, па и некои граѓани, за каква и да било работа, прво се советуваа со него, а потоа се обраќаа до власта. Тој често организираше гозби на кои беа канети градските првенци, селани и учители, бидејќи во неговата куќа имаше сè во изобилство. Тој се однесуваше речиси како кајмакамот и се сметаше за еднаков на него. Кога излегуваше од градот на пат за некое село патуваше во комфорно оседлан фон, во придружба на неколку четници на коњи“.[54]

Неприкосновениот Апостол отворено се мешал и во црковно-училишните работи, т.е. во компетенциите на Тома Николов.

[52] Тома Николов, Спомени из моето минало, София 1989, 289.

[53] Исто, 290.

[54] Исто, 290-291.

Поради тоа, последниот како претседателот на црковно-училишната општина се нашол во позиција помеѓу чеканот и наковалната. На една страна требало да ѝ угодува и да се покорува на официјалната власт, а на друга на Апостол Петков кој ги држел уздите во свои раце. Како новодојден во градот, Т. Николов не сакал да влезе во конфликт со Апостол, кој очигледно бил во еуфорија, поради тоа дури избегнувал да се меша во работата на конституциониот клуб. При посетите на официјалните институции по повод разни свечености, Тома Николов редовно со себе го водел Апостол Петков. Последниот на овие настани се појавувал провокативно со револвер на срмена врвца и во длабоки чизми, што било многу непријатно за кајмакамот и офицерите.[55]



Апостол Петков и Ичко Димитров – Ѓупчето

Во втората половина на декември 1908 година, по повод отворањето на парламентот, Апостол Петков учествувал на приемот што бил организиран од локалните власти во Еница Вардар. На враќање од таму, Апостол со својата придружба минал низ турското маало. Патем придружбата ја пеела неговата песна „А бре

55 Исто, 292.

бај Постоле ти вардарско пиле“ и извикувала „Да живее Апостол војвода“.[56] Всушност, во овој период песната за Апостол се пеела при сите пригоди. „Тогаш сѐ песните на Постол се пееја. Ќе чукне тапан за свадба – Постоловата песна, млада невеста од дома креваат – Постоловата песна ќе ја кажат. На црква ја водат да ја венчаат – пак неговата песна, на имenден – исто“.[57] Војводата почнал да се појавува и во улога на кум.

Севкупното однесување на Апостол Петков во овој период укажува дека војводата од Блатото и Пајак планина, уриетските слободи ги разбрал и практикувал на свој начин. Притоа своите ајдутски навики и русалиската облека ги заменил со дезени и манири на градски кабадахија. Таквото однесување станало трн во очите на сите, особено на власта. Веројатно тоа не било многу од корист ниту за Конституционите клубови. Во такви околности, Тома Николов го повикал Апостол Петков во просториите на егзархиската општина и му советувал доколку не сака да биде убиен, да ја земе пушката и да замине в планина, или да замине за Бугарија.[58] Притоа му го посочил примерот со убиството на леринскиот војвода Ѕоле Стојчев и заминувањето на Ѓорче Петров за Бугарија. Според Т. Николов, тогаш Апостол изјавил: „Тој, Ѓорче, е итра лисица, штом побегнал, сигурно осетил нешто“.[59] Откако сфатил дека атмосферата околу него се згуствува, Апостол прифатил да замине од Еницe Вардар. За таа цел, Тома Николов организирал да се извади пасош преку бирото на Конституционите клубови во Солун. На тој начин Апостол најверојатно некаде во средината на 1909 година нечујно заминал. Притоа на располагање на клубот ги оставил своите десетари Илија Палеота и Стојан Бозечки со неколку четници.[60] Врската помеѓу полулегалните четници и претседателот на црковно училишната општина била одржувана преку Димитар Лешников – претседател на Клубот.[61]

Набрзо по заминувањето на Апостол Петков, Пере Тошев во својство на егзархиски училишен инспектор во Солунскиот вилает го посетил Еницe Вардар. Пере, инспириран од подвизите на Апостол во Еницевардарското блато, во разговорот со Тома Николов побарал да го посети Блатото за да ги види колибите и

[56] Исто, 290.

[57] И. Бабев, Македонската голгота..., 281.

[58] Т. Николов, Спомени из моето минало..., 292.

[59] Исто.

[60] Исто.

[61] Исто, 293.

скривалиштата на легендарниот војвода.[62] Организацијата на посетата му била доверена на Димитар Лешников. Една ноќ, П. Тошев, Т. Николов и Д. Лешников со лотката на еден рибар биле одведени во колибата на Апостол. Рибарите кои биле сместени во колибата за гостите приредиле богата вечера од риби. Тројцата преспале во војводската колиба, а утредента по разгледувањето на колибите и тајните патеки низ Блатото се вратиле во градот.[63]

4. Младотурците, откако ја освоиле власта по изборите за дводомниот парламентарен дом, наместо да се зафатат со решавање на клучните политички, економски и социјални прашања, на една страна тргнале во пресметка со идејните противници, а на друга во име на прокламираниот османизам започнале да ги гушат сите национални тенденции во мултиетничката Империја. Поради зголеменото незадоволство, консолидираната опозиција предизвикала политичка криза, која кулминирала со обид за преварат во април 1909 година. Благодарение на интервенцијата на армиските единици од европскиот дел на Имеријата, првенствено од Македонија, како и поддршката на македонските револуционери околу Јане Сандански, реакционерните сили брзо биле поразени. Како последица на тоа, султанот Абдул Хамид II бил детрониран, а за нов султан бил устоличен Мехмед V.

Во меѓувреме, во почетокот на 1909 година, од Македонија се повлекле офицерите и цивилните претставници на европските сили – задолжени за надгледување на Мирцштегската реформска програма. Ослободени и од ова бреме, занесени од целосната контрола над општествено-политичкиот живот, Младотурците тргнале во потполно реализирање на идејата за османизација на државата. Во таа смисла биле усвоени повеќе закони против политичките здруженија и организации со национален предзнак, против социјалните здруженија, безделниците, а состојбата особено се влошила со донесувањето и примената на законот против четите и разбојништвото.

Случајно или, не, законот за четите и против разбојништвото експериментално почнал да се применува во Еницевардарската каза. Овој закон бил крајно нехуман кон семејствата на четниците. Според член 25 од законот „владата има право да ги преселува каде што сака семејствата на оние лица, кои се присоединиле кон четите“.[64] По тој основ до почетокот на декември 1909

[62] Исто, 294.

[63] Исто, 295-296.

[64] В. Георгиев и С. Трифонов, История на Българите... том I, част втора, 510.

година во Солунските анови биле одведени 55-мина блиски роднини на побегнати четници од еницевардарските села. Од одведените 55 лица, 25 биле деца, а 11 жени. Од конфесионален аспект 15-мина биле патријаршисти, а останатите егзархисти. Притоа на интернираните власта им ги платила патните трошоци и секојдневно обезбедувала по 50 пари по човек за храна.[65] Со примената на оваа мерка, властите верувале дека ќе ги натераат избеганите лица да се предадат. Оваа мерка оставила многу лош впечаток во дипломатските кругови и воопшто врз јавното мнение, бидејќи било крајно бесмислено и нехумано заради избеганите лица да се казнуваат членовите на нивните семејства. Меѓутоа, во овој период четништвото сè уште не било обновено во вистинска смисла, а избеганите лица всушност биле поранешни четници, кои заради разни престапи побегнале за да го избегнат прогонот пред законот. Покрај тоа, со законот било предвидено и собирање на оружјето помеѓу населението. Во таа смисла бил предвиден определен рок за предавање на оружјето, но доколку кај некој по истекот на рокот при претрес се пронајде оружје е предвиден затвор од 6 месеци.[66] Поради селективната примена и злоупотребите при спроведувањето на законите во османлиската држава, бугарското трговско агентство оценува дека од примената на овој закон „ќе пропати мало и големо... Нема сомнеж дека мнозина ќе претпочитаат да ја фатат гората, отколку да се подложат на такви измачувања... така што од новиот закон против четите и разбојништвото за напред треба да очекуваме повеќе неправди, злоупотреби, нереди и зголемување на четништвото и воопшто на нелегалниот живот“.[67]

Еницевардарската каза, каде споменатиов закон бил експериментално проверен, следната 1910 година, поради појавата на четата на Апостол Петков во регионот ќе ги искуси сите ужаси на законот.

Откако почувствувале во кој правец тргнува младотурската слобода, претставниците на македонското револуционерно движење, како оние од групацијата на Христо Матов што се трансформирале во Сојуз на конституционите клубови, така и оние околу Сандански кои се легализирале преку Народната федеративна партија, во разговорите со Младотурците ја прифатиле ам-

[65] Исто.

[66] Исто, 511.

[67] Исто.

нестијата и ги распуштиле четите кои во основа не го предале оружјето, туку го прикриле по своите поранешни складишта. Чувствувајќи го младотурското свртување кон отоманизмот и напуштањето на прокламираните начела за слобода, братство и единство, повеќе поранешни војводи и четници веќе кон средината на 1909 година почнале да се одметнуваат и да ѝ се враќаат на планината и оружјето. Меѓу таквите во прво време се вбројуваат Тодор Александров и Христо Чернопеев.[68] Во овој контекст треба да се сфати и заминувањето на Апостол Петков од Енице Вардар. Прашање на времето било кога Апостол ќе се појави со чета во Еницевардарско. Веќе во март 1910 година, поголемиот дел од поранешните четници на Апостол Петков, откако го напуштиле легалниот живот, формирале чета и започнале да го обиколуваат Еницевардарско.[69]

Во почетокот на 1910 година, идејата за возобновување на револуционерната активност била присутна меѓу сите поранешни групации од ВМОРО, меѓутоа длабокиот јаз помеѓу нив не давал можности за компактно возобновување на илегалните структури на Организацијата. Треба да се одбележи дека во повеќето иницијативи за возобновување на старите структури на ВМРО своите прсти ги вмешала и бугарската политика, која од секогаш настојувала да го експлоатира македонското револуционерно движење за своите политички намери кон османлиска Македонија.

На 30 април (ст. стил) 1910 година, Г. Занков, Георги Васатеро, Христо Чернопеев и Апостол Петков (потпишан од Антон Бозуков) од името на „Раководниот комитет" на сè уште неконституираната Бугарска народна македоно-одринска револуционерна организација, се обратиле до македонските друштва во Бугарија при што истакнале дека „фамозниот Уриет" не претставувал друго, освен еден мудар потфат за „фрлање на прав во очите на целиот свет", потег кој ги довел во заблуда и дејците на Организацијата.[70] Покрај тоа, во писмото е оспорен легитимитетот на последниот Ќустендилски конгрес и на избраните тела од него. Според нив, бидејќи Внатрешната организација фактички престанала да постои, потписниците го оспоруваат правото на Х. Ма-

[68] Национално-освободителното движение на македонските и тракийски Българи 1878-1944, т. 3, София 1997, 250.

[69] Исто.

[70] Вътрешната македоно-одринска революционна организация... Документи на централните ръководни органи, т. I, част 2, 983.

тов, А. Димитров и Х. Татарчев да истапуваат од име на Задграничното претставништво. Независно од тоа, во писмото е нагласена потребата од формирање на нова организација, која ќе ги обедини распокинатите сили врз нова идејна основа.[71]


Апостол Петков и Тане Николов

На 4/17 мај 1910 година во Софија било одржано основачко собрание на Бугарската народна македоно-одринска револуционерна организација. Собранието усвоило Резолуција во која на прво место се истакнува дека сите балкански држави од османлиска власт се ослободиле во името на националното самосознание и обединување. Веднаш потоа е нагласено дека секоја од овие земји слободата ја извојувала со сопствени сили и со поткрепа на други држави. Меѓутоа, во третата точка се вели дека при борбата за ослободување на Македонија и Одринско, овој историски принцип бил игнориран бидејќи при создавањето на ВМОРО „борбата била поставена на интернационална и сепаратистичка основа".

Оттука се вади извод, бидејќи Организацијата била поставена врз погрешна основа „таа си задала и погрешна цел, поставувајќи ја политичката формула ,Македонија на Македонците' за цел, а не средство".[72] Поради тоа потписниците на Резолуцијата решиле „Да се пристапи кон формирање на една нова Народна Македоно-одринска револуционерна организација врз национална (бугарска б.н.) почва со задача за извојување на автономија на Македонија и Одринско како етапа за нашето духовно и политичко обединување".[73]

Потписници на Резолуцијата се А. Бозуков, Д. Атанасов – Думбалков, М. Чаков, С. Чавдаров, Георги Касапчето, Х. Чернопеев и Апостол војвода. Од изнесеното во Резолуцијата, очигледно е дека потписниците наполно ги напуштиле дотогашните пр-

[71] Исто, 983-984.
[72] Исто, 984.
[73] Исто, 985.

инципи и крајната политичка цел на македонското револуционерно движење, дури и иститe ги претставуваат како погрешно поставени во основа. Ако тоа не претставува проблем за потписниците кои произлегуват од некогашниот Врховен комитет, тогаш тоа е сериозен проблем за оние потписници што цело време дејствувале во името и за целите на Внатрешната организација. Оттука се поставува прашањето дали тие толку долго биле во заблуда и не знаеле за што се бореле?! Или овој пат, некому му бил толку потребен нивниот капитал во македонското револуционерно движење за да ги впрегне во друг правец!?

Независно од прокламираното во Резолуцијата, во Уставот на БНМОРО стои дека Организацијата се бори за „извојување на полна политичка автономија на Македонија и Одринско“ (чл. 1), како и дека се спротивставува на стремежот за нивна поделба (чл.2). Додека во чл. 3 се вели „За постигање на таа цел Организацијата се стреми да ги сплоти во едно цело сите незадоволни елементи од турската власт. Таа се бори за премавнување на туѓите шовинистички пропаганди, дејствува за развивање на револуционерен дух и боева подготовка на населението за една општа и посвеместна револуција“.[74] Очигледно, Уставот е БНМОРО не се разликува суштински, особено про прашањето за целта од Уставот на ВМОРО, (која според нив била поставена на погрешна основа, поради што и поставената цел била погрешна, но сепак го препишале !!!). Дискрепанцата помеѓу декларираното во Уставот и изнесеното во Резолуцијата, воопшто не е случајна, всушност со тоа требало да се прикрие фактот дека БНМОРО била ставена во функција на бугарската завојувачка политика. Дека тоа е така најдобро зборува повикот од БНМОРО кон своите сомисленици од 1/14 август 1910 година. Во него се вели дека основачите на ВМОРО направиле „една фатална грешка“ бидејќи Организацијата ја поставиле на „интернационална почва, при што си поставиле недостижна цел – создавање на независна македонска држава, која ќе послужела како јадро на идната балканска федерација. Иако оваа интимна мисла не беше внесена во основите, таа беше водечка идеја во целиот петнаесетогодишен живот на Организацијата“.[75] Од друга страна, во споменатиов повик се потенцира дека ослободувањето може да случи само со „вооружено вмешување, барем на Бугарија“, затоа Револуционерната организација,

[74] Исто, 986.

[75] Исто, 997.

како претставник на народната волја, тоа треба да ѝ го наложи на државата.[76]

Во меѓувреме, претставници на БНМОРО започнале преговори за обединување со дејците на македонското револуционерно движење кои гравитирале околу Христо Матов. За таа цел, Христо Чернопеев, Антон Бозуков, Георги Занков, Апостол Петков и Тане Николов во почетокот на јуни 1910 година во Варна се сретнале со Христо Матов.[77] Двете страни во основа се согласиле дека помеѓу нив не постојат принципиелни разлики во поглед на целта, средствата и задачите на револуционерното движење, но си го оспорувале меѓусебниот легитимитет.



Апостол Петков и Тане Николов

Бидејќи во овој период не било постигнато обединувањето, Христо Чернопеев и Антон Бозуков од името на Главниот комитет на БНМОРО донеле одлука за самостоен настап и започнале да ги испраќаат своите војводи на територијата на Солунскиот и Струмичкиот револуционерен округ. Согласно тоа, Апостол Петков, Тане Николов и Продан Христов на 29 јуни 1910 година ја минале турско-бугарската граница. Неколку денови по нив тоа го сториле и Х. Чернопеев, С. Чавдаров, Г. Занков, М. Чаков и М. Скендеров.[78]

Според бугарскиот генерален конзул во Солун – Атанас Шопов, при испраќањето на споменативе чети во Македонија биле замешани „лица од министерството“ во Софија.[79] Оваа информација од Шопов само ја потврдува нашата констатација дека БНМОРО е производ на бугарските институции за нивните политички цели во Македонија.

[76] Исто, 998.

[77] Исто, 993.

[78] Национално-освободителното движение..., т. 3, 253.

[79] Атанас Шопов, Дневник, дипломатически рапорти и писма, София 1995, 24.



Апостол Петков во друштво со Х. Чернопеев, Ѓ. Занков, М. Чаков, С. Чавдаров, А. Бозуков и др. (Апостол е во вториот ред во средина)

5. Османлиските власти, откако разбрале за пристигањето на Апостол Петков во Еницевардарско, презеле масовна акција за негово откривање. Притоа како алиби го искористиле законот против четите врз основа на кој започнале масовна акција за разоружување на егзархиското население во регионот. Иако целата акција се одвивала под изговор дека се спроведува законот против четите, всушност, главна причина за тоа било присуството на Апостол Петков во регионот.[80] Акцијата која започнала во септември, продолжила до крајот на октомври 1910 година, при што сериозно го засегнала егзархиското население во Еница Вардар и околните села.

Утрото на 11 септември (ст. стил) 1910, Еница Вардар бил опколен од густ кордон на војска.[81] Тој ден власта привела повеќе граѓани во полициската станица, каде ги подложила на жестока тортура, барајќи од нив да го предадат оружјето. Првиот ден најмногу од сите бил измачуван Нацо Мандалчев. Вечерта, приве-

[80] Български екзарх Йосиф, Дневник (текст, коментар и бележки: Христо Темелски), София 1992, 770.

[81] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот..., т. 7, 157-158.

дените биле ослободени со наредба утредента да го донесат оружјето, кое наводно било скриено по нивните домови. Истата вечер, војниците фатиле 4 рибари кога се прибирале во градот, ги претепале и ги предале на полицијата под изговор дека соработувале со комитите. Двајца од рибарите биле осободени истата вечер, а другите двајца биле задржани во полицијата. Истовремено властите го задолжиле архиерејскиот наместник Трајче Калајџиев да ги повика граѓаните – егзархисти, утредента да дојдат во полициската станица за да го предадат оружјето.

Следниот ден, наместникот Калајџиев заедно со граѓаните се појавил пред полициската станица, но тогаш му било забележано зошто дошол со народот, поради што го избркале со забелешка „Кога ќе ти дојде редот, ние ќе те повикаме".[82] На 13 септември (ст. стил), по сугестија на наместникот Калајџиев и членовите на црковно-училишната општина, повеќе граѓани доброволно го предале оружјето што го поседувале. Истиот ден во градот биле доведени мнозина претепани селани кои едвај се движеле. Тие отпосле биле ослободени со наредба да го предадат оружјето. Овој ден, кајмакамот побарал од наместникот Калајџиев да објави во црквата, следниот ден граѓаните да се соберат во училишниот двор.[83]

Следниот ден, откако граѓаните се собрале во училишниот двор, кајмакамот на Бер, кој дошол во Еница Вардар во придружба на двајца офицери и еден егзархист (Мина Зографов), побарал да го предадат оружјето и да содејствуваат за фаќање на четниците и разбојниците во нивната каза. Во спротивно им се заканил дека ќе ги снајде истата судбина како жителите на Скопје, Штип и други места. За собирање на оружјето била формирана комисија од 6 души (3 граѓани и 3 селани), на чело со архиерејскиот наместник Калајџиев. Комисијата добила задача во рок од 48 часа да го собере и предаде сето оружје.[84] Поради тоа членовите на комисијата два дена по ред го обиколувале градот и го повикувале населението да го предаде оружјето.

На 15 септември (ст. стил) градот бил тотално блокиран, при што никому не му било дозволено да излезе од дома. Тој ден архиерејскиот наместник со уште четворица видни граѓани, качен на магаре, целиот измачкан со кал и претепан до бесвест бил

[82] Исто, 158.

[83] Исто.

[84] Исто, 159.

одведен во куќата на Д. Греков, а од таму му се изгубила трагата. Тој ден во Ениџе биле приведени сите повидни граѓани, без оглед на возраста.[85] Наредниот ден, војската повела неколкумина од приведените по околните села и планини за да ги покажуваат местата каде се криеле четите. Во меѓувреме, приведените 4-5 дена биле држени во крајно мизерни услови по тремовите на ановите и по затворите како сардини, без никаква храна, при што биле изложени на разни физички и морални малтретирања.

На 17 септември (ст. стил) власта сиот бес го истурила врз архиерејскиот наместник Калајџиев. Тогаш кајмакамот и полицискиот јусбашија му се обратиле со зборовите: „Ти еднаш ни се излизга од рацеве, овој пат за тебе спасувачка нема. Тебе те очекува бесилка, или куршум в уста. Ти мораш да умреш. Ти повеќе не смееш да бидеш жив! Малку подоцна ќе видиш што ќе стане со тебе“.[86] По кратко време, кај наместникот биле пуштени дваесетина селани – егзархисти од селото Голо, сите вооружени со стапови. На поттик од власта, паствата го претепала својот пастир до бесознание. За време на изживувањето врз Калајџиев, селаните викале: „Ете, ти не учеше нас да не го предаваме оружјето, ти не тераше да ги подржуваме комитите“.[87] Наместникот пребиен физички и морално, бил изведен на аеропагот пред судот за забава и исмејување од сите. Подложен на подбив и малтретирање, архимандритот Калајџиев цела ноќ ја минал таму, без минута одмор.

Во меѓувреме при претресот во куќата на Дончо Ќуркче, каде што живеел отецот Калајџиев, биле пронајдени две бомби. Стопанот за да се спаси себе си, изјавил дека бомбите биле на Калајџиев. Меѓутоа, треба да се истакне дека токму во оваа куќа, пред Калајџиев, живеел Апостол Петков за време на легалниот престој во Ениџе Вардар, па можеби спомenативе бомби останале уште од тогаш. Како и да е, по откривањето на бомбите, власта дополнително го обвинила наместникот, овој пат за прикривање на експлозивни материјали. Поради силното измачување, здравствената положба на наместникот била сериозно влошена. Согледувајќи го тоа, на 18 септември (ст. стил), властите со една арабаџиска кола го однеле во квартот каде што живеел, а потоа со помош на килим го внеле во неговиот дом. Со тоа не завршило

---

[85] Исто.

[86] Исто, 159-160.

[87] Исто, 160.

измачувањето и понижувањето. Следниот ден, неколку селани кои претходно учествувале во тепањето на намесникот, во придружба на 4-5 војници го зеле во килим и со едно магаре повторно го однеле во полиција. Таму изнемоштениот намесник го прегледал лекар и наводно му препишал некаков лек. По неколку часови во градот се разнел глас дека намесникот Калајџиев се самозастрелал со револвер.[88] Оттука се отвора прашањето, како е можно неколку пати приведуван човек, непретресен да биде внесен во полициска станица со револвер?! Тоа едноставно е невозможно, ниту пак веројатно. Според тоа не може да стане збор за никакво самоубиство, туку за убиство. Впрочем, нему уште при првото приведување му се заканиле со смрт. Луѓето кои биле ангажирани да го земат покојникот забележале дека тој бил застрелан во уста, а куршумот излегол низ неговиот тил. Поради сомнителните околности, никој во градот не сакал да поверува дека станува збор за самоубиство. Приказната за самоубиството на намесникот Калајџиев, воопшто не поминала ниту кај неговата сопруга. Затоа поднела тужбено барање до Апелациониот суд за испитување на случајот, бидејќи според неа сопруг ѝ бил убиен во канцеларијата на жандармерискиот јусбашија. Оттука таа го поставува прашањето како било возможно приведено лице кај себе да поседува оружје во службена просторија. Според неа, Т. Калајџиев бил убиен за да се прикријат измачувањата за време на акцијата.[89] Според два идентични текста во два различни весници во Нов Зеланд, власта за да го оправда убиството на Калајџиев ги принудувала приведените да се заколнат дека свештеникот им наредил да му даваат засолниште на Апостол, кој бил „непријателски расположен кон новиот портредок“.[90]

Приведувањата и измачувањата во Еницe Вардар не престанале ниту по убиството на намесникот Калајџиев. Покрај индивидуалните приведувања и измачувања, се практикувало и масовно малтретирање. Така, на 26 септември (ст. стил) по наредба на Азис – бег, под отворено небо биле собрани сите мажи – постари од 15 години. Тие биле држени 48 часа на отворен простор под ведро небо, без вода и без храна. Ним не им било дозволено ниту да седнат, ниту да легнат и да задремат, ниту пак да пушат. Поради 48 часовно држење на нозе, на сите им биле потечени

---

[88] Исто, 161.

[89] Тѫжба на една вдовица, Дебърски Глас II/26, 20.10.1910, 2-3.

[90] The Maitland Daily Mercury, June 14, 1911, 2; Auckland Star, Volume XLII, Issue 141, 15 June 1911, 8.

нозете, а учителот Андон Димитров паднал во бесознание. Слична мерка била преземена уште во два квартови во градот, каде собраните требало да останат на колена две денонoќија.

Целата оваа тортура врз населението се правела под изговор на спроведување на законот против четите, меѓутоа крајната цел била да се скрши духот на населението за да ја предаде четата на Апостол Петков. За време на овие настани во Еницe Вардар бил повикан и поранешниот претседател на црковно-училишната општина, Тома Николов, кој во тоа време бил на служба во Воден.[91] Последниот во Еницe Вардар пристигнал по убиството на намесникот Калајџиев и таму останал десет дена. Еницевардарскиот кајмакам пред Тома Николов, како пред официјално лице на Воденската егзархиска епархија, изјавил дека овие мерки биле преземени поради појавата на четата на Апостол Петков. Тогаш Т. Николов забележал дека „поради еден авантурист – една луда глава“ не треба да се обвинува сето население, на што кајмакамот возвратил дека сите приведени имале врски со Апостол.[92]

Акцијата за разоружување (за откривање на Апостол) покрај Еницe Вардар ги засегнала и околните села. Така, според весникот „Дебарски Глас“, од с. Крива биле приведени 80 жители, бидејќи не ја информирале власта зашто пред извесно време Апостол го посетил селото и држел јавен говор.[93] Во ова село при пребарувањато било пронајдено платно за изработка на комитски алишта, кое било испратено од страна на Ичко Димитров Ѓупчев по барање на Апостол Петков.[94] Додека во с. Видриште при спроведување на акцијата, војниците го убиле коџобашијата и уште 4-5 жители.[95] На 6 октомври (ст. стил) 1910 година, од измачување в затвор починал селанецот Арабаџиев. Друг селанец, Безрајанчец, шест дена останал врзан за едно дрво.[96]

Тортурата во Еницe Вардар и околните села која започнала во септември продолжила и во текот на октомври. Избезумените граѓани, не знаејќи што да прават, отишле до таму што размислувале самите да смислат нов закон против четите и да ѝ

[91] Т. Николов, Спомени из моето минало, 320-321-321.

[92] Исто, 325.

[93] Дебърски глас, II/24, 2.10.1910, 2.

[94] Хр. Шалдевъ, Ичко Димитровъ Гюпчевъ..., Ил. Илинденъ, г. 3, кн. 7 (27), София 1930, 7.

[95] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот..., т. 7, 163.

[96] Исто, 180.

го предложат на власта.[97] Во меѓувреме поранешните четници кои ја прифатиле амнестијата, биле принудени да ги напуштат домовите и повторно да станат илегалци. Меѓутоа, тоа повлекувало дополнителни проблеми за членовите на нивните семјства. Така, на пример, бидејќи поранешниот четник В'ндо Радомирски побегнал в планина, неговата сопруга Евдокија, била толку измачувана за да открие каде заминал мажот ѝ, при што ѝ била скршена едната рака и била заплашувана со убиство. Едновремено на мачење бил подложен и нејзиниот десетгодишен син.[98] Откако завршило измачувањето, војската заедно со неколку Власи се нафрлила врз нивното стадо кое броело 20-ина овци и 170 кози. Притоа биле исклани стотина глави стока од кои била приредена богата гозба за војската и селанството. Покрај тоа, на семејството му било разграбена сета покуќнина, сирењето и маслото.[99] Овој пример укажува на сите самоволија и злоупотреби што се вршеле при спроведувањето на законот.

Додека траеле тортурите врз егзархиското население при спроведувањето на акцијата за собирање на оружјето, мнозина од приведените за да го избегнат измачувањето почнале да преминуваат под покровителство на Патријаршијата, или пак во Унија со Римокатоличката црква.[100] Таквата појава директно била поттикната од унијатските и патријаршиските свештеници, кои за време на опсадата на Ениџе Вардар, па и потоа, јавно оделе по егзархиските куќи и ги наговарале луѓето да преминат во Унија или кон Патријаршијата, притоа заплашувајќи ги со лошата судбина на егзархистите во блиска иднина. На тој начин унијатите само за неколку денови со својата агитација успеале да придобијат 60 до 70 куќи. За засилување на кампањата, на 3/16 октомври 1910 година, во Ениџе Вардар пристигнал намесникот на унијатската мисија од Солун, при што почнал да се застапува за ослободување на притворените, под услов ако преминат во Унија.[101]

Поради силниот притисок врз населението, особено по селата, четата на Апостол била доведена во непријатна и опасна положба. Еве што вели за тоа Трајко Курлев, тогаш четник на Апостол Петков: „Изгледа Турците преку своите шпиони нè намирисале и нè следеа на секој чекор. Сите села беа опколени од

[97] Исто, 207.

[98] Исто, 208.

[99] Исто.

[100] Исто, 162.

[101] Исто, 163-164.

турска војска, а населението не можеше да излезе надвор повеќе од две недели, па дури и нивниот добиток кој само со турска стража одеше за на поило. Се најдовме на тесно. Тогаш останавме 18 дена без леб. За прв пат во својот живот можев лично, од мојот сопствен обид да констатирам дека човек може да остане толку денови без леб, но не и без вода“.[102] При такви околности, Апостол Петков, кон крајот на есента бил принуден да го напушти Еницевардарско и повторно да замине за Бугарија.[103] Истовремено, поради пронајдените материјали во с. Крива, поранешниот соработник на Апостол Петков и актуелен содружник на хотелот „Балкан“ во Солун, Ичко Димитров Ѓупчев, бил принуден да го напушти легалниот живот и да замине за Бугарија.[104]

Според дописникот на Тајмс за Македонија, кој кон крајот на 1910 година имал средба со Апостол Петков, војводата изјавил дека последните месеци бил принуден да се засолнува од турските потери дури и по патријаршиските куќи, иако тие го сметале за свој голем непријател.[105]




Дописна картичка со портретот на Апостол Петков до Т. Николов.

[102] Цитирано според С. Мурџев, Револуционерниот војвода Апостол Петков ..., 87.

[103] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот..., т. 7, 223.

[104] Хр. Шалдевъ, Ичко Димитровъ Гюпчевъ ..., Ил. Илинденъ, г. 3, кн. 7 (27), София 1930, 7.

[105] The Mercury, vol. XCIX, No. 13509, July 18, 1913, 2.

# Трагичниот крај
# на живата легенда

Во почетокот на 1911 година биле возобновени преговорите за обединување помеѓу БНМОРО и дејците на ВМОРО. Кон крајот на февруари, Христо Чернопеев и Антон Бозуков од една и Павел Христов и Тодор Александров од друга страна, потпишале Протокол за обединување на дејците од БНМОРО и ВМОРО во единствена Организација.[1] Поаѓајќи од фактот дека поранешната Организација престанала да постои, а имајќи предвид дека помеѓу двете групи кои претендирале да се наметнат не постојат принципиелни разлики, иако такви биле констатирани во програмските документи, потписниците на Протоколот се согласиле дека до свикувањето на конгрес, Организацијата треба да се раководи според привремени уредби. Во Протоколот е отфрлен дотогашниот наднационален карактер на Организацијата и се нагласува дека во иднина нејзини членови можат да бидат само „бугари-националисти".[2] Според Протоколот, за членови на Централниот комитет се препорачани: Тодор Александров, Христо Чернопеев, Петар Чаулев и потполковникот Александар Протогеров.

Врз горните начела е испратена покана за обединување и до привrzаниците на поранешниот Врховен комитет. Дејците од оваа групација во средината на март ја прифатиле поканата за обединување, при што ги испорачале своите принципи и начела за устројството на Организацијата. Според нив, политчката цел на Организацијата треба да остане „придобивање на автономија за Македонија и Одринско во нивната целина".[3] Групата се декларира за полна самостојност на Организацијата и строга централизација при управувањето. Затоа се предлага Организацијата да остане финансиски независна во однос на било која држава, а управувањето да биде преземено од нелегални дејци.

При возобновувањето на Внатрешната организација, актерите во процесот се определиле за засилување на четништвото и

---

[1] Вътрешната македоно-одринска революционна организация... Документи на централните ръководни органи, т. I, част 2, 999-1000.

[2] Исто, 1000.

[3] Исто, 1005.

прифаќање на теророт како единствен метод на борба за радикализирање на македонското прашање и создавање на услови за вмешување на Бугарија. Таквиот курс бил стимулиран и насочуван од официјална Бугарија, која токму во овој период водела преговори со своите соперници во османлиска Македонија за формирање на воен сојуз против Османлиската Империја и поделба на земјата и народот за кои сметала дека историски и етнографски ѝ припаѓале нејзе.

Во таква констелација, во првата половина на 1911 година на територијата на Бугарија биле формирани повеќе чети, кои кон крајот на мај започнале да ја преминуваат турско-бугарската граница под водство на Тодор Александров, Христо Чернопеев, Апостол Петков и други.[4]

Со извештајот бр. 425 од 21 јуни 1911 година, бугарскиот генерален конзулат од Солун го информира Министерството за надворешни работи во Софија дека пристигнале четите во Гевгелиската, Еницевардарската, Струмичката, Петричката и Демирхисарската каза.[5] Притоа се наведува дека Апостол Петков пристигнал во Еницевардарско, каде што неколку негови четници се криеле по селата од пред година и пол. Според овој извештај, четите биле мали од по десетина души и се движеле по селата, но повеќе скитале по планините, притоа избегнувајќи ги судирите со војската и жандармеријата. Дел од населението не сочувствувало со четите, но повеќето жители им пружале поддршка, бидејќи им дотегнало малтретирањето од жандармите што ги обиколувале селата. Меѓутоа, и покрај последнава констатација, во извештајот се вели дека многу селани по прашањето за односот кон четите се обраќале за совет кон егзархиските митрополити и намесници, поради што последните се наоѓале во незавидна положба што да ги советуваат луѓето. Изнесениве констатации во врска со незадоволството на еден дел од населението спрема четите и двоумењето на други, какво поведение да држат кон нив, укажуваат дека поминало времето на поранешната безрезервна поддршка за четите. Причините за тоа се повеќеслојни.

Покрај прашањето за довербата на населението кон четите, во извештајот се вели дека Младотурскиот комитет од пред 2-3 месеци имал сознанија за плановите на четите и нивниот ра-

[4] Национално-освободителното движение на македонските и тракийски Българи..., т. 3, 255-256.

[5] В. Георгиев и С. Трифонов, История на Българите... том I, част втора, 545.

според по региони.[6] Своите сознанија за возобновената активност на Внатрешната организација и распоредот на нејзините дејци по региони, властите ги соопштиле пред претставниците на дипломатскиот кор и странските дописници.[7] Ова укажува дека властите преку својот разгранет систем на разузнавање внимателно ги следеле состојбите на теренот, а врз основа на тоа ги планирале своите активности против нив.

Постојните материјали не ни овозможуваат да ја проследиме активноста на Апостол во Еницевардарско од неговото пристигање во почетокот на јуни 1911 година до неговото убиство. Сепак, солунскиот дневен весник „Μακεδονια“ на 31 јули (ст. стил) 1911 година (непосредно пред убиството на Апостол), во текстот „Настаните во Јеница“ пишува дека состојбата во Еницевардарско воопшто не била мирна, бидејќи „комитациите“ слободно се движеле, а власта не била вознемирена и не преземала доволно мерки кон Блатото. Покрај тоа, во написот се вели дека претходната ноќ, петнаесеттина души поминале низ селото Зорба и Урумлукот и се упатиле кон Блатото, при што на селаните им изјавиле дека одат да се сретнат со војводата Апостол кој се наоѓал по планините околу селото Баровица.[8] Повикувајќи се на свои извори, „Μακεδονια“ пишува дека Апостол со 150 комити се појавил во с. Корнишор, каде добил храна од некои овчари и наводно се упатил кон Блатото. Притоа се претпоставува дека тој собирал

[6] Според извештајот, Младотурците знаеле дека за Кумановско бил распореден Крсто Конушевски, за Паланка – Јосиф Рандибулски, за Кочанско – Симеон војвода, во Велешко и Радовишко Милан Јуруков и Милан Цоков, во Демирхисарско – Чавдаров, во Кратовско – Тодор Александров, за Воденско – Ѓорѓи Касапчето, Еницевардарско – Апостол Петков, Петричко – Тане Николов и Дончо, Битолско – Трајчо Кралев и Семо војвода, Дебарско – Симеон Богоев и Крсто Каралашев, Охридско – Иван Чакалев, а додека Х. Чернопеев бил инспектор на сите чети за трите вилаети (В. Георгиев и С. Трифонов, История на Българите ... том I, част втора, 545.).

[7] Во врска со тоа дописникот на телеграфската агенција во Ст. Петербург, врз основа на изјавите на турските власти според тоа што му го пренел неговиот известувач од Солун, на 2 јули 1911 година пишува: „во Ќустендил во почетокот на јуни било решено да биде обновено четничкото движење во Македонија; цел на тоа претставува подготовка за народно востание, а потоа, кога востанието ќе се започне, обраќање кон Државите со барање за создавање на македонска автономија“. Во продолжение на текстот се наведени војводите по региони, при што кај повеќето од нив се направени значајни грешки при транскрипцијата на имињата и презимињата (С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот..., т. 7, 278.).

[8] Μακεδονια, 1/22, 31.07 1911, 3.

месни жители за да состави „автохтона“ чета според плановите на Комитетот.[9] Очигледно, во написот има извесни контрадикторности и преувеличувања. Така, од една страна се вели дека Апостол кај Корнишор се појавил со 150 комити, а од друга, се претпоставува дека тој настојувал да собере месни луѓе за да формира автохтона чета. Ако ги оставиме настрана непрецизните бројки, според овој напис евидентно е дека Апостол Петков непосредно пред убиството ги обиколувал селата по Пајак планина.

Во отсуство на опипливи извори, она што може да се каже за овој период е дека Апостол Петков по пристигањето во Еницевардарско околу себе имал десетина стари четници со кои претежно се движел околу селата низ планината Пајак, при што настојувал да мобилизира нови борци и да ја возобнови старата структура на теренот. Притоа во придружба на Апостол Петков биле војводите: Ѓорѓи Мучитано – Касапчето и Васил Пуфката. При една таква обиколка на теренот на 2/15 август 1911, тројцата, по претходно предавство биле убиени во близина на селото Крушари, Еницевардарско.

Постојната литература (историографска и мемоарска), во однос на прашањето за предавството, мотивите и убиството на Апостол Петков, претставува вистински заплет. Поради тоа, споменатово прашање сè уште не е расветлено, а се чини тешко дека некогаш ќе се осветли потполно. Резимирано информациите од постојната литература (мемоарска и историографска) се сведуваат на следново: најчесто како предавник се спомнува Тодор Чифтев, а потоа Трајко Курлев, но тоа не е конечната листа; прашањето за мотивот за предавството се движи од идеолошки причини, па до одмазда заради засегната семејна чест; што се однесува за начинот на ликвидацијата информациите се движат од смислено труење, убиство со секира, исцениран судир со османлиските власти, па до самоубиство. Имајќи предвид дека мемоарската литература настанала релативно подоцна и дека истата е оптеретена со субјективниот момент, навистина е тешко да се допре до некаква објективно релативна вистина. Во потрага по нови информации во врска со оваа заплеткана ликвидација, успеавме да пронајдеме неколку записи од тогашниот печат. Се надеваме дека тие ќе фрлат сноп светлина врз овој случај, и ако не друго, барем ќе ни помогнат да отфрлиме некои од неоснованите претпоставки. Така, со примена на методот на негативна селекција ќе се

[9] Исто.

обидеме да допреме поблиску до околностите под кои се случило убиството, без претензија дека сме ја откриле вистината, која била закопана во моментот на егзекуцијата, а по сè изгледа и уште неколку пати подоцна. Затоа најпрво ќе ги проследиме информациите во постојната историографска литература, потоа ќе ги изложиме информациите во литературата од мемоарски карактер, па дури потоа ќе ги презентираме написите од тогашниот печат. На крајот, врз основа на сите информации ќе се обидеме да го презентираме нашиото размислување.

Ангел Динев, кој важи за еден од познавачите на настаните во односниот регион за конкретниот период, за убиството на Апостол Петков, Ѓорѓи Мучитано и Васил Пуфката ќе запише дека тие биле убиени во заседа од четниците на Апостол „под многу мистериозни околности“. Само неколку редови подолу, овој автор пишува дека тие биле застрелани од четниците на Апостол во моментот кога седнале да вечераат.[10] Ако внимателно се следи напишаното од А. Динев, веднаш паѓа в очи дека авторот не е доследен, бидејќи еднаш вели дека тие биле убиени во заседа, а веднаш потоа дека биле застрелани за време на вечерата. Според Динев, четниците кои го извршиле убиството биле приврзаници на Уриетот, па затоа ова убиство го гледа како „реакција на внатрешните приврзаници на Уриетот“.[11] Ако се следи и претходно напишаното кај овој автор во врска со прегрупирањата во македонското револуционерно движење во текот на 1910/11 година, индиректно може да се стекне впечаток дека заговорот против Апостол Петков произлегол од неговото поврзување со „врховизираните“ елементи во Организацијата, како Христо Матов, Ѓорѓи Мучитано (убиецот на федералистотот Јово Јовановиќ) и други, како и поради разнишаната доверба кај населението, кое повеќе ги претпочитало уриетските слободи, отколку револуционерните чети.[12] На крајот ќе забележиме дека А. Динев, кога пишува за убиството на Апостол Петков, не наведува никакви извори.

Анастас Митрев во врска со ова убиство пишува: „На 1 август 1911 година во селото Крушари, Ениџевардарско, падна и ‚Ениџевардарско сонце‘ – Апостол Петков под ударите на селската секира на Тодор Чифтев и Трајко Курлев. Заедно со Апостол беа исклани со секирите на селаните и неговите другари Ѓорѓи

[10] А. Динев, Илинденската епопеја..., т.2, 510.

[11] Исто.

[12] Исто, стр. 500-510.

Мучитано – Касапчето и Васил Пуфката“.[13] Овој автор, без да ги посочи изворите, како директни извршители на убиството ги посочува Тодор Чифтев и Трајко Курлев, кои со секири ги испозаклале жртвите, притоа дури ги вмешува и селаните. Во врска со мотивот за ликвидацијата, А. Митрев пишува: „Пред Хуриетот Апостол беше чуван од селото зошто и тој им ги штитеше интересите, но штом се стави во служба на туѓите интереси, а за пакост на селото, тие немаа потреба од него како орудие на туѓи интереси, тие се одлучија да го убијат“.[14] Изнесеново од Митрев за начинот на убиството нема никаква материјално-документарна подлога. Ако ништо друго, барем од фотографијата на убиените се гледа дека тие се застрелани, а не искасапени со секири. Во тој контекст неоснован е и мотивот за убиство и колективното вмешување на целото село, бидејќи Апостол им служел на туѓи интереси.

Посериозен критички пристап кон убиството на Апостол Петков има Слободан Мурџев.[15] Овој автор најпрво ги презентира ставовите на Ангел Динев и Анастас Митрев и во извесна мера настојува критички да ги толкува. Веднаш потоа Мурџев ги акцептира ставовите на Тодор Симовски од неговата необјавена хроника за с. Баровица, во која за убиството на Апостол Петков се забележани искажувањата на Трпче Кудев и Трајко Курлев. Според ова видување, Апостол Петков по враќањето во Еницевардарско во својата чета ги прибрал Трајко Курлев и Тоде (Тодор) Чифтев. Кога четата престојувала во близина на с. Крушари, Апостол Петков го испратил Тодор Чифтев кај Паљош да го подготват теренот во Блатото за сместување на четата, а Трајко Курлев го испратил да го пронајде Ичко Димитров – Ѓупчето. Меѓутоа, наместо кај Паљошот, Чифтев заминал кај турскиот командант во Енице Вардар и ја предал четата. Веднаш потоа, едно одделение турска војска заедно со Чифтев заминало кон Крушари, каде што го убиле Апостол Петков. Во меѓувреме, Трајко Курлев, наместо по Ичко Димитров, заминал во с. Баровица, каде го убил татко му на последниот. Притоа се додава дека Курлев ова убиство го изршил како одмазда за убиството на неговата мајка од страна на Ѓупчев.[16]

[13] Анастас Митрев, Мемоари, огледи, статии, Скопје, 1970, 86.

[14] Исто, 87.

[15] С. Мурџев, Револуционерен војвода Апостол Петков Терзиев ..., 89-91.

[16] Исто, 89-90. Меѓутоа, според Хр. Шалдев, Трајко Курлев го убил татко му на Ѓупчев како одмазда поради претходното убиство на санданистот Коста Га-

Откако ја изнесува оваа верзија, авторот С. Мурџев ги дава и исказите на Трпче Кудев и на Трајко Курлев, кои своевремено ги забележал Т. Симовски. Овие искази внесуваат нов момент во заплетот. Според Кудев, Трајко Курлев по претходен договор со Чифтев смислено заминал за Софија, каде му се придружи на Апостол, за отпосле да го предадат. Додека пак Курлев во исказот што го дал пред Т. Симовски, одрекува секава вмешаност во предавството на Апостол. Тој потенцира дека според тоа што му го раскажал Чифтев, последниот го извршил предавството бидејќи според кажувањата на мајка му, Апостол наводно посегнал по честа на неговата сестра. На овие искази ќе се навратиме дополнително. Овде само ќе забележиме дека С. Мурџев загатката за убиството на Апостол се обидува да ја реши со формулацијата „Апостол Петков и стотица верни синови на македонскиот народ се жртва на предавство од страна на противниците на независноста на борбата на македонскиот народ и неговото ослободување“.[17] Меѓутоа, иако го става под сомнеж прашањето за засегната семејна чест на Чифтев како можен изговор за стореното предавство, авторот подолу во текстот сепак го користи тоа како некаков аргумент (бидејќи наводно врската за контакт со власта била сторена преку еден Грк кај кого работела мајка му на Чифтев) дека во предавството на Апостол се вмешани и грчки прсти, бидејќи неговото присуство во Македонија во пресрет на Балканските војни не било пожелно за Грците.[18] Со последнава интерпретација Мурџев дополнително ја заплеткал и онака сплетканата приказна.

Крсте Битоски, откако ги презентира верзиите на Ангел Динев и Анастас Митрев, истите ги отфрла како недоволно логични.[19] Според него, Апостол Петков бил изненаден и убиен од турската жандармерија како резултат на предавство.[20] Овој автор, според напишаното кај С. Мурџев, ги презентира и верзиите на Трајко Курлев и Трпче Кудев. Притоа и Битоски ја доведува под сожмнеж приказната за засегната семејна чест на Курлев од страна на Апостол Петков, како изговор за да се прикрие причината пред македонскиот човек за едно такво злосторство. Сепак,

---

цев од страна на Ѓупчев (Хр. Шалдевъ, Ичко Димитровъ Гюпчевъ..., Ил. Илинденъ, г. 3, кн. 7 (27), София 1930, 7-8).

[17] С. Мурџев, Револуционерен војвода Апостол Петков Терзиев..., 91.

[18] Исто.

[19] К. Битоски, Апостол Петков..., 110.

[20] Исто, 111.

Битоски е воздржан и на крајот вели дека убиството на легендарниот војвода останува и понатаму недоосветлено.[21]

Според изнесеното од историографската литература, очигледно е дека таа не ни помага да добиеме поизострена слика за убиството на Апостол Петков, па поради тоа овде ќе ги презентираме и разните верзии низ постојната периодика и другата литература со мемоарски карактер или форма на некакви сеќавања.

Најпрво ќе започнеме од периодиката, која има некаква допирна врска со споменатово убиство. Погоре во текстот, кога стана збор за убиството на татко му на Ѓупчев од Трајко Курлев, според С. Мурџев споменатово убиство било извршено како одмазда поради претходното убиство на мајка му на Курлев од луѓето на Ѓупчев.[22] Меѓутоа, според Христо Шалдев, мотивот за ова убиство е поинаков. Всушност, Ѓупчев во тоа време при обидот за воспоставување на старата организациска мрежа во своето родно село Баровица, се обратил со писмо за поддршка кај Коста Гацев, инаку приврзаник на Сандански и на Младотурците. К. Гацев ја одбил поканата, поради што Ѓупчев му организирал заседа и го ликвидирал на враќање од пазар за своето село. Понатаму, според Шалдев, токму поради оваа ликвидација Трајко Курлев во знак на одмазда го убил татко му на Ѓупчев.[23] Оттука произлегува дека причината за овие ликвидации всушност лежи во насилниот обид на Ѓупчев за возобновување на старата структура на Организацијата, наспроти неприфаќањето на оваа идеја од страна на некогашните приврзаници на Сандански и сѐ уште актуелни приврзаници на Уриетот. Ако навистина е така, тогаш ова оди во прилог на тезата на А. Динев, дека убиството на Апостол Петков е реакција на внатрешните приврзаници на Уриетот. Кога сме кај Шалдев, треба да одбележиме дека според него, во знак на одмазда поради предавството на Апостол Петков, Ѓупчето и В'ндо подоцна влегле во селото Крушари и јавно го ликвидирале Дино Тапов, неговиот брат и зет му, кои наводно ја признале својата вина.[24] Последнава информација во приказната за предавството на Апостол Петков внесува нови лица. Кој знае во ова турболентно време, кога правдата ја утврдувале посилните, дали убиството на Апостол Петков можеби не послужило како изговор за

---

[21] Исто, 113.

[22] С. Мурџев, Револуционерен војвода Апостол Петков Терзиев..., 89.

[23] Хр. Шалдевъ, Ичко Димитровъ Гюпчевъ..., Ил. Илинденъ, г. 3, кн. 7 (27), София 1930, 7-8.

[24] Исто, 9 (29), 13.

расчистување на некои стари сметки, или за ликвидирање на идејните противници?

Сосема поинаква приказна за ликвидацијата на Апостол Петков во своите спомени раскажува Косту Дабижа – еден од четниците на Ѓорѓи Мучитано и учесник во борбите во Блатото кон крајот на 1906 и почетокот на 1907 година. Неговите спомени се запишани во педесетите години од дваесеттиот век, прилично доцна по настанот, а згора на тоа, за време на убиството Дабижа престојувал во родното Крушево како легален граѓанин. Оттука се поставува прашање колку и како тој бил информиран за настанот за кој што зборува. Според Дабижа, Апостол Петков судбоносниот ден со своите другари навратил во куќата на некој си Андон (поранешен четник на Апостол) во с. Крушари. Андон опфатен од „младотурската болест“ во меѓувреме станал турски шпион.[25] На инсистирање на домаќинот, војводите останале на ручек кај него, меѓутоа во ручекот бил подметнат отров кој дејствувал по одложено време. По извесно време домаќинот излегол надвор, а по десетина минути се вратил викајќи дека доаѓа аскер. Притоа им предложил или да се предадат, или да бегаат со време за да не настрада селото. Поради тоа, Апостол, Мучитано и Пуфката веднаш го напуштиле селото, но кај еден рид почнале да ги стегаат болки од отровот кој почнал да дејствува. Откако сфатиле дека се затруени, Мучитано, кого наводно сè уште го држеле нозе, посакал да се врати и да го убие Андон, но тоа не го сторил бидејќи не сакал да ги остави другарите во маки. Набрзо потоа на местото се појавила османлиска војска заедно со Андон. Според Дабижа, бидејќи Апостол и Пуфката биле во претсмртни болки со пена на устата, Мучитано го собрал нивното оружје, зазел позиција и сам се спротивставувал на Османлиите додека можел. Кога видел дека нема излез од ситуацијата, тој се вратил кај другарите и ги застрелал со нивните револвери со по два куршуми во чело, а набрзо потоа се застрелел и самиот. Дури потоа војската дошла кај убиените, а некој од војниците ги фотографирал убиените. На крајот од својата приказна, Дабижа вели дека споменатава фотографија некогаш му паднала в раце, но тој не се сеќавал каде ја загубил.[26] Ние би додале дека можеби ја видел во Илустрација Илинден.

На приказната од Дабижа тешко може да се поверува. Како прво тој за настанот зборува како да бил очевидец, дури вме-

[25] Спомени на Косту Дабижа..., 60.
[26] Исто.

тнува и одредени дијалози, иако во овој период бил во Крушево. Второ, Дабижа во приказната внесува ново лице како предавник (Андон). Трето, како поранешен четник на Мучитано, Дабижа цело време го велича својот поранешен војвода, кој иако ручал со сите, врз него отровот не дејствувал па бил во состојба да се бори. Четврто, Дабижа веројатно од некаде слушнал, или ја видел фотографијата на убиените војводи, па вели дека ја имал во свои раце, но не се сеќава каде ја изгубил. Кога сме кај фотографијата, треба да потенцираме дека таа не била направена од војниците на местото на настанот, туку на пазарот во Ениџе Вардар, каде биле изложени телата на покојните. На крај треба да нагласиме дека Дабижа мотивот за предавството го лоцира во младотурските определби на домаќинот Андон.

Заради континуитет во излагањето, овде повторно ќе се осврнеме на исказите од Трпче Кудев и Трајко Курлев кои се забележани од Тодор Симовски. Т. Кудев, современик на настаните, во врска со предавството и убиството на Апостол Петков вели: „Трајко Курлев – Лудата... со однапред приготвена цел отиде во Бугарија и се приклучи на четата на Апостол и во договор со Тоде Чифтев кога се враќаа назад го предаде Апостол на Турците и потоа станаа контрачетници“.[27] Засега не располагаме со информации за составот на четата со која Апостол за последно се вратил во Ениџевардарско, за да можеме да се произнесеме дека станува збор за долгорочно подготвувано предавство. Меѓутоа, со оглед на фактот дека во други извори Курлев и Чифтев се посочуваат како приврзаници на Уриетот, тешко можеме да поверуваме дека Апостол Петков би прифатил такви луѓе во своето блиско опкружување.

Т. Симовски го пронашол често спомнуваниот Курлев во Велес и го забележал неговото искажување во врска со случајот. Ете дел од неговото искажување: „Јас во сета таа работа немам никакво соучество, а целата работа ја сврши сам Тоде Чифтев. Но и тој немаше никаква претходна намера да го изврши ова предавство и сè дотогаш (како и јас) верно му служеше на војводата. Но кога добил наредба од војводата Тоде Чифтев да оди кај Паљош, да го уреди пристигнувањето за сместување на нашата чета во колибите во Блатото, тој прво отиде во градот Ениџе Вардар за да си ги види својата мајка и сестра. Тогаш неговата мајка го наго-

[27] Цитирано според: С. Мурџев, Револуционерен војвода Апостол Петков Терзиев..., 89.

вори да го изврши предавството, бидејќи како што ми рече, војводата посегнал врз честа на неговата сестра. Кога го чу ова Тоде Чифтев, не само што остана скаменет и зачуден, туку кога се увери, му се појави мислата да му се освети на Апостол за накрнување на својата семејна чест“.[28] Понатаму, според Курлев, врската со власта била воспоставена лесно. Имено, мајка му на Чифтев работела кај еден Грк, а тој одржувал добри односи со жандармерискиот началник, кој бил Арнаутин по потекло. По добивањето на информацијата, турскиот офицер подготвил еден малуброен кордон жандарми и заедно со Чифтев заминале во месноста кај Крушари, каде престојувале Апостол, Касапчето и Пуфката. Војводите кога ја забележале војската се обиделе да заземат позиција, но набрзо биле убиени.[29]

Курлев наполно се амнестира себе си, па дури вели дека не постоел никаков смислен план ниту од страна на Тодор Чифтев, туку дека тој бил испровоциран поради посегањето по сестра му од страна на Апостол. К. Битоски и С. Мурџев се сомневаат во оваа приказна и сметаат дека таа била пласирана од Чифтев пред Курлев, бидејќи на тој начин најлесно можело да се оправда предавството. Што се однесува пак за вплетканоста на самиот Курлев, како и на многу други имиња, овде ќе истакнеме дека во тогашниот печат единствено како предавник се посочува Тодор Чифтев, а Курлев како и другите досега споменати низ разните верзии, воопшто не се спомнуват. Курлев единствено се спомнува во врска со ликвидацијата на татко му на Ѓупчев во с. Баровица, кое дошло како одмазда за убиството на Коста Гацев. Бидејќи овој настан не е датиран, не може да знаеме дали е во директна врска и во исто време со убиството на Апостол Петков.

Според спомените на Крсто Целеманов, Апостол Петков со своите другари во критичниот момент бил во с. Крушари, сместен во куќата на вујковците на Тодор Чифтев. Последниот, кој порано бил курир на Апостол, ги подготвил вујковците да го убијат војводата. Според него тие ги заклале, а потоа телата на убиените ги однеле кај селските гробишта и повикале војска, која по пристигањето стрелала врз мртвите тела за да изгледа дека загинале во борба.[30] Оваа верзија, како и другите слични на неа, очигледно воопшто не одговара на вистината, бидејќи убиените воопшто не се заклани, туку се убиени со огнено оружје.

[28] Исто, 90.
[29] Исто, 91.
[30] И. Бабев, Македонска голгота..., 218.

Според Иван Бабин, Апостол Петков бил испратен од страна на Тодор Чифтев кај неговите вујковци во с. Крушари, непосредно пред да замине за Сланица. Двајцата негови придружници со архивата требало да заминат кон Воденско, или Берско. Гостите биле богато пречекани од вујковците на Чифтев. Меѓутоа во храната бил подметнат опиум од афион. Апостол Петков, кој не сакал да јаде, откако забележал дека неговите другари се замајани, скокнал по пушката, но домаќините го згаснале кандилото и побегнале низ врата. Кога Апостол тргнал по нив, во темницата бил пречекан со удари од секира, при што му ја расцепиле главата. На сличен начин биле убиени и неговите другари. Убиството го извршиле браќата Трповци, вујковци на Тодор Чифтев.[31] Според оваа приказна, убиените од таму биле преместени во селските гробишта. Веднаш потоа била повикана војската која чекала наблизу, а таа уште при идење започнала да пука глумејќи судир со комитите за да се прикрие предавството. Другиот ден, кога селаните ги виделе телата на убиените кај гробиштата, војската ги натоварила убиените и ги однела за Еницe Вардар. Очигледно и оваа приказна е само уште една верзија за убиството со секира која настанала за време на долгите ноќни седенки. Но во двете приказни како предавник се спомнува единствено Тодор Чифтев.

На крајот ќе ги проследиме написите од тогашниот дневен печат што успеавме да ги пронајдеме. Солунскиот весник „Μακεδονια“ на 3/16 август 1911 година информира дека весникот Салоник де Прогрес пренел информација дека Апостол е убиен. Непосредно пред затворањето на бројот, редакцијата на „Μακεδονια“ добила важна телеграма од Еницe Вардар со која се соопштувало дека прочуениот разбојник Апостол „наречен Еницевардарско сонце“ и неговите другари Ѓорѓи Касапчето и Васил Пуфката биле убиени утрото во близина на Еницe Вардар во судир со османлиската војска и жандармеријата. Овде веднаш ќе потсетиме дека овој број од весникот, како и сите дневни весници, е подготвен за печатење претходниот ден (2/15 август), односно денот кога всушност се случило убиството. Покрај главната вест, се додава дека судирот бил жесток. Меѓутоа, во продолжение весникот пренесува дека според нивни извори од владини кругови, во судирот кај Еницe Вардар биле убиени 8 комити, а Апостол бил само ранет и успеал да побегне.[32] Очигледно, во првиот момент по суди-

---

[31] Исто, 265-266.

[32] Μακεδονια, I/25, 3.08.1911, 3.

рот некои османлиски средини во Солун, сè уште не биле сигурни дека Апостол навистина загинал.

На 4/17 август 1911 година, белградска Политика кратко информира дека претходниот ден Апостол Петков со два четника имал судир со османлиските војски кај Ениџе Вардар, без информации за исходот.[33] Очигледно станува збор за задоцнета информација од која може да се добие погрешен впечаток за денот на убиството. Следниот ден, Политика известува дека според добиената телеграма од Солун, во судирот кај Ениџе Вардар загинал војводата Апостол „Ениџевардарското сонце, кој беше страв за целиот овој крај“ и двајцата негови помошници Ѓорѓи Касапчето и Васил Пуфката.[34]

На 5/18.08, 1911 г., бугарскиот весник Волја пренесува дека според приватни извори од Солун, се потврдила веста која Б.Т.А. ја пренела претходниот ден во следната форма: „на еден час растојание од Ениџе Вардар се случил жесток судир меѓу војската и четата на Апостол војвода, и дека во овој судир паднале убиени: самиот Апостол и двајца од неговите помошници, именуваните Ѓорѓи Касапчето и Васил Пуфката“.[35] Оваа информација во идентична форма ја пренесуваат и софиските весници Прапорец и Реч.[36]


Трима македонски войводи убити, единъ арестуванъ
Нападение върху с. Градово
Частни свѣдечия отъ Солунъ потвърдяватъ скърбната новина, която Б. Т. А. прѣдаде вчера както слѣдва: на 2-й т., на единъ часъ разстояние отъ Ениджe-Вардаръ, е станало едно ожесточено сражение между войската и четата на Апостолъ войвода, и, че въ това сражение падналu *убити самия Апостолъ* и двама отъ неговитѣ помощници, именуемитѣ *Георги Касапчето* и *Василъ Пуфката.*

Факсимил од весникот „Волја“

Истиот ден (5.18.08) солунска „Μακεδονια“ под насловот „Апостол се самоуби“ објавува опширен напис за целиот случај.[37] Во него се вели дека првичната информација за убиството на Апостол била примена со големо неверување. Веднаш потоа „Μακεδονια“ ја пренесува сторијата за убиството на Апостол врз

[33] Политика, бр. 2709, 4.08. 1911, 2.
[34] Исто, бр. 2710, 5.08.1911, 1.
[35] Воля, I/123, 5.08.1911, 3.
[36] Пряпорец, XIV/172, 5.08.1911, 3; Реч, V/1394, 6.08.1911, 3.
[37] Μακεδονια, I/27, 5.08.1911, 3.

основа на свои извори од Еница Вардар. Според тоа, утрото пред да загине, Апостол заедно со заменикот Тодор Чифтев, Касапчето и Пуфката поставил заседа кај реката Армудчи во близина на Еница Вардар за да пречекаат двајца егзархисти кои не ги почитувале наредбите на Комитетот. Бидејќи осудените не се појавиле подолго време, Апостол го изгубил трпението, а тогаш Чифтев се понудил да излезе на патот по кој требало да се појават очекуваните лица и да се информира од нивните соселани дали ќе дојдат. Предлогот бил прифатен и Чифтев тргнал.

Според весникот, бидејќи Чифтев не бил добро наклонет кон својот водач, или бил врбуван од властите, наместо да се обиде да утврди зошто ги нема очекуваните лица, брзо се упатил во Еница Вардар и ги предал другарите на полицискиот наредник Мехмед Али. Притоа Чифтев кажал дека Апостол е само со двајца другари и се понудил да ја одведе војската до местото. Мехмед Али во прво време не сакал да му поверува на Чифтев, но последниот го убедил дека тоа е вистина. Тогаш Мехмед Али дал заповед да се подготви силен одред од војска и полиција, а во меѓувреме испратил телеграма до мудирот во Гуменџе – Ибрахим Хајди ефенди и го замолил колку што може побрзо и тој да испрати војска кон местото каде што престојувал Апостол.

Мехмед Али и Ибрахим Хајди, откако пристигнале со војската на посоченото место, истото го опколиле и побарале од Апостол да се предаде. Меѓутоа, опколените, откако сфатиле дека се предадени, отвориле оган кон војската со што започнал судир кој траел 6 часа. Притоа опколените се бранеле со „бес каков што го раѓа безнадежноста". Најпосле Апостол Петков и неговите другари, откако виделе дека ќе бидат фатени, ја одбрале смртта, пукајќи си во главите. Веднаш потоа војниците истрчале со радост, ги прибрале нивните тела и триумфално ги пренеле во Еница Вардар. Таму биле повикани многумина што го познавале Апостол за да го потврдат неговиот идентитет. Веднаш потоа телата на убиените биле фотографирани и изложени пред јавноста. Тројцата покојници имале рани на челата. Истиот ден властите испратиле гласници во Гуменџе и неговата околината за да ја пренесат веста за смртта на Апостол, при што порачале секој што не верува да појде во Еница Вардар за да се увери. Веста за смртта на „страшниот Апостол" месното население кое „треперело на споменот на името на прочуениот војвода" ја поздравило со радост. Според овој напис, на кундакот на манлихерата на Апостол бил изгравиран крст и зборовите: „Апостол војвода, година 1903 за слобода-

та“.[38] На крајот од текстот се вели дека предавникот Тодор Чифтев власта го наградила со извесна сума пари, потоа дека денот по убиството тој престојувал во Солун, а на третиот ден се вратил во Еницe Вардар. Во меѓувреме почнало да се зборува дека за возврат ќе му биде доделена некоја јавна служба. Заради овој успех, генералниот инспектор од Солун најавил дека ќе побара одликување за Мехмед Али и за војниците што учествувале во судирот.



Телата на убиените војводи (Апостол е во средина)

На 6/19 август 1911 година, бугарскиот весник Волја информира дека судирот кај Еницевардарско настанал како последица на предавство. Според овој текст, во судирот паднале 32 војници, но и војводите: Апостол Петков, Ѓорѓи Касапчето и Васил Пуфката.[39] Во написот се поместени одделни кратки биографии за Апостол Петков,[40] Ѓорѓи Касапчето и Васил Пуфката. Веднаш по-

[38] Исто.

[39] Воля, I/124, 6.08.1911, 3.

[40] Во биографијата за Апостол пишува: „Тој е роден во с. Бојмица, Еницевардарско. Сега е на околу 36-37 години. Во своето детство Апостол се занимавал со овчарство и затоа останал неук. Уште како овчарче тој имал чести закачки со турчињата и поради својата храброст станал познат меѓу врсниците. Уште во 1895 г. кога Дамјан Груев ги започнал проповедите за револуцијата, Апостол се предал целосно во служба на својот народ. Иако непис-

тоа, повикувајќи се на свои информации од Солун, се вели дека споменативе војводи биле убиени во долот на реката Армудчи на еден час оддалеченост од Еници Вардар. За време на судирот војводите биле облечени во селски алишта и вооружени само со револвери и се подготвувале да влезат во градот. На крај се додава дека труповите на убиените биле однесени во Еници Вардар и дека не е исклучена можноста од предавство.



предавникот Тодор Чифтев

На 7/21 август 1911,[41] Волја пишува дека убиството на Апостол Петков и двајцата негови другари било последица на предавството на Тодор Чифтев. Според овој текст, утрото на 2 август (ст. стил) Апостол го испратил Чифтев кон Блатото за да подготви пат за сместување на четата. Меѓутоа Чифтев заминал за Еници Вардар и ги предал своите другари, кои биле скриени во долот на реката Армудчи. Веднаш потоа Чифтев се вратил со османлиска војска од околу 40 души, која ги нападнала скриените војводи. Судирот помеѓу тројцата војводи и војската траел околу 3 часа. На крај тројцата биле убиени, при што телото на Апостол било изрешетано од многу куршуми, а еден куршум го погодил во тилот и при излезот му го разнел челото. Труповите на убиените истиот ден биле однесени во Еници Вардар и изложени на градското пазариште. Поради ликвидацијата на Апостол, Турците вечерта прославувале со тапани и зурли.

Написите во споменативе весници ги сметаме за многу пообјективни, бидејќи тие се настанати веднаш по убиството. Ве-

мен (тој се служел со печат), тој се одликувал со силен природен ум, енергија и самопожртвуваност. За време на расцепот, Апостол остана со Внатрешната организација, но никогаш не отиде до крајности спрема своите идејни противници, туку секогаш држел помирливо поведение. Дејствувал во Еницевардарско, Битолско и Демирхисарско. Неговиот добар карактер, чесноста и храброста му донесоа почит меѓу населението и револуционерите.

[41] Воля, I/125, 7.08.1911, 3.

рзијата во „Μακεδονια“ не само што е најопширна, ни се чини дека е поблиску до реалноста со оглед на фактот што овој весник излегува во Солун што е во непосредна близина до местото на настанот, а згора на тоа имал можност да собира информации од патријаршиската заедница во Еница Вардар. Информациите од овој весник добиваат поголема тежина, особено ако се има предвид дека Апостол Петков бил најголем непријател на грчката пропаганда во овој крај. Токму низ оваа призма треба да се гледа и големиот интерес на весникот за убиството на Апостол Петков. Наспроти тоа „Волја“ стандардно каска со информацитe, а згора на тоа тие се од втора рака, па затоа и се пооскудни. Што се однесува до „Политика“, сосема е разбирливо дека поради српскиот интерес кон овој крај, овој весник само телеграфски известува за настанот.

Според информациите во „Μακεδονια“ и „Волја“ убиството се случило утрото на 2/15 август 1911 година. Понатаму, сите написи зборуваат дека Апостол и неговите другари загинале во судир со османлиската војска, а „Μακεδονια“ и „Волја“ се едногласни дека тоа се случило во долот на реката Армудчи. Во случајот најмалку е битно дали во последниот момент тие са самоубиле. Дури и да било така, тоа е последица на безизлезната ситуација во која се нашле при судирот со војската.

„Μακεδονια“ и „Волја“ како единствен и директен извршител на предавството го посочуваат Тодор Чифтев. Впрочем, тој е човекот кој се спомнува во сите други верзии. Ниеден од весниците не спекулира со можните мотиви за предавството. Врз основа на изнесеното до тука, а имајќи ја предвид и фотографијата од убиените, едноставно ги отфрламе како неосновани сите верзии кои зборуваат дека Апостол Петков и неговите другари биле убиени со секира, дека биле отруени, и дека бил исцениран судир кај гробиштата во Крушари. Оттука, отпаѓа и долгата листа на можни предавници и учесници во ликвидацијата од с. Крушари. Единствен директен предавник е Тодор Чифтев. Меѓутоа, при ваков случај се отвора прашањето од каде идејата за толкава листа на предавници од Крушари? Во мемоарската литература се зборува дека последната ноќ тројцата војводи биле кај вујковците на Чифтев во Крушари. Овој факт веројатно го знаеле повеќемина од селото, меѓутоа сигурно никој не го знаел планот на војводите за следното утро. Следниот ден, кога се проширила информацијата за убиството на војводите, веројатно сите биле изненадени: како убиените се нашле таму и како биле убиени? При таква ситуација

одговорот е лесен – сигурно се предадени или убиени од домаќините кај кои последно престојувале, но бидејќи во селото немало пукање, случајот се затвора со приказната за секирата, а во прилог на тоа одела и веста за разнесените черепи на војводите.

Сепак најзагадочно е прашањето за можниот мотив за предавството.

Апостол Петков како долгогодишен војвода во Еницевардарско постојано бил под прогон од страна на официјалната власт. За неговата глава многупати биле издавани наредби и потерници. Поради тоа, властите преку својата разгранета мрежа на информатори постојано го следеле неговото движење. Понапред констатиравме дека последната појава на Апостол во регионот воопшто не била тајна за османлиската власт. Покрај тоа, Апостол Петков била најпосакувана мета за грчките капетани и андарти. Од друга страна, поради бројните егзекуции за време на револуционерната активност, Апостол спечалил бројни непријатели кои чекале момент за одмазда. Исто така факт е дека по Уриетот, авторитарниот војвода поради своето однесување делумно ја загубил поддршката кај населението. Впрочем, во извештајот на бугарскиот конзулат од 21 јуни 1911 година јасно е констатирано дека четите кај еден помал дел од населението ја изгубиле довербата, а други се колебале какво поведение да држат кон нив. Но, како што видовме, предавството на Апостол Петков не било колективно дело, како што се среќава низ литературата, туку дело на поединец.

Од друга страна, по фрагментирањето во македонското револуционерно движење кое дошло до израз по Рилскиот конгрес, Апостол Петков прво застанал на страната на Борис Сарафов, а по неговото убиство на страната на конзервативните сили предводени од Христо Матов, кои за време на Уриетот од името на Конституционите клубови дејствувале наспроти крилото на Сандански и Федеративната партија. Во тој период Апостол Петков отворено агитирал против Сандански, дури станал многу близок со Тане Николов – човекот кој што во Солун стрелаше по Сандански. Покрај тоа, Апостол Петков бил многу близок со Ѓорѓи Мучитано – Касапчето и Васил Пуфката (двајцата во 1909 година во Битола го ликвидирале федералистот Јово Јовановиќ). Но дали тука може да се бара мотивот? Дали е оправдано тврдењето во мемоарската литература па и во дел од историографијата дека предавниците биле приврзаници на Младотурците и дека убиството било реакција на внатрешните бранители на Уриетот? Дали

Тодор Чифтев, како доверлив човек на Апостол Петков, во исто време можел да биде приврзаник на Уриетот и прикриен приврзаник на Санданистите? Веројатно Апостол Петков како искусен војвода во своето блиско опкружување не можел, ниту пак би дозволил да има таков човек. Наспроти тоа, факт е дека Ѓупчев насилно се обидувал да ја воспостави старата структура на Внатрешната организација и дека поради тоа го ликвидирал Коста Гацев, а Трајко Курлев во знак на одмазда го убил татко му на Ѓупчев, и дека последниот подоцна ликвидирал неколку лица од Крушари под изговор дека се одмаздува за предавството на Апостол Петков. Меѓутоа, прашање е дали споменативе убиства се во директна врска со предавството и ликвидацијата на Апостол Петков. Доколку Ѓупчев навистина сакал да се одмазди за предавството на Апостол, зошто не презел ништо за ликвидација на директниот предавник Тодор Чифтев? Оттука сметаме дека не е основано да се бара идеолошка подлога како мотив за убиството, туку дека овој аргумент послужил како изговор за оправдување на разни неразумни постапки на многумина што правдата ја презеле во свои раце и ја делеле низ цевките на своите револвери.

Според изнесеното до тука, ние мислиме дека мотивот за предавството е од лична природа. А што е тоа што можело толку силно да го поттикне Т. Чифтев за да го предаде својот војвода? Остануват само две опции: навредената семејна чест поради посегањето по сестра му, ако тоа воопшто се случило, или добра понуда од османлиските власти. Одговорот на првото би можеле да го знаат Апостол и сестра му на Чифтев, а на второто Чифтев и османлиските институции. При нашето пребарување по регестите во Државниот османлиски архив во Истанбул во врска со убиството на Апостол Петков наидовме на две регести од втората половина на октомври: во првата станува збор за забрзување на постапката од страна на Министерството за одбрана за извршување на паричната награда во врска со ликвидацијата на „разбојникот“ Апостол и неговите соработници.[42] Втората регеста се однесува на документ со кој се бара да се наградат оние што учествувале во ликвидацијата на „разбојникот“ Апостол.[43] На наша молба, Државниот Архив на Република Македонија се обрати до Државниот архив во Истанбул, меѓутоа до моментот на затворањето на последниве редови од овој труд посочениве документи не ги

[42] D. A. – O.A., Bâb-ı Âlî Evrak Odası (Arşivi) Belgeleri, Dos. 3949, Göm. 296123, 22/L/1329 (Hicrî).

[43] Исто, Dahiliye, Mütenevvia, Dos. 4, Göm. 48, 28/L/1329 (Hicrî).

добивме. Според содржината на регестите, не очекуваме дека од нив ќе го добиеме вистинскиот одговор за мотивот на предавството. Како и да е, ние во оваа пригода остануваме пократки барем за уште неколку информации за мистериозното убиство на Апостол Петков.

# Завршен збор

Проследувањето на личноста и делото на Апостол Петков претставува вистински летопис на македонската револуционерна борба од крајот на XIX и првата деценија на XX век. Легендарниот Апостол, кој досега во историографијата бил засегнат само периферно, или во мали популарни книжиња, кога ќе се проучи студиозно станува класичен пример низ чија животна приказна на конкретен простор може да се проследи развојот, карактерот, суштината, но и сите премрежија на македонското револуционерно движење во Долното Повардарие и воопшто во Османлиска Македонија. Животописот на Апостол Петков, ако се разгледува во поширок контекст на процесите во македонското револуционерно движење, ни открива една широкоспектрална слика за условите во кои се одвивала македонската борба за автономија. Низ неговиот турбулентен живот може да се добие општа претстава за она што се случувало, зошто тоа воопшто и така се случувало.

Низ неговиот пример може да се проследи трансформацијата на еден одметнат ајдутин во истурен војвода на ВМОРО на фронтот, со неприкосновен авторитет и неверојатен инстинкт за борба и преживување против севозможни воени и природни услови. Едноставно, неговото име и дејност претставуваат синоним за македонската револуционерна борба во Еницевардарско и пошироко во околината. Дејноста на тамошниот комитет на Организацијата речиси е незабележлива во споредба со активноста на војводата. Подиректно кажано, животописот на Апостол Петков е всушност историја на македонската револуционерна борба во Долното Повардарие.

Иако неграмотен, Апостол Петков е човек со висока природна интелигенција. Ако се набљудува површно според постапките што ги преземал, на прв поглед се стекнува впечаток дека станува збор за суров и жесток човек, кој поради својата непокорна природа често запаѓа во неволји. Меѓутоа, кога подлабоко ќе се проанализира суштината на неговото останување на отворената ветрометнина од сите страни, тогаш станува јасно дека формулата за неговото опстојување се крие во неговата снаодливост и чуден осет за лавирање и компромиси, како со себе, така и со оп-

кружувањето. Тоа најдобро може да се сфати кога ќе се проанализира неговото однесување во 1902 година, кога на една страна требало да ја докажува лојалноста кон Организацијата, на друга по цена на сопствениот авторитет и во име на старото пријателство покрај изричните наредби од ЦК да го одбегне разоружувањето на Иван Карасулијата, кој се појавил во улога на врховистички војвода, а на трета да го зачува војводскиот трон од ривалот Павле Кониковски.

Апостол Петков, иако многупати бил обвинуван и осудуван од страна на повеќе претставници и институции на Организацијата во чие име се борел, реално никој сериозно не се обидел да го разоружа, прекомандува, или пак ликвидира, како што било случај со многу други. Наспроти тоа, многу истакнати дејци на Организацијата, како Даме Груев, Ѓорче Петров, Борис Сарафов и други, поради неговата цврста контрола врз теренот, во Постилинденскиот период настојувале да го придобијат на своја страна за својата опција. Меѓутоа, приодот на Апостол Петков кон едните или другите кои настојувале да ја добијат неговата наклонетост за својата опција, не произлегува од некакви идеолошки определби, бидејќи тие за него биле апстрактна категорија, туку од личното сообразување со еден или друг и секако подобрата понуда во оружје во име на ослободителното дело. Наспроти тоа, Апостол Петков не подлегнал ниту на грчките, ниту на турските понуди за оружје, пари и спокоен живот. За него не претставува никаков престап спрема делото да се преговара со непријателите дури и во моменти на најкрвавите борби, но затоа пак тој е безмилосен кон предавниците. Меѓутоа, иронијата на судбината наложила кралот на Блатото да заврши како жртва на предавство.

# Индекс


Абдул Хамид II 8, 119, 187, 191, 241, 253
Абракиотис, псевдоним на Јоанис Абрасоглу 115
Абрасоглу Јоанис 115
Австралија 10-11
Австро-Унгарија 25, 27, 93, 156, 238, 242
Автономна Македонија 33, 107, 216, 220, 240
Агапинос Телос 202, 210
Аграс, псевдоним на Телос Агапинос 202, 203, 210, 218-222, 231, 233
Агура, руски ротмистер 181, 183
Аделејд 11
Аер, весник 244
Азис – бег 262
Акритас, псевдоним на Константинос Мазаракис 124, 196, 197, 199
Аксиополи, грчко име за Бојмица 15, 21
Алар, село 205
Аларов Димитар 141
Аларов Кољо 142
Албанско кнежество 27
Албанец 103, 192, 199
Албанија 114
Албанци 47, 102, 105, 124, 166, 168, 225
Алгана, колиба 174, 230-232
Александар, солунски митрополит 133
Александар Македонски, Великиот Александар 228
Александров Тодор 255, 267-269
Али, колиба 201
Алир Атанасиј 85
Алир Атанас 85
Алир Димитрија 85
Алтаклисе, село 235
Аматово, село 12, 164
Аматовско езеро 201
Американец 190, 198, 212
Амина, грчки комитет 113
Амфитеатров А.В., автор 29
Анагностакос Михалис 201
Андон 275, 276
Андонаќи – види Андонијади Андон
Андонијади Андон 178
Анку, егзархиски свештеник 211
Антониу, псевдоним на Анастасиос Ексадактилос 115
Апвард Ален, автор 68, 69, 249
Апостол, село – види Алтаклисе
Апостол – Војвода, монодрама 8
Апостолов Михаил – Попето 42-44, 46-48, 51, 54
Арабаџиев, селанец 263
Арапли, село 234
Араџанско блато 17, 80, 150, 155, 164
Армудчи, река 280, 282, 283
Арнаудов Григоров Кољо 152
Арнаути 62, 100-103, 105, 106, 151, 152
Арнаутин 277
Арсова Ана 184, 185
Арџалиев Томе 155
Асенов Крсто 80-82
Атанас, кмет на с. Крива 125
Атанасов-Думбалков Д. 256
Атанасов Илија 149
Атанасов К. 51

Атанасов Константин 51
Атика 52
Атина 53, 68, 111-114, 118, 126, 162, 197, 230, 238, 249
Атински македонски комитет 197
Атински универзитет 112
Атон 17
Auckland Star, весник 11
Ахил, псевдоним на Гоце Делчев 67
Ахмед Кемал 211, 213-216
Ацев Петар 95

Бабата Атанас 44
Бабин Иван 278
Бабјани, село 148
Бабјански Димитар 178, 182-183
Бабјански Христо 139
Бајалци, село 151, 155, 156, 164
Бајани, село 69
Бајанли Христо 139
Бакалов Туше 76
Балабанов Гоно 42, 46
Балинци, село 46, 149-151
Балкан 10, 25-28, 33, 110, 242
Балкан, хотел во Солун 265
Балканска федерација 257
Балкански војни 16, 197, 273
Балкански Полуостров 25
Баовски колиби 206
Баровица, село 45, 90, 124, 134, 179, 231, 269, 272, 274, 277
Батанциев Христо 32
Бачево, месност 153-155
Бегинин Гоно 44, 80-82
Бедерли, село 129, 140, 141
Безрајанчец, селанец 263
Беласица 17, 20
Белград 161, 238
Бер, град 115, 121-123, 132, 176, 177, 200, 202, 205, 260
Бер, псевдоним за Енице Вардар 63
Берлински конгрес 25-27
Берлински мировен договор 25, 26, 32, 33
Берска Вештица, село 176
Берско 134, 178, 210, 278
Бинчаров Христо 68, 77, 174
Бирислав, село 45
Бистрица, река 178
Битола 29, 34, 79, 93, 95, 110, 113, 145, 211, 284
Битолски вилает 26, 93, 94, 100, 113, 114, 146, 243
Битолски револуционерен округ 36, 79, 89, 92, 96
Битолско 67, 79, 269, 282
Битоски Крсте, автор 22, 52, 64, 273, 274, 277
Битраков Димитар 49, 81
Блатото, види: Еницевардарско езеро
Б’лгаријата Крсто 44
Богацко, село 111
Богданци, село 118, 121, 124, 137, 150, 154
Богоев Симеон 269
Богородица, село 42, 46
Бозец, село 63, 101, 137, 140, 141, 225
Бозечки Стојан 252
Бозуков Антон 255, 256, 258, 259, 267
Бојаџиев Андон 49
Бојаџиева Роса 51
Бојаџиев Петар 149
Бојмија, област 16, 18-20, 41, 43, 45, 52, 73, 74, 122, 126
Бојмица, река 17
Бојмица, село 15, 17-19, 21, 23, 35, 50, 73-77, 79, 104, 137, 146, 168, 281
Босна и Херцеговина 25
Бохемија 19
Божин, свештеник од с. Петрово 140, 141
Божин, селанец од Топчиево 134, 135

Брајковци, село 46
Брејлсфорд Ноел Хенри, автор 29, 30
Буас, псевдоним на Сурис 124
Бубакево, село 101
Буберов, војвода 131
Бугари 15, 29, 30, 32, 58, 107, 197, 227, 228, 237, 240, 267
Бугарин 31, 54, 229
Бугарија 25, 28, 31, 36, 54, 55, 57-60, 62, 66, 73, 82, 85, 89, 90, 92, 93, 95, 96, 102, 107, 108, 140, 146, 149, 178, 180, 188, 190-192, 216, 227-229, 240, 243, 252, 255, 257, 265, 268, 276
Бугаријски Илија 178, 182
Бугарска влада 57, 58, 61, 189
Бугарска Егзархија 15-17, 20, 30, 31, 109, 110, 117, 121, 128, 132, 134-136, 138, 248
Бугарска народна македоно-одринска револуционерна организација, БНМОРО 255-258, 267
Бугарска пропаганда 31, 32, 58, 110, 111, 116, 120, 128, 191
Бугарски егзарх 127, 188, 189, 211
Бугарски конституциони клубови 247, 250, 252, 254, 284
Бугарско трговско агентство 218, 219, 221, 245, 254
Букевци, село 149
Буковалас Константинос 201
Булгар милет 31
Буф, село 197

Валандово 46, 50
Валандовска афера 50, 51
Валандовско 149
Вардар, река 15-17, 19, 20, 65, 77, 121, 122, 132, 136, 150, 151, 153, 155, 156, 158, 164, 166, 171, 178, 201
Вардарска долина 15, 246, 248
Вардарски, види: Поп Арсов Петар
Вардарски мочуришта 8
Варна 258
Варналијата Иван 44
Васатеро Георги 255
Вашингтон 116
Велес 148, 276
Велешко 269
Велигден 35, 89, 126, 177, 180
Велика, сопруга на Божин 135
Велика, сопруга на Трајко 133
Велика Британија 27, 77
Велингтон 11
Верковиќ Стефан, автор 20
Ветерник, село 234
Видриште, село 263
Виларев Атанас 148
Вилиа 52
Висока Порта 25, 26, 112, 119, 242
Влав 128, 176
Владо, секретар на Апостол Петков 213, 214
Владово, село 137
Власи 20, 28, 48, 52, 69, 124, 177, 187, 188, 206, 219, 220, 227, 229, 234, 264
Влахов Георги 82
Влахов Димитар 82
Влахов Туше, автор 80, 84
Влахоливади, село 48
Влахојани Георгиос 115
Влашето Ѓорѓи, види Мучитано Ѓорѓи - Касапчето
Влашко прашање 187
Внатрешна Македоно-Одринска Револуционерна Организација, ВМОРО 26, 52, 59, 94, 96, 161, 189, 194, 197, 217, 227, 245, 246, 255-257, 267, 269
Внатрешна Македонска Револуционерна Организација, ВМРО 255
В'ндо стариот 178, 230, 274
Воден 77, 122, 124, 131, 132, 149,

177, 263
Воденска егзархиска епархија 263
Воденска река 221
Воденски патријаршиски митрополит 131, 184, 185
Воденско 60, 65-67, 71, 85, 89, 90, 117, 121, 122, 201, 208, 247, 269, 278
Војна за независност на САД 34
Волја, весник 279, 281-283
Воло 118
Вртов Илија 152
Врховен македонски комитет, ВМК 35, 36, 58-60 , 257, 267
Врховистичка провокација 59, 71
Втора светска војна 13
Втор (вонреден) конгрес на македонските друштва во Бугарија 58
Втор општ конгрес на ВМОРО 217

Гајков Петар 67-68
Гандач 17, 19, 64, 84, 90
Гарванов Иван 72, 73, 160, 244
Гарефис Константинос 206, 210
Гацев Коста 272-274, 277, 285
Гацос Евангелос 179
Гевгелија 15, 16, 18, 41, 47-49, 52, 77, 84, 85, 115, 121, 122, 124, 127, 128, 150-153, 159, 161, 165
Гевгелиска каза 22, 106, 268
Гевгелиска котлина 16, 17
Гевгелиски затвор 118
Гевгелиски околиски комитет на ТМОРО 41, 150
Гевгелиско 23, 24, 42-44, 50-52, 60, 65, 81, 82, 85, 89, 90, 104, 106, 117, 118, 121, 122, 134, 137, 146, 148-150, 220, 247, 249
Генерал губернатор 238, 239
Георгиева Марија 185
Георгиев Наке 149
Георгиев Пецо 161
Георгиев Тано 148
Георгиев Тупара Иван 149
Георгиев Филип 50
Георгиос I, грчки крал 53, 111
Германија 34, 100
Герџиков Михаил 44, 54
Гирс Николај 73, 102, 103
Главен комитет на БНМОРО 258
Главен штаб на Битолски револуционерен округ 96
Гого од Мутулово 42, 46, 47
Goѕоманис Сотирос 248
Голата Чука, месност 84
Големанов Мицо 81, 82
Големиот песок, колиба 180
Голото село, село 174, 198, 200
Голуховски Агенор 156
Гонов Атанас 148
Гоно од с. Зорба 128
Горгопик, село 85, 235
Горни песок, колиба 175
Горно Куфалово, село 112, 225
Горноџумајско 60, 71
Горноџумајско востание 60, 71
Гошков Ичко 77
Гошо, говедар 181
Градобор, село 60, 117, 132, 133, 234
Градоборлијата Атанас, види: Чопката Атанас
Граматиков Дивиниш 68
Граматиков Димитар 68
Граматиков Павле, види: Кониковски Павле
Граматиков Трајо 68
Грамош, река 17
Греј Едвард 238, 239
Грејс В. Роберт 85
Греков Д. 261
Грк 29, 30, 54, 120, 121, 124, 195, 229, 273, 277
Гркомани 20, 48, 50, 52, 74-76, 82, 83, 126, 138, 140
Груев Даме 32, 34, 41, 48, 88-91, 94, 95, 192, 210, 217, 243, 281

Грубевци, село 43, 77, 79
Грубешки Танас 178, 183
Грци 13, 20, 29, 30, 53, 74, 107, 110-112, 115, 117, 119, 120, 125, 127, 128, 139, 166, 168, 183, 185, 205, 218, 219, 227-229, 235, 237, 240, 247, 248, 273
Грција 15, 20, 21, 24, 28, 107, 108, 111, 112, 114, 118, 121, 124, 152, 197, 204, 228, 229, 240, 243
Грчиште, село 151, 234
Грчка влада 48, 52, 112-114, 116, 117, 120, 229
Грчка македонска борба 114, 225
Грчка пропаганда 31, 48, 52, 54, 68, 113, 114, 116, 118, 120-123, 125-129, 136, 140, 142, 162, 177, 178, 184, 186-188, 194, 197, 202-204, 205, 226, 233, 235, 248, 249, 283
Грчко-турска војна 52, 74, 197
Гугушева Колиба 175
Гумбенциев Андонов Тано 53
Гуменџани 137, 196
Гуменџе 12, 15, 16, 19, 34, 35, 52-54, 65, 74, 77, 79, 82-85, 118, 124-126, 129-132, 134, 137, 138, 163, 184, 187, 194-196, 207, 208, 234, 248, 280
Гуменџиска река 17
Гуменџиско 89
Гунарис Василис, автор 203, 225
Гулито, кехаја 206

Дабижа Косту 176, 177, 211-215, 218, 219, 223, 275, 276
Дабово, село 44
Давидов Тома 67
Дакин Даглас, автор 122, 125, 221
Данев Стојан 72
Дебарски глас, весник 263
Дебарско 269
Дедо Митре, рибар 221
Делта Пинелопи, автор 8, 221
Делчев Гоце 34, 40, 41, 43, 45, 61, 65, 67, 76
Демерик, цивилен агент 196
Деместихас Јоанис 202, 203, 210, 222
Демир – субаша 52
Демирхисарска каза 268
Демирхисарско 269, 282
Денков Крсто 149
Дерничот Сотир 222
Дечев Никола 44
Де Џорџис Емилио 167, 195
Див Запад 168
Димитрија, патријаршиски свештеник од с. Крива 68, 69
Димитров Андон 32, 256, 263
Димитров Лазар 34
Димитров Филип 35
Димишко, секретар на Апостол Петков 207
Димов Николов Иван 150
Динев Ангел, автор 45, 46, 64, 80, 84, 138, 152-156, 271-274
Динев Христо 150
Директива за идната дејност на организацијата 87
Длабината, колиба 175, 180-182
Добруџа 28
Доганов Филов Дино 48
Дојама Гоно 124
Дојама Лазар 124, 179, 188, 235
Дојама Митре 124
Дојама Трајан 124
Дојран 122
Дојранско 24, 42, 46, 50, 51, 85, 117, 150-152, 201
Докторов Илија 35, 42, 45, 46, 49, 149-153, 155
Долно Куфалово, село 101
Долно Родево, село 218
Дончо, војвода 269
Драганов, автор 195
Драгомирци, село 150
Драгос, псевдоним на капетан Кукулиндис 124
Драгумис Јон 113

Драгумис Стефанос 52, 53, 111, 113
Дракул Симон, автор 8
Древенски Танов Петко 35
Државен Архив на Република Македонија 285
Државен османлиски архив во Истанбул 211, 285
Друзија, бег 177
Друштво за ширење на грчката писменост 204
Дупница 149
Дураков Томе 230, 231

Ѓавато, село 151, 152, 165
Ѓакон Евстатиј 89, 90, 122
Ѓољот, види: Еницевардарски Ѓољ, езеро, блато
Ѓорѓија, егзархиски свештеник во Топчиево 117
Ѓорев Захариј 77
Ѓупчев Димитров Ичко (Ѓупчето) 251, 263, 265, 272-274, 277, 285
Ѓурков Ванев Илија 148
Ѓуров Дол, месност 165

Евгенијадис Евгенос 53, 114
Evening Post, весник 11, 125
Евзони, грчки назив за Мачуково 152
Евреи 20
Евреин 104
Европа 10, 97, 98, 107, 111, 198, 215, 226, 239-241, 249
Европејци 97, 197, 212
Европска комисија за Источна Румелија 25
Европска Турција 25, 26
Европски сили 26, 27, 239, 253
Егзархиска црковно-училишна општина 165, 188, 205, 211, 250
Египет 82
Едвард VII 239
Единство и напредок 239
Ексадактилос Анастасиос 115
Examiner, весник 11
Екуменска Патријаршија 86, 110, 127, 185
Екуменски патријарх 133
Елада 228
Елин 227, 229
Елини 227, 228
Елинизмос 111
Елино-македонски комитет 113, 114
Емброс, весник 9, 245, 246
Емин ага 75
Енвер беј 246, 247
Енице Вардар 8, 9, 11, 16, 18, 20, 34, 35, 51, 63, 65, 66, 77, 79, 83, 85, 101, 124-126, 129, 130, 132, 137, 138, 142, 171, 179-181, 184, 185, 195, 202, 204, 209, 211, 232, 245, 246, 248-252, 255, 259-264, 272, 276, 278-283
Еницевардарска каза 15, 102, 104, 121-123, 126, 184, 207, 234, 245, 248, 253, 254, 268
Еницевардарски ѓољ 21, 150, 171
Еницевардарски месен комитет 64, 68
Еницевардарски револуционерен реон 102
Еницевардарски регион 51, 54, 63, 77, 79, 91, 103, 104, 136, 142, 186
Еницевардарско 7, 34, 41, 42, 44, 45, 47, 50, 51, 52, 60-68, 73, 79-85, 88-91, 96, 101, 115, 117, 119, 120, 122-125, 134, 137, 139, 140, 142, 146-150, 160, 163, 164, 178, 183, 188, 189, 194, 201, 205, 206, 208, 217, 220, 222, 226, 234, 235, 247, 249, 255, 259, 265, 268-272, 276, 281, 282, 284
Еницевардарско езеро, Блатото

10, 11, 17, 19-21, 68, 77, 90, 120-122, 141, 150, 163, 171-184, 186, 189, 190, 192, 193, 196-204, 206, 210-212, 214, 216-226, 230-235, 252, 253, 269, 272, 275, 276, 282
Еницевардарско сонце 7, 235, 244, 245, 250, 271, 278, 279
Еницевардарци 148
Епир 114
Етники Етерија 197
Етхем паша 161

Жеков Никола 44
Железко, војвода 161
Жервохор, село 221

Задгранично претставништво на ТМОРО 36, 54, 60, 61, 63, 64, 66, 67, 71, 72, 82, 87, 148, 149, 189, 256
Закон за вилаетите 26
Закон против четите и разбојништвото 253, 254, 259, 263, 264
Занков Георги 255, 258, 259
Западна Македонија 197
Заринов Хаџи Тано 137
Зафиров Дељо 48, 150
Зејнил чауш 153
Земја, планета 12
Зириас, псевдоним на Јоанис Сакеларопулос 202
Златан, војвода 233
Зографов Божин 142
Зографов Мина 260
Зографов Христо 142
Зоис, псевдоним на Димитриос Какавос 115
Зорба, Зорбата 128, 174, 179, 181, 182, 235, 246, 269
Зорбата Јани 185

Ибраим паша 146
Ибрахим Хајди ефенди 280
Иванова Марија 51
Иванов Вангел 60
Иванови, браќа 160
Иванов Лука 11, 13, 90, 91, 175, 177, 190-192, 196, 198-200, 206-207, 209-210, 219
Иванов Спиро 42, 46, 47
Извор, село 148, 188
Изворска, река 17
Изет ефенди 104
Икизлер, село 223
Икономов Мино 137
Илинденско востание (востанието) 16, 21, 24, 79, 80, 87, 88, 91-94, 96, 106, 108, 109, 112, 127, 136, 173, 174, 217
Илустрација Илинден 275
Имов Гоце 35
Инструкции за должностите и активностите на воените одделенија 143-145
Ираде од 1905 година 187
Иринеј, архимандрит 127
Исак ефенди 129
Истанбул 53, 77, 95, 112, 117, 119, 133, 163, 164, 204, 211, 214, 226, 237, 285
Источна Румелија 25
Италија 34
Itihad ve terakii, види: Единство и напредок

Јаворница, село 205
Јаворов Пеју 76
Јаков Мито 46
Јамчиште, село 196
Јани од Атина 126, 137
Јанков Александар 149
Јанков Анастас 59, 60, 65, 71
Јанков Леонид 137, 162, 165
Јанков Стојан 77
Јанков Тано 52
Јанкулов Христо 151
Јашар Чауш 139
Једи Куле, затвор 50, 142

Јеница, грчки назив за Ениџе Вардар 20, 269
Јеротеј, патријаршиски владика во Ениџе Вардар 34
Јоанис Штерјо, види: Јунана Штерјо
Јовановиќ Јово 271, 284
Јоргаки, андартски капетан 121
Јосиф I, бугарскиот егзарх 188, 189, 211
Јотас Гонос, види: Јотов Гоно
Јотов Гоно 124, 178, 219, 227
Јотов Трајко 44, 80, 81
Јужна Каролина 13
Јужна Македонија 117, 120, 123
Јунана Штерјо 178, 187, 188, 219, 227
Јуниќој (село) 235
Јуруков Милан 269
Јуруков Петар 44

Кавондорос, псевдоним на Ставрос Ригас 201
Кадијски Мицо 181
Казанџиев Никола 68
Какавос Димитриос 115
Какулидис Георгиос 115
Калајџиев Трајче 260-263
Калас, псевдоним на Константинос Сарос 202
Калопотакис Димитриос 113
Калче Митре 179
Камчев Митре 163, 207, 208
Канин Петар 74
Капетанакис, пратеник во грчкиот парламент 53
Кара Азмак река, река 21, 171, 178, 248
Каравангелис Германос 112
Карагеоргиев Иван 130
Карадупков Атанас 42
Карајотица, село 174
Каракамен 197
Каракачани 206, 210
Каракљашев Петруш 154
Каралашев Крсто 269
Караманов Христов Мило 35
Карастојанов Атанас 141
Карастојанов Христо 141
Карасуле, село 24, 42, 76, 164
Карасулијата Иван (Јован) 12, 23, 24, 41-51, 54, 55, 60, 62-64, 67, 68, 77, 84, 137, 162, 165, 187, 188
Карасулски Спиро 42
Кара Ташо 206
Кара Чуфка, месност 174
Караџа Абал 234
Караџова, турски назив за Меглен 115
Карев Сотир 179
Карлово 44
Картов Владо, автор 154
Касапчето Георги види: Мучитано Ѓорѓи
Катеринска каза 121
Катранков Ичко 35
Кацигорис Манолис 124
Келикендриев Андон 217
Кемал беј, види: Ахмет Кемал
Кемал Ефенди види: Ахмет Кемал
Керевлеис Спиридон 115
Кехаја Димитри 122, 128
Кехаја Пецо 74
Кехаја Ристо 134
Кивернидис Димитриос 48, 49, 52
Килиндир, железничка станица 120, 124
Киркилово, село 149, 174, 232
Киров Гого 46
Китан Гоце 44
К’нчов Васил, автор 15, 16, 20
Ковач Фредерик, автор 7-8
Кожуф 16, 17, 46, 164
Колокотронис Георгиос 113
Кољо Машкото 46
Кондулис Александрос 113
Кониково, село 42, 46

Кониковски Павле 42, 46, 62-64, 66-68, 77, 173-174
Константинов Митре 149
Константинопол 227, 228
Константинос, грчки престолонаследник 115
Конушевски Крсто 269
Коњаре, село 235
Корнишор, село 17, 80, 126, 149, 183, 269, 270
Корнишорска планина 17, 81, 82, 182
Корнишорски Коста 81
Коромилас Ламброс 114-116, 120, 122, 130, 134, 135, 138, 203
Корчуфка, колиба 174, 175, 181, 213, 214, 217, 230-232
Косинец, село 223
Косовски вилает 26, 93
Костадин, курир 81
Костов Ичо 148
Костов Петар 217
Костов Цветко 148
Костурино, село 46, 149, 150
Костурско 59, 60, 71, 111, 112
Кохмански, управител на руски конзулат во Солун 248
Коцев Делчо 44
Кочанско 269
Кочо од Атина 126, 137
Кочо, секретар на Апостол 181, 204
Кралев Тодор 224
Кралев Трајчо 269
Кратовско 269
Крива, село 52, 53, 66, 68, 69, 74-77, 83, 84, 86, 89, 90, 125, 126, 136, 137, 148, 232, 235, 247, 265
Крива Паланка 269
Крит 115, 124
Критски органски устав 25, 26
Крлев Христо 230
Круша, планина 17
Крушари, село 270-272, 274, 275, 277, 278, 283, 285
Крушево 110, 121, 275, 276
Крчаков Бојан 178
Куга, колиба 221, 222
Кудев Трпче 272, 273, 276
Кукулиндис, грчки офицер 124
Кукуш 49
Кукушки регион 51, 60, 81
Кукушко 24, 51, 115, 150-152
Куманово 148
Кумановско 149, 269
Купа, река 17
Купа, село 45
Курлев Трајко 264, 270-274, 276, 277, 285
Куфалово, село 17, 42, 46, 79, 101, 246, 247

Лагадинско 115
Лагадинско езеро 201
Ладакакос Григориј 129
Лазо од Ореховци 42
Лака, колиба 201
Ленсдаун лорд 77
Леонида, спартански крал 165, 168
Леринско 81, 129
Леска, река 17
Лесково, село 24, 148
Лешников Димитар 250, 252, 253
Ливади, село 45, 64, 149, 165
Ливадијски Нешо 187
Липарјаново, село 105
Лисичков Христо 150
Личев Ив. Илија 149
Лозанчев Анастас 94, 95
Лондон 69, 249
Лугунци, село 45
Луковитско 149

Љотиќ, српски конзул во Солун 136, 137
Љумница, река 17
Љумница, село 45, 67

Мавреново, село 139
Мазаракис Константинос 115, 120, 124, 196, 197, 201
Маказчиева Димковица 75
Македонец 37, 97, 98, 229
Μακεδονια, весник 269, 278, 279, 283
Македонија 7-9, 11-13, 25-37, 48, 53, 54, 57-60, 69, 71, 73, 88, 95, 98, 100, 104, 107-123, 125, 127, 129, 131, 132, 139, 156, 161, 162, 165, 188, 191, 197, 199, 201-203, 205, 216, 220, 227-229, 235, 237-243, 246, 248, 250, 253, 255-258, 265, 267-269, 273, 285
Македонија (кафеана во Софија) 161
Македоникос Силогос 111
Македоно-Одрински преглед, списание 227
Македонска држава 33, 240, 257
Македонска револуционерна организација (МРО) 9, 25, 32-36, 39, 44, 58, 124, 177, 192
Македонски вилаети 107, 116
Македонски друштва 57, 58, 60, 255
Македонски јазик 128
Македонско Кнежество 107
Македонски комитет 35, 57, 58, 197
Македонски Робин Худ 7, 168, 192, 193
Македонско прашање 27, 32, 58, 59, 71, 73, 106-108, 238-242, 268
Македонско револуционерно движење 7, 9, 10, 12, 16, 21, 26, 27, 35-37, 39, 44, 58, 59, 61, 72, 73, 87, 92-94, 96, 101, 106, 109-112, 116, 120-122, 143, 145, 146, 161, 173, 177, 179, 184, 187, 189, 191, 198, 208, 210, 212, 219, 220, 229, 241-244, 254, 255, 257, 258, 271, 284
Македонци 30, 58, 107, 115, 124, 218, 227, 228, 237, 240, 243, 256
Македонци егзархисти 15, 17, 37, 73, 74, 85, 110, 120, 124, 131-133, 166, 179, 183-187, 194, 195, 205, 234, 247-249, 254, 259, 260, 261, 264, 280
Македонци патријаршисти 15, 16, 20, 73, 110, 115, 124, 179
Мала Азија 74
Малаца, село 124
Малешевска Ана 80, 81
Малешевско/Малешевијата 60, 71, 149, 150
Манасиев Аргир 41-49, 54, 61-67, 77, 79, 81, 82, 85, 122, 128, 150, 155, 156, 164
Мангров Игнат 150
Мандалево, село 126, 139
Мандалчев Нацо 259
Манолов Манчо 149
Мараитис, грчки офицер 124
Мариово 122
Матапас, псевдоним на Михалис Анагностакос 201
Матов Христо 71, 88, 91, 148, 149, 244, 254-256, 258, 271, 284
Матукалијата Мицо 76
Мачуково, село 137, 150-152
Мегали идеја 110
Меглен 115
Мегленица, река 17, 21, 122, 171
Мегленска котлина 16-18
Мегленско 20, 121, 134, 210, 220
Мелас Павлос 52, 113
Мелник 110, 121
Мелничко 71
Мемешли, село 46
Мемоар на Внатрешната организација 26, 52
Меморандум на „Единство и На-

предок“ 239-241
Мехмед Али 280, 281
Мехмед V 253
Мечката Димитар 182
Мецидие, орден 161
Микрос Дасос, грчки назив за Смол 152
Милер Хајнрих 156, 157, 159, 162
Милет систем 30-31
Минов Ганчо 148
Минцов А. 51
Мирцштегски реформи 92, 93, 96, 101, 106, 108, 109, 116, 157, 227, 237, 238, 253
Мисио Јоани, види: Мишо Јанко
Мис Стон 161
Мито од Мутулово 46, 47
Митрев Анастас, автор 271-273
Митруш, воденски војвода 218
Михајлов Сава 47, 79, 81, 82, 148, 149, 151-154, 156-158, 161, 162
Михајловски Стојан 59
Мицов Гоце 118
Мицов Ташко 46
Мичковски Дељо 35
Мишев Димитар, автор 15, 16, 20, 132
Мишев Христо 75
Мишо Јанко 204
Младотурска револуција 235, 242, 243
Младотурци 7, 214, 240-245, 248, 249, 253, 254, 269, 274, 284
Младотурчин 214
Мованов Лука види: Иванов Лука
Модиано Саул 104, 134
Модис Х. Георгиос, автор 8
Мокрев Григор 35
Мораитис Михаил 115
Музеј на Македонската борба во Солун 128
Мурарци, село 150
Мурџев Слободан, автор 22, 272, 273, 274, 277
Мурџиев Гонов Стефан 152
Мусевски Коста 46
Муслимани 20, 22, 30, 93, 100, 102, 139, 191, 205, 206
Мустафа бин Мехмед кехаја 139
Мустафа бин чауш Хусеин 139
Мутулово, село 42, 46, 47
Мухамедани 139
Мучитано Ѓорѓи 176, 177, 180, 210, 211, 213, 218, 219, 221, 222, 227, 233, 256, 269, 270-272, 275-281, 284

Навпакт 137
Надирчани 139
Накиз ага 106
Народна Македоно-одринска револуционерна организација 256
Народна федеративна партија 284
Нафплио 197
Неврокоп 110, 121
Негован, село 121
Негуш 115, 121, 122, 132, 205, 218
Негушко 134, 178, 197, 210
Недирчово, село 139
Нивичино, село 149
Нијази беј 241, 243
Ники, колиба 201
Никифорос, псевдоним на Јоанис Деместихас 202, 203, 210, 222, 225
Нико, терорист 185
Никола II 239
Николаев Данаил 58
Николаидис, псевдоним на офицер Сељотис 115
Николај, егзархиски архимандрит во Еницевардарско 34
Николиќ, село 150
Николов Атанас 65
Николов Тане 256, 258, 269, 284
Николов Тома 250, 252, 263
Ниси, село 180, 198-200

Нисторов Гоце 80, 84
Ниџе 17
Нов закон за европските вилаети 26
Нов Зеланд 10, 11, 12, 125, 262
Новопазарски санџак 25
Ново Село 117, 160
Новоселски Киро 81
North Otago Times, весник 11, 135, 136
Нушиќ Бранислав 244

Њујорк 8
New York Post, весник 165
Њујорк Тајмс / New York Times, весник 12, 156, 163

Одбрана – комитет, види: Амина
Одри, колиба 180
Одринец 37
Одрински округ 36
Одринско 26, 36, 37, 50, 52, 55, 57, 99, 256, 257, 267
Одрови, колиба 175
О'Конор Н. 77
Олимп 17, 48, 121, 123
Опел, австриски инженер 23
Ореховци, село 42
Ориент 168
Оризарци, село 47, 84, 85, 188
Оровчанов Тодор 217
Орџан Атанасов Васил 142
Орџан Атанасов Мицо 142
Орџан Бошков Божин 142
Орџан Бошков Иван 24, 142
Османлии 157, 167, 211, 218, 220, 224, 232, 275
Османлиска Империја 25-28, 30-33, 57, 93, 100, 114, 116, 237, 239, 240, 241, 242, 244, 268,
Османлиска Македонија 7, 8, 27, 31, 58, 100, 108-110, 121, 149, 205, 268,
Otautau Standard and Wallace County Chronicle, весник 11, 244, 246
Отоман, 134
Охрид 110, 121, 148
Охридско 30, 269
Оџова дема, област 174
Ошин, село 45, 122, 127

Павлов Мице 179
Падарски реформи, 71
Пазар, види: Енице Вардар
Пазарџиско 149
Пајак планина 10, 15-18, 20-24, 43, 44, 45, 73, 80, 84, 90, 121, 122, 126, 172, 178, 180, 182, 187, 210, 232, 233, 252, 270
Палас, псевдоним на Панајотис Папацанетеас 202
Палевата колиба 180, 181
Палеота Илија 252
Паљош 272, 276
Паљошов Дионис 179
Папамаленос Леонидас 124
Папа Марко Божин 129
Папацанетеас Панајотис 201, 202, 222
Папуљас Анастасиос 113
Пара Бохумил 222, 246, 248
Париз 107
Парнас – Атинско филолошко друштво 249
Пасков Н. 51
Пасков Христо 41
Патријарх, види: Цариградски патријарх
Патријаршија, види: Цариградска Патријаршија
Пахим бег 161
Пеев Ичко, 53
Пезово, село 149
Пела 20
Пенчев Петко 246, 247
Песок, колиба 175, 179, 180
Петгас, село 139, 207
Петков Димитар 102
Петков Трајко 77

Петков Трифон 149
Петра, види: Петрово
Петрилос, псевдоним на Константинос Буковалас 201
Петричко 71, 269
Петровалијата Орџанов Атанас 60, 63, 66, 68
Петров Ѓорче 34, 90, 91, 110, 122, 210, 252
Петров Рачо 189
Петрово, село 52, 74, 101, 119, 124, 126, 137, 140-142, 235
Пешков Ѓорѓи 95
Пешов Јордан 148
Пијанечко 149
Пипов Атанас 86
Пипчев Ицо76
Пицулас (Јани) Јоани 137, 138
Пишкопеја 222
Пласничево, село 174
Плесна, село 231
Пловдив 114
Повардарие 20
Поглед, врв 17, 19
Пожарлиев Иван 65
Поликастро, грчки назив за Карасуле 24
Политика, весник 7, 244-247, 279, 283
Полтанов, руски офицер 135, 196
Поп Атанас од Бајани, 69
Поп Арсов Петар 32
Поп Иванов Христо 140
Поп Коцев Христо 82, 90
Поп Кочов Михаил 151
Попев Григор 41
Попето види: Апостолов Михаил
Попов Петар 68
Поп Христов Д. 90
Порт Артур 175, 217
Постол, село 80
Постоловата песна 252
Правилник на ТМОРО 36, 37, 39
Право, весник 34, 60, 75, 76
Прапорец, весник 279
Прв конгрес на МРО 35
Прв македонски конгрес 57
Привремена Влада на Револуционерна Македонија 131-132
Прилеп 110, 121
Прилепски конгрес 90
Пројчаков Ицо 76
Пројчаков Христо 53
Протогеров Александар 267
Пулка Георги 54
Пулка Марија 54
Пуљков Христо 141
Пуфката Васил 270-272, 275, 277-281, 284

Радев Пешо 149
Радовишко 269
Радомирски В’ндо 178, 230, 264, 274
Радомирски Пено 178
Разлошко 71
Раководен комитет на БНМОРО 255
Ралис, грчки конзул во Солун 84, 85
Рамна, село во Еницевардарско 83, 149, 226
Рамна, село во Бугарија 149
Раме, село 223
Рандибулски Јосиф 269
Рапапорт Алфред 159, 162, 242
Рауф паша 120
Рахман бег 120
Раховско 149
Ревал 239, 241
Револуционерен лист, весник 131, 149
Ресен 241
Реч, весник 279
Ригас Ставрос 202
Рилски конгрес 88, 189, 243, 284
Римјани 228
Римокатоличка црква 187, 264
Ринчев, патријаршиски свештеник во Бојмица 75

Ристе Стојан 204
Рихар-Опенхајмер 205
Робин Худ 7, 13, 168, 192, 193
Ројтерс 11, 125
Романец 229
Романија 25, 28,176, 187
Романос Атос 53
Романска пропаганда 31, 125, 187
Романци 128
Рудина Чука, месност 157, 153, 154
Рудино, село 207
Руља, село 113
Руси 227, 228
Русија 27, 59, 93, 109, 227, 228, 238, 239, 249
Рутие Гастон 107

Сабри бег 157
Савата, види: Михајлов Сава
Сажденик, село 61
Сакелариос Ангелаки 52, 53, 126, 129, 137, 138, 184, 187, 188, 195, 196
Сакеларопулос Јоанис 201
Салоник де Прогрес, весник 278
Самарџиев Гоце 232
Самарџиев Пешо 44
Самарџиев Стојанов Ичко 35
Санданисти 285
Сандански Јане 47, 161, 244, 246, 247, 249, 253, 254, 274, 284
Сан-Стефански прелиминарен мировен договор 25
Саракинов Христо 65, 66
Сарамурово, село 234
Сарафов Борис 58, 59, 72, 92, 149, 185, 210, 217, 244, 284
Сарафисти 185
Сарос Константинос 202, 203
С’борско, село 206
Свети Георги, село 105
Свети Илија, село 89
Свирски, руски потполковник 226
Св. Марина, село 196-198, 200
Северноамерикански континент 12
Сејфула паша 146
Секулички Марко 148, 160
Селјотис, грчки офицер 115
Семо војвода 269
Сер 115, 179
Серменин, село 45, 68
Серменински (Серменинчето) Тодор, 91, 190, 198, 219, 227
Серогулос Петрос 113
Серски округ
Серски санџак 146
Серско 44, 76
Сехово, село 42, 46, 46, 137
Силјанов Христо, автор 7, 8, 71-73, 89, 111, 113, 120, 123, 161, 173, 174, 178, 188 195, 196, 199, 206, 221, 222, 225, 226, 233
Симеон војвода 269
Симовски Тодор, 15, 16, 20, 272, 273, 276
Скендеров М. 258
Сколев Начо 142
Сколев Сотир 142
Скопје 8, 15, 23, 25-29, 32, 43, 45, 47, 59, 71, 72, 75, 77, 79, 80, 87, 89, 93, 98, 107, 109, 110, 114, 145, 156, 177, 239, 241, 246, 260, 272
Скопски вилает 146
Скопски округ 160
Скриена, месност на Пајак 17
Сланица, област 196, 278
Слобода или смрт, весник 78
Слокошница, село 61
Смоквица, село 42, 117
Смол, село 10, 12, 146, 147, 149-157, 159, 161-168, 180, 207, 208
Соединети Американски Држави (САД) 7, 11, 12, 34, 146, 168
Сојуз на бугарските конституци-

они клубови 247, 252, 254, 284
Солун (Θεσσαλονίκη) 7, 8, 9, 11, 12, 16, 17, 23, 29, 30, 32, 34-37, 40, 41, 48-50, 52-54, 58, 60, 65-68, 72, 73, 75-77, 79, 83-85, 90, 93, 94, 96, 101, 102, 103-105, 111, 114-125, 128-130, 132-138, 140-142, 145, 147, 152, 153, 156, 160, 161,163-167, 179, 184, 186, 195, 197, 200, 201, 203, 205, 207-209, 216, 218, 221, 222, 230, 232, 233, 244-248, 252, 258, 264, 265, 268, 269, 279, 281-284
Солунска каза 235
Солунска провала 54
Солунска рамнина 171
Солунски атентати 111
Солунски валија 116, 120, 130
Солунски вилает 26, 34, 43, 98, 100, 114, 115, 121, 123, 124, 130, 146, 205, 222
Солунски залив 101
Солунски конгрес на ТМОРО (1896) 36, 37, 40
Солунски конгрес на ТМОРО (1903) 72
Солунски округ 79, 90, 217
Солунски окружен комитет на ВМОРО 189, 209, 245, 246
Солунски патријаршиски митрополит 116, 135
Солунско 17, 89, 91, 117, 118, 132, 134, 234
Солунско поле 16, 17, 20
Солунско пристаниште 118
Сониксен Алберт 7, 8, 12, 146, 154, 165-168, 174, 175, 190, 191-194, 196-198, 200, 211-216
Софија (София) 7-10, 16, 21, 25, 26, 32, 34, 41, 47, 51, 55, 58-60, 63, 68, 72-76, 80, 87-89, 92, 94, 111, 112, 117, 137, 146, 147-149, 159-161, 178, 187, 191, 200, 207, 211, 216, 224, 227, 238, 244, 250, 255, 256, 258, 259, 268, 273, 274
Софиско воено училиште 191
Спаливо 168
Спространов Ефтим 207, 209, 210, 235
Срби 29, 30, 31, 107, 108, 110, 240
Србија 26-28, 107, 108, 229, 240, 243
Средно Куфалово, село 101
Српска пропаганда 31, 59, 136
Ставропулос, псевдоним на Георгиос Какулидис 115
Стамболов Стефан 57
Стамболовисти 92
Станишев Христо 58
Станков, студент 209
Стерјакис, псевдоним на Константинос Мазаракис 197
Стефан од Карлово 44
Стоев Петар 182
Стојаково, село 125, 150-153, 166
Стојан, псалтир во Топчиево 117
Стојанов Васил 226
Стојанов Захариј82
Стојко од Карасуле 42
Стојчев Ѕоле 252
Ст. Петербург 296
Страмаков, месност 151
Струмица 46, 110, 121, 122, 185, 204
Струмичка каза 268
Струмички округ 36, 258
Струмичко 60, 67, 71, 91, 149, 150
Сугарев Ѓорѓи 95
Сугудли, село 204
Судре-аир 234
Сурис, грчки офицер 124

Тадов Митрев Христо 35
Тајмс, весник 265
Тајна Македоно-Одринска Револуционерна Организација (ТМОРО) 24, 36, 37, 40, 41,

44, 45, 48, 51, 58, 59-65, 67, 69, 71-73, 77, 87, 88, 91, 110, 112,113, 119, 122, 144, 146, 148, 150, 161, 172, 173, 184
Танев Мичо 148
Танов Петков Христо 35
Тапов Дино 274
Тасманија 10-12
Татарчев Христо 32, 36, 72, 82, 88, 91, 256
Ташков Васил 148
Тенчев Иван 245
Теодоридис Маркос 120
Теодорис од Серменин види: Серменинчето Тодор
Теотокис Георгиос 113, 114
Терзиев Андон 22, 74, 75, 138, 140-142
Терзиев Митре 22
Терзиев Петко 22
Терзиев Петков Иван 35
Терзиев Тано 76
Терзиевци/Терзиеви 22, 35
Термопили 165
Тиквешко 89
Тодев Н. Атанас 76
Танчев поп Стамат 41, 42
Топчиево, село 117, 134, 135, 246
Торс, село 149
Тошев Андреј 208
Тошев Пере 34, 45, 94, 252, 253
Траев Гацо 148
Трајанов Христо 148
Трајко, првенец од Градобор 133, 134
Тракија 114
Трендафил, грчки учител 134
Трет (III ) армиски корпус 145, 241
Трповци, браќа 278
Тумба, село 50, 63, 77, 79, 97, 188, 208, 235
Туран ага 45, 46, 50, 60
Турци 12, 13, 15, 17, 19, 20, 25, 30, 47, 69, 73, 74, 80, 93, 115, 120, 121, 124, 131, 139, 156, 158, 159, 162, 166, 167, 168, 178, 181, 182, 201, 201, 205, 214, 215, 216, 218, 223, 228, 235, 245, 264, 276, 282,
Турција 25, 26, 93, 95, 97, 107, 112, 131, 238
Турчин 97, 98, 104, 131, 214
Туфекчиев Наум 160
Тушилово, село 163, 188, 207-209
The Maitland Daily Mercury, весник 11, 262
The Mercury, весник 11, 265
The Omaha Sunday Bee, весник 13, 219
The Register, весник 11, 125
The San Francisco Call, весник 12
The Fulton County news, весник 7, 12, 154, 165,168

Ќазим ага 50
Ќосето Андон 42-45, 47, 48, 54, 67, 90, 91, 137
Ќуркче Дончо 261
Ќустендил 61, 147, 149, 160, 165, 269
Ќустендилски конгрес 255
Ќустендилски пункт 148, 149, 210, 217
Ќустендилско 61, 149
Ќучук Мустафа паша 106

Узунов Христо 42, 46
Ума, село 45, 90
Уриет 9, 11, 237, 244, 247, 249, 250, 252, 255, 271, 272, 274, 276, 284, 285
Урумлук, област 178, 269
Устав на БНМОРО 257
Устав на ВМОРО 257
Устав на ТМОРО 36, 37, 40, 69

Фабри, управник на италијански конзулат 105

Февруарски реформи, види: Падарски реформи
Федеративна партија, види: Народна федеративна партија
Фејзула, алвацџија 139
Фердинанд, бугарски кнез 58, 72
Ферид паша 146
Филов Димитар 35
Филхелен 68, 69, 249
Фирмилијан 59
Флоренс, град во САД 13
Florence Morning News, весник 13, 168
Флоров, руски капетан 155-159, 161, 162, 166, 167
Фон Маршал барон 237
Француска револуција 34

Хавзи беј 101
Хади паша 146
Хасианестис Јоргос 115
Хаки беј 213
Харисис, чифликсајбија 120, 124
Хаџи Гого Ристо 207
Хаџиев Григор 151
Хаџиев Стојан 178, 180, 181, 183, 215, 216, 230, 232
Хаџијата од Мутулово 42
Хаџи Николов Иван 32
Хаџи Траев Георги 179
Херодот 165, 168
Хикмет ефенди 104
Христијани 15, 16, 19, 20, 22, 26, 30, 69, 83, 93, 102, 105, 106, 110, 131, 134, 139, 185, 191, 205, 206, 214, 243
Христови војници 206
Христов Коте 113
Христов Павел 267
Христов Продан 258
Христо од Баровица 231
Хуриет, види: Уриет
Хусеин Хилми паша 95, 116, 117, 119, 120, 130, 136, 137, 145, 161, 194, 195, 196, 200, 237

Цариград 35, 36, 214, 216, 230
Цариградска патријаршија 30, 31, 45, 69, 109, 110, 114, 117, 118, 125, 132, 134-136, 179, 186, 187, 194, 207, 234, 235, 248, 264
Цариградски патријарх 127, 133
Централисти 185
Цветков Илија 160
Цекри, колиба 202
Целеманов Крсто 277
Централен комитет (ЦК на МРО /ТМОРО) 32, 35, 41, 44-46, 48, 54, 58, 60, 62, 63-67, 71-73, 77, 79, 82, 87, 90, 192
Централен македонски револуционерен комитет 32
Централна Македонија 121, 122, 201, 202
Цивилни агенти 94, 101, 102, 104, 117, 118, 196
Цигани 15, 20
Циганска Клисура 16
Цоков Милан 269
Цонтос Георгис 113
Цончев Иван 59
Црна Гора 25
Црна Река, село 45, 164

Чавдаров Димитар 76
Чавдаров С. 256, 258, 259, 269
Чакалев Иван 269
Чакаров Александар 34, 35
Чаков Михаил 256, 258, 259
Чалтик, село 84
Чаулев Петар 267
Чентелков Делчо 142
Чентелков Мицо 142
Чернопеев Христо 44, 51, 54, 90, 91, 189, 255, 256, 258, 259, 267-269
Четнички институт 40, 44
Чифтев Тодор 270-273, 276-278, 280-283, 285

Чопката Димитров Атанас (Чопкос) 60, 133
Чорбаџиоглу Георгиос 117

Џамбазот Танчо 187
Џамли колиба 174
Џигорлиски Васил 149
Џумајско 60, 71, 72

Шаламанов Трајко, 65
Шалдев Христо, автор 9, 10, 16, 17, 22, 23, 34, 35, 41-43, 51, 52, 63, 64, 74-77, 79, 80-84, 89, 126, 137, 138, 140, 141, 148, 154, 156, 173, 178, 181, 183, 184, 187, 188, 200, 222, 230-232, 263, 265, 272, 273, 274
Шатоев Мино 184
Шеих Кемал види: Ахмет Кемал
Шијаков Јордан 217
Шишков Иван 51
Шишманов Иван 107
Шкутов Н. 188, 189
Шлопница, село 49
Шопов Атанас 94, 96, 101, 102, 105, 117-119, 124, 136, 140, 141, 156, 160, 161, 195, 196, 200, 208, 258
Шостак, руски генерал-мајор, 140, 153, 156, 157, 159, 162, 163, 196, 225, 234
Штип 148, 260
Шукри паша 49

# Преглед на користени извори и литература

## ИЗВОРИ:

### А) МИКРОФИЛМУВАНИ ФОНДОВИ И ЗБИРКИ ВО ДРЖАВНИОТ АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (ДАРМ)

Бугарски генерален конзулат – Серес (мф. 4328)
Бугарски генерален конзулат – Солун (мф. 4277, 4279, 4280, 4328)
Политичко одделение (мф. 457)
Foreign Office (мф. 425, 488)

### Б) АРХИВСКО ОДДЕЛЕНИЕ ПРИ ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА – СКОПЈЕ

Спомени на Косту Дабижа, сл. IV. 90

### В) DEVLET ARŞIVLERI (İSTANBUL) OSMANLI ARŞIVI

- Bâb-ı Âlî Evrak Odası Arşivi Belgeleri
- Dahiliye (Mütenevvia)
- Rumeli Müfettişliği (Selânik Evrakı)
- Yıldız (Yaveran ve Maiyyet-i Seniyye Erkan-ı Harbiye Dairesi)

## ОБЈАВЕНИ ДОКУМЕНТИ:

Австриски документи за историјата на македонскиот народ, 1905-1906, редакција и коментар Данчо Зографски, т.1, Скопје 1977

Австриски документи за историјата на македонскиот народ, 1907-1908, редакција, превод и коментар Данчо Зографски, т.2, Скопје 1981

Австриски документи за реформската акција на европските големи сили во Македонија 1903-1909, предговор и редакција д-р Михајло Миноски, избор на документите и превод м-р Ѓорѓи Стојчевски, Скопје, 2002

Архив Христо Матов, Документален сборник, съставител: Цочо Билярски, София 2004

Атанас Шопов, Дневник, дипломатически рапорти и писма, Со-фия 1995

Български екзарх Йосиф, Дневник (текст, коментар и бележки: Христо Темелски), София 1992

Британски документи за историјата на Македонија (1901-1904), т. IV, (вовед и редакција д-р Александар Трајановски, избор и превод Зорица Божиновска), Скопје, 2012

Британските конзули во Македонија 1797-1915. Документи, редакција м-р Д. Ѓорѓиев, (избор и превод: м-р Д. Ѓорѓиев и З. Божиновска), Скопје 2002

British documents on the origins of the war, 1898-1914, vol.V, London 1928

Вътрешната македоно-одринска революционна организация (1893-1919 г.). Документи на централните ръководни органи, том I, част 1-2 (съставителство: Цочо Билярски и Ива Бурилкова), София 2007

Георгиев Величко и Трифонов Стайко, Гръцката и сръбската пропаганди в Македония, краят на XIX и началото XX век, София 1995

Георгиев Величко и Трифонов Стайко, История на българите 1878-1944 в документи, том I, 1878-1912, част втора, София 1996

Георгиев Величко и Трифонов Стайко, Македония и Тракия в борба за свобода (краят на XIX и началото на XX век) МНИ, София 1995

Германски документи за политиката на Германија и Европските сили во Македонија (1904-1910), избор, предговор и редакција м-р Ѓорѓи Стојчевски, превод: Петар Стојчевски и Ѓорѓи Стојчевски, Скопје 2005

Гоце Делчев, Спомени, документи, материали (съставители: Любомир Панайтов и др.), София 1978

Даме Груев, Живот и дело (сборник) II част, предговор, съставителство и бележки: Цочо Билярски, София 2006

Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том први, Скопје 1982

Documents diplomatiques Français (1871-1914), 2e serie (1901-1911), Tome XI (15 Mai 1907 – 8 Février 1909), Paris, 1950

Дракул Симон, Македонија меѓу автономијата и дележот, том. 2-7, Куманово 1996-1998, 2006-2007.

Ѓорѓиев Ванчо, ВМРО 1893-1903. Поглед низ документи, Скопје 2013

Из архивата на Гоце Делчев. Задграничното претставништво на ВМОРО в София до края на 1902 г. (подготвили за печат: Ива Бурилкова и Цочо Билярски), София 2003

Извештаи од 1903-1904 година на австриските претставници во Македонија, (превод, редакција и коментар: Данчо Зограф-ски), Скопје 1955

Китанов Валентин, Принос към дипломатическата история на България. Григор Начович и българско-турското споразумение от 1904г., София 2006

Лапе Љубен, Документи за положбата во Македонија во Организацијата во првата половина на 1904 година, ГИНИ, г. V/2, Скопје 1961

Лапе Љубен, Нови документи за Илинденското востание, Илинденски зборник 1903-1953, Скопје 1953

Международни актове и договори 1868-1918, съставила: С. Стефанова, София 1958

Миноски Михајло, Македонија во билатералните и мултилатералните договори на балканските држави 1861-1913, Документи, Скопје 2000

Μουσειο Μακεδονικου αγωνα, Οι απαρχες του Μακεδονικου αγωνα (1903-1904), 100 έγγραφα από το Αρχείο του Υπουργείου των Εξωτερικών της Ελλάδος, Εισαγωγή: Βασίλης Κ. Γούναρης, Θεσσαλονίκη 1996

Национално-освободителното движение на македонските и тракийски Българи 1878-1944, т. 3, София 1997

Œcumenical Patriarchate, Official documents concerning the deplorable condition of affairs in Macedonia, Constantinople 1906

Ottoman diplomatic documents on the origin of World War One, The Macedonian issue 1879-1912, Part 2, 1905-1912, Istanbul 2011

Спространов Евтим , Дневник, том 1, (1901-1907), София 1994

Τιμοθεάδης Τιμόθεος, Τα Γενιτσά (Γιαννιτσά) το 1904 μέσα από την έκθεση του Γεωργίου Τσορμπατζόγλου, Μακεδονικά 34, Θεσσαλονίκη 2003-2004

Turkey No. 4 (1904), Further correspondence respecting the affairs of South-Eastern Europe, London 1904

Турски документи за оружените борби во Македонија 1903 – 1908, превод редакција и коментар д-р Драги Ѓоргиев, ДАРМ, Скопје 2007

Христов Александар и Донев Јован, Македонија во меѓународните договори 1875-1919, Скопје 1994

Четите на Вътрешната македоно-одринска революционна организация, Дневник и снимки на четите на ВМОРО, преминали през Кюстендилския пункт 1903-1908, подготвили за печат: Ива Бурилкова, Цочо Билярски, Николай Христов, Ангел Джонев, София 2003

## ЛИТЕРАТУРА:

Аврамов Стефан, Лука Иванов Полуков (1867-1906), Македонска Мисъл, месечно списание - орган на Македонския научен институт, г. I, кн. 1-2, София 1945

Аданър Фикрет, Македонският въпрос, София 2002

Амфитеатров А. В., Земја на раздорот, (избор, превод и редакција: Цветан Станоевски), Скопје 1990

Αστεριος, Βουλγαρικά θύματα εν Γευγελή και τοις πέριξ αυτής, Μακεδονικό Ημερολόγιο 1910, Αθήνα 1909

Бабев Иван, Македонска голгота - Спомени и изповеди от Ениджевардарско, София 2009

Битоски Крсте, Апостол Петков Терзиев, Битола 1988

Битоски Крсте, Грчката „македонска борба“, Скопје 2001

Битоски Крсте, Македонија и кнежеството Бугарија (1893-1903), Скопје 1977

Борбите в Македония. Спомени на Отец Герасим, Георги Райков, Делъо Марковски, Илия Докторов, Васил Драгомиров, съставител: Борис Николов, София 2005

Brancoff, D.M., La Macédoine et sa Population Chrétienne, Paris 1905

Брејлсфорд Ноел Хенри, Македонија. Нејзините народи и нејзината иднина, (превод од англиски: Љубица Јанешлиева и Виолета Христовска), Скопје 2003

Вардарски (Петар Поп Арсов), Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници (превод, редакција, предговор и коментар: Ванчо Ѓорѓиев), Скопје 2006

Влахов Туше, Кукуш и неговото историческо минало, София 1963

Въ Македония и Одринско – Спомени на Михаилъ Герджиковъ, сообщава: Льюбомиръ Милетичъ, София 1928

Војводић Михајло, Србија у међународним односима крајем XIX и почетком XX века, Београд, 1988

Георгиев Н. Георги, Епос за един изгубен свят, Архивни материали за борбите, езика и бита на българите в Ениджевардарско, Македонски преглед, XXXIII/4, 2010

Gounaris K. Basil, The Macedonian Struggle 1903-1912, Paving the way to the liberation, Modern and contemporary Macedonia, Volume I, Macedonia under Ottoman rule, Papazissis & Paratriritis, 1993

Dakin Douglas, The Greek struggle in Macedonia 1897-1912, Θεσσαλονικη 1966

Даскалов Георги, Българите в Егейска Македония. Мит или реалност, София 1996

Движението отсамъ Вардара и борбата съ върховиститѣ, По спомени на Яне Сандански, Чернъо Пѣевъ, Сава Михйловъ, Хр. Куслевъ, Ив. Анастасовъ Гърчето, Петъръ Хр. Юруковъ и Никола Пушкаровъ, сообщава: Л. Милетичъ, София 1927

Δελτα Πηνελοπη, Στα μυστικα του βαλτου, Αθηναι 1937

Димески Димитар, Македонската револуционерна организација по Илинден (во пресрет на окружните конгреси), Годишен зборник на Филозофскиот факултет, кн. 19 (45), Скопје, 1992

Димески Димитар, Македонското национанлноослободително движење во Битолскиот вилает (1893-1903), второ издание, Скопје, 1982

Динев Ангел, Илинденската епопеја, т. 1-2, приредил: Владимир Картов, Скопје 1987

Δογιάμας Κωνστανίνος, Οι μακεδονομάχοι αδελφοί Δογιάμα, Θεσσαλονίκη 2007

Draganof, Macedonia and the reforms, London 1908

Δραγούμης Ίων, Μαρτύρων και ηρώων αίμα, Αθήνα 1907

Дракул Симон, Апостол – Војвода. Исповед на еден македонски воин, монодрама, Скопје 1998

Ѓорѓиев Ванчо, Подземната република. Дамјан Груев и македонското револуционерно движење, Скопје 2010

Ѓорѓиев Ванчо, Реформи за мир или одлагање на конфликтот, Зборник: Сто години од Балканските војни, Скопје, 2013

Ѓорѓиев Ванчо, Слобода или смрт. Македонското револуционерно движење во Солунскиот вилает 1893-1903, Скопје 2003

Ѓорѓиев Ванчо, Солунскиот јануарски конгрес на ТМОРО од 1903 година и прашањето за востание, Историја, XL/1-2, Скопје, 2004

Ζέλλιου-Μαστοροκώστα Ερατώ, Αγωνιστές του Μακεδονικού αγώνα από τον Ταξιάρχη (Λόκοβη) Χαλκιδικής, Μακεδονικά 24, Θεσσαλονίκη 1984

Ζέλλιου-Μαστοροκώστα Ερατώ, ΄Αγνωστοι και ελάχιστα γνωστοί αγωνιστές της περιοχής Γευγελής κατά τον Μακεδονικό Αγώνα, Μακεδονικά 31, Θεσσαλονίκη 1997-1998

Изъ дневника на Н. Паковъ, сообщава: Х. Шалдевъ, Ил. Илинденъ, VII/6 (66), София 1935

Изъ споменитѣ на Дяконъ Естатий (сообщава Хр. Шалдевъ), Ил. Илинденъ, г. VII, 4-5 (64-65), София 1935

Илинденско – Преображенското въстание 1903-1968, София 1968

Ίντος Π. Χρήστος, Αγγελος Σακελλαρίου (1856-1909), Ένας γιατρός από την Αθήνα στη Μακεδονία την περίοδο 1891-1909, Η προσφορά και η δράση του, Ελληνικη Ιστορικη Εταιρεια, Λα Πανελληνιο Ιστορικο Συνεδριο, 28-30 Μαΐου 2010, Πρακτικά, Επιμέλεια έκδοσης: Φωτεινή Ι. Τολούδη, Θεσσαλονίκη 2011

Ίντος Π. Χρήστος, Κέντρα οργάνωσης, δράσης και αντίστασης των Ελλήνων στον ν. Κιλκίς κατά την περίοδο του Μακεδονικού αγώνα, 100 χρόνια από το θάνατο του Παύλου Μελά, Θεσσαλονίκη 2006

Ίωαννίδου Άλεξζανδρα, Σλαβικά κείμενα σε ελληνική γραφή: Δυο επιστολές του κομιτατζή Αποστόλ Πετκόφ, Ιστωρ. 1998 (1999), τ. 11

Јовановски Далибор, Ревизија на грчките територијални аспирации во Османлиска Македонија, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, кн. 63, Скопје 2010

Картов Владо, Гевгелија до Балканските војни, Скопје 1966

Картов д-р Владо, Сава Михајлов – Савата, Скопје 1977

Клисуровъ, Очерки върху историята на македонското освободително движение. Социално-економичиските претпоставки за създаването и дейноста на революционната организация, Македонско Дело, VI/134-135, 1931

Кънчов Васил, Избрани произведения, том II, София 1970

Kovacs W. L. Frederic, The untamed Balkans, New York 1941

Κουκούδης Αστέριος, Από τη ζωή των Βλάχων στα 1900, Θεσσαλονίκη, 2008

Лалков Милчо, ВМОРО и балканските държави (1893-1918), 100 години Вътрешна македоно-одринска революционна организация, София 1994

Македонија во делата на странските патописци, 1903, редактор академик Александар Матковски, Скопје, MMVII

Македония в пламъци, Освободителните борби на българите от Македония в спомени на дейци на Вътрешната македоно-одринска революционна организация, Андон Кьосето, Анастас Лозанчев, Григор Попев, Аргир Манасиев, Христо Пасков, Мите Хаджимишев, Кърсто Лазаров, Екатерина Паница, Записал Боян Мирчев, София 2003

Македония и Одринско 1893-1903. Мемоаръ на Вѫтрѣшната организация, 1904

Μάνος Νικόλαος, Αφανείς Γηγενείς Μακεδονομάχοι (1903-1913), Θεσσαλονίκη 2008

Милојевић Ж. Боривоје, Јужна Македонија. Насеља и порекло становништва, Срски етнографски зборник, књ. XXI, Београд 1921

Миљоска Десанка, Еден интересен напис на Мисирков за еко-номската состојба на македонското село во крајот на мина-тиот век, ГИНИ, I/1, Скопје 1957

Минов Никола, Влашкото прашање и романската пропаганда во Македонија (1860-1903), Скопје 2013

Minov Nikola, The Aromanians and IMRO, Macedonian Historical Review, vol. 2, Skopje 2011

Миноски Михајло, Политиката на Австро-Унгарија спрема Македонија и македонското прашање 1878-1903, Скопје 1982

Митрев Анастас, Мемоари, огледи, статии, Скопје, 1970

Μιχαηλιδης Δ. Ιακωβος, Σωτιριος Γκοτζομανης: Ο ανθροπος, ο πολιτικος, ο μυθος. Βανιας, Θεσσαλονικη 2001

Μοδη Χ. Γ., Μακεδονικος αγων και μακεδονες αρχηγοι, Β' εκδοση, Θεσσαλονίκη 2007

Мурџев Слободан, Револуционерен војвода Апостол Петков Терзиев 1870-1911, Кавадарци, 1982

Николов Й. Борис, Вътрешната Македоно-Одринска Революционна Организация, (войводи и ръководители 1893-1934), София 2001

Николов Тома, Спомени из моето минало, София 1989

Paillarès M., Η Μακεδονική θύελλα, Τα πύρινα χρόνια, 1903-1907, Αθήνα 1994

Пандев Константин, Националноосвободителното движение в Македония и Тракия 1878-1903, София 1979

Пандевска Марија, Струмичкиот револуционерен округ (1893-1903), Скопје 2001

Παπαλαζάρου Ιωάννη, Ο Μακεδονικός Αγώνας στην περιοχή των Γιαννιτσών, Γκόνος Γιώτας – Το Στοιχειό του Βάλτου, Γιαννιτσά 2007

Петров Ѓорче, Спомени кореспонденција (вовед, коментар и редакција проф. Љубен Лапе), Скопје, 1984

Петров – Македонски Благой, Наранена земя, Бургас 1995

Петросян А. Ю., Младотурецкое движение (вторая половина XIX – начало XX в.), Москва, 1971

Поплазаров Ристо, Грчката политика спрема Македонија во втората половина на XIX и почетокот на XX век, Скопје 1973

Семов Минчо, Великите сили и българската национална драма, София 1991

Силянов Христо, Освободителните борби на Македония, том I, (фототипно издание), София 1983

Силяновъ Хр., Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори, София 1943

Симовски Тодор, Населени места во Егејска Македонија, книга прва, Скопје 1978

Славов Слави, Сарафизмът като течение във Вътрешната македоно-одринска революционна организация, Исторически преглед, г. 68/1-2, София 2012

Сониксен Алберт, Исповед на еден македонски четник, (превод: Илија Милчин, редакција и стручна редакција и предговор д-р Иван Катарџиев), Скопје 1997, во оригинал: Albert Sonnichsen, Confessions of a macedonian bandit, Duffield & company, 1909

Спомени на Дамянъ Груевъ, Борисъ Сарафовъ и Иванъ Гарвановъ, сообщава: Л. Милетичъ, София, 1927

Спомените на Нијази (превод, предговор и коментар: Драги Ѓорѓиев), Скопје 2011

Татарчев д-р Христо, Вътрешната македоно-одринска революционна организация като митологична и реална сщност (съставители: Цочо Билярски и Валентин Китанов), София 1995

Тодоровски Глигор, Македонското прашање и реформите во Македонија, Скопје 1989

Tragedies of Macedonia: A record of greek victims of bulgarian outrages in Macedonia, between 1897 and february 1903, London 1903

Τρομπούκη Αλεξάνδρου Ο Μακεδονικός αγώνας στην Κεντρική Μακεδονία (Ο μαρτυρικός θάνατος του Ανθυπολοχαγού Τέλλου Αγαπηνού Άγρα το καλοκαίρι του 1907), Χρονικά Ιστορίας και Πολιτισμού Ν. Ημαθίας, τχ. 1 (Απρίλιος-Ιούνιος 2008

Upward Allen, The East end of Europe, London 1908

Хамза Јусуф, Заемните односи меѓу прогресивните османлиски кругови и македонското револуционерно движење во втората половина на XIX и почетокот на XX век, Скопје 1988

Хаџи Димов Димо, Одбрани дела, т.1, редактор: Манол Пандевски, Скопје, 1984

Шалдевъ Хр., Градъ Гумендже, Ил. Илинденъ, г. 2, кн. 3 (13), София 1929

Шалдевъ Хр., Изъ революционнитѣ борби въ Ениджевардарското блато (По споменитѣ на Стоянъ Тр. Хаджиев), Ил. Илинденъ, г. 4, кн. 8-10 (38-40); г. 5, кн.1 (41), София 1931-1932

Шалдевъ Хр., Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина, Ил. Илинденъ, г. 4, кн. 3-9 (33-39); г. 5, кн. 3-6 (43-46), София 1931-1933

Шалдевъ Хр., Ичко Димитровъ Гюпчевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина, Ил. Илинденъ, г. 3, кн. 8 (28), София 1930

Шалдевъ Хр., Какъ стана убийството на Лука Ивановъ. (Изъ спомените на четника Д. Кацарски), Ил. Илинденъ, г. 4, кн. 5 (35), София 1931

Шалдевъ Хр., Народни обичаи въ Боймѝя, Македонски прегледъ, VI/1, София 1930

Шалдевъ Хр., Областа Боймия въ югозападна Македония, Македонски прегледъ, VI/1, София 1930

Šulek Vladimir, Diplomatska historija centralnih sila 1882-1915, t.1, Zagreb 1938

## <u>ВЕСНИЦИ:</u>

Auckland Star (Auckland, New Zealand)
Воля (София)
Дебърски глас (София)
Evening Post (Wellington, New Zealand)
Εμπρός (Αθήνα)
Examiner (Launceston, Tasmania)
Μακεδονία (Θεσσαλονίκη)
New York Times (New York, USA)

North Otago Times (Oamaru, New Zealand)
Otautau Standard and Wallace County Chronicle (Otautau, New Zealand)
Политика (Београд)
Право (София)
Пряпорец (София)
Революционенъ листъ (София)
Реформи (София)
Реч (София)
Свобода или смъртъ! Бунтовен листъ
The Maitland Daily Mercury (Maitland, Australia)
The Mercury (Hobart, Tasmania)
The Omaha Sunday Bee (Omaha, USA)
The Register (Adelaide, Australia)
The San Francisco Call (San Francisco, USA)
The Fulton County News (Atlanta, USA)
Florence Morning News (Florence, USA)